9.	извршител		Ивановски Драган Ристе	1985	Мирка Гинева 14		-	-	-	-

Ажурирал:_____

ПРЕГЛЕД

на припадниците на просторната единица за прва медицинска помош

во јачина на одделение во Општина Велес

Велес,мај 2015 година

Реден број	Должност	Вид на образование Вид на занимање	Презиме,татково име и име	Година на раѓање	Улица и број	Број на телефон	Лична опрема	Завршена обука		
								основна	дополнителна	Специјали-зирана
1.	**командир**	Мед.факулт.	Попикономов Борислав Владимир Трајковски Ацо Горан	1976 1976	Благој Нечев 52 Б Мицко Козар 12		-	-	-	-
2.	1 екипа водител	Мед.тех.	Трендафилов Мише Горанче	1982	Никола Карев 1/10		-	-	-	-
3.	Извршител	Мед.тех.	Јанев Драган Марјан	1978	Јовче Ќучук 22		-	-	-	-
4.	Извршител	Мед.тех.	Груевски Драги Игор	1977	Славе Петков 1		-	-	-	-
5.	2 екипа водител	Мед.тех.	Карагиров Мите Љубомир	1976	Мирка Гинева12		-	-	-	-
6.	Извршител	Мед.тех.	Тодоров Димче Трајче	1982	Прохор Пчински 32		-	-	-	-
7.	Извршител	Мед.тех.	Чучуковски Петре Јованче	1983	Киро Ќучук 2		-	-	-	-
8.	3 екипа водител	Мед.тех.	Ѓорѓиев Бојчо Александар	1986	! Комуна 1-1/21		-	-	-	-
9.	Извршител	Мед.тех.	Ќумбев Киро Душко	1985	Бра. Миладинови 11		-	-	-	-
10.	Извршител	Мед.тех.	Мемедов Бејхан Зија	1986	11 Октомври 26		-	-	-	-

Ажурирал:_____

ПРЕГЛЕД

на припадниците на просторната единица за заштита од поплави

во јачина на одделение во Општина Велес

Велес,мај 2015 година

Реден број	Должност	Вид на образование Вид на занимање	Презиме,татково име и име	Година на раѓање	Улица и број	Број на телефон	Лична опрема	Завршена обука		
								основна	дополнителна	Специјали-зирана
1.	**командир**	Геолошки факултет	Ѓорѓев Александар Боби	1978	Максим Горки 88		-	-	-	-
2.	Изврш.-возач						-	-	-	-
3.	Нуркач-спасител						-	-	-	-
4.	Нуркач-спасител						-	-	-	-
5.	Спасител						-	-	-	-
6.	Спасител						-	-	-	-
7.	Спасител						-	-	-	-

Ажурирал:_____

ПРЕГЛЕД

на припадниците на просторната единица за противпожарна заштита

во јачина на одделение во Општина Велес

Велес,мај 2015 година

Реден број	Должност	Вид на образование Вид на занимање	Презиме,татково име и име	Година на раѓање	Улица и број	Број на телефон	Лична опрема	Завршена обука		
								основна	дополнителна	Специјали-зирана
1.	**Командир**	Технолошки факултет	Киров Димитар Тони	1977	Благој Горев 104 А/3		-	-	-	-
2.	1 екипа водител пожарникар	УЗУС Електро	Анастасовски Б. Трајче	1979	Иво Лола Рибар 11		-	-	-	-
3.	Извршител - пожарникар	Авто електричар	Давчевски А. Гоце	1979	Благој Горев 104 1/1	043/ 224-062	-	-	-	-
4.	Извршител - пожарникар	Машино бравар	Ангеловски И.Блаже	1980	Богдан Каракостев 175		-	-	-	-
5.	Извршител - пожарникар	Енергетичар	Еминов Н.Ќерим	1980	Стојан буридан 93	043/ 234-268	-	-	-	-
6.	1 екипа водител пожарникар	Сообракајна	Јовановски П.Миле	1971	Нас.Тунел Блок 5/2-9		-	-	-	-
7.	Извршител - пожарникар	УЗУС Машинска	Панов Р.Никола	1980	Ѓорѓи Димитров 114	043/ 227-685	-	-	-	-
8.	Извршител - пожарникар	УЗУС	Тодоровски Б.Трајче	1979	Благој Горев 219/1-15	О43/ 239-770	-	-	-	-
9.	Извршител - пожарникар	УЗУС Електро	Буковски Ристо Гоце	1973	Тодор Јанев 75	043/ 227-619	-	-	-	-

Ажурирал:_____

ПРЕГЛЕД

на припадниците на просторниот штаб за заштита и спасување

во Општина Велес

Велес,мај 2015 година

Реден број	Должност		Вид на образование Вид на занимање	Презиме,татково име и име	Година на раѓање	Улица и број	Број на телефон	Лична опрема	Завршена обука		
									основна	дополнителна	Специјали-зирана
1.	**Командант**			Чадиев Миодраг Славчо	1959	Љубен Весов 29	071-237-538	-	-	-	-
2.	**Началник**			Лазевски Љупче	1955	А. Шурков 12- 4/1	070/321-600 070/375-451	-	-	-	-
3.	Помош.на начал. за	Опер.раб.		Јорданов Ѓоре	1954	Благој Горев 137-3/8	070/375-705	-	-	-	-
4.		Хум.мер.		Јовиќ Милан Горан (076/317-720)	1962	Ленинова 19/40	070/216-545 на раб.СК	-	-	-	-
5.		Згр.и евак.		Најдовски Иван	1954	Благој Горев 23	071/274-145	-	-	-	-
6.		ПП зашт.		Тодорова Воислав Ивка	1963	Крушевска 35	076/202-265	-	-	-	-
7.		Поплави	Проф. физичко воспитување	Попов Илија		Благој Абрашев 7	075/377-710 070/863-735	-	-	-	-
8.	Администратор			Калаузаров Јован Благој	1962	Андон Шурков 29/2-10	075/312-156	-	-	-	-
9.	Курир			Миов Киро Милан	1981	Тодор Ацев 8	070/302-216	-	-	-	-
10.	Курир			Попзлатанов Тодор			070/395-089	-	-	-	-

Ажурирал:_____

III.3 П Л А Н

за евакуација на населението и материјалните

добра во Општина Велес

Извод од процената:

Заради загрозувањето од природни непогоди и други несреќи и воени дејства, градот Велес и околните урбани заедници (населба Превалец и Башино Село)се изложени на опасности кои дополнително го загрозуваат населението во нив.

Според процената на сите видови на загрозувања од природните непогоди и други несреќи и нормативите утврдени со Законот за заштита и спасување и актите донесени по него за евакуација подлежат 11.240 граѓани од кои 10.541 од градот и 699 од околните урбани зедници.

реден број	Град-населби	број	
		на жители	за евакуација
1.	Градот Велес	44.240	10.541
2.	Населби	11.186	699
3.	Вкупно	55.426	11.240

Како релативно по безбедни населби во кои ќе се прифаќа евакуираното населени се: с.Долно Караслари, с.Горно Караслари, с.Чолошево, с.Кумарино, с.Мамутчево, с.Сојаклари, с.Иванковци, с.Рудник, с.Лугунци, с.Џидимирци, с.Ветерско, с.Сопот, с.Новачани, с.С´лп, с.Раштани, с.Бузалково, с.Сливник, с.Клуковец, с.´Рлевци, с.Горно Оризари, с.Ораовец, с.Бабуна и с.Црквино.

Капацитетите на овие населби е околу 3500 лица и не ги задоволува потребите за прифаќање на населението, особено при целосна евакуацијазаради што е нужно евакуацијата да се врши во населби во соседните општини.

Материјални добра и културното наследство во загрозените населби за кои е предвидена евакуација ќе се евакуираат паралено со евакуацијата на населението или по нејзиното завршување што е условено од расположливите персонални и материјални ресурси на општината и останатите учесници.

Анализата на опасностите и загрозувањата од природните непогоди и други несреќи, несомнено потврдуваат дека потребите за спроведување на целосна евакуација во Општина Велес се речиси исклучени. Заради тоа, подготовките ќе бидат првенствено насочени кон организација и спроведување на делумна евакуација (селективна и структурна) која во принцип треба да е краткотрајна.

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЕВАКУАЦИЈАТА НА НАСЕЛЕНИЕТО

И МАТЕРИЈАЛНИТЕ ДОБРА

Со организацијата на евакуацијата на населението и материјалните добра ќе се опфатат мерките од превентивен карактер (превентивно дејствување) и оперативен карактер (оперативно дејствување).

Евакуацијата на населението и материјалните добра ќе се спроведува според постојните законски прописи и овој план, а во него ќе учествуваат општината (со своите служби, општинските сили за заштита и спасување, јавните претпријатија, општинските училишта и други), урбаните и месните заедници, предвидените трговски друштва и хуманитарните организации и надлежните државни органи.

Надлежните државни органи (министерството за локална самоуправа, министерството за здравство, министерството за внатрешни работи, министерството за култура, министерството за надворешни работи, министерството за животна средина и просторно планирање, министерството за транспорт и врски, министерството за труд и социјална политика, министерството за култура, дирекцијата за заштита и спасување и други) ќе се вклучат во евакуацијата на населението и материјалните добра според своите надлежности, планови и стандардни оперативни постапки, усогласени со активностите на општината.

Во зависност од видот на загрозувањата и очекуваните последици,евакуацијата на населението ќе се спроведува комбинирано-заедно со згрижување на загрозеното и настраданото население.

Евакуацијата на населението и материјалните добра ќе се спроведе доколку со други мерки не е можно да се спречат загрозувањето и настанувањето на последиците од природните непогоди и други несреќи и воени дејства.

Одлука за евакуација на населението и материјалните добра ќе донесе Влада-та на Република Македонија.

Врз основа на одлуката за евакуација,градоначалникот на општината ќе издаде наредба за спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од општината, во која ќе ги прецизира сите потребни услови за нејзино успешно извршување, а особено: почеток на евакуацијата, видот на евакуација, приоритени категории, времето на обезбедување на логистичката поддршка, учесници, населби во кои ќе се прифаќа евакуираното население и материјалните добра и други потреби. При донесувањето на наредбата,градоначалникот ќе се консултира со општинскиот штаб за заштита и спасување и ќе води сметка првенствено да се искористат капацитетите на општината (објектите во утврдените населени места во општината).

А).<u>Превентивно дејствување</u>

Заради намалување и одржливо контролирање на ефектите на природните непогоди и други несреќи (и воени дејства), кои ја загрозуваат безбедноста на населението, како и за создавање на оптимални услови за спроведување на евакуацијата на загрозеното и настраданото население, Општина Велес ќе ги преземе и спроведува следните превентивни активности:

- Ќе воспостави евиденција на населението кое подлежи на евакуација според загрозеноста на населбите и утврдените категории;
- Ќе воспостави евиденција на материјалните и културните добра кои подлежат на евакуација;
- Редовно ќе ги ажурира податоците од евиденција (за населението и материјалните добра) - препорачливо е еднаш годишно, а задолжително пред очекувано загрозување;

- Ќе го утврди начинот на спроведување на евакуацијата - со изработка на општинскиот план за заштита и спасување-делот за евакуација на населението и материјалните добра,а особено:
  -ќе ги утврди собирните и прифатните пунктови и правците на движење на колоните за евакуација на населението и материјалните добра;
  -ќе го утврди бројот и видот на превозните средства;
  -ќе ги утврди потребните ресурсри (персонални и материјални) за спроведување на евакуацијата;
  -ќе го утврди бројот и видот на екипите за логистичка поддршка (обезбедување на исхрана,вода за пиење и средства за хигиена, сообраќајно обезбедувње и одржување на ред,здравствено обезбедување и др.).
- Ќе го утврди бројот и видот на објекти во населбите од општината, предвидени за сместување на евакуираното население и редовно ќе ги ажурира податоците за нив.Препорачливо е еднаш годишно, а задолжително пред очекувано загрозување;
- Ќе ги усогласи активностите за спроведување на евакуацијата со дирекцијата за заштита и спасување и соседните општини;
- Ќе воспостави евиденција (преглед) на учесниците во спроведувањето на евакуацијата и редовно ќе ги ажурира податоците за нив. Препорачливо е еднаш годишно, а задолжително пред очекувано загрозување;
- Ќе го утврди видот и количините на потребните материјални ресурси и начинот на нивно обезбедување со утврдени временски рокови;
- Ќе ги утврди можностите за снабдување со храна, вода, електрична енергија, комуникациски врски и друго во населбите во кои ќе се сместува евакуираното население;
- Ќе склучи договори со учесниците во евакуацијата на населението и материјалните добра кои обезбедуваат храна, вода, средства за хигиена, превоз, сместување и други потреби;
- Ќе врши редовна едукација, обука и вежби со задолжените субјекти, силите за заштита и спасување и населението, за обврските кои ги имаат во евакуацијата и за начинот на реализацијата на истите;
- Редовен тренинг и потсетување, на членовите на екипите кои учествуваат во евакуацијата на населението и материјалните добра, за обврските кои ги имаат во екипите и за начинот на реализацијата на истите.

Б). <u>Оперативно дејствување</u>

Со оперативното дејствување се опфатени активностите во евакуацијата на населението пред случување на настанот, за време на настанот и по завршување на настанот.

Б.1.Активности пред случување на настанот (непогодата)

Во случај кога загрозувањето и потенцијалните опасности од природните непогоди и други несреќи се од предвидлив карактер и временски очекувани во временскиот интервал од дознавањето за можноста за случување на настанот, па сè до случување на настанот (непогодата) ќе се спроведат следните активности:

- Се активира-мобилизира општинскиот штаб за заштита и спасување;
- Веднаш по дознавањето за потенцијалната опасност која го загрозува населението во општината преку претседателите на урбаните и месните

заедници, медиумите или на друг начин ќе се известат сите граѓани во загрозените подрачја и ќе им се укаже да ја следат состојбата и да се подготвуваат за напуштање на своите домови;

- Се врши проверка на оспособеноста на учесниците во евакуацијата на населението и материјалните добра и тоа:
  -подготвеноста не екипите и одборите кои ја спроведуваат евакуацијата на населението и материјалните добра за извршување на утврдените задачи;
  -подготвеност на месните заедници и населението во чии објекти се врши сместувањето на евакуираното население и материјалните добра;
  -подготвеност на субјектите кои обезбедуваат храна и прехранбени производи за евакуираното население;
  -подготвеност на субјектите кои обезбедуваат вода за пиење за евакуираното население;
  -подготвеност на субјектите кои вршат превоз на евакуираното население и материјалните добра;
  -подготвеност на субјектите кои обезбедуваат здравствена заштита и сообраќајно обезбедување.
- Се разменуваат податоци за подготвеноста на државните органи кои учествуваат во евакуацијата на населението и материјалните добра и тоа :
  -Министерството за локална самоуправа - за усогласување на активностите меѓу општините;
  -ДЗС-ПОЗС - за подготвеноста на системот за заштита и спасување и републичките сили за заштита и спасување за учество во згрижувањето;
  -Министерството за животна средина и просторно планирање - за планирање и уредување на собирните и прифатните пунктови и за заштита на животната средина;
  -Министерството за транспорт и врски - за обезбедување на превоз на населението и материјалните добра и за уредување на објектите за прифат;
  -Министерството за внатрешни работи - СВР Велес - за сообракајно обезбедување и одржување на ред;
  -Министерството за здравство - (ЈЗУ-Здравен дом, ЈЗУ Општа болница,

ЈЗУ за Јавно здравство - за здравствено-медицинско обезбедување на настраданото и загрозеното население;

-Министерството за труд и социјална политика - центар за социјални работи - за згрижување на оние категории на лица од евакуираното население кои подлежат на евакуација;

-Министерство за образование и наука – за обезбедување на воспитно образовен процес за време на долготрајна евакуација;

-Министерство за надворешни работи - за барање и примање на меѓународна помош;

-ЦУК-РЦУК - за следење на состојбите и подготвеноста на системот за алармирање;

- Се врши проверка на подготвеноста на просторните сили за заштита и спасување што ги формира општината кои учествуваат во евакуацијата на населението и материјалните добра и тоа:
  -пополнетост со припадници и материјални ресурси според личниот и материјален состав;
  -обученост и оспособеност на персоналот и материјалните средства;
- Се наредува зголемување на подготвеноста - според планот за подготвеност;
- На основа на одлука на Владата на РМ-се наредува отпочнување со навремена евакуација.Навремената евакуација се спроведува на исти начин како што е разработен во делот за време на опасноста (Б.2.);
- По оценка на општинскиот штаб за заштита и спасување се врши прераспределување на задачите на учесниците во евакуацијата на населението и материјалните добра;
- По оценка на општинскиот штаб за заштита и спасување се бара помош од дирекцијата за заштита и спасување и другите надлежни државни органи.

Б.2.Активности за времетраење на евакуацијата-опасноста (организација на спроведувањето на евакуацијата)

Во рамките на спроведувањето на евакуацијата ќе се опфатат следните мерки и активности :

-известување на населението за наредбата за евакуација на населението и материјалните добра;
-прифаќање на евакуираното население на собирните пунктови-места;
-превоз на населението од собирните места до прифатните пунктови-места;
-прифаќање на населението во прифатните пунктови и разместување до местата и објектите во кои ќе бидат сместени;
-обезбедување на услови за живот на евакуираното население (обезбедување

на храна, вода, средства за лична хигиена и други потреби);
-обезбедување на здравствена заштита на евакуираното население;
-физичко обезбедување на евакуацијата;
-при долготрајна евакуација се воспоставува воспитно-образовен процес;
-утовар,транспорт и складирање на материјалните добра во местата и објектите предвидени за складирање;
-враќање на населението во своите домови;и
-враќање на материјалните добра во објектите во кои биле сместени пред евакуацијата.

Евакуацијата на населението и материјалните добра ќе ја спроведува општината (преку службите на градоначалникот, општинскиот штаб за заштита и спасување и единиците за заштита и спасување) заедно со другите субјекти (јавни претпријатија и правните лица според однапред планираните и договорените обврски и надлежните државни органи според своите надлежности и планирани активности, согласно своите стандардни оперативни процедури).

Приоритет при спроведување на евакуацијата ќе им се даде на деца до седум години возраст,бремените жени и мајки со деца до седум години.

Б.2.1.Активирање-мобилизација

По добиената одлука од Владата на РМ за спроведување на евакуација на населението и материјалните добра,градоначалникот на општината издава наредба за евакуација и ги мобилизира вработение кои се задолжени за спроведување на евакуацијата, општинскиот штаб за заштита и спасување и единиците на општината, доколку претходно не се мобилизирани.

Се бара од сите учесници во евакуацијата на населението и материјалните добра да ги мобилизираат своите екипи (да се активираат) и им се наложува да почнат со спроведување на активностите за евакуација на населението и материјалните добра.

Б.2.2.Известување

Известувањето на граѓаните кои треба да се евакуираат се врши преку претседателите на урбаните и месните заедници и регионалниот центар за управување со кризи, а во итни случаи и преку средствата за јавно информирање.

Известувањето на субјектите кои учествуваат во евакуацијата на населението и материјалните добра ќе се врши телефонски.

а) Постапка на граѓаните

По добиеното известување, загрозеното население кое треба да се евакуира, започнува со подготовки за напуштање на своите домови и се упатуваат до предвидените собирни пунктови (места).

Дел од граѓаните кои се самоевакуираат кај свои роднини или во викендички се упатуваат во тие објекти.

б) Постапка на правните лица

По добиеното известување, правните лица учесници во евакуацијата на населението и материјалните добра, отпочнуваат со извршувањето на обврските коиим се дадени (планирани) и воспоставуваат контакти со општинскиот штаб за заштита и спасување заради координација на активностите.

Правните субјекти кои ги евакуираат своите материјални добра, отпочнуваат со спроведувањето на евакуацијата и воспоставуваат контакти со општинскиот штаб за заштита и спасување заради координација на активностите.

Б.2.3. Собирни пунктови (места)

Места каде ќе се собира загрозеното и настраданото население кое треба да се евакуира се следните :

- за урбаната заедница „Трајко Капчев“ – паркинг плацот до Стар Мост на ул.„Петре Прличков“;
- за урбаната заедница „Богдан Каракостев“ – платото пред спомен Костурница;
- за урбаната заедница „Родна Ивева“ – дворот на Хотел „Монтенегро“;
- за урбаната задница „ Славе Петков ” – дворот на детската градинка клон бр. V, паркингот пред Основниот суд и плоштад Којник;
- за урбаната заедница „Трајче Панов“ – плоштад Којник, паркингот пред судот и во Младинскиот парк ;
- за урбаната заедница Димче Мирчев“ – паркингот пред основниот суд и паркингот спрема Градска библиотека;
- за урбаната заедница „ 9-ти Ноември“ – дворот на гимназијата и во кругот на детска градинка клон бр. III на улица „Тодор Јанев“;
- за урбаната заедница „Васа Кошулчева“–плочата кај гаражите пред МВР
- за урбаната зедница „Шорка“-маалското игралиште;
- за урбаната заедница „Алексо Демниевски“ – пред комплекс УЗУС, паркот пред ООУ „Васил Главинов“ и паркингот пред комплекс згради – „Бисер“ спрема касарна;
- за урбаната заедница „Тунел“-маалското игралиште;
- за урбаната заедница „Керамидна“-маалското игралиште;
- за урбаната заедница населба Превалец – дворот на училиштето;
- за урбаната заедница Башино Село – сред село.

Собирните пунктови (места) соодветно ќе се обележат и по потреба уредат.

Б.2.3.Правци на движење

Движењето на колоните на нселението кое се евакуира ќе се врши по следниве комуникации :

- за урбаната заедница „Богдан Каракостев“:
  - од собирното место → едната колона оди кон кружниот тек → с.Чолошево;
  - од собирното место другата колона → кон Штипско Петле од каде едната колона се дели по автопатот → кон с.Долно Караслари,а другата продолжува по патот за Штип → кон с.Мамутчево и с.Кумарино.
- за урбаната заедница „Трајко Капчев“ – од собирното место по улица „Петре Прличков“ → „Димитар Влахов“ → „Штипско Петле“ → патот за Штип → с.Иванковци.
- за урбаната заедница „Родна Ивева“ – Хотел “Монтенегро“ → Скопски Пат → с.Отовица → с.Сујаклари.
- за урбаната заедница Славе Петков :
  - од собирното место детска градинка клон бр.V кон → улица „Владимир Назор“→„Коле Неделковски“→„Маршал Тито“→„Димко Најдов“→кон кланица „Агрија“;
  - од собирното место паркингот пред основниот суд кон→улица „Маршал Тито“→„Димко Најдов“→кон кланица „Агрија“;
  - од собирното место плоштад „Војник“ кон → „Васил Ѓоргов“→„Благој Ѓорев“→„Маршал Тито“→„Димко Најдов“→кон кланица „Агрија“.

    *Од кланицата „Агрија“ една колона се упатува кон с.Црквино, а друга колона по стариот пат кон Општина Градско и пред Градско една колона се двои кон с.Виничани, а друга кон с.Д.Чичево.
- за урбаната заедница „Трајче Панов“ :
  - од собирното место плоштад „Војник“ кон→улица „Васил Ѓоргов“→„Благој Ѓорев“→„Индустриска“→„Раштански пат“→кон с. Раштани;
  - од собирното место паркинг пред судот кон→улица „Маршал Тито“→ „Благој Ѓорев“→„Индустриска“→„Раштански пат“→кон с.Раштани;
  - од собирното место младински парк кон→улица „Благој Ѓорев→ „Индустриска“→„Раштански пат“→кон с.Раштани.

- за урбаната заедница „Димче Мирчев“:
  - паркинг пред Основниот суд кон→улица „Маршал Тито“→„Благој Ѓорев“→населба Превалец→„Долги Рид“→од каде едната колона се дели кон мостот на река Бабуна→и продолжува кон с.Ораовец и с.Војница,а другата колона продолжува кон→с.Долно Врановци и с.Стари Град;
  - паркинг спрема гадската библиотека кон →улица „Маршал Тито“→и продолжува заедно со првата колона.
- за урбаната заедница „9-ти Ноември“:
  - прва колона од собирното место дворот на „Гимназија Кочо Рацин“→ улица „Благој Ѓорев“ → населба „Превалец“ → с.Ораовец → с.Оморани → с. Богомила;
  - втората колона од собирното место Детска Градинка → улица „Тодор Јанев“ → улица „Благој Ѓорев“ и се приклучува со првата колона.
- за урбаната заедница „Васа Кошулчева“ – од собирното место плочата на гаражите пред МВР по улиците→„Методија Андонов-Ченто“→„Борис Трајковски“→„11-ти Октомври“→„Раштански пат“ кон→ с.Раштани.
- за урбаната зедница „Шорка“ - од собирното место маалското игралиште по улицата „Вардарска“→регионален пат Велес-Скопје→кон хотел „Романтик“→од каде една колона оди кон с.Ветерско,а другата колона кон с.Крушје.
- за урбаната заедница „Алексо Демниевски“:
  - од собирното место комплекс УЗУС по улицата →„д-р Христо Татарчев“→„БорисТрајковски“→до паркот пред дворот на ООУ „Васил Главинов“→продолжува заедно со другата колона;
  - од собирното место паркот пред ООУ „Васил Главинов“ по улицата→ „Борис Трајковски“→„Благој Ѓорев“ до паркингот пред комплекс на згради „Бисер“→од каде продолжува заедно со третата колона;
  - од собирното место паркингот пред зградите комплекс „Бисер“ спрема касарната по лицата →„Благој Ѓорев“→населба Превалец→ кон с.Чашка.
- за урбаната заедница „Тунел“- од собирното место маалското игралиште→по улица „Благој Ѓорев“→населба „Превалец“→кон с.Чашка.

- за урбаната заедница „Керамидна“ - од собирното место маалското игралиште→по улица „Благој Ѓорев“→населба Превалец→кон с.Чашка.
- за неселба Превалец – од собирното место дворот на ООУ→кон с.Раштани.
- за урбаната заедница Башино Село – од собирното место сред село→кон с.Отовица.

Б.2.4. Прифатни пунктови (места)

Прифатните пунктови во населбите во кои се сместува евакуираното население, се следните :

- с.Бабуна - сред село;
- с.Црквино - во училишниот двор и зграда,алтернатива сред село;
- с. Долно и Горно Караслари - во училишниот двор и зграда,алтернатива сред село;
- с.Чолошево - во училишниот двор и зграда,алтернатива сред село;
- с.Кумарино - во училишниот двор и зграда,алтернатива сред село;
- с.Мамутчево - во училишниот двор и зграда;
- с.Сујаклари - во училишниот двор и зграда;
- с.Иванковци - во училишниот двор и зграда;
- с.Џидимици - во училишниот двор и зграда,алтернатива сред село;
- с.Лугунци - сред село;
- с.Рудник - сред село;
- с.Ветерско - сред село;
- с.Раштани - во училишниот двор и зграда,алтернатива сред село;
- с.Бузалково - во училишниот двор и зграда,алтернатива сред село;
- с.Сливник - во училишниот двор и зграда,алтернатива сред село;
- с.Клуковец - сред село;
- с.´Рлевци - во училишниот двор и зграда,алтернатива сред село;
- с.Ораовец - сред село.

Прифатните пунктови (места) соодветно ќе се обележат и по потреба уредат.

Б.2.5.Населби во кои ќе се смесатува евакуираното население

При делумна евакуација, кога бројот на евакуираното население не надминува 3.500 (три илјади и петстотини) лица, сместувањето ќе се врши во објекти во населбите од Општина Велес.Населбите во кои ќе се сместува загрозеното населени ќе ги утврди општинскиот штаб за заштита и спасување,во зависност од видот загрозеност и бројот кој треба да се евакуира.Можностите за прифаќање на евакуираното население во општината се следни:

Име на урбаната заедница од која зе евакуира населението	Месна заедница - населено место во која се прифаќа евакуираното население		Број на население што може да се прифати
	Име	Број на домови во кои се прифаќа	
	с.Бабуна	6	18
	с.Црквино	126	245
	с.Д.Караслари	217	320

	с.Г.Караслари	7	22
	с.Чолошево	76	178
	с.Кумарино	42	130
	с.Мамутчево	195	252
	с.Сојаклари	136	228
	с.Иванковци	384	451
	с.Џидимирци	11	53
	с.Лугунци	6	35
	с.Рудник	48	72
	с.Ветерско	4	52
	с.С´лп	15	64
	с.Раштани	129	295
	с.Бузалково	334	472
	с.Сливник	67	158
	с.Клуковец	26	56
	с.`Рлевци	58	122
	с.Г.Оризари	236	365
	с.Ораовец	59	122
Вкупно		**2.192**	**3.710**

Состојба,2006 година

Целосна и делумна евакуација, во кои бројот на евакуираното население надминува 3.500 (три илјади и петстотини) лица, ќе се спроведува заедно со надлежните државни органи,пред се дирекцијата за заштита и спасување.Населбите и општинитекои се предвидени за сместување на евакуираното население од Општина Велес, се :

- населението од урбаната заедница „Богдан Каракостев“ – ќе се сместува во селата : Чолошево, Долно Караслари, Мамутчево и Кумарино,во Општина Велес;
- населението од урбаната заедница „Родна Ивева“ – ќе се сместува во с.Сујаклари,во Општина Велес;
- населението од урбаната заедница „Трајко Капчев” – ќе се сместува во селата : Иванковци, Рудник и Црквино во Општина Велес;
- населението од урбаната заедница „Славе Петков“ – ќе се сместува во селата: Виничани, Водоврати, Долно Чичево и Подлес во општина Градско;
- населението од урбаната заедница „Трајче Панов“ – ќе се сместува во селата: Бузалково,´Рлевци и Ораовец во Општина Велес;
- населението од урбаната заедница „Димче Мирчев“ – ќе се сместува во селата: Војница,Крајници,Долно Врановци,Стари Град, Мартолци и Оморани во општина Чашка ;
- населението од урбаната заедница „9-ти Ноември“ – ќе се сместува во селата: Отиштино,Еловец,Голозинци,Мелница, Горно Врановци и Дреново во општина Чашка;
- населението од урбаната заедница „Васа Кошулчева“ –ќе се сместува во с.Бањица во општина Чашка;
- населението од урбаната зедница „Шорка“ - ќе се сместува во селата: Ветерско и Крушје во Општина Велес;
- населението од урбаната заедница „Алексо Демниевски“ – ќе се сместува во селата : Бистрица,Богомила и Ореше во општина Чашка;
- населението од урбаната заедница „Керамидна“-ќе се сместува во с.Согле во општина Чашка;

- населението од урбаната заедница „Тунел“- ќе се сместува во с.Теово во општина Чашка;
- населението од урбаната заедница населба Превалец - ќе се сместува во с.Раштани во Општина Велес;
- населението од урбаната заедница с.Башино Село - ќе се сместува во селата Лугунци и Џидимирци во Општина Велес.

Надлежните државни органи,соседните општини и Општина Велесзаеднички ќе ги усогласат обврските и активностите за спроведување на целосна евакуација.

Б.2.6. Обезбедување на исхрана,средства за хигиена и вода за пиење

Готова храна за евакуираното население кое е сместено во населбите во Општина Велесќе обезбедуваат :

- Интернат „Лазар Лазаревски” ;
- Детска Градинка „Димче Мирчев” ;
- Ресторант „Розе Сала“;
- Ресторант „Сина Сала“;
- Ресторант „Гарденија“;
- Хотел „“Монтенегро““;
- Хотел „Романтик“;
- Мотел „Македонија“.

Во случај да не може да се обезбеди готова храна или обезбедената готова храна не ги задоволува потребите за евакуираното население кое е сместено во населбите во Општина Велесќе се обезбедуваат прехранбени производи од следните маркети :

- ТППУ „Алфа Маркет” ;
- ТППУ „Жито”-маркети;
- Маркет „КАМ“;
- Маркет „ТУШ“.

Наведените маркети ќе обезбедуваат и средства за одржување на хигиена за евакуираното население и вода за пиење во соодветно пакување доколку не може да се обезбеди на друг начин.

Готовата храна и прехранбените производи,средствата за одржување на лична хигиена и вода за пиење, наведените субјекти ќе ги доставуваат до населбите во Општина Велес во кои е сместено евакуираното население.

Видот и количината на готовата храна и прехранбените производи,средствата за лична хигиена и водата за пиење,како и времето и местото на доставување ќе се утврдат договорно меѓу општината и наведените субјекти.

Во населбите од Општина Велес во кои е сместено евакуираното население, доколку капацитетот на водоводот и изворите на вода не е доволен или заради наложени санитарни мерки водата не може да се употребува вода за пиење ќе се обезбедува со цистерни на ЈКП „Дервен“ и територијалната противпожарна единица.

Доколку обезбедувањето на вода со цистерни е недоволно ќе се обезбедува и пакувана вода за пиење од маркетите во општината со која таа има склучено договори.

Во обезбедувањето на вода за пиење ќе учествуваат и општинската организација на Црвениот Крст, дирекцијата за заштита и спасување и други надлежни државни органи.

Во случај на целосна и делумна евакуција при која евакуираното население се сместува во населби во други општини,готова храна и прехранбени производи, средствата за лична хигиена и вода за пиење ќе се обезбедуваат според планот на надлежните државни органи и општините во кои се прифаќа евакуираното население.

Б.2.7. Обезбедување на превоз

Превоз за населението кое се евакуира од собирното место за евакуација до ренонот за прифаќање во населбите во Општина Велесќе обезбедат:

- ТППУ „Данс експрес“ ;
- ТППУ „Пан промет“ ;и
- Други приватни превозници и таксисти.

Предвидените превозници имаат обврска и да го вратат назад евакуираното население.

Населбите во кои треба да се однесат,бројот на населението и бројот на турите, договорно ќе ги утврдат општината и предвидените превозници.

Покрај наведените превозници ќе се користи и алтернативен превоз со сопствени возила на населението кое се евакуира и со други превозни средства од урбаните и месните заедници заедници,вклучително и трактори.

Во случај на евакуација на населението од Општина Велесво други општини, превоз ќе се обезбедува според планот на надлежните државни органи.

Б.2.8.Здравствена заштита

Здравствената заштита за настраданото и загрозеното население за време на евакуацијата (на собирните пунктови за време превозот,во прифатните пунктови,за време на сместувањето и назад сè до враќањето во собирните пунктови), ќе обезбедува ЈЗУ Здравен дом, ЈЗУ Општа болница Велес, ЈЗУ за Јавно здрвство и екипи на Црвениот Крст.Во обезбедувањето на здравствена заштита ќе учествуваат и приватните здравствени установи.

За евакуираното население во населби во други општини,здравствена заштита ќе обезбедуваат општините во кои е сместено евакуираното население и екипи на надлежните државни органи,согласно нивните планови.

Б.2.8.Сообраќајно обезбедување и одржување на ред

Сообраќајно обезбедување на колоните на населението и материјалните добра за време на евакуацијата, ќе врши секторот за внатрешни работи од Велес, според својот план и стандардни оперативни процедури.

За време на евакуацијата јавниот ред и мир ќе го одржува секторот за внатрешни работи од Велес, според својот план и стандардни оперативни процедури.

Во одржувањето на редот за време на евакуацијата ќе учествуваат и екипи на урбаните и месните заедници и единиците за заштита и спасување.

Б.2.10. Евакуација на материјалните добра

Материјалните добра на општината-архива на општината,која не е предадена во архивот на Македонија (одлуки, решенија, урбанистички планови, финансиска документација и друго) ќе се евакуираат во општинското основно училиште во с.Иванковци.

Евакуацијата ќе ја извршат службите на градоначалникот со возила на општината.Градоначалникот на општината ќе го утврди списокот на вработените кои ќе учествуваат во евакуацијата на материјалните добра.

Државните органи и другите правни субјекти,своите материјални добра ќе ги евакуираат според своите планови за евакуација.

Б.2.11. Раководење

Со активностите во евакуацијата на населението и материјалните добра ќе раководи и координира општинскиот штаб за заштита и спасување.

При ангажирањето на надлежните државни органи, раководењето и координацијата ќе се вршат согласно законот за заштита и спасување.

Б.2.12. У ч е с н и ц и

Во евакуацијата на населението и материјалните добра ќе учествуваат:

- Советот на Општина Велес;
- Градоначалникот на Општина Велес и неговите служби;
- Општинскиот штаб за заштита и спасување и единиците за заштита и спасување на Општина Велес;
- Председателот и советот на урбаната заедница од кои се евакуираат населението и материјалните добра и претседателите и советот на урбаните и

месните заедници во кои ќе се сместуваат евакуираното население и материјалните добра;

- Министерство за локлана самоуправа;
- ДЗС-подрачно одделение за заштита и спасување;
- Министерство за животна средина и просторно планирање;
- Министерство за транспорт и врски;
- Министерство за внатрешни работи - СВР Велес;
- Министерство за здравство-(ЈЗУ-Здравен дом,ЈЗУ општа болница,ЈЗУ за јавно здравство;
- Министерство за труд и социјална политика - центар за социјални работи Велес
- Министерството за култура;
- Министерство за надворешни работи;
- ЦУК-РЦУК ;
- Данс експрес и Пан промет;
- Општинската организација на Црвен Крст;
- Интернат „Лазар Лазаревски” ;
- Детска Градинка „Димче Мирчев” ;
- Ресторант „Розе Сала“;
- Ресторант „Сина Сала“;
- Ресторант „Гарденија“;
- Хотел „“Монтенегро““;
- Хотел „Романтик“;
- Мотел „Македонија“;
- ТППУ „Алфа Маркет” ;
- ТППУ „Жито”-марекети;
- Маркет „КАМ“;
- Маркет „ТУШ“.;
- ТВ Здравкин и ТВ Канал 21 и националните ТВ;и
- Локални радиостаници (радио 5 фм и други).

Учесниците мегусебно ќе ги усогласат активностите во своите планови.

Б.3.Активности по завршувањето на евакуацијата (настанот)

По престанување на потребата за евакуација на населението,се преземаат мерки и активности за организирано враќање на евакуираното население во постојаното место на престој-живеење.Во принцип враќањето на населението се врши на ист начин како и при нивното евакуирање,но во овој случај во обратен правец.

Материјалните добра истотака се враќаат во објектите (локациите) од каде се евакуирани.И во овој случај враќањето се врши на ист начин како и при нивното евакуирање,но сега во обратен правец.

По враќањето на населението и материјалните добра во основните локации, силите за заштита и спасување и екипите на останатите учесници се распуштаат со што престанува нивната обврска од мобилизацијата.

Последиците и штетите кои се настанати од настанатата природна непогода или друга несреќа ќе се санираат според посебни планови за санација.

За реализација на санацијата општината ќе склучи договори со правните лица во постапка предвидена за врема на природни непогоди и други несреќи.

Прилог на планот :

-Прилог-1 преглед на населението во Општина Велеспо населби.

-Прилог-1а преглед на населението кое подлежи на евакуација.

-Прилог-2 преглед на населби во Општина Велес во кои се прифаќа евакуираното население.

-Прилог-3 преглед на материјалните добра кои се евакуираат.

-Прилог-4 преглед на моторни возила со кои се превезува евакуираното Население.

-Прилог-5 список на одборот за евакуација.

-Прилог-6 список на одборот за прифат на евакуираното население.

-Прилог-7 список на лицата за разведување на евакуираното население.

-Прилог-8 преглед на екипите за одржувањен на ред и здравствена заштита.

-Прилог-9 преглед на правците на движење на колоните на населението кое се евакуира.

-Прилог-10 преглед на организацијата на прифат,сместување,исхрана и згрижување на евакуираното население.

-Прилог-11 преглед на претседателите на урабаните и месните заедници во Општина Велес.

-Прилог-12 на карта на општината и на карта на градот (собирни места,правци на движење,прифатни пунктови и др.).

П р е г л е д

на превентивните активности во спроведувањето на евакуацијата

на настраданото и загрозеното население

МЗС	Вид на активности	извршители		рок
		Внатрешни	надворешни	
Евакуација на загрозеното и настраданото население	Ќе го утврди начинот на спроведување на евакуацијата - со изработка на општинскиот план за заштита и спасување-делот за евакуација на населението и материјалните добра,а особено: -ќе ги утврди собирните и прифатните пунктови и правците на движење на колоните за евакуација на населението и материјалните добра; -ќе го утврди бројот и видот на превозните средства; -ќе ги утврди потребните ресурси (персонални и материјални) за спроведување на евакуацијата;и -ќе го утврди бројот и видот на екипите за логистичка поддршка (обезбедување на исхрана,вода за пиење и средства за хигиена,сообраќајно обезбедувње и одржување на ред,здравствено обезбедување и др.).	-одговорното лице; -ОШЗС; -СУСЕ; -СЗР; -СПР;	Одговорните лица во надлежните државни органи и другите учесници	31.12. 2015
	Ќе воспостави евиденција на населението кое подлежи на евакуација,според загрозеноста на населбите и утврдените категории	-одговорното лице -кабинет на градоначалникот	Претседатели на УЗ и МЗ -ЦСР; -ДЗС-ПОЗС;	31.01. 2016
	Ќе воспостави евиденција на материјалните и културните добра кои подлежат на евакуација.	-одговорното лице -кабинет на градоначалникот	-Одговорните лица во правните субјекти -ЦСР; -ДЗС-ПОЗС;	31.01. 2016
	Ажурирање на податоците од евиденцијата за населението и материјалните добра (кои подлежат на евакуација) - препорачливо е еднаш годишно, а задолжително пред очекувано загрозување.	-одговорното лице за ажурирање на планот за ЗС -ОШЗС	-Одговорните лица во правните субјекти -ЦСР; -ДЗС-ПОЗС	Еднаш годишно
	Ќе го утврди бројот и видот на објекти во населбите од општината, предвидени за сместување на евакуираното население и редовно ќе ги ажурира податоците за нив.Препорачливо е еднаш годишно, а задолжително пред очекувано загрозување.	-одговорното лице -СУСЕ -кабинет на градоначалникот	Претседатели на УЗ и МЗ -ЦСР; -ДЗС-ПОЗС;	31.01. 2016
	Ќе ги усогласи активностите за спроведување на евакуацијата со дирекцијата за заштита и спасување и соседните општини.	-одговорното лице -кабинет на градоначалникот	-одговорните лица во соседните општини -ДЗС-ПОЗС	31.12. 2015

	Ќе воспостави евиденција (преглед) на учесниците во спроведувањето на евакуацијата и редовно ќе ги ажурира податоците за нив. Препорачливо е еднаш годишно, а задолжително пред очекувано загрозување.	-одговорното лице -ОШЗС -СУСЕ -СПР	Одговорните лица во правните субјекти	31.12. 2015
	Ќе го утврди видот и количините на потребните материјални ресурси и начинот на нивно обезбедување со утврдени временски рокови.	-одговорното лице -ОШЗС -СУСЕ -СПР -СЗР	Одговорните лица во правните субјекти	31.12. 2015
	Ќе ги утврди можностите за снабдување со храна, вода, електрична енергија, комуникациски врски и друго, во населбите во кои ќе се сместува евакуираното население.	-одговорното лице -ОШЗС -СУСЕ -СПР -СЗР	-ЦСР -ЈКП Дервен -одговорните лица во правните субјекти	31.12. 2015
	Ќе склучи договори со учесниците во евакуацијата на населението и материјалните добра,кои обезбедуваат храна,вода,средства за хигиена, превоз,сместување и други потреби.	-кабинет на градоначалникот -СПР	-одговорните лица во правните субјекти	31.01. 2016
	Ќе врши редовна едукација,обука и вежби со задолжените субјекти, силите за заштита и спасување и населението, за обврските кои ги имаат во евакуацијата и за начинот на реализацијата на истите.	-кабинет на градоначалникот -одговорното лице -ОШЗС	-ДЗС-ПОЗС -одговорните лица во правните субјекти	Еднаш годишно
	Редовен тренинг и потсетување, на членовите на екипите кои учествуваат во евакуацијата на населението и материјалните добра, за обврските кои ги имаат во екипите и за начинот на реализацијата на истите.	-кабинет на градоначалникот -одговорното лице -ОШЗС	-ДЗС-ПОЗС -одговорните лица во правните субјекти	Еднаш годишно

<u>Објаснување на скратениците</u>

МЗС-Мерка за заштита и спасување

ОШЗС-Општински штаб за заштита и спасување

СУСЕ-Сектор за урбанизам,сообраќај и екологија

СПР-Сектор за правни работи

СЗР-Сектор за заеднички работи

УЗ и МЗ-Урбани и месни заедници

ПОЗС-ДЗС-Подрачно одделение за заштита и спасување-Дирекција за заштита и спасување

ЦСР-Центар за социјални работа

П р е г л е д

на оперативните активности за евакуација на настраданото

и загрозеното население во Општина Велес

МЗС	Вид на активност	Учесници	
		Внатрешни	Надворешни
	П р е д н а с т а н о т (непогодата)		
Евакуација на настрданото и загрозено население	Се активира-мобилизира општинскиот штаб за заштита и спасување.	градоначалник	Членовите на ОШЗС
	Веднаш по дознавањето за потенцијалната опасност која го загрозува населението во општината,преку претседателите на урбаните и месните заедници, медиумите или на друг начин,ќе се известат сите граѓани во загрозените зони и ќе им се укаже да ја следат состојбата и да се подготвуваат за напуштање на своите домови.	-одговорното лице во општината -кабинет на градоначалникот	-претседатели на урбани заедници; -локалните ТВ; -националните ТВ; -ЦУК-РЦУК
	Се врши проверка на оспособеноста на учесниците во евакуацијата на населението и материјалните добра,и тоа: -подготвеноста не екипите и одборите кои ја спроведуваат евакуацијата на населението и материјалните добра, за извршување на утврдените задачи; -подготвеност на месните заедници и населението, во чии објекти се врши сместувањето на евакуираното население и материјалните добра; -подготвеност на субјектите кои обезбедуваат храна и прехранбени производи за евакуираното население; -подготвеност на субјектите кои обезбедуваат вода за пиење за евакуираното население; -подготвеност на субјектите кои вршат превоз на евакуираното население и материјалните добра; -подготвеност на субјектите кои обезбедуваат здравствена заштита и сообракајно обезбедување.	-одговорното лице -ОШЗС -кабинет на градоначалникот -СУСЕ -СЗР -СПР	-одговорните лица во сите учесници (правни субјекти) -одговорните лица во надлежните државни органи -одговорните лица во другите општини
	Се разменуваат податоци за подготвеноста на државните органи кои учествуваат во евакуацијата на населението и материјалните добра и тоа : -Министерство за локлана самоуправа - за усогласување на активностите помеѓу општините; -ДЗС-ПОЗС - за подготвеноста на системот за заштита и спасување и републичките сили за заштита и спасување за учество во згрижувањето; -Министерство за животна средина и просторно планирање - за планирање и уредување на собирните и прифатните пунктови и за заштита на животната средина; -Министерство за транспорт и врски - за обезбедување на превоз на населението и материјалните добра и за уредување на објектите за прифат; -Министерство за внатрешни работи - СВР Велес - за сообракајно обезбедување и одржување на ред; -Министерство за здравство-(ЈЗУ-Здравен дом,ЈЗУ општа болница,ЈЗУ за јавно здравство - за здравствено-медицинско обезбедување на настраданото и загрозеното население; -Министерство за труд и социјална политика - центар за социјални работи - за згрижување на оние категории на лица од евакуираното население кои подлежат на евакуација; -Министерство за образование и наука – за обезбедување на воспитно образовен процес за	-одговорно лице -кабинеат на градоначалникот -ОШЗС	-МЛС -ДЗС-ПОЗС -ЦУК-РЦУК -МВР-СВР Велес -МТСР-ЦСР -ЈЗУ Медицински Центар, ЈЗУ Општа болница, ЈЗУ за Јавно здравство -МТВ -МЖСПП -МОН -МК -МНР

	време на долготрајна евакуација; -Министерство за надворешни работи - за барање и примање на меѓународна помош; -ЦУК-РЦУК - за следење на состојбите и подготвеноста на системот за алармирање.		
	Се врши проверка на подготвеноста на просторните сили за заштита и спасување што ги формира општината,кои учествуваат во евакуацијата на населението и материјалните добра и тоа: -пополнетост со припадници и материјални ресурси,според личниот и материјален состав;и -обученост и оспособеност на персоналот и материјалните средства.	-одговорното лице -ОШЗС -ЗСР	-ДЗС-ПОЗС
	Се наредува зголемување на подготвеноста-според планот за подготвеност.	-советот на општината -градоначалник	-ДЗС-ПОЗС -одговорно лице во МЛС
	На основа на одлука на Владата на РМ-се наредува отпочнување со навремена евакуација.Навремената евакуација се спроведува на исти начин како што е разработен во делот за време на опасноста (Б.2.)	-градоначалник -кабинет на градоначалник -ОШЗС	-одговорно лице во ВРМ -одговорни лица во учесниците
	По оценка на општинскиот штаб за заштита и спасување,се врши прераспределување на задачите на учесниците во згрижувањето.	-градоначалник -ОШЗС	-одговорни лица во учесниците
	По оценка на општинскиот штаб за заштита и спасување се бара помош од дирекцијата за заштита и спасување и другите надлежни државни органи.	-градоначалник -ОШЗС	-ДЗС-ПОЗС -одговорни лица во надлежните државни органи
	Информирање за состојбите,текот на активностите и друго.	-Кабинет на градоначалникот -ОШЗС	-претседатели на УЗ и МЗ; -локалните ТВ; -националните ТВ; -ЦУК-РЦУК
	Раководење	ОШЗС	ПШЗС

<u>Објаснување на скратениците</u>

МЗС-Мерка за заштита и спасување

ОШЗС-Општински штаб за заштита и спасување

СУСЕ-Сектор за урбанизам,сообраќај и екологија

СПР-Сектор за правни работи

СЗР-Сектор за заеднички работи

УЗ и МЗ-Урбани и месни заедници

ПОЗС-ДЗС-Подрачно одделение за заштита и спасување-дирекција за заштита и спасување

МТСП-ЦСР-Министерство за труд и социјална политика-центар за социјални работи Велес

МЛС-Министерство за локална самоуправа

ЦУК-РЦУК-Центар за управување со кризи-регионален центар за упрвување со кризи

МВР-СВР Велес-Министерство за внатрешни работи-сектор за внатрешни работи Велес

ЈЗУ-Јавна здрвствена установа

МТВ-Министерство за транспорт и врски

МЖСПП-Министерство за животна средина и просторно планирање

МОН-Министерство за образование и наука

МК-Министерство за култура

МНР-министерство за надворешни работи

П р е г л е д

на оперативните активности за евакуација на настраданото

и загрозеното население во Општина Велес

МЗС	Вид на активност	Учесници	
		Внатрешни	Надворешни
	За време на евакуацијата (настанот)		
Евакуација на населението и материјалните добра	Се анализираат добиените информации,а по сопствена оценка дел од нив се проверуваат.	-Градоначалник -ОШЗС	-ДЗС-ПОЗС -ЦУК-РЦУК
	Во согласност со одлуката на Владата на РМ, градоначалникот издава наредба за евакуација на населението и материјалните добра,доколку претходно не е издадена наредба за навремена евакуација.	-Градоначалник -кабинет на градоначалникот -ОШЗС	-ДЗС-ПОЗС -МЛС
	Се активираат-мобилизираат сите учесници во евакуацијата,доколку претходно не е започната навремена евакуација,а особено : -одборите за евакуација во урбаните заедници; -одборите за прифат во месните заедници; -екипата за разведување на евакуираното население; -екипите за сообракајно обезбедување; -екипите за здравствена заштита; -правните лица и други учесници кои го обезбедуваат превозот; -правните субјекти кои обезбедуваат храна,вода за пиење и средства за хигиена;и -просторните сили за заштита и спасување. На сите учесници им се наложува да почнат со спроведување на активностите за евакуација на населението и материјалните добра.	-Градоначалник -кабинет на градоначалникот -ОШЗС -СЗР	Одговорните лица кај сите учесници во евакуацијата на населението и материјалните добра
	Се известуваат граѓаните кои треба да се евакуираат да почнат со подготовките за напуштање на своите домови (за евакуација). Известувањето ќе се врши преку претседателите на урбаните заедници и месните заедници,одборите за евакуација и регионалниот центар за управување со кризи,а во итни случаи и преку средствата за јавно информирање.	-ОШЗС -Одговорно лице во општината -претседатели на УЗ и МЗ -одбори за евакуација и прифат.	-ЦУК-РЦУК -електронски медиуми:ТВ Здравкин иканал 21 и локалните радиостаници -националните ТВ
	Известување на субјектите кои вршат евакуација на материјалните добра,да почнат со подготовките за евакуација и да воспостават постојан контакт со ОШЗС,заради координирање на активностите. Известувањето ке се врши телефонски.	-ОШЗС -кабинет на градоначалникот -Одговорно лице	-ЦУК-РЦУК

		во општината	
З а с о л н у в а њ е	Да се определат локации за изградба на јавни засолништа и истите да се внесат во урбанистичките планови на општината.	-градоначалникот -ОУСЗЖС -ОШЗС	-ДЗС-ПОЗС	31.05. 2016
	Да се определат локации за изградба на рововски засолништа и истите да се внесат во урбанистичките планови на општината.	-градоначалникот -ОУСЗЖС -ОШЗС	-ДЗС-ПОЗС	31.05. 2016
	Да се изработи упатство за начинот на изградба на рововските засолништа,во која ќе има и скица за засолништето.	-градоначалникот -ОУСЗЖ -ОШЗС	-ДЗС-ПОЗС	31.08. 2016
	Да се утврдат зоните во кои ќе се врши адаптација на погодни простории,во простории за засолнување,со препорака за навремено изведување на одредени активности при градење и реконструкција на објекти.	-градоначалникот -ОУСЗЖС -ОШЗС	-ДЗС-ПОЗС	31.05. 2016
	Да се изработи упатство за начинт на адаптација на погодните простории,во простории за засолнување, во кое ќе има скица и елаборат.	-градоначалникот -ОУСЗЖС -ОШЗС	-ДЗС-ПОЗС	31.08. 2016
	Да се склучат договори со градежни фирми,за изградба на рововски засолништа.	-сектор за правни рботи -кабинет на градоначалникот	Градежни фирми по договор	31.01. 2016
	Да се определат гравитационите зони на изградените засолништа и да се изработат поименични списоци на корисници.	-одговорното лице -ОУСЗЖС -ОШЗС	Претседатели на УЗ и МЗ	31.08. 2016
	Да се склучат договори со градежни фирми и овластени сервиси за одржување,поправка и сервисирање на засолништата,опремата, уредите и инсталациите во нив.	-сектор за правни рботи -кабинет на градоначалникот	Градежни фирми по договор	31.01. 2016
	Да се изработи упатство за запоседнување на засолништето	-градоначалникот -ОУСЗЖС -ОШЗС	ДЗС-ПОЗС	31.08. 2016
	Редовно да се ажурира планот за засолнување, со сите прилози во него,а посебно: податоците за засолништата и корисниците на засолништата, податоците за раководителите на засолништата и екипите за засолнување. Препорачливо е еднаш годишно,а обавезно пред очекувано загрозување.	-Одговорното лице -ОШЗС	-ДЗС-ПОЗС и Сите субјекти учесници во засолнува-ањето	Еднаш годишно

	Проверка на испрвноста-функционалноста на системот за тревожење за Општина Велес.	-Одговорното лице -ОШЗС	-ЦУК-РЦУК -ДЗС-ПОЗС	Еднаш годишно
	Едуцирање и оспособување на членовите на екипите кои учествуваат во засолнувањето,за обврските кои ги имаат во екипите и за начинот на реализацијата на истите.	-ОШЗС -одговорно лице	ДЗС-ПОЗС	31.01. 2016
	Редовен тренинг и потсетување, на членовите на екипите кои учествуваат во засолнувањето, за обврските кои ги имаат во екипите и за начинот на реализацијата на истите.	-ОШЗС -одговорно лице	ДЗС-ПОЗС	Еднаш годишно
	Запознавање-едуцирање на населението-корисниците на засолништата за обврските кои ги имаат во извршувањето на засолнувањето.	-ОШЗС -кабинет на градоначалникот	ДЗС-ПОЗС	31.12. 2015

<u>Објаснување на скратениците</u>

МЗС-мерка за заштита и спасување

ПОЗС-ДЗС-Подрачно одделение за заштита и спасување-дирекција за заштита и спасување

ЦУК-РЦУК-Регионален центар за управување со кризи

ОШЗС-Општински штаб за заштита и спасување

ОУСЗЖС-Одделение за урбанизам,сообраќај и заштита на животната средина

УЗ и МЗ-Урбани заедници и месни заедници

П р е г л е д

на оперативните активности за спроведување на

засолнувањето во Општина Велес

МЗС	Вид на активност	Учесници	
		Внатрешни	Надворешни
	Пред непосредна опасност (подготовки на просторот за засолнување)		
З а с о л н у в а њ е	Се активира-мобилизира општинскиот штаб за заштита и спасување	градоначалник	Членовите на ОШЗС
	Се размануваат податоци за подготвеноста на државните органи кои учествуваат во засолнувањето, и тоа : -ЦУК-РЦУК - за следење на состојбите и подготвеноста на системот за алармирање; -ДЗС-ПОЗС - за подготвеноста на системот за заштита	-одговорно лице -кабинеат на градоначалникот -ОШЗС	-ДЗС-ПОЗС -ЦУК-РЦУК

	и спасување и републичките сили за заштита и спасување за учество во засолнувањето;		
	Се врши проверка на оспособеноста на учесниците во засолнувањето,и тоа: -подготвеноста не екипите кои го спроведуваат засолнувањето,за извршување на утврдените задачи; -подготвеност на градежните фирми,за изградба на рововски засолништа, според договорот; -подготвеност на градежните фирми и овластените сервиси за поправка и сервисирање на засолништата , опремаата,уредите и инсталациите, според договорот.	-одговорното лице -ОШЗС -кабинет на градоначалникот -ОУСЗЖС -сектор за правни и кадровски работи	Сите учесници
	Се врши проверка на подготвеноста на просторните сили за заштита и спасување што ги формира општината,кои учествуваат во засолнувањето и тоа: -пополнетост со припадници и материјални ресурси,според личниот и материјален состав;и -обученост и оспособеност на персоналот и материјалните средства.	-одговорното лице -ОШЗС	-ДЗС-ПОЗС
	<u>Преглед на изградените засолништа</u> Проверка и утврдување на нивната состојба, а особено состојбата на градежниот дел, состојбата (исправноста и функционалноста) на вградените инсталации, системи и опрема за филтровентилација, херметизација и престој во засолништето. Утврдување на задачите (потребите) за доопремување и итна поправка (сервиисирање) на вградените системи, заради обезбедување на ефикасна заштита на луѓето кои во нив ќе престојуваат. Прегледите ќе ги извршат раководителите на засолништата, односно екипите за засолнување и тоа најдоцна осум (8) часа по добивањето на наредбата.Краток писмен или усмен извештај од извршениот преглед,ќе доставаат до претседателот на урбаната заедници или одговорното лице во правниот субјект,а овие до општинскиот штаб за заштита и спасување.	-одговорното лице -ОШЗС	-Раководители на засолништата и екипите за засолнување -ДЗС-ПОЗС
	<u>Доведување во исправна состојба</u>-Констатираните недостатоци и неисправности на засолништата и опремата во рамките на можностите, ќе ги отстрануваат раководителите на засолништата, односно екипите за засолнување. -За недостатоците кои не можат тие да ги отстранат,ќе се ангажираат овластени лица или овластени сервиси,според склучени договори. -Доколку не постојат можности за ангажирање на овластени лица-сервиси, според констатираните неисправности, ќе се утврдуваат приоритети и извршители, кои ќе ги остранувaат неисправностите, а кои може да се отстранат со расположивите кадри и материјални сресства и резервните делови. -доколку	-ОУСЗЖС -одделение за финансии -кабинет на градоначалникот -ОШЗС	-раководители на засолништата -фирми според склучен договор ДСЗ-ПОЗС

	засолништето не се доведе во исправна состојба, користењето на засолништето ќе биде ограничено,при што ќе постапува според наредбите и упатства на командантот на општинскиот штаб за заштита и спасување.		
	<u>Изградба на рововски засолништа</u> -Одлука за изградба на рововски засолништа ќе донесе советот на Општина Велес. -Локациите за изградба на равовските засолништа (доколку не се определени) ќе ги определи советот на општината. -Изградбата на рововските засолништа ќе се реализира со градежни претпријатија, според склучени договори. Во случај на итна потреба за изградба на рововски засолништа, советот на општината ќе донесе одлука во изградбата на рововските засолништа да учствува работна рака (населението) од урбаните заедници и јавните претпријатија, во кои ќе се градат рововски засолништа, со ангажирање на стручни лица кои ќе се обезбедат од градежните претпријатија. -Изградбата на рововските засолништа ќе трае седум (7) дена, под услов навремено и во целост да се обезбедат потребните материјали за изградба, технички средства за ископ и утврден број на екипи.Доколку ова не се обезбеди, изградбата ќе се одвива по приоритети и тоа во првиот приоритет ќе бидат опфатени рововските засолништа од подзоната **А.1**.,потоа од подзоната **А.2.** и на крај од подзоната **А.3.**.	-совет на општината -ОУСЗЖС -одделение за финансии -кабинет на градоначалникот -ОШЗС	-раководители на засолништата -фирми според склучен договор -населението каде се градат рововскте засолништа -ДЗС-ПОЗС
	<u>Адаптација на погодни простории</u> -адаптацијата на погодните простории ќе ја вршат сопствениците на индивидуалните и колективните станбени згради, сопствениците на деловни објекти и сопствениците на стопански објекти. -адаптација на погодните објекти ќе се врши според упатство,донесено од градоначалникот на општината -сопствениците на објектите ќе изработат скици и елаборати за условите и начинот на адаптација.	-ОУСЗЖС -одговорното лице -кабинет на градоначалникот -ОШЗС	-соппствениците на индивидуалните и колективните станбени згради -органот на управување во правните субјекти -фирми според договор
	Обезбедување на вода за пиење во засолништата	-единицата за засолнување	-раководителите на засолништата
	По оценка на ОШЗС се врши прераспределување на задачите на учесниците во засолнувањето.	-градоначалник -ОШЗС	Сите учесници
	за време на настанот (опасноста)		
	Се анализираат добиените информации,а по сопствена оценка дел од нив се проверуваат.	-Градоначалник -ОШЗС	-ДЗС-ПОЗС -ЦУК-РЦУК

	Доколку состојбата налага, се активираат сите учесници во ззасолнувањето и им се наложува да почнат со спроведување на активностите за засолнување.	-Градоначалник -ОШЗС	Сите учесници во згрижувањето
	По свирењето на сирените или добиеното известување,граѓани се упатуваат во засолништата.	Граѓаните	Сите учесници
	<u>Запоседнување на засолништето</u> -Започнува со давање на знак за опасност, преку системот за известување и тревожење или со наредба на командантот на општинскиот штаб за заштита и спасување. -Запоседнување на засолништата ќе се врши со контролирано влегување во засолништето и распоредување на корисниците на определените места, а ќе започне од моментот на отварањето на вратата на засолништето,па се до моментот кога зад последниот корисник ќе се затвори вратата. -Во засолништето првенствено ќе се обезбеди влегување на лица кои се евидентирани во списоците како корисници. По исклучок,предвидениот број на корисници според капацитетот на засолништето утврден во списоците може да се зголеми од 3% - 5%, доколку постои процена за краток престој во нив. -Во јавните засолништа ќе влегуваат лица, кои во моментот на свирење на сирените се затекнале во зоната на гравитација на засолништето. -Запоседнувањето на засолништето ќе се врши брзо и треба да трае од 3-7 минути. По запоседнувањето на засолништето, вратите од истото се затвараат. -При запоседнувањето на засолништето, посебно ќе се внимава: • корисниците да се упатат на предвидените места, начелно првопристигнатите во најоддалечените места од влезот; • комуникациите меѓу опремата да бидат слободни, а опремата да биде разместена на предвидените места; • по завршувањето на запоседнувањето, да се забрани движење во влезот на засолништето и да се разместат корисниците во просторот за засолнување. Старите лица,мајките со деца и болните се сместуваат во леглата во првата смена, а лицата способни за работа се ангажираат на рачниот погон за филтровен-тилација. Останатите корисници,се распоре-дуваат на преостанатите седишта, со можност да се групираат по семејства или по желба.	-ОШЗС -единицата за засолнување	-раководителите на засолништата -екипите за засолнување -корисниците -ЦУК-РЦУК -ДЗС-ПОЗС

	<u>Престој во засолништето</u> -Раководителите на засолништата и екипате за засолнување,ќего организираат престојот на корисниците во засолништето. -Определување на екипи од од присутните лица кои ќе помагаат во обезбедувањето на условите за престој во засолништето. -Правење на распоред на активности и лица кои ќе ги извршуваат активностите,заради обезбедување на организиран престој и живот во засолништето. -За време на престојот во засолништата, особено ако засолнувањето трае подолго (повеќе од осум часа), засолнетите лица ќе спроведуваат заеднички и индивидуални активности. -Дневните активности ќе се одвиваат во три сменски циклус, кој на секој корисник ќе му овозможи осумчасовен одмор, осумчасови заеднички активности и осумчаосови слободни активности. Исклучок од ова ќе бидат оние корисници кои не може да се ангажираат во заедничките активности (болните). -За време на престојот во засолништето, раководителот на засолништето ќе одржува постојана врска со општинскиот штаб за заштита и спасување според упатството за одржување на врски .		-раководителите на засолништата -екипите за засолнување -корисниците
	-Со заедничките активности ќе се задоволат основните потреби на корисниците и тоа: • подготовка и делење на храна и вода; • одржување на личната и колективната хигиена; • работата на рачниот погон на филтровентилационите уреди; • одржување на инсталациите и опремата во засолништето; • организирање на рекреативни активности; • организирање на дежурства покрај болни, ранети или трауматизирани лица,покрај уредите за врски, за филтровентилација и за следење на микроклиматските услови и дозиметриска контрола.		-раководителите на засолништата -екипите за засолнување -корисниците
	Индивидуалните активности ќе ги извршува секој корисник на засолништетото, а посебно одржувањето на личната хигиена, исхраната и учество во заедничките активности.		-корисниците
	Обезбедување на исхрана	Одговорни лица во општината	-секој корисник си носи храна за себе
	Информирање за состојбите, текот на активностите и друго	-Кабинет на градоначалникот	-ЦУК-РЦУК -медиумите
	Раководење	ОШЗС	ПШЗС

	Напуштање на засолништата ќе се врши по добиеното известување од ОШЗС или РЦУК за престанок на опасноста	ОШЗС	-ЦУК-РЦУК -корисниците
	Доколку не е возможно корисниците да го напуштат засолништето заради било кои причини (делимично рушење и оштетување на засолништето,настанати урнатини, кои го попречуваат влезот и резервниот излез и слично),веднаш се пристапува кон спасување и извлекување на корисниците, односно затрупаните, во постапка според планот за спасување од урнатини.	-ОШЗС -ОСЗС	-ДЗС-ПОЗС со републичките сили за заштита и спасување -сили на правните субјекти
	После настанот (опасноста)		
	<u>Напуштање на засолништето</u> -Напуштањето на засолништето ќе го организира и спроведе, раководителот на засолништето заедно со екипата за засолнување. -Корисниците на засолништето ќе го напуштат според редовна или вонредна постапка. -Редовната постапка на напуштање на засолништата ќе го одобри раководителот на засолништето, после добиеното известување од ОШЗС или РЦУК за престанок на опасноста-потребата за засолнување. -Напуштањето на засолништето ќе се одвива според утврден редослед, почнувајќи од лицата на кои им е потребна помош (повредени, болни, стари и изнемоштени лица, мајки со деца и слично) и на крај раководителот на засолништето со екипата за засолнување. -Вонредно напуштање на засолништето ќе се случи во услови на механичко и функционално оштетување на засолништето од директен погодок,блиска експлозија и потреси при дехерметизација и појава на контаминант, пожар, плавење на засолништето, дефект вофилтровентилационите уреди и недоволно снабдување со воздух, појава на масовна паника со која одговорното лице на може да се справи и ако состојбата од било кои други причини е таква, да засолништето ја губи својата функција. Во овој случај, ќе се постапува брзо и организирано при што последователно ќе се извршуваат следните работи: • ќе се провери можноста за напуштање на засолништето преку влезот-излезот, или преку резервниот излез; • ќе се провери состојбата на излезните патишта; • ќе се провери пожарната оптовареност во засолништето и неговата блиска околина; • ќе се провери евентуалниот степен на Р и Х контаминација во засолништето и неговата блиска околина; • ќе се изврши подготовка на корисниците за	-ОШЗС	-раководителите на засолништата -екипите за засолнување -корисниците

	напуштање на засолништето,со користење на средствата за лична заштита; • ќе се обезбеди редот при напуштање на засолништето за да се спречи евентауална паника; • ќе се организира прва медицинска помош на повредените; • ќе се обезбеди придружба на повредените, болните и трауматизираните лица, децата, бремените жени и изнемоштените лица.		
	<u>Чистење на засолништето</u> Од корисниците во засолништето, раководителот на засолништето ќе определи екипа (лица) која ќе го исчисти засолништето, односно подготви за наредна употреба. По извршеното чистење и проверката на опремата, раководителот и екипата го напуштаат засолништето.	ОШЗС	-раководителите на засолништата -екипите за чистење -корисниците
	Раководителите на засолништата,по завршеното напуштање на засолништата доставуваат извештај до општинскиот штаб за заштита и спасување	ОШЗС	Раководителите на засолништата
	Доколку дојде до оштетување на засолништата ќе се изврши процена на оштетувањето и според видот и обемот на оштетувањето ќе се изврши санирање според утврдени приоритети.	ОШЗС	-сопствениците -фирми според склучен договор
	Санирање на оштетувањата кои се обемни и не може да се завршат во караток временски период ќе се врши според посебни планови за санација .	Општината	Правни лица според склучени договори

<u>Објаснување на скратениците</u>

МЗС-Мерка за заштита и спасување

ОШЗС-Општински штаб за заштита и спасување

ОСЗС-Општински сили за заштита и спаасување

ОУСЗЖ-Содделение за урбанизам,сообракај и заштита на животната средина

ПОЗС-ДЗС-Подрачно одделение за заштита и спасување-дирекција за заштита и спасување

ЦУК-РЦУК-Регионален центар за управување со кризи

Х и Р –Хемиска и радиолошка

Преглед

на одговорните служби и лица

Дежурни служби			
орган	Број на телефон		
	повикувачки	фиксен	мобилен
РЦУК	195		
МВР	192		
ЈЗУ-брза помош	194		

Одговорни лица во			
функција	Име и презиме	Број на телефон	
		Фиксен	мобилен
Општина Велес			
Градоначалник	Славчо Чадиев		071 237 538
Преседател на советот	Александар Колев		071 237 554
Одговорно лице	Слободан Николовски		075 368 418
Одделение за урбанизам			
Дирекција за заштита и спасување-ПОЗС			
Раководител	Билјана Симова	043-232-818	075-457-529
заменик	Тимчо Атанасов		070-696-769
МВР-СВР Велес			
Началник	Петре Игнов	043 217 203	070 276 372
Испектор по подготовки	Димче Маневски	043 217 519	070 383 157
ЈЗУ Медицински центар Велес			
Директор	Тања Самаракова	043 225 308	075 558 329
Лице за заштита и спасуав	Вергила Тодорова		076 436 828
Други учесници			
Претседатели на УЗ и МЗ	Список во прилог		

Раководители на засолништа	Список во прилог		
Правни субјекти според склучен договор	Список во прилог		

Совет на Општина Велес

Прилози :

-прилог-1 преглед на потребите за засолнување во Општина Велес;

-прилог-2а на карта на градот,преглед на сазолништа во Општина Велес;

-прилог-2б преглед на засолништа во Општина Велес;

-прилог-3 упатство за раководителот на засолништето;

-прилог-4 список на раководителите на засолништа;

-прилог-5 графикон на динамиката на изградба на рововско засолниште;

-прилог-6 преглед на потребниот алат за изградба на рововско засолниште.

Прилог-1

П Р Е Г Л Е Д

на потребите за засолнување во урбаните и месните заедници во Општина Велес

Состојба : Јуни 2015 година

Назив на урбана заедница	број на жители		потребен број на засолништа за			
	мир	во војна	вра-ботени	насе-ление	јавни засол-ништа	вкупно
Богдан Каракостев	5270	3780	939	3780	161	**4880**
Родна Ивева	230	160	41	160	7	**208**

Дурутовец						
Трајко Капчев	5100	3480	905	3480	155	**4540**
Славе Петков	7200	5030	1200	5030	240	**6470**
Трајче Панов	5050	3550	985	3550	160	**4695**
Димче Мирчев	2740	1930	560	1930	80	**2570**
9-ти Ноември	4860	3390	850	3390	150	**4390**
Алексо Демниевски	9330	6570	1770	6570	280	**8620**
Керамидна	430	300	80	300	15	**395**
Мирка Гинева						
Тунел	3105	2190	590	2190	90	**2870**
Васа Кошулчева	1895	1300	350	1300	55	**1705**
Шорка	820	570	155	570	25	**750**
Превалец	2190	1220	340	1220	60	**1620**
Горно Оризари						
Чолошево						
Мамутчево						
Отовица						
Башино Село						
Долно Караслари						
Вкупно	**48220**	**33470**	**8765**	**33470**	**1478**	**43713**

Ажурирал: _____



Л Е Г Е Н Д А	
1	ЗАСОЛНИ – тунелски скривници
10	

К А Р Т А

на град ВЕЛЕС



Прилог-2 б

П Р Е Г Л Е Д

на објектите за засолнување во Општина Велес

состојба:Јуни 2015 година

Ред. Бр.	**Локација**	**Припадност - сопственик на засолниште**	**Засолништа (100-300 кРа)**						**Заслони** (25 – 50 кРа)				**Адаптирани подруми**	
			дополнителна заштита		основна заштита		зајакната заштита		за заштита од радиоактивни и отровни влијаниа херметизирани		за заштита од механички оптоварувања			
			Отпор-ност (кРа)	Капа-цитет	Отпор-ност (кРа)	Капа-цитет	Отпор-ност (кРа)	Капа-цитет	број	Капа-цитет	број	Капа-цитет	број	Капа-цитет
1.	**УЗ„ Б.Каракостев”** Ул.Ј.Чучук	ПО– ДЗиС парк Соколец									1	**715**		
2.	**УЗ„ Б.Каракостев”** УлД.Влахов	Хотел Вила Зора			200	**75**								
3.	**УЗ „Т.Капчев”** Ул.С..Давчев	ПО – ДЗиС Влашка црква									1	**300**		
4.	**УЗ „Т.Капчев”** Ул.В.Циривири	ПО – ДЗиС Дервен									1	**100**		
	УЗ „Т.Капчев”	ДГ Д.Мирчев клон VI												

5.	Ул.О.Џинот				100	**100**								
6.	**УЗ „С.Петков”** Ул.Д.Најдов	ПО – ДЗиС Стар Мост									1	**600**		
7.	**УЗ „Т.Панов”** Ул.Д.Груев 17	ПО – ДЗиС Којник									1	**300**		
8.	**УЗ „Т.Панов”** Ул.М.Тито бб	ПО – ДЗиС стара аптека									1	**450**		
9.	**УЗ „Т.Панов”** Ул.Б.Карпузов	ПО – ДЗиС Проект.биро									1	**600**		
10	**УЗ „Д.Мирчев”** плоштад	ПО – ДЗиС Трговски пред суд			100	**300**								
11	**УЗ „9-тиНоември”** Ул.Н.Н.Борче 15	ЕВН Велес			300	**100**								
12	**УЗ „9-тиНоември”** Ул.Б.Ѓорев бб	ЕЛС – Б.Ѓорев 1			300	**200**								
13	**УЗ „9-тиНоември”** Ул.Б.Ѓорев бб	ЕЛС – Б.Ѓорев 2			300	**200**								
14	**УЗ„ А.Демниевски”** Ул.Б.Ѓорев бб	ПО-ДЗиС Пазарче 1			200	**200**								
15	**УЗ„ А.Демниевски”** Ул.Б.Ѓорев бб	ПО-ДЗиС Пазарче 2			200	**200**								
	УЗ„ А.Демниевски”	ЕЛС -												

16	Ул.Белградска бб	Тунел 1			300	**200**								
17	**УЗ„ А.Демниевски”** Ул.Б.Ѓорев бб	ЕЛС – Тунел 2			200	**100**								
18	**УЗ„ А.Демниевски”** Ул.Б.Ѓорев бб	ЕЛС – Бисер 1			200	**200**								
19	**УЗ„ А.Демниевски”** Ул.Б.Ѓорев бб	ЕЛС – Бисер 2			200	**100**								
20	**УЗ„ А.Демниевски”** Ул.Б.Ѓорев бб	ЕЛС – Б.Ѓорев 125			100	**75**								
21	**УЗ„ А.Демниевски”** Ул.Б.Ѓорев - Ленинова	ДЗиС Трговски центар			100	**90**								
22	**УЗ„ А.Демниевски”** Комплекс УЗУСбб	ЕЛС – УЗУС 1			200	**200**								
23	**УЗ„ А.Демниевски”** Комплекс УЗУСбб	ЕЛС – УЗУС 2			200	**200**								
24	**УЗ„ А.Демниевски”** Ул.Марксовабб	ЕЛС – Марксова – интернат			300	**200**								
25	**УЗ„ В.Кошулчева”** Ул.Енгелсова	ДЗиС – Енгелсова спроти ДЗиС			200	**200**								
	УЗ„ В.Кошулчева”	АД Б.Ѓорев												

26	Ул.А.Демниевски18				200	**200**								
27	**УЗ„ В.Кошулчева”** Ул.М.Пијаде бб	МХК????			200	**200**								
28	**УЗ„ В.Кошулчева”** Ул.М.Пијаде бб	МХК ????			200	**100**								
29	**УЗ„ В.Кошулчева”** Ул.Вардарска50	АД Ветекс			200	**50**								
30	**УЗ„ В.Кошулчева”** Комплекс Брако	АД Д.Митрев			100	**50**								
31	**МЗ Нас.Превалец** Нас.Превалец	Поранешен Нокатекс - портирница			100	**50**								
32	**МЗ Нас.Превалец** Нас.Превалец	Поранешен Нокатекс – конфекција			100	**50**								
33	**МЗ Нас.Превалец** Нас.Превалец	Склад АД Макпетрол												
34	**МЗ Г.Оризари** АД Порцеланка	Керамика нова Порцеланка1	200	50										
35	**МЗ Г.Оризари** АД Порцеланка	Керамика нова Порцеланка2			200	**200**								
	УЗ нас.Речани	Управна зграда на Лозар???												

36	Ул.Скопски патбб				200	**100**								
37	**МЗ Д.Караслари**	Мотел Македонија			200	**50**								
38	**УЗ „9-тиНоември”** Ул.Б.Ѓорев 42а	Стоковна куќа-БОС	50	25										
39														
В к у п н о				**75**		**3990**					7	**3065**		

Ажурирал : _____

Прилог-3

У П А Т С Т В О

за работа на раководителот на засолништето

Работата на раководителот на засолништето,се одвива во четири (4) фази .

Прва фаза -задачи пред запоседнување на засолништето – припремен период

По добивањето на наредбата за негово ангажирање, односно ангажирање, командирот на одделението за згрижување ги врши следните работи :

1. Се запознава детално со сите технички содржини во засолништето, а особено со:

- просториите ;
- опремата ;
- инсталациите;
- степенот и обемот на заштита; и
- дефинираните услови за престој (режим на престој, времетраење на престојот и др.)

2. Се запознава детално со содржините на организацијата на користење на засолништето, а особено со:

- корисници на засолништето;
- капацитет на засолништето;
- начинот на организација на запоседнување на засолништето, престој во засолништето и негово напуштање;
- спроведување на пробно запоседнување на засолништето, заради извежбување на постапката и стекнување на искуства за временските можности на запоседнување;
- ја следи работата во одржувањето на засолништето и по потреба може лично да интервенира;
- на основа на структурата на корисниците во засолништето и техничките услови на засолништето, прави организација на запоседнување, престој и напуштање на засолништето;
- преку начелната шема на организација на запоседнување, престој и напуштање на засолништето, врши избор на лица кои ќе помагаат во извршувањето на задачите на одделението;
- водењето ажурна евиденција на корисниците на засолништето;
- при недостаток на одредени шеми и упатства за правилно одржување и користење на засолништето, бара истите да се обезбедат или доколку може сам ги обезбедува; и
- повремено со помош на припадниците на екипата, извршува проветрување и проверка на исправноста на засолништето.

Работите во оваа фаза може да се вршат и како обврски, кои се вршат редовно секоја година .

Втора фаза - задачи за време на запоседнување на засолништето

За време на запоседнувањето на засолништето,раководителот ги извршува следните работи :

- го проветрува засолништето, ги проверува уредите, опремата и инсталацијата, сам или со припадниците на екипата;
- на знакот на тревога, кога ќе почнат да пристигнуваат корисниците, го организира правилното и ефикасно запоседнување;
- лично ја следи работата на припадниците на екипите и нивните помошници и движењето на корисниците;
- дава одредени упатства за правилно и брзо запоседнување на засолништето;
- кога засолништето ќе се наполни со дозволениот број на корисници, со помош на припадниците на екипата ја затвараат влезната врата;
- при затварањето на влезната врата, поставува известување дека засолништето е пополнето,
- врши запознавање на припадниците на екипите со нивните обврски и режимот на работа со опремата и системите за филтровентилација и осветлувањето (им ги објаснува шемите за електрично осветлување, врши запознавање со начинот на подготовки, проверка и пуштање во погон на филтровентилационите уреди и другите инсталации и системи); и
- ги упатува корисниците на засолништето во местата каде треба да бидат сместени во засолништето.

Трета фаза - задачи за време на престој во засолништето

За време на престојот во засолништето,раководителот ги извршува следните работи :

- заедно со членовите на екипата и нивните помошници ги пуштаат во погон уредите и инсталациите во засолништето;
- раководи со целокупната работа и и престој во засолништето;
- воспоставува врска со општинскиот штаб за заштита и спасување;
- според можностите се поврзува со регионалниот центар за управување со кризи;
- ја контролира работата на припадниците на екипата и нивните помошници;
- во контактот со лицата во засолништето создава соодветна атмосфера и расположение за престој во засолништето;
- се грижи за здравствената состојба на лицата и во колку се појават заболени во рамките на можностите укажува соодветна медицинска помош;
- преку припадниците на екипата остварува увид на исправноста и начинот на работа на сите уреди и инсталации;
- ако се наруши редот на животот во засолништето, превзема мерки за нивно отстранување;

- по потреба организира избор и работа на совет на засолништето и ја насочува нивната активност;
- повремено врши контрола на состојбата на воздухот во засолништето;
- повремено, ако е тоа условено со состојбата во засолништето, врши извидување на просторот околу засолништето преку екипи кои ги упатува надвор од засолништето;
- во случај да дојде до оштетување на засолништето или на дел од него, наредува да се превземат соодветни мерки и раководи со спроведување на истите, со цел да се отстранат последиците;
- врши и други работи од посебен и општ интерес за престој во засолништето.

Четврта фаза – задачи за време на напуштање на засолништето

За време на напуштањето на засолништето, раководителот ги врши следните работи:

- го одредува времето на напуштање на засолништето и врши непосредни подготовки за брзо празнење на засолништето;
- ја проверува состојбата на излезните патишта (влез и резервен излез);
- ги испитува и утврдува условите надвор од засолништето, заради правилно и безбедно сместување на лицата по неговото напуштање;
- го организира напуштањето на засолништето;
- се грижи за дисциплината и редот при напуштање на засолништето;
- ја утврдува состојбата на уредите, опремата и инсталациите во засолништето откако ќе се испразни;
- ако засолништето се напушти заради оштетување или непостоење на внатрешни услови за живот, со цел безбедно да се напушти засолништето, ги врши следните работи :

- ги испитува можностите и ги утврдува патиштата за напуштање на засолн.;

-го организира спасувањето од засолништата;

-обезбедува неопходна медицинска помош;

-според потребите ги исклучува инсталациите;

-обезбедува ред за безбедно напуштање на засолништето;

-врши РХБ извидување на просторот околу засолништето, ја утврдува

состојбата и превзема соодветни мерки;

-врши и др.работи кои ќе се наметнат, а се од интерес за преживување на

лицата во засолништето.

- по исклучувањето на сите уреди и инсталации, го затвара засолништето и ги предава клучевите .

Општински штаб за заштита и спасување,

Командант м-р Славчо Чадиев

Прилог-4

П Р Е Г Л Е Д

на раководители на засолништа во Општина Велес

состојба : Јуни 2015 година

Ред. бр.	Припадност – сопственост на засолништето	Вид на заштита	Капаци-тет	Раководител на засолниште				Извршен технички преглед	Евиден-тиран
				Име и презиме	Улица и број	телефон			
						дома	службен		
1.	ДЗС - парк Соколец			Сузана Мурџева	Д.Влахов 24		070-299-830		
2.	ДЗС - Влашка црква			Горан Митрев	В.Циривири 100		078-228-532		
3.	ДЗС - Стар Мост			Горан Митрев	В.Циривири 100		078-228-532		
4.	ДЗС - Којник			Зоран Тодоров	К.Методиј 40		071-272-041		
5.	ДЗС - Дервен			Горан Митрев	В.Циривири 100		078-228-532		
6.	ДЗС - Стара аптека			Михајло Нушев	М.Тито 5/4		070-256-029		
7.	ДЗС - Проектанско биро			Михајло Нушев	М.Тито 5/4		070-256-029		
8.	ДЗС - Пазарче 1			Борис Јанев	Б.Ѓорев 104 б/66		070-720-486		
9.	ДЗС - Пазарче 2			Борис Јанев	Б.Ѓорев 104 б/66		070-720-486		
10	ДЗС - Енгелсова								
11	ДЗС - Трговски центар			Борис Јанев	Б.Ѓорев 104 б/66		070-720-486		
12	ДЗС - трговски пред судот			Михајло Нушев	М.Тито 5/4		070-256-029		
13									

14									
15									
16									
17									
18									
19									
20									
21									
22									
23									
24									
25									
26									
27									
28									
29									
30									
31									
32									
33									
34									

35									
36									
37									
38									

ажурирал : _____

Прилог-5

ГРАФИКОН НА ДИНАМИКАТА

на работите за изградба на 1 рововско засолниште за 50 лица

_____Состојба:јуни 2015 година

видови на работа	**број на извршители**	**време на изградба – 7 дена (по 12 часа / смена)**													
		24 часа		**24 часа**		**24 часа**		**24 часа**		**24 часа**		**24 часа**		**24 часа**	
		12 часа	**12 часа**	**12 часа**	**12 часа**	**12 часа**	**12 часа**	**12 часа**	**12 часа**	**12 часа**	**12 часа**	**12 часа**	**12 часа**	**12часа**	**12 часа**
Копање на ров (рачно)	10 работници														

	во смена														
проширување на ровот (рачна изработка на дренажен бунар и ров и септичка јама)	10 работници во смена														
Изработка на рамови	10 тесари														
Изработка на бочна оплата разупирачи и осигурачи	10 тесари														
Изработка на под и таван	5 тесари														
Изработка на клупи со наслон	10 тесари														
Изработка на прочистувач на воздух и врати на засолниште	5 тесари														
Изработка на изолација од ПВЦ фолија	5 тесари														
Изработка на вертикална изолација	10 тесари														
Изработка на наслон	10 тесари														

ажурирал : _____

Прилог

П Р Е Г Л Е Д

на потребниот алат за изработка на

рововско засолниште за 50 лица

Состојба: јуни 2015 година

реден број	вид на алатот	количина
1.	ашови	6
2.	лопати	5
3.	копачи	2
4.	столарска пила	2
5.	чекан 2кг.	3
6.	столарско метро	5
7.	столарски аголник	4
8.	тесарско секирче(тесла)	3
9.	дрвен набивач од 5кг.профилисан	2
10.	либела	2
11.	столарски молив	5
12.	пантлика за мерење – 15 м	1
13.	нож или ножица за сечење на фолија	1
14.	клешта (столарска)	3
15.	ќускија	1

III.3 П Л А Н

за згрижување на настраданото и загрозеното

население во Општина Велес

Извод од процената :

На терироријата на Општина Велес заради разновидни опасности од природни непогоди и други несреќи, а првенствено оштетување или уривање на нивните домови или заради потенцијална опасност од уривање, како и од друг вид на загрозување на нивните домови, се очекува дел од населението да остане без своите живеалишта, заради што ќе има потреба за нивно згрижување.

Во општината, реално се очекува да има настрадано и загрозено население заради следните природни непогоди и други несреќи :

- Поплави на урбан дел од градот и населбите вдолж плавните реони;
- Свлечиште на урбан дел во градот и селските населби;
- Оштетување или уривање на станбените објекти во градот и селските населби, од земјотрес или други разурнувачки сили;
- Катастрофални пожари во урбан дел од градот со кој се зафатени повеќе станбени објекти.

Најзагрозени објекти (станбени и други згради) од поплави се во урбаните заедници „Трајко Капчев“, „Богдан Каракостев“, „Димче Мирчев“ и „Превалец“, а незначителни во „Родна Ивева“, „Шорка“ и с.Кочилари. Бројот на загрозено население во наведните урбани заедници е следен: „Трајче Панов“-околу 20; „Богдан Каракостев“ -околу 60; „Димче Мирчев“-околу 20 и „Превалец“-околу 20.

Од свлечиште најзагрозена е урбаната заедница „Трајче Панов“ и тоа месноста „Рамина“,во која се загрозени десетина станбени објекти со 50 лица.

Оштетување или уривање на станбени згради можни се во градот и селата Иванковци, Мамутчево, Сојаклари, Отовица и Башино Село. Имајќи ги предвид сеизмолошките карактеристики на подрачјето на општината, не се очекува да има големи оштетувања или уривање на објекти, а бројот на настраданото и загрозеното население не би бил поголем од 150 до 200 лица.

Катастрофални урбани пожари се можни во градот и тоа во стариот дел, во кој се претежно индивидуални станбени згради, слепени една до друга, а достапноста на противпожарни возила е невозможна. Бројот на настраданото и загрозено население би се движел од 10 до 30. Овие пожари се можни и во колективни станбени згради, а бројката на настрадано и загрозено е речиси идентична.

Имајќи ја предвид процената на последиците од напред наведените видови на природни непогоди и други несреки, најголем број на настрадано и загрозено население се очекува да има од уривање на станбените објекти од земјотреси и други разурнувачки сили, а најмалку од катастрофални пожари.

П реглед
на потенцијално загрозено население кое треба да се згрижува

Природна непоода	Број на загрозено население во				Вкупно
	градот	Башино Село	Населба Превалец	Останати населби	
Поплави	80		20		100
Свлечишта	50				50
Земјотреси	130	10	10	50	200
Пожари	30				30
Вкупно	290	10	30	50	380

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗГРИЖУВАЊЕТО НА НАСТРАДАНОТО

И ЗАГРОЗЕНОТО НАСЕЛЕНИЕ

Со организацијата на згрижувањето на настраданото и загрозеното население , ќе се опфатат мерките од превентивен карактер (превентивно дејствување) и оперативен карактер (оперативно дејствување).

Згрижувањето на настраданото и загрозеното население ќе се спроведува според постојните законски прописи и овој план, а во него ќе учествуваат општината, урбаните и месните заедници, предвидените трговски друштва и хуманитарните организации и надлежните државни органи.

Надлежните државни органи (дирекцијата за заштита и спасување, центарот за социјални работи, центарот за управување со кризи, МВР, ЈЗУ медицинскицентар и други) ќе се вклучат во згрижувањето на настраданото и загрозеното население според своите надлежности, планови и стандардни оперативни постапки, усогласени со активностите на општината.

А).<u>Превентивно дејствување</u>

Заради намалување на ефектите на природните непогоди и други несреќи и создавање на оптимални услови за згрижување на настраданото и загрозеното население, Општина Велес ќе ги преземе и спроведува следните превентивни активности:

- Во плановите за заштита и спасување од урнатини, поплави и свлечишта ќе се спроведуваат предвидените превентивни активности, со кои се намалуваат можностите за оштетување или уривање на станбените објекти;

- Редовно ќе се ажурираат податоците за бројот на загрозени станбени објкети од поплави и свлечишта и за лицата кои живеат во нив. Препорачливо е еднаш годишно, а задолжително пред очекувано загрозување;
- Редовно ќе се ажурираат податоците за објектите предвидени за згрижување (сместување) на загрозеното и настраданото население, нивниот капацитет за сместување и исхрана. Препорачливо е еднаш годишно, а задолжително пред очекувано загрозување;
- Редовно ќе се ажурираат податоците на членовите на екипите кои учествуваат во згрижувањето на настраданото и загрозеното население. Препорачливо е еднаш годишно, а задолжително пред очекувано загрозување;
- Едуцирање и оспособување на членовите на екипите кои учествуваат во згрижувањето на настраданото и загрозеното население,за обврските кои ги имаат во екипите и за начинот на реализацијата на згрижувањето;
- Редовен тренинг и потсетување, на членовите на екипите кои учествуваат во згрижувањето на настраданото и загрозеното население, за обврските кои ги имаат во екипите и за начинот на реализацијата на згрижувањето;
- Запознавање-едуцирање на настраданото и загрозеното население за обврските кои ги имаат во извршувањето на згрижувањето.

Б). <u>Оперативно дејствување</u>

Со оперативното дејствување,се опфатени активностите во згрижувањето на настраданото и загрозеното население пред случување на настанот, за време на настанот и по завршување на настанот.

Б.1.Активности пред случување на настанот (непогодата)

Во случај кога загрозувањето и потенцијалните опасности се од предвидлив карактер и временски очекувани (поплави,свлечиште и др.),во временскиот интервал од дознавањето за можноста за случување на настанот, па сè до случување на настанот (поплава, активирање на свлечиштето и др.), ќе се спроведат следните активности:

- Се активира-мобилизира општинскиот штаб за заштита и спасување;
- Веднаш по дознавањето за потенцијалната опасност која го загрозува населението во општината преку претседателите на урбаните заедници, медиумите или на друг начини ќе се известат сите граѓани во загрозените зони и ќе им се укаже да ја следат состојбата и да се подготвуваат за напуштање на своите домови;
- Се врши проверка на оспособеноста на учесниците во згрижувањето на настраданото и загрозеното население и тоа:

-подготвеноста не екипите кои го спроведуваат згрижувањето за извршување на утврдените задачи;

-подготвеност на субјектите во чии објекти се врши сместувањето на настраданото и загрозеното население;

-подготвеност на субјектите кои обезбедуваат храна за настраданото и загрозеното население;

-подготвеност на субјектите кои вршат превоз на настраданото и загрозеното население,од собирните места до местото на сместување.

- Се разменуваат податоци за подготвеноста на државните органи кои учествуваат во згрижувањето за настраданото и загрозеното население, и тоа :
  -ЦУК-РЦУК - за следење на состојбите и подготвеноста на системот за алармирање;

  -ДЗС-ПОЗС - за подготвеноста на системот за заштита и спасување и републичките сили за заштита и спасување за учество во згрижувањето;

  -Центарот за социјални работи - за подготвеноста за извршување на згрижувањето;

  -ЈЗУ-Здравен дом - за подготвеноста за здравствено-медицинско обезбедување на настраданото и загрозеното население;и

  -МВР-СВР - за подготвеноста за обезбедување на транспортот на настраданото и загрозеното население.

- Се врши проверка на подготвеноста на просторните сили за заштита и спасување што ги формира општината кои учествуваат во згрижувањето и тоа:
  -пополнетост со припадници и материјални ресурси според личниот и материјален состав;

  -обученост и оспособеност на персоналот и материјалните средства;

- По оценка на општинскиот штаб за заштита и спасување,се врши прераспределување на задачите на учесниците во згрижувањето.

Б.2.Активности за времетраење на згрижувањето (настанот)

организација на спроведувањето на згрижувањето

Згрижувањето на настраданото и загрозеното население ќе го спроведува општината преку службите на градоначалникот заедно со другите субјекти (јавни претпријатија и правните лица според однапред планираните и договорените обврски и надлежните државни органи според своите надлежности и планирани активности, согласно своите стандардни оперативни постапки).

Б.2.1.Активирање-мобилизација

По добиеното известување за престојни опасности за загрозување на станбени објекти од природни непогоди и други несреќи и размената на мислења со одговорните лица во надлежните државни органи, градоначалникот на Општина Велес го активира одговорното лице за заштита и спасување во општината и општинскиот штаб за заштита и спасување.

Се анализираат добиените информации,а по сопствена оценка дел од нив се проверуваат. После тоа, доколку состојбата наложува, се активираат сите учесници во згрижувањето и им се наложува да почнат со спроведување на активностите за згрижување на настраданото и загрозеното население.

Б.2.2.Известување

Известувањето на граѓаните кои треба да се згрижуваат се врши преку претседателите на урбаните заедници и регионалниот центар за управување со кризи, а во итни случаи и преку средствата за јавно информирање.

Известување на субјектите кои учествуваат во згрижувањето ќе се врши телефонски.

а)Постапка на граѓаните

По добиеното известување,загрозените граѓани вршат подготовки за напуштање на своите домови и се упатуваат до предвидените собирни места.

Дел од граѓаните кои се самозгрижуваат кај свои роднини или во викендички се упатуваат во тие објекти.

б) Постапка на правните лица

Правните лица, учесници во згрижувањето отпочнуваат со извршувањето на обврските кои им се дадени.

Б.2.3. Собирни места

Места каде ке се собира загрозеното и настраданото население заради негово згрижување ќе бидат :

- за урбаната заедница „Трајко Капчев“ – дворот на детска градинка клон бр. VI ;
- за урбаната заедница „Богдан Каракостев“ – дворот на хотелот „Вила Зора“;
- за урбаната заедница „Родна Ивева“ – дворот на Хотел „Монтенегро“;
- за урбаната задница „Славе Петков“ – дворот на детската градинка клон бр. V ;
- за урбаната заедница „Трајче Панов“ – летна бавча на хотел „Интернационал“;
- за урбаната заедница „Димче Мирчев“– ширината пред детска градинка клон бр. I ;
- за урбаната заедница „9-ти Ноември“ – дворот на детска градинка клон бр. III на улица улица „Тодор Јанев“;
- за урбаната заедница „Васа Кошулчева“ – дворот на здружението на возачите ;
- за урбаната зедница „Шорка“-маалското игралиште;
- за урбаната заедница „ Алексо Демниевски“ – во дворот на интернатот „ „Лазар Лазаревски“;
- за урбаната заедница „Тунел“-маалското игралиште;
- за урбаната заедница „Керамидна“-маалското игралиште; и
- за урбаната заедница населба „Превалец“ – дворот на училиштето.

Б.2.3.Правци на движење

Движењето на колоните на населението кое се згрижува ќе се врши по следниве комуникации :

- за урбаната заедница „Богдан Каракостев“ – од собирното место по улица „Петре Прличков“→улица „Димитар Влахов“→регионален пат

Велес-Скопје (хотел Минтенегро→Хотел „Романтик“ на Езеро „Младост“);

- за урбаната заедница „Трајко Капчев“ – од собирното место преку стариот мост по улица „Димко Најдов“ →регионален пат Велес-Градско→автопат Гевгелија-Скопје→мотел „Македонија“;
- за урбаната заедница „Родна Ивева“ – Хотел „Монтенегро“;
- за урбаната заедница „Славе Петков“ – од собирното место по улиците „Владимир Назор“→„Маршал Тито“→„Благој Ѓорев“ →„Народен Фронт“→до детската градинка клон бр. II ;
- за урбаната заедница „Трајче Панов“ – од собирното место по улиците „Маршал Тито“→„Благој Ѓорев“→ „Димко Најдов“ →регионален пат Велес-Градско→автопат Гевгелија-Скопје→мотел „Македонија“;

- за урбаната заедница „Димче Мирчев“ – од собирното место по улиците „Никола Оровчанец“→„Маршал Тито“→„Благој Ѓорев“ →„Димко Најдов“→регионален пат Велес-Градско→автопат Гевгелија -Скопје→мотел „Македонија“-село Долно Караслари;
- за урбаната заедница „9-ти Ноември“ – од собирното место по улицата „Тодор Јанев“→до детска градинка клон бр.III и улица „Народен Фронт“→до детската градинка клон бр.II;
- за урбаната заедница „Васа Кошулчева“ – од собирното место по улиците „АСНОМ“→„Индустриска“→„Раштански пат“ →до планинарски дом „Бреза“;
- за урбаната зедница „Шорка“ - од собирното место по улиците „Вардарска“→„АСНОМ“→„Индустриска“→„Раштански пат“→до планинарски дом „Бреза“;
- за урбаната заедница „Алексо Демниевски“ – од собирното место , една колона по улиците „Марксова“→„Ганчо Хаџипанзов“→„Народен Фронт“→ до детската градинка клон бр.II, а другата колона по улиците „Марксова“→„Ленинова“→„Благој Ѓорев“→до детската градинка клон бр.IV;
- за урбаната заедница „Тунел“- од маалското игралиште, по улица „Благој Горев“;
- за урбаната заедница „Керамидна“- од маалското игралиште, по улица „Благој Ѓорев“, до детска градинка;
- за урбаната заедница „Тунел“- од маалското игралиште по улица „Благој Ѓорев“ до детска градинка;
- за урбаната заедница „Васа Кошулчева” – од собирното место по улиците „Вардарска“→„АСНОМ“→„Индустриска“→„Раштански пат“ →до планинарски дом „Бреза“;
- за неселба Превалец – од собирното место по регионалниот пат Велес-Прилеп→кон село Горно Оризари→село Бузалково→до планинарски дом „Бреза“.

Б.2.4.Места за сместување

Загрозеното и настраданото население ќе се сместува по следните објекти и населби :

- населението од урбаната заедница „Богдан Каракостев” –ќе се сместува во хотел „Романтик“ на езерото „Младост“ и хотел „Монтенегро“;
- населението од урбаната заедница „Родна Ивева“ – ќе се сместува во Хотел „Монтенегро“;
- населението од урбаната заедница „Трајко Капчев” – ќе се сместува во детската градинка клон бр.VI и мотел Македонија кај с.Долно Караслари;
- населението од урбаната заедница „Славе Петков” – ќе се сместува во детската градинка клон бр.V и клон бр.II ;

- населението од урбаната заедница „Трајче Панов“ – ќе се сместуваво мотел „Македонија“ кај с.Долно Караслари;
- населението од урбаната заедница „Димче Мирчев“ – ќе се сместува во детската градинка клон бр.I и Мотел „Македонија“ кај с.Долно Караслари;
- населението од урбаната заедница „9-ти Ноември“ – ќе се сместува во детските градинки клон бр.III и клон бр.II ;
- населението од урбаната заедница „Васа Кошулчева“ – ќе се сместува во планинарски дом „Бреза“;
- населението од урбаната зедница „Шорка“ - ќе се сместува во планинарски дом „Бреза“;
- населението од урбаната заедница „Алексо Демниевски“ – ќе се сместува во интернатот –ученички дом „Лазар Лазаревски“ , детските градинки клон бр.IV и клон бр.II ;
- населението од урбаната заедница „Керамидна“-ќе се сместува во детските градинки клон бр.IV и клон бр.II ;
- населението од урбаната заедница „Тунел“-ќе се сместува во детските градинки клон бр.IV и клон бр.II; и
- населението од урбаната заедница населба Превалец -ќе се сместува во планинарски дом „Бреза“.

Доколку условите за сместување во наведените објекти се изменат, заради рушење или оштетување,или просторот за сместување е пополнет,сместување ќе се врши и во соседните општини-првенствено во општина Чашка во планинарски дом „Ораов Дол“, планинарски дом „Мокрени“, Хотел „Врановци“ и во приватни куќи според списоците што ќе ги направи урбаната заедница .

Б.2.5.Обезбедување на исхрана

Исхрана за загрозеното население ќе обезбедуваат :

- ТППУ „Алфа Маркет” и ТППУ „Жито” - за згриженото население во планинарските домови „Бреза“, „Ораов Дол“ и „Мокрени“;
- Интернат „Лазар Лазаревски” – за згриженото население во интернатот;
- Детска Градинка „Димче Мирчев” клон бр.VI – за згриженото население во детските градинки;
- Хотел „Монтенегро“-за згриженото население во хотелот;
- Хотел „Романтик“-за згриженото население во хотелот;и
- Мотел „Македонија“ – за згриженото население во мотелот.

Б.2.6.Превоз

Превоз за населението кое се згрижува од урбаната заедница „Богдан Каракостев” , „Васа Кошулчева” и населбата Превалец ќе обезбедат ТППУ „Данс експрес“ и ТППУ „Пан промет“ .

Б.2.7.Здравствена заштита

Здравствената заштита за настраданото и загрозеното население за време на транспортот и за време на сместувањето ќе обезбедува ЈЗУ Здравен дом и ЈЗУ Општа болница Велес.

Б.2.8. Р а к о в о д е њ е

Со активностите во згрижувањето ќе раководи и координира општинскиот штаб за заштита и спасување.

При ангажирањето на републичките сили за заштита и спасување, раководењето и координацијата ќе ги врши подрачниот штаб за заштита и спасување на дирекцијата за заштита и спасување.

Б.2.9. У ч е с н и ц и

Во згрижувањето на загрозеното и настрадано население ќе учествуваат :

- Претседателот и советот на Урбаната заедница од кои се згрижува и претседателот и советот на урбаната заедница во кои ќе се сместува настраданото население;
- Општински штаб за заштита и спасување;
- Трговски друштва во чии објекти се врши сместување;
- Трговски друштва кои обезбедуваат исхрана;
- Данс експрес и Пан промет во превоз на настраданото население;
- ЈЗУ здравен дом и ЈЗУ Општа болница, во обезбедување на здравствена заштита;
- МВР-СВР-Велес го обезбедува транспортот на колоните за згрижување;
- Црвен Крст – обезбедување и делење на храна,учество во сместувањето, укажување на прва медицинска помош,обезбедување на облека и др.
- Центарот за социјални работи - спроведување на згрижувањето, обезбедување средства потребни за згрижување и др.;

- ТВ „Здравкин“ и ТВ „Канал 21“;
- Локални радиостаници; и
- Национални ТВ.

Учесниците мегусебно ќе ги усогласат активностите во своите планови.

Б.3.Активности по завршувањето на згрижувањето (настанот)

По престанување на потребата за згрижување на настраданото и загрозеното население згриженото население се враќа во своите домови или во домови (објекти) кои им се дадени на користење.

Последиците и штетите кои се настанати од настанатата природна непогода или друга несреќа, ќе се санираат според посебни планови за санација.

За реализација на санацијата општината ќе склучи договори со правните лица во постапка предвидена за врема на природни непогоди и други несреќи.

<u>Прилог на планот :</u>

-прилог-1 преглед на објекти за згрижување;

-прилог-2а преглед на опрема за згрижување на општинската организација на Црвениот Крст од Велес;

-прилог-2б преглед на опремата за згрижување на извидничкиот одред „Димитар Влахов“ од Велес;

-прилог-3 преглед на претседатели на урбани заедници;

-прилог-4 преглед на претседатели на месни заедници;

-прилог-5 преглед на тимот за одговор при катастрофи на општинската организација на Црвен Крст од Велес;

-прилог-6 преглед на републичката единица за згрижување на ДЗС-ПОЗС Велес;

-прилог-7 преглед на републичката единица за логистичка поддршка на ДЗС-ПОЗС Велес;

-прилог-8 на карта на општината и на карта на градот (собирни места,правци на движење,објекти за сместување);и

-прилог-9 преглед на екипата за згрижување на Центарот за социјални работи.

П р е г л е д

на превентивните активности во спроведувањето на згрижувањето

на настраданото и загрозеното население

МЗС	Вид на активности	извршители		рок
		Внатрешни	надворешни	
Згрижување на загрозеното и настраданото население	Во плановите за заштита и спасување од урнатини,поплави и свлечишта да се спроведуваат предвидените превентивни активности со кои се намалуваат можностите за оштетување или уривање на станбените објекти.	Одговорните лица,во тие планови	Одговорните лица во тие планови	Утврден во тие планови
	Редовно да се ажурираат податоците за бројот на загрозени станбени објкети од поплави и свлечишта и за лицата кои живеат во нив. Препорачливо е еднаш годишно,а задолжително пред очекувано загрозување.	Одговорното лице за ажурирање на планот за ЗС	-ЦСР; -ДЗС-ПОЗС; -ЦУК-РЦУК	Еднаш годишно
	Редовно да се ажурираат податоците за објектите предвидени за згрижување (сместување) на загрозеното и настраданото население, нивниот капацитет за сместување и исхрана. Препорачливо е еднаш годишно, а задолжително пред очекувано загрозување.	Одговорното лице за ажурирање на планот за ЗС	-ЦСР: -ДЗС-ПОЗС	Еднаш годишно
	Редовно да се ажурираат податоците на членовите на екипите кои учествуваат во згрижувањето на настраданото и загрозеното население. Препорачливо е еднаш годишно, а задолжително пред очекувано загрозување.	Одговорното лице за ажурирање на планот за ЗС	-ЦСР: -ДЗС-ПОЗС	Еднаш годишно
	Едуцирање и оспособување на членовите на екипите кои учествуваат во згрижувањето на настраданото и загрозеното население,за обврските кои ги имаат во екипите и за начинот на реализацијата на згрижувањето.	Општински штаб за заштита и спасување	ДЗС-ПОЗС	31.01. 2016

	Редовен тренинг и потсетување, на членовите на екипите кои учествуваат во згрижувањето на настраданото и загрозеното население, за обврските кои ги имаат во екипите и за начинот на реализацијата на згрижувањето.	Општински штаб за заштита и спасување	ДЗС-ПОЗС	Еднаш годишно
	Запознавање-едуцирање на настраданото и загрозеното население за обврските кои ги имаат во извршувањето на згрижувањето.	Општински штаб за заштита и спасување	-ЦСР: -ДЗС-ПОЗС	31.12. 2015

<u>Објаснување на скратениците</u>

МЗС-Мерка за заштита и спасување

ПОЗС-ДЗС-Подрачно одделение за заштита и спасување-дирекција за заштита и спасување

ЦУК-РЦУК-Регионален центар за управување со кризи

ЦСР-Центар за социјални работи

П р е г л е д

на оперативните активности за згрижување на настраданото

и загрозеното население во Општина Велес

МЗС	Вид на активност	Учесници	
		Внатрешни	Надворешни
	П р е д н а с т а н о т (непогодата)		
Згрижување на настрданото и загрозено население	Се активира-мобилизира општинскиот штаб за заштита и спасување.	градоначалник	Членовите на ОШЗС
	Веднаш по дознавањето за потенцијалната опаснот која го загрозува населението во општината,преку претседателите на урбаните заедници, медиумите или на друг начин,ќе се известат сите граѓани во загрозените зони и ќе им се укаже да ја следат состојбата и да се подготвуваат за напуштање на своите домови.	-одговорното лице во општината -кабинет на градоначалник	-претседатели на урбани заедници; -локалните ТВ; -националните ТВ; -ЦУК-РЦУК
	Се врши проверка на оспособеноста на учесниците во згрижувањето на настраданото и загрозеното население,и тоа: -подготвеноста не екипите кои го спроведуваат згрижувањето,за извршување на утврдените задачи; -подготвеност на субјектите во чии објекти се врши сместувањето на настраданото и загрозеното население; -подготвеност на субјектите кои обезбедуваат храна за настраданото и загрозеното население; -подготвеност на субјектите кои вршат превоз на настраданото и загрозеното население,од собирните места до местото на сместување.	-одговорното лице -ОШЗС -кабинет на градоначалник -автопарк на општината	Сите учесници
	Се разменуваат податоци за подготвеноста на државните органи кои учествуваат во згрижувањето за настраданото и загрозеното население и тоа : -ЦУК-РЦУК - за следење на состојбите и	-одговорно лице -кабинеат на градоначалникот -ОШЗС	-ДЗС-ПОЗС -ЦУК-РЦУК -МВР-СВР Велес -Центар за социјални

	подготвеноста на системот за алармирање; -ДЗС-ПОЗС - за подготвеноста на системот за заштита и спасување и републичките сили за заштита и спасување за учество во згрижувањето; -Центарот за социјални работи - за подготвеноста за извршување на згрижувањето; -ЈЗУ-здравен дом и ЈЗУ општа болница - за подготве-носта за здравствено-медицинско обезбедување на настраданото и загрозеното население;и -МВР-СВР – за подготвеноста за обезбедување на транспортот на настраданото и загрозеното население.		работи -ЈЗУ Медицински Центар
	Се врши проверка на подготвеноста на просторните сили за заштита и спасување што ги формира општината,а кои учествуваат во згрижувањето и тоа: -пополнетост со припадници и материјални ресурси,според личниот и материјален состав;и -обученост и оспособеност на персоналот и материјалните средства.	-одговорното лице -ОШЗС	-ДЗС-ПОЗС
	По оценка на општинскиот штаб за заштита и спасување,се врши прераспределување на задачите на учесниците во згрижувањето.	-градоначалник -ОШЗС	Сите учесници
	за време на настанот (непогодата)		
	Се анализираат добиените информации,а по сопствена оценка дел од нив се проверуваат.	-Градоначалник -ОШЗС	-ДЗС-ПОЗС -ЦУК-РЦУК
	Доколку состојбата налага, се активираат сите учесници во згрижувањето и им се наложува да почнат со спроведување на активностите за згрижување на настраданото и загрозенотонаселение.	-Градоначалник -ОШЗС	Сите учесници во згрижувањето
	Известувањето на граѓаните кои треба да се згрижуваат се врши преку претседателите	-ОШЗС	-ЦУК-РЦУК

	на урбаните заедници и месните заедници и регионалниот центар за управување со кризи,а во итни случаи и преку средствата за јавно информирање. Известување на субјектите кои учествуваат во згрижувањето ке се врши телефонски.	-Одговорно лице во општината -претседатели на урбани и месни заедници	-електронски медиуми:ТВ Здравкин иканал 21 и локалните радиостаници -националните ТВ
	По добиеното известување,загрозените граѓани вршат подготовки за напуштање на своите домови и се упатуваат до предвидените собирни места.	Граѓаните	Сите учесници
	Правните лица учесници во згрижувањето отпочнува-ат со извршувањето на обврските кои им се дадени.	ОШЗС	Сите учесници
	Собирање на настраданото и загрозеното население на собирните пунктови.	-граѓаните -одговорните екипи	-Центар за социјални работи -ДЗС-ПОЗС
	Превоз на настраданото и загрозеното население од собирните места до предвидените места за сместување.	автобус на општината	-ТППУ Данс Експрес -ТППУ ПАн Такси
	Обезбедување на транспортот од собирните места до местото на сместување.	Сообракаен инспектор	МВР-сообракајна полиција
	Сместување на настраданото и загрозеното население во објектите: -детските градинки-Димче Мирчев; -хотел Монте Негро; -хотел Романтик; -мотел Македонија с.Долно Караслари; -интернат Лазар Лазаревски; и -планинарски дом Бреза.	-ОШЗС -екипа на општината	-вработените во објектите -одговорни во планинарски дом Бреза -ЦСР -Црвен Крст -ДЗС-ПОЗС
	Обезбедување на исхрана	Одговорни лица во општината	-Хотелите,мотел от, интернатот и детската градинка

			-ТППУ Алфа Маркет и ТППУ Жито
	Здравствена (медицинска) заштита за време на транспортот и згрижувањето	ОШЗС	-ЈЗУ Медицински центар Велес -екипи на Црвениот Крст
	Информирање за состојбите,текот на активностите и и друго	-Кабинет на градоначалникот	-ЦУК-РЦУК -медиумите
	Раководење	ОШЗС	ПШЗС
	После настанот		
	Враќање на згриженото население во своите домови или во домови (објекти) кои им се дадени на користење. Превозот на згриженото население до своите домови се врши на исти начин и со истите учесници како и при превозот од собирните места до објектите за сместување.	-автобус на општината -сообракаен инспектор -ОШЗС	-ТППУ Данс Експрес -ТППУ ПАн Такси -МВР-сообракајна полиција -ЈЗУ Медицински центар -Црвен крст
	Санирање на последиците се врши според посебни планови за санација.	Општината	Правни лица според склучени договори

<u>Објаснување на скратениците</u>

МЗС-Мерка за заштита и спасување

ОШЗС-Општински штаб за заштита и спасување

ПОЗС-ДЗС-Подрачно одделение за заштита и спасување-дирекција за заштита и спасување

ПШЗС-Подрачен штаб за заштита и спасување Велес

МВР-Министерство за внатрешни работи

РЦУК-Регионален центар за управување со кризи

ЦСР-Центар за социјални работи

Преглед

на одговорните служби и лица

Дежурни служби			
орган	Број на телефон		
	повикувачки	фиксен	мобилен
РЦУК	195		
МВР	192		
ЈЗУ-брза помош	194		

Одговорни лица во			
функција	Име и презиме	Број на телефон	
		Фиксен	мобилен
Општина Велес			
Градоначалник	Славчо Чадиев		071 237 538
Преседател на советот	Александар Колев		071 237 554
Одговорно лице	Слободан Николовски		075 368 418
Центар за социјални работи			
Раководител	Азиза Џини Кицара		070-216-607
Лисе задолжено за ЗиС	Биљана Кожарова Гушева		070 216 688
Дирекција за заштита и спасување-ПОЗС			
Раководител	Билјана Симова	043-232-818	075-457-529
заменик	Тимчо Атанасов		070-696-769
МВР-СВР Велес			
Началник	Петре Игнов	043 217 203	070 276 372
Испектор по подготовки	Димче Маневски	043 217 519	070 383 157
ЈЗУ Здравен Дом Велес			

Директор	Тања Самаракова	043 225 308	075 558 329
Лице за заштита и спасуав	Вергила Тодорова		076 436 828
Други учесници			
ТППУ Алфа маркет			
ТППУ Жито		043226-990	
Мотел Македонија		043 215 900	
Хотел Романтик		043 212 828	
Хотел Монте Негро		043 212 223	
Интернат Лазар Лазаревски			
Планинарски Дом Бреза			
Планинарски Дом Ораов Дол			
Планинарски Дом Мокрени			
Хотел Горно Врановци			
ТППУ Данс Експрес		043232 359	075 213 459
ТППУ Пан Такси		043 222 192	070 216 161

Совет на Општина Велес

П р е г л е д

НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ НА ЗАГРОЗЕНОТО НАСЕЛЕНИЕ

ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Велес,17.04.2015 година

назив на објектот	**ш т о о б е з б е д у в а**						**Место на обезбедување (достава)**
	Смес-тување	**х р а н а**			**превоз**	**д р у г о**	
		појадок	**ручек**	**вечера**			
	Б р о ј н а л и ц а						
хотел Романтик					/	/	во хотелот

хотел Монте Негро							во хотелот
мотел Македонија ДК	90	90	90	90	/	/	во мотелот
Интернат Л.Лазаревски	228	228	228	228	/	/	во интернатот
хотел Горно Врановци	80	80	80	80	/	/	во хотелот
ДГ клон 1 Дворови	125	125	125	125	/	/	во градинката
ДГ клон 2 Жаба Зграда	260	260	260	260	/	/	во градинката
ДГ клон 3 Тодор Јанев	180	180	180	180	/	/	во градинката
ДГ клон 4 НаселбаТунел	120	120	120	120	/	/	во градинката
ДГ клон 5Кирил и Методиј	80	80	80	80	/	/	во градинката
ДГ клон 6 Стар мост	140	140	140	140	/	/	во градинката
Планинарски дом Бреза	30	/	/	/	/	/	во домот
ПД Ораов дол	20	/	/	/	/	/	во домот
ПД Мокрени	35	/	/	/	/	/	во домот
По домови во нас.места	50	/	/	/	/	/	По домовите во одредени населби
Данс експрес	/	/	/	/	луѓе	/	Хотел Романтик,Монте Негро и мотел Македонија
Панпромет					луѓе		ПД Бреза,Мокрени и Ораов Дол
ТППУ Алфа						хран	ПД Бреза

Маркет						а	
ТППУ Жито						храна	ПД Мокрени и ПД Ораов Дол
ВКУПНО	**1762**	**1577**	**1577**	**1577**	**305**		

ДГ=детска градинка;ПД=планинарски дом

Ажурирал : _____

Прилог-2 а

ПРЕГЛЕД

на опрема која може да се користи за згрижување

на населението од Црвен Крст Велес

Велес,Април 2015 година

Ред. број	Вид на опремата	количина	капацитет	Забелешка
1.	Шатори	52	300 лица	
2.	Греалки за шатор	3		
3.	Ќебиња	150		
4.	Канистри за вода	10	20 литри	
5.	Полска кујна	1		
6.	Џип Ленд Ровер-санитетски	1	7 лица	не е оспособен за работа во зимски услови
7.				
8.				

Ажурирал:_____

Прилог-2 б

ПРЕГЛЕД

на опрема која може да се користи за згрижување-спасување

на извидничкиот одред Димитар Влахов Велес

Велес,Април 2015 година

Ред. број	Вид на опремата	количина	капацитет	Забелешка
1.	Шатори-штабен	3		
2.	Шатор мал	20	2 лица	
3.	Вреќа за спиење	30		
4.	Ќебе	50		
5.	Опрема и прибор за исхрана	100	100	
6.	Опрема и прибор за подготвување на храна: бренер,плинско решо,плинска боца		100	
7.	Сместувачки капацитет од 60 легла с.Голозинци : во дворното место може да се постават 50 шатори-вода и санитарен чвор има,		60	Плус во дворно место
8.	Гумен чамез за 8 лица	2	16	
9.	Елек за спасување	6		
10.	Весла	10		
	Време за ставање во функција на екипата за спасување : 12о минути			
	Единицата може да дејствува самостојно во времетраење од три дена без логистичка поддршка од општината (храна,вода и средства за работа			

Ажурирал:_____

Прилог-2 б

Список

на екипата на извиднички одред „Димитар Влахов“ од Велес

состојба:јуни 2015 година

Ред. број	Име и презиме	адреса	Број на телефон		забелешка
			фиксен	мобилен	
1.	Ангелче Гушев				
2.	Љупчо Кузмановски				
3.	Тоше Василевски				
4.	Ангел Јорданов				
5.	Јане Јанков				
6.	Себо Шакиров				
7.	Киро Пачуков				
8.	Ненад Андреевски				
9.	Благој Ѓорчевски				
10.	Влатко Влахчев				
11.	Зоран Пановски				
12.	Стефан Алексовски				
13.	Александра Љутков				
14.	Владимир Стојанов				
15.	Панче Велев				
16.	Златко Ристов				
17.	Љупчо Кузмановски				
	Време за ставање во функција на екипата за спасување : 12о минути				
	Единицата може да дејствува самостојно во времетраење од три дена без логистичка поддршка од општината (храна,вода и средства за работа				

Ажурирал:_____

Прилог-3

П р е г л е д

на претседателите на урбаните заедници во Општина Велес

Велес,17.04.2015

Ред.број	Име на урбаната заедница	Податоци за претседателот на урбаната заедница				
		Име и презиме	адреса	e-mail	Број на телефон	
					мобилен	фиксен
1.	Васа Кошулчева	Горан Каракашев	Крсте Мисирков 14	gocec74@yahoo.com	071-324-043	070-384-363
2.	Ќерамидна	Басаров Кире	Наце Димов 76		076-281-430	
3.	Тунел	Дејан Гиновски	Белградска 189/1-10		078-455-563	
4.	Трајко Капчев	Крсте Спириндофски	Загребска 10	spirindof@gmail.com	078-216-092	
5.	9-ти Ноември	Каменко Драскачев	Тодор Јанев 61		078-289-996	
6.	Мирка Гинева	Александар Трпков	Ванчо Атанасов Ѓакот 14		076-341-216	
7.	Дурутовец	Бојан Димитриевски	Населба Дурутовец		078-457-033	
8.	Родна Ивева	Гоце Чушков	Скопски Пат 2 Речани		078-288-393	
9.	Шорка	Влатко Петковски	Тодорче Николовски 24		076-735-777	
10.	Богдан Каракостев	Васил Гемишев	Петре Прличков 14/12		076-299-241	
11.	Трајче	Томе	Рилси		077-	

	Панов	Тошевски	Конгрес 47		830-802	
12.	Славе Петков	Пане Недев	Љубен Весов 41		070-638-432	
13.	Алексо Демниевски	Атанас Иванов	Андон Шурков 25/1-1		075-430-786	
14.	Димче Мирчев	Јован Симсаров	8-ми Септември15/1		071-434-444	

Ажуриал:_____

Прилог-4

П р е г л е д

на претседателите на месните заедници Општина Велес

Велес,17.04.2015

Ред.број	Име на месната заедница	Податоци за претседателот на месната заедница				
		Име и презиме	адреса	e-mail	Број на телефон	
					мобилен	фиксен
1.	Чолошево	Симе Гичев				
2.	Долно Караслари	Никола Миткковски				
3.	Црквино	Сенад Ботиловиќ				
4.	Мамутчево	Зорн Јакимов				
5.	Рлевци	Тоде Јорданов				
6.	Отовица	Стојче Јовановски				
7.	Горно Оризари	Исмет Ајдиновиќ				
8.	Ораовец	Бошко Нешов				
9.	Кумоарино	Ацо Арсовски				
10.	Башино Село	Боте Бузалков				
11.	Новачани	Петре Тутарков				
12.	Сујаклари	Петре Пејчиновски				
13.	Иванковци	Нинослав Атанасов				
14.	С´лп	Трајко Димов				
15.	Раштани	Сашо Андреев				
16.	Рудник	Димче Богоевски				
17.	Бузалково	Басар Семановски				
18.	Сливник	Бислим Имеров				
19.	Џидимирци	Тони Ѓорѓиевски				

Ажурирал:_____

Прилог-6

Преглед

на тимот за одговор при катастрофи со одделни специјалности на членовите

Велес, Април 2015

Тим за одговор при катастрофи	Брза процена на потребите на терен	Логистичка поддршка	Прва медицинска помош	Спасување на вода	Прочистување на вода
Петре Петрушевски	Петре Петрушевски	Димче Нецинов	Д-р Јадранка Мишкова	Димче Нецинов	Димче Нецинов
Љубе Попов	Љубе Попов	Крсто Анастасов	Тања Јаковлевска	Илија Попов	Ангел Јорданов
Катеринчо Груев	Илија Попов	Ѓорѓија Димовски	Катеринчо Груев	Марјан Петров	Илија Попов
Александар Стојковски	Ангел Јорданов	Александар Стојковски	Димче Нецинов	Орданче Јовановски	
Д-р Јадранка Мишкова			Ирина Стојковска	Мартин Лазаровски	
Ѓорѓија Димовски				Борче Мирчевски	
Илија Попов				Игор Бошковски	
Димче Нецинов				Марко Драскачов	
Тања Јаковлевска					
Ангел Јорданов					
Крсто Анастасов					
Ирина Стојковска					
Марјан Петров					
Игор Бошковски					
Борче Митревски					
Орданче Јовановски					
Марко Драскачов					

Црвен Крст на Република Македонија

Општинска Организација Вел

Прилог-6

П Р Е Г Л Е Д

на републичката единица за логистичка поддршка

во ПОЗС Велес

Состојба:јуни 2015 година

Ред. број	ПОЗС	Вид на единицата	Број на припадници		Материјален состав	
					Опременост %	
			По формација	Пополнето	Лична опрема	МТС и опрема
1	Велес	Вод	39	37	60% (задолжени со стара униформа)	55% (на дел од опремата - МТС им е изминат рокот на употреба)

Ажурирал:_____

Прилог-7

П Р Е Г Л Е Д

на единицата за згрижување на настрадано

и загрозено население во ПОЗС Велес

Состојба:јуни 2015 година

Ред. број	ПОЗС	Вид на единицата	Број на припадници		Материјален состав	
					Опременост %	
			По формација	Пополнето	Лична опрема	МТС и опрема
1	Велес	Одделение	12	10	70% (задолжени со стара униформа)	60% (на дел од опремата - МТС им е изминат рокот на употреба)

Ажурирал:_____

К А Р Т А

на град ВЕЛЕС

- згрижување на населението -

-



Л Е Г Е Н Д А	
□	Собирни места на загрозеното население
→	Правци кон собирните места
→	Правци кон мезтата на згрижување

III. 4 ПЛАН

за РХБ (радиолошка, хемиска

и биолошка) заштита

Извод од процената :

Катастарот на загадувачи во Република Македонија не е изготвен, поради што податоците за загадувачите во Општина Велес се користени од службите во општината и од надлежните државни органи, но и тие не се целосни и не даваат реална слика за видот и количините на опасни материи, кои ги складираат или со кои работат трговските друштва.

Евидентирани иматели на опасни материи во Општина Велес се:

- ДПТ „Димко Митрев“ - на ул. „Димко Најдов“ бр. 94 - вообичаено има залихи на перхлор етилен 65 тона, сулфурна киселина 7 тона, мравја киселина 30 тона, Би-кл 20 тона, Би-полир 22 тона - сите се отрови;

- АД „Благој Ѓорев“ - на ул. „Алексо Демниевски“ бр. 18 - вообичаено има залихи на Н-хексан 60 тона, Фосфорна киселина 6 тона, сулфурна киселина 2 тона - сите се отрови и нафта 20 тона запаллива;

- ДПТУ „Брако“-на ул. „Раштански пат“ бб - вообичаено има течен цинк 70 тона;

- Склад „Макпетрол“ - во населба Превалец вообичаењено има нафта и нафтени деривати 40 тони, кои се запалливи;и

- „Марија Тејд“ - во Индустриската зона – вообичаено има нафта и бензин во поголеми количини.

Впечатливо е дека нема сознанија за безбедноста на опасните материи во наведените трговски друштва, а и за изработката на планови за заштита и спасување од нив (внатрешни и надворешни). Од тие причини не е познато како опасните материи при евентуална техничко-технолошка несреќа ќе ја загрозуваат пошироката околина и на кој начин, трговските друштва ќе реагираат.

Покрај наведените иматели-корисници на опасни материи, постојат и други, но за нив нема податоци.

РХБ контаминација е можна и при воени дејства, со примена на нуклеарни, хемиски и биолошки борбени средства.

Податоци за загадувачите (имателите и корисниците на опасни материи) од соседните општини, а кои имаат влијание во населбите од Општина Велес, за време на изготвувањето на планот не успевме да обезбедиме.

ОРГАНИЗАЦИЈА НА РХБ ЗАШТИТАТА

Организацијата на радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, животните и растенијата, за навремено откривање, следење и контрола на опасностите и последиците од несреќи со опасни материи и за отстранување на последиците од нив. РХБ заштитата ќе се остварува преку : РХБ контрола, РХБ заштита и РХБ деконтаминација.

Со организацијата на РХБ заштитата, ќе се опфатат активностите и мерките од превентивен карактер (превентивно дејствување) и оперативен карактер (оперативно дејствување).

РХБ заштитата, ќе се спроведува според постојните законски прописи и овој план, а во него ќе учествуваат: локалната самоуправа, месните заедници, трговските друштва, здруженијата на граѓаните и надлежните државни органи.

Задолжените субјекти и надлежните државни органи : трговските друштва иматели и корисници на опасни материи, дирекцијата за заштита и спасување, министерството за здравство-ЈЗУ за јавно здравство, министерството за одбрана, министерството за внатрешни работи, министерството за финансии-царинска управа, дирекцијата за радијациона сигурност, управата за хидрометеоролошки работи, министерството за образование-факултетите и институтите и други јавни претпријатија и установи ќе се вклучат во РХБ заштитата според своите надлежности, планови и стандардни оперативни постапки, усогласени со активностите на општината.

А). <u>Превентивно дејствување</u>

Заради намалување на ефектите од несреќи со опасни материи и создавање на оптимални услови за РХБ заштита на населението, животните, растенијата и материјалните добра, Општина Велес ќе ги преземе и спроведува следните превентивни активности:

- Ќе воспостави евиденција на загадувачите во општината;
- Ќе ги преиспита можностите (персоналните и материјалните капацитети) на трговските друштва за вклучување во РХБ заштитата;
- Ќе бара и настојува загадувачите во општината да ги применуваат сите пропишани безбедносни мерки за заштита од опасни материи, вклучително и изработка на надворешни планови за РХБ заштита;
- На основа на новодобиените податоци за загадувачите, ќе изврши ново проценување на опасностите од несреќи со опасни материи;
- Во согласност со заклучните согледување од новото проценување ќе го преработи-ажурира планот за РХБ заштита;
- Ќе го усогласи планот за РХБ заштита, со плановите на задолжените субјекти (загадувачите и надлежните државни органи);
- Усогласување на активностите за спроведување на РХБ заштитата со соседните општини;

- Ќе ја преиспита можноста за определување на локација за депонирање на опасни материи (опасен отпад);
- Определување и уредување на пристапни места во реките од општината, од каде ќе се црпи вода за деконтаминација;
- Ќе определи локации и објекти за деконтаминација на населението, техничките средства и другите материјални добра, првенствено со користење на постојните сервиси за перење на возила;
- Ќе бара и настојува од задолжените субјекти да воспостават постојан мониторинг на контаминантите на воздухот, водата и почвата;
- Следење на заканите и откривање на потенцијални РХБ опасности;
- Ќе формира единица за РХБ заштита и ќе пополни со персонал и материјални средства, во согласност со личниот и материјалниот состав;
- Ќе се грижи за обезбедување на материјалните ресурси за потребите на РХБ заштитата;
- Ќе врши редовна проверка, тековно одржување и сервисирање на обезбедените материјални ресурси;
- Ќе воспостави евиденција (преглед) на учесниците во спроведувањето на РХБ заштитата и редовно ќе ги ажурира податоците за нив. Препорачливо е еднаш годишно, а задолжително пред очекувано загрозување;
- Ќе се грижи за едукацијата, обуката, тренингот и увежбувањето на силите за заштита и спасување на општината;
- Ќе организира заеднички вежбовни активности со екипите на задолжените субјекти;
- Ќе се грижи за оспособување на населението за РХБ заштита и редовно ќе го запознава со постапките за заштита при несреќи со опасни материи;
- Ќе склучи договори со референтни правни субјекти и здруженија на граѓаните за извршување на одредени задачи во РХБ заштитата;и
- Редовно ќе ги ажурира податоците во планот за РХБ заштита.

Б). <u>Оперативно дејствување</u>

Со оперативното дејствување, се опфатени активностите во РХБ заштитата, пред случување на несреќата со опасни материи, за време на несреќата со опасни материи и по завршување на несреќата со опасни материи.

Оперативното дејствување ќе се остварува-реализира преку:

- РХБ контрола;

- РХБ заштита;

- Извлекување-спасување на контаминираните (луѓе, материјални добра, животни и растенија) од контаминираниот простор; и

- РХБ деконтаминација.

Б. 1. Активности пред случување на несреќата (настанот)

Во случај кога загрозувањето и потенцијалните опасности се од предвидлив карактер и временски очекувани, во временскиот интервал од дознавањето за

можноста за случување на несреќа со опасни материи, па сè до случување на несреќата со опасни материи, ќе се спроведат следните активности:

- По добиеното известување за потенцијалните опасности од несреќа со опасни материи, градоначалникот и одговорното лице во зависност од видот на очекуваната опасност, разменуваат податоци за видот, обемот и очекуваното време за настанување на несреќата и за подготвеноста на задолжените субјекти (загадувачите и надлежните државни органи) кои учествуваат во РХБ заштитата, а првенствено со :
  -правниот субјект во кој се проценило дека може да настане несреќа со опасни материи;

  -подрачното одделение на дирекцијата за заштита и спасување во Велес;

  -министерството за животна средина и просторни планирање-инспекторат за животна средина;

  -министерството за одбрана-команда на гарнизонот во Велес;

  -дирекцијата за радијациона сигурност;

  -регионалниот центар за управување со кризи во Велес;

  -управата за хидрометеоролошки работи.

- Размена на податоци за можностите за несреќа со опасни материи со соседните општини;
- По извршените дополнителни консултации, а доколку има доволно време градоначалникот на општината, ќе побара од советот на општината да донесе одлука за зголемување на подготвеноста на силите за заштита и спасување во Општина Велес;
- На основа на одлуката за зголемување на подготвеноста, донесена од советот на општината, градоначалникот постапува според документот за зголемување на подготвеноста, а првенствено донесува наредба за активирање-мобилизирање на општинскиот штаб за заштита и спасување и на силите за заштита и спасување на општината;
- Кога времето е ограничено, градоначалникот на општината донесува наредба за мобилизација општинскиот штаб за заштита и спасување и на единиците за заштита и спаасување на општината, без одлука за зголемување на подготвеноста;
- Се известуваат правние субјекти во реонот на очекуваната несреќа за одлуката за зголемување на подготвеноста и за потребата да ја следат состојбата и да преземаат мерки во согласност со плановите за заштитаи спасување, односно да постапуваат според упатствата што ќе им ги даде општинскиот штаб за заштита и спасување, во согласност со надлежните државни органи. Известувањето се врши телефонски и преку регионалниот центар за управување со кризи;
- Се известува граѓаните-населението во реонот на очекуваната несреќа со опасни материи, за опасностите кои се очекуваат и ќе им се укаже да ја следат состојбата и да преземаат мерки со кои ќе се намалат ефектите на очекуваната опасност, односно да постапуваат по упатствата кои ќе им ги даде општинскиот штаб за заштита и спасување. Известувањето ќе се врши преку претседателите на урбаните и месните заедници телефонски и преку регионалниот центар за управување со

кризи. Во итни случаи ќе се користат и електронските медиуми (локалните и националните радио и телевизиски станици);

- Се врши проверка на оспособеноста на учесниците во РХБ заштитата, и тоа:
  -подготвеноста на екипите и единиците во општината, кои извршуваат активностите во РХБ заштитата, за извршување на утврдените-планираните задачи;
  -подготвеност на правните субјекти за извршување на договорените обврски, според склучените договори;
  -подготвеност на екипите и единиците на надлежните државни органи, за учество во РХБ заштитата, а првенствено во РХБ контролата; и
  -подготвеност на населението за учество во РХБ заштита.
- Во согласност со планот за засолнување се врши проверка на оспосбеноста на засолништата, за заштита во услови на РХБ контаминација.
- По оценка на општинскиот штаб за заштита и спасување, се врши прераспределување на задачите на учесниците во РХБ заштитата;
- По оцена на општинскиот штаб за заштита и спасување, градоначалникот на општината бара ангажирање на екипи и единици од надлежните државни органи; и
- Информирање на населението и вработените за состојбите, текот на активностите и друго.

Б. 2. Активности за времетраење на несреќата (настанот) организација на спроведувањето на РХБ заштитата

Активностите за РХБ за време траењето на несреќата со опасни матарии, ќе се спроведуваат според следните последователни содржини:

- Подготовки за старт (започнување) на оперативните активноти;и
- Спроведување на заштитата и спасувањето.

Б. 2. 1. Подготовки за започнување (старт) на оперативните активности

Подготовките за започнување (старт) на оперативните активности за РХБ заштита, ќе се извршуваат според наредбата на градоначалникот на општината и тоа доколку во претходниот период не се спроведувале активности за зголемување на подготвеноста на силите за заштита и спасување или се извршиле делимично.

а) Извидување на реоните-локациите во кои е настаната несреќата со опасни материи

Заради реална проценка на опасностите и штетите кои се настанати од несреќата со опасни материи и соодветно планирање на активностите за РХБ заштита, на основа на добиените информации за несреќата, градоначаникот на општината упатува стручни лица (помошникот на началникот на ОШЗС за РХБ заштита, стручни лица од службите на градоначалникот и стручни лица од надлежните државни органи МЖСПП-инспектор за заштита на животна средина, ДЗС, МО-команда на гарнизонот и дирекцијата за радијациона сигурност и други) во реонот на непогодата, кои ќе ја проценат состојбата и ќе предложат мерки за заштита и спасување.

б) Активирање-мобилизација

По добиеното информации и предлози од екипата која го извршила извидувањето на несреќата со опасни материи, градоначалникот на општината, доколку претходно не се активирани, ги активира-мобилизира силите за заштита и спасување во општината.

Се анализираат добиените информации, а по сопствена оценка дел од нив се проверуваат. После тоа, доколку состојбата налага, градоначалникот бара (наложува) да се активираат сите учесници во РХБ заштитата и да почнат со спроведување на активностите за РХБ заштита, за кои се задолжени со овој и своите планови.

в) Известување

Се известуваат правните субјекти во реонот на несреќа за видот и обемот на опасностите и последиците кои се настанати и за потребата да ја следат состојбата и да преземаат мерки во согласност со плановите за заштита и спасување, односно да постапуваат според упатствата што ќе им ги даде општинскиот штаб за заштита и спасување, во согласност со надлежните државни органи. Известувањето се врши телефонски и преку регионалниот центар за управување со кризи.

Се известуваат граѓаните-населението во реонот на несреќа за видот и обемот на опасностите и последиците кои се настанати и ќе им се укаже да ја следат состојбата и да преземаат мерки со кои ќе се намалат ефектите од настанатите опасности и последици, односно да постапуваат по упатствата кои ќе им ги даде општинскиот штаб за заштита и спасување. Известувањето ќе се врши преку претседателите на урбаните и месните заедници телефонски и преку регионалниот центар за управување со кризи. Во итни случаи ќе се користат и електронските медиуми (локалните и националните радио и телевизиски станици).

в-1 Постапка на правните субјекти

По добиеното известување, во согласност со видот на несреќата, започнуваат да ги спроведуваат планираните и препорачаните (наложените) мерки за РХБ заштита и воспоставуваат контакт со општинскиот штаб за заштита и спасување, заради усогласување и координација на активностите.

в-2 Постапка на граѓаните

Веднаш по добиеното известување, граѓаните започнуваат со извршувањето на обврските за РХБ заштита, а кои им се препорачани од општинскиот штаб за заштита и спасување.

Претседателите и советите на урбаните и месните заедници, ги координираат активностите на населението во спроведувањето на РХБ заштитата, а првенствено личната и колективна заштита.

г) Планирање на активностите за РХБ заштита

Планирањето, раководењето и координирањето на активностите за РХБ заштита од настаната несреќа со опасни материи ќе ги врши командантот на општинскиот штаб за заштита и спасување, според следниот последователен ред :

г-1. По потреба од РЦУК Велес и другите задолжени субјекти (загадувачите и надлежни државни органи) бара целосни или дополнителни податоци и информации за последиците, превземените мерки и ангажираните сили и средства.

г-2. По потреба свикува состанок на ОШЗС, на кој ја процени настанатата состојба на база на добиените информации од теренот и утврдува план за дејствување, во кој покрај другото ќе ги опфати следните елементи :

- определува раководител на терен, кој ќе раководи со активностите за РХБ заштита, кој во принцип треба да е помошникот за оваа мерка ;

- го определува местото од каде раководителот на терен ќе раководи со активностите и го утврдува начинот на одржување на врските ;

- го проценува зафаќањето и ширењето на РХБ контаминантите во просторот (воздух, земја и вода) и временското ширење на контаминацијата;

- ги определува учесниците, основните правци, почетните реони и реони на кои тие приоритетно ќе се ангажираат ;

- ги определува реоните и станиците за деконтаминација на луѓе, технички средства и животни;

- го утврдува правецот на движење на учесниците со расположивите превозни средства и ги упатува на предвидените реони ;

- утврдува екипи за обезбедување на храна, вода и средства за работа на учесниците, екипи за здравствена заштита и екипи за заштита од пожари ;

- според укажаната потреба планира вклучување на дополнителни сили на целиот простор или по одделни реони ;

- го утврдува времето за доставување на извештаи и времето за повторна проценка на состојбата, кое вообичаено треба да е во вечрените часови;

- ако во текот на акциите се оцени дека е потребно ангажирање на дополнителни сили и средства или ангажирање на воздухоплови, преку

градоначалникот на општината бара од дирекцијата за заштита и спасување ангажирање на републичките сили за заштита и спасување;

- доколку ангажираните сили и средства останат да дејствуваат и преку ноќта, го определува местото за нивно сместување ;

- го утвдува начинот на враќање на учесниците и прибирање на ангажираната опрема и техничките средства.

г-3 По утврдувањето на планот за дејствување, на планираните учесници им се доставуваат изводи, односно се известуваат за обврските кои им се определени во РХБ заштитата.

д) Упатување на единицата и екипите за РХБ заштита

во реонот на несреќата со опасни материи

По завршената мобилизација и утврдување на планот за дејствување, командантот на ОШЗС, ги упатува општинските единици за заштита и спасување во почетниот реон за дејствување.

Паралелно со оваа активност, командантот на ОШЗС ги упатува и останатите екипи и единици на другите учесници во почетните реони за дејствување.

По оценка на штабот, градоначалникот на општината бара ангажирање на републичките сили за заштита и спасување на Дирекцијата за заштита и спасување и на екипи и единици на другите надлежни државни органи и установи.

Б. 2. 2. Спроведување на РХБ заштитата

Спроведувањето на РХБ заштитата во општината, ќе се врши во зависност од видот и обемот на несреќата со опасни материи и видот и обемот на настанатите или очекуваните последици.

Оперативното дејствување ќе се спроведува од моментот на издавањето на наредбата од командантот на ОШЗС.

Задолжените субјекти(загадувачите и надлежните државни органи) започнуваат со спроведување на оперативните активности веднаш по процената за можна несреќа со опасни материи или кога несреќата веќе настанала и тоа според своите планови за РХБ заштита (внатрешни и надворешни) и стандардните оперативни постапки.

а) РХБ контрола

РХБ контролата ќе се реализира со преземање на следните мерки и активности:

- следење на заканите и откривање на потенцијални радиолошки, хемиски и биолошки опасности;

- РХБ набљудување;

- РХБ извидување;

- дозиметриска контрола;

- лабораториски работи; и

- контролно заштитни активности.

Преку РХБ контролата ќе се овозможи благовремено отркирвање, следење и утврдување на РХБ опасноста, прогнозирање и процена на РХБ опасноста и благовремено информирање и известување за настанатата РХБ опасност.

а-1) Следење на заканите и откривање на

потенцијални РХБ опасности

Бидејки општината нема свои служби и технички ресурси за следење и откривање на потенцијалните РХБ опасности, ќе се ослонува на мониторингот на задолжените субјекти (потенцијалните загадувачи и надлежните државни органи и установи).

Следењето на заканите и откривањето на потенцијалните РХБ опасности за време траењето на несреќата со опасни материи, ќе биде зајакнато во однос на редовниот мониторинг.

Извештаите од мониторингот, ќе се доставуваат директно и на општинскиот штаб за заштита и спасување.

а-2) РХБ набљудување

РХБ набљудување на загрозениот и контаминираниот простор, ќе вршат задолжените субјекти (потенцијалните загадувачи и надлежните државни органи и установи), според пропишаните стандардни оперативни постапки и со своите оспособени персонални и материјални ресурси.

За поефикасно вршење на набљудувањето, задолжените субјекти ќе планираат, организиират и постават набљудувачки станици. Локациите на набљудувачките станици ќе се усогласат со службите на градоначалникот и министерството за транспорт и врски.

Во РХБ набљудувањето ќе се вклучат и службите на градоначалникот согласно своите персонални и материјални можности.

Извештаите од РХБ набљудувањто, ќе се доставуваат директно и на општинскиот штаб за заштита и спасување.

а-3) РХБ извидување

РХБ извидување ќе вршат силите за заштита и спасување на општината, екипите и единиците на задолжените субјекти (потенцијалните загадувачи и надлежните државни органи и установи) и екипи на здруженијата на граѓаните, според пропишаните стандардни постапки.

Со РХБ извидувањето екипите за извидување ќе го утврдуваат присуството на РХБ контаминанти во воздухот, водата и почвата.

Покрај утврдувањето на присуството на РХБ контаминанти (контаминираност на воздухот, водата и почвата) во просторот, со РХБ извидувањето ќе се врши и првична идентификација на РХБ контаминантите, во зависност од можностите на средствата за детекција со кои располагаат. Примероци од контаминираните воздух, вода и почва, ќе се испрќаат во лабораториите за РХБ анализи.

а-4) Дозиметриска контрола

Дозимериска контрола за контаминираноста на луѓето, техничките средства и возилата, животните и растенијата ќе вршат силите за заштита и спасување на општината, екипите и единиците на задолжените субјекти (потенцијалните загадувачи и надлежните државни органи и установи) и екипите на здруженијата на граѓаните, според пропишаните стандардни постапки.

Дозиметриската контрола на луѓето во радиолошки контаминирана средина, ќе се врши и со читање на личните и командните дозиметри.

Евиденција од извршената дозиметриска контрола ќе се води на пропишаните обрасци од директрот на дирекцијата за заштита и спасување, а ќе ја водат командирите на екипите и единиците.

а-5) Лабораториски работи

По процена на општинскиот штаб за заштита и спасување, примероци на контаминиран супстрат од воздух, вода и почва и други материјали, ќе се испраќаат на анализа во РХБ лаборатории. РХБ анализите ќе се вршат според пропишаните стандардни процедури.

Лабораториски анализи ќе се вршат во референтни РХБ лаборатории во општината, кои се приложени во список и во лаборатории на задолжените државни органи и установи.

Извештаите од лабораториските анализи ќе се доставуваат директно и на општинскиот штаб за заштита и спасување.

а-6) Контролно заштитни активности

Контролно заштитните активности ќе ги вршат силите за заштита и спасување на општината, екипите и единиците на задолжените субјекти (потенцијалните загадувачи и надлежните државни органи и установи) и екипите на здруженијата на граѓаните според пропишаните стандардни постапки.

б) РХБ заштита

Преку РХБ заштитата ќе се опфатат мерките, постапките и активностите за лична и колективна заштита во услови на РХБ контаминација.

б-1) Лична заштита

Лична заштита во контаминираниот реон и во реонот во кој се очекува да настане контаминација, ќе ја спроведуваат сите граѓани без разлика каде се наоѓаат (во своите домови, на работните места или надвор) со употреба на личните заштитни средства.

Општинскиот штаб за заштита и спасување, во зависност од видот на контаминантот, ќе ги упати луѓето кога и какви заштитни средства да употребуваат. При тоа особено ќе се внимава, за видот на филтерот на заштитната маска во услови на хемиска контаминација.

Во отсуство на лични заштитни средства (личен комплет за заштита), според упатството на општинскиот штаб за заштита и спасување, ќе се користат прирачни заштитни средства.

Упатствата за видот и начинот на употреба на заштитните средства, општинскиот штаб за заштита и спасување ќе ги издава преку претседателите на урбаните и месните заедници телефонски и преку регионалниот центар за управување со кризи. Во итни случаи ќе се користат и електронските медиуми (локалните и националните радио и телевизиски станици).

б-2) Колективна заштита

Колективна заштита на луѓето ќе се спроведува во домовите, на работните места и во засолништата, според упатствата на општинскиот штаб за заштита и спасување.

Просториите во кои ќе се спроведува колективната заштита, мора да се херметизирани. Доколку просториите не се херметизирани, херметизацијата ќе се врши со поставување на прирачни средства.

Колективната заштита на луѓето во засолништата ќе се спроведува според планот за засолнување.

Личната и колективната заштита на животните ќе се спроведува во просториите во кои тие се чуваат, а ќе ја спроведуваат сопствениците на животните.

в) Извлекување-спасување на контаминираните (луѓе, материјални добра, животни и растенија) од контаминираниот простор

Приоритет во извлекување од контаминираниот простор имаат луѓето, па потоа животните и материјалните добра.

Извлекувањето на контаминираните луѓе, ќе го вршат екипите и единиците за извидување и за РХБ заштита.

По извлекувањето од контаминираниот простор на луѓето им се укажува прва медицинска помош, според планот за прва медицинска помош, а потоа се упатуваат-транспортираат во реоните за деконтаминација.

По завршеното извлекување на контаминираните луѓе, се пристапува кон извлекување на животните и материјалните добра. На извлечените животни им се укажува ветеринарна помош според планот за заштита на животни и производи од животинско потекло. Извлечените животни и материјални добра се упатуваат во реоните за деконтаминација.

Растенијата, плодовите од растенијата и растителните производи, доколку има потреба, ќе се извлекуваат од контаминираниот простор и со нив ќе се постапува според планот за заштита на растенијата и растителните производи.

г) РХБ деконтаминација

Со РХБ деконтаминацијата ќе се опфати преземањето на мерки, активности и постапки со употреба на сили за заштита и спасување и материјално технички средства заради отстранување на присутните РХБ контаминанти и последиците предизвикани од нив кај населението, животните, растенијата и материјалните добра.

Мерките и активностите за РХБ заштита, задолжените субјекти ќе ги преземаат веднаш по обезбедените услови за тоа.

Приоритет при преземањето на мерките и активностите за РХБ деконтаминација имаат населението и материјално-техничките средства и животните и растенијата со кои луѓето при натамошните дејства ќе доаѓаат во допир.

Во услови на РХБ контаминација, првенствено се преземаат мерки и активности за извршување на хемиска деконтаминација, а потоа на радиолошка и биолошка деконтаминација.

г-1) РХБ деконтаминација на луѓето

РХБ деконтаминација на луѓето ќе се спроведува во реоните за деконтамина-ција во кои се поставуваат станици за деконтаминација.

Реоните за деконтаминација се определуват-развиваат надвор од контамини-раниот простор, во најблиската уредена или можна локација.

РХБ деконтаминацијата на луѓето, ќе ја извршуваат единиците за РХБ заштита, а ќе им помагаат останатите единици за заштита и спасување.

За РХБ деконтаминација на луѓето ќе се користат и пералните за возила.

РХБ деконтаминацијата ќе се спроведува според пропишаните стандардни постапки.

Паралелно со извршување на РХБ деконтаминацијата, ќе се спроведваат активности за заштита и спасување на луѓето (а првенствено прва медицинска помош и згрижување) и тоа според соодветните планови.

г-2) РХБ деконтаминација на техничките средства и возилата

Деконтаминација на техничките средства и возилата од РХБ контаминанти, ќесе спроведува во реоните за деконтаминација, кои ќе се определуваат-развиваат надвор од контаминираниот простор, во најблиската поволна локација.

РХБ деконтаминацијата на техничките средства и возила, ќе се спроведува според пропишаните стандардни постапки, а ќе ја извршуваат единиците за РХБ заштита и останатите општински и републички единици за заштита и спасување.

Во РХБ деконтаминација на на техничките средства и возила, ќе учествуваат и персоналот во пералните за возила во реоните за деконтаминација, кои ќе се користат како станици за деконтаминација.

г-3) РХБ деконтаминација на животните и продуктите од животинско потекло

РХБ деконтаминација на животните и продуктите од животинско потекло ќе се спроведува во реоните за деконтаминација во непосредна близина на просториите во кои се чуваат и тоа надвор од контаминираниот простор.

Станиците за деконтаминација ќе се поставуваат на најповолната локација во реонот за деконтаминација.

РХБ деконтаминацијата на животните и продуктите од животинско потекло, ќе ја извршуваат единиците за РХБ заштита, единиците за заштита на животни и производи од животинско потекло, а ќе им помагаат останатите единици за заштита и спасување и персоналот на сопствениците на животните и продуктите од животинско потекло.

При спроведување на РХБ деконтаминацијата на животните и продуктите од животинско потекло, ќе се постапува според пропишаните стандардни постапки за РХБ деконтаминација.

Паралелно со извршување на РХБ деконтаминацијата, ќе се спроведваат активности за заштита и спасување на животните и продуктите од животинско потекло, според соодветниот план.

г-4) РХБ деконтаминација на растенијата и продуктите од растително потекло

РХБ деконтаминација на растенијата и продуктите од растително потекло, ќе се спроведува во реоните за деконтаминација во непосредна близина на просториите во кои се чуваат и тоа вон контаминираниот простор.

Станиците за деконтаминација ќе се поставуваат на најповолната локација во реонот за деконтаминација.

РХБ деконтаминацијата на растенијата и продуктите од растително потекло, ќе ја извршуваат единиците за РХБ заштита, единиците за заштита на растенијата и продуктите од растително потекло, а ќе им помагаат останатите единици за заштита и спасување и персоналот на сопствениците на растенијата и растителните производи.

При спроведување на РХБ деконтаминацијата на растенијата и продуктите од растително потекло, ќе се постапува според пропишаните стандардни постапки за РХБ деконтаминација.

Паралелно со извршување на РХБ деконтаминацијата, ќе се спроведваат активности за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло, според соодветниот план.

г-5) РХБ деконтаминација на останатите материјални добра

РХБ деконтаминација на земјиштето, сообраќајниците, водата и објектите за водоснабдување и останатите материјални добра, ќе се врши на крај и тоа според посебни програми за деконтаминација и примена на стандардните оперативни постапки.

Во оваа РХБ деконтаминација ќе учествуваат референтни фирми според склучени договори и единиците за РХБ заштита.

Б. 2. 3. Логистичка поддршка

Логистичката поддршка ќе се обезбедува според планот за логистичка поддршка на учесниците, а првенствено за следните содржини :

а) Средства за извршување на задачите на интервентните екипи-секој учесник за своите екипи.

б) Исхрана и вода за пиење-секој учесник за своите екипи.

Доколку објектите за водоснабдување и изворите за вода во контаминираните населби и во населбите во близина на контаминираниот простор се контаминирани, снабдување на населението со вода за пиење ќе се врши со цистерни или со доставување на пакувана вода во шишиња. Ако условите дозволуваат ќе се врши и пречистување на контаминираната вода, што зависи од видот на контаминирачката материја. Вода за одржување на лична хигиена ќе се доставува со цистерни. Достава на вода со цистерни ќе вршат: ЈКП „Дервен“, територијалната противпожарна единица и дирекцијата за заштита и спасување. Прочистување на вода ќе врши општинската организација на Црвениот Крст. Пакувана вода во шишиња ќе доставуваат: Алфа Маркети, Жито Маркети, ТУШ маркет, КАМ маркет и општинската организација на Црвениот Крст.

в) Здравствено обезбедување на учесниците ќе вршат ЈЗУ Здравен дом Велес и ЈЗУ општа болница.

г) Обезбедување на местата на интервенциите и транспортот ќе врши МВР-СВР Велес.

Б. 2. 4. Р а к о в о д е њ е

Со активностите за РХБ заштита ќе раководи и координира општинскиот штаб за заштита и спасување.

При ангажирањето на републичките сили за заштита и спасување, раководењето и координацијата ќе ги врши подрачниот штаб за заштита и спасување на дирекцијата за заштита и спасување.

Во остварувањето на раководењето, штабовите ќе ги насочуваат и координираат активностите за самозаштита, РХБ контролата, РХБ заштитата и РХБ деконтаминацијата.

Командирите на единиците и екипите ќе раководат-командуваат со активностите кои се извршуваат на местото на непогодата.

Б. 2. 5. У ч е с н и ц и

Во спроведувањето на РХБ заштитата ќе учествуваат :

- Градоначалникот на Општина Велес и неговите служби;

- Просторните сили за заштита и спасување на Општина Велес;
- Претседателот и советот на урбаните и месните заедници;
- Трговски друштва потенцијални загадувачи : АД „Димко Митрев“, АД „Благој Ѓорев“, ДПТУ „Брако“, Склад „Макпетрол“, „Марија Трејд“ и други;
- Министерството за одбрана-команда на гарнизон Велес;
- Министерството за внатрешни работи-СВР Велес;
- Дирекцијата за заштита и спасување-подрачно одделение за заштита и спасување-Велес, со републичките сили за заштита и спасување;
- Дирекцијата за радијациона сигурност;
- Управата за хидрометеоролошки работи;
- Министерството за здравство-санитерен и здравствен инспекторат;
- Министерството за образование-факултети и институти;
- Министерството за финансии-царинска управа-Велес;
- ЈЗУ Здравен Дом Велес;
- ЈЗУ Општа Болница Велес;
- ЦУК-РЦУК;
- Алфа Маркети;
- Жито Маркети;
- ТУШ Маркет;
- КАМ Маркет;
- Општинската организација на Црвениот Крст

Учесниците во РХБ заштитата, меѓусебно ќе ги усогласат активностите во своите планови.

Б. 3. Активности по завршувањето на несреќата (настанот)

По престанување на потребата за РХБ заштита, ангажираните интервентни екипи и единици се распуштаат и се враќаат на своите работни места.

Санација на последиците и штетите кои се настанати од несрреќата со опасни материи ќе се врши според посебни планови за санација и тоа:

-деконтаминација на земјиштето;

-деконтаминација на објектите за водоснабдување;и

-уништување-складирање на опасниот отпад.

За реализација на санацијата општината ќе склучи договори со правните лица во постапка предвидена за време на природни непогоди и други несреќи.

П р е г л е д

на превентивните активности во спроведувањето на РХБ заштитата

МЗС	Вид на активности	извршители		рок
		Внатрешни	надворешни	
РХБ заштита	Воспоставување на евиденција на загадувачите во општината.	-одговорното лице; -ОШЗС; -СУСЕ;	-Одговорните лица во ПС загадувачи -НДО	31. 05. 2016
	Преиспитување на можностите (персоналните и материјалните капацитети) на трговските друштва, за вклучување во РХБ заштитата.	-одговорното лице; -ОШЗС; -кабинет на градоначалникот	-Одговорните лица во ПС загадувачи -НДО	31. 05. 2016
	Доставување на барање до загадувачите во општината за применување на сите пропишани безбедносни мерки за заштита од опасни материи, вклучително и изработка на надворешни планови за РХБ заштита и следење на реализацијата.	-кабинет на градоначалникот -СПР -СУСЕ -ОШЗС	-Одговорните лица во ПС загадувачи -НДО	31. 05. 2016
	Проценување на опасностите од несреќи со опасни материи, врз основа на новодобиените податоци за загадувачите.	-ОШЗС -СУСЕ	-НДО -ДЗС-ПОЗС	31. 05. 2016
	Во согласност со заклучните согледување од новото проценување, преработување-ажурирање на планот за РХБ заштита на општината.	-одговорното лице -ОШЗС	-НДО -ДЗС-ПОЗС	31. 08. 2016
	Усогласување на планот за РХБ заштита, со плановите за РХБ заштита на задолжените субјекти (загадувачите и надлежните државни органи).	-одговорното лице -ОШЗС	-НДО -ДЗС-ПОЗС -ПС загадувачи	31. 08. 2016
	Усогласување на активностите за спроведување на РХБ заштитата со соседните општини.	-одговорното лице -кабинет на градоначалникот	-одговорните лица во соседните општини	31. 12. 2015
	Преиспитување на можноста за определување на локација за депонирање на опасни материи (опасен отпад).	-одговорното лице -ОШЗС -СУСЕ -СПР	-МЖСПП -МТВ -ДЗС-ПОЗС	31. 08. 2016
	Определување и уредување на пристапни места во реките од општината, од каде ќе се црпи вода за деконтаминација.	-одговорното лице -ОШЗС	-МЖСПП -МТВ	31. 08. 2016

		-СУСЕ	-ДЗС-ПОЗС	
	Определување на места (локации) и објекти за деконтаминација на населението, техничките средства и другите материјални добра, првенствено со користење на постојните сервиси за перење на возила.	-одговорното лице -СУСЕ -кабинет на градоначалникот	-одговорни лица во ПС -ДЗС-ПОЗС;	31. 05. 2016
	Доставување на барање до задолжените субјекти за воспоставување постојан мониторинг на контаминантите на воздухот, водата и почвата и следење на реализацијата.	-кабинет на градоначалникот -СПР	-задолжените правни субјекти загадувачи	31. 05. 2016
	Следење на заканите и откривање на потенцијални РХБ опасности, од страна на мониторинг службите и техничките средства на ЗПС (загадувачи, НДО и установи)	-одговорното лице	Задолжените ПС (загадува-чи и НДО и установи)	Посто-јано
	Формирање на единица за РХБ заштита, пополнување со персонал и материјални средства, во согласност со личниот и материјалниот состав.	-одговорното лице -ОШЗС -СПР	ДЗС-ПОЗС	31. 05. 2016
	Утврдување на видот и количините на потребните материјални ресурси за РХБ заштита и начинот на нивно обезбедување со утврдени временски рокови. Во согласност со можностите на буџетот на општината, ќе се грижи за обезбедување на материјалните ресурси.	-одговорното лице -ОШЗС -СУСЕ -СПР -СЗР	Одговорните лица во правните субјекти	31. 05. 2016 Потоа секоја година
	Редовна проверка, тековно одржување и сервисирање на обезбедените материјални ресурси.	-СЗР -одговорното лице -ОШЗС	-ТД со кои е склучен договор	Секоја година
	Воспоставување на евиденција (преглед) на учесниците во спроведувањето на РХБ заштитата и редовно ажурирање на податоците за нив. Препорачливо е еднаш годишно, а обавезно пред очекувано загрозување.	-одговорното лице -ОШЗС -СУСЕ -СПР	Одговорните лица во правните субјекти	31. 05. 2016
	Едукација, обука, тренинг и увежбување на силите за заштита и спасување на општината.	-кабинет на градоначалникот -одговорното лице -ОШЗС	-ДЗС-ПОЗС	Еднаш годишно
	Оганизирање на заеднички вежбовни активности со екипите на задолжените субјекти.	-кабинет на градоначалникот -одговорното лице -ОШЗС	-ДЗС-ПОЗС -одговорните лица во ПС	Еднаш годишно
	Оспособување на населението за РХБ заштита и редовно запознавање со постапките за заштита при несреќи со опасни материи.	-кабинет на градоначалникот	-ДЗС-ПОЗС -одговорните	Еднаш годишно

		-одговорното лице -ОШЗС	лица во ПС	
	Склучување на договори со референтни правни субјекти и здруженија на граѓаните за извршување на одредени задачи во РХБ заштитата.	-градоначалник -кабинет на градоначалникот -СПР	-правни субјекти	Еднаш годишно
	Редовно ќе ги ажурира податоците во планот за РХБ заштита.	-одговорното лице –службите на градоначалникот -ОШЗС	-Одговорните лица во ПС и -НДО	Еднаш годишно

<u>Објаснување на скратениците</u>

МЗС-Мерка за заштита и спасување

ОШЗС-Општински штаб за заштита и спасување

СУСЕ-Сектор за урбанизам, сообраќај и екологија

СПР-Сектор за правни работи

СЗР-Сектор за заеднички работи

МЖСПП-Министерство за животна средина и просторно планирање

МТВ-Министерство за транспорт и врски

ПОЗС-ДЗС-Подрачно одделение за заштита и спасување-дирекција за заштита и спасување

ПС-Правни субјекти

НДО-Надлежни државни органи

П р е г л е д

на оперативните активности за РХБ заштитата

МЗС	Вид на активност	Учесници	
		Внатрешни	Надворешни
	П р е д н е с р е ќ а т а (настанот)		
РХБ заштита	Разменување на податоци податоци за видот, обемот и очекуваното време за настанување на несреќата и за подготвеноста на задолжените субјекти (загадувачите и надлежните државни органи) кои учествуваат во РХБ заштитата. Размената на податоците е условено од видот на очекуваната опасност, според која се контактираат задолжените субјекти во РХБ заштитата, а првенствено со : -правниот субјект во кој се проценило дека може да настане несреќа со опасни материи; -подрачното одделение на дирекцијата за заштита и спасување во Велес; -министерството за животна средина и просторни планирање-инспекторат за животна средина; -министерството за одбрана-команда на гарнизонот во Велес; -дирекцијата за радијациона сигурност; -регионалниот центар за управување со кризи во Велес; -управата за хидрометеоролошки работи.	-градоначалник -одговорното лице -служби на градоначалникот	-ПС во кои се проценило дека може да настане несреќа со ОМ -ДЗС-ПОЗС -МЖСПП-инспекторат -МО-команда на гарнизон Велес -дирекција за радиациона сигурност -РЦУК Велес -УХМР
	Размена на податоци за можностите за несреќа со опасни материи, со другите-соседни општини.	-градоначалник -служби на градоначалникот	-градоначалниците во другите општини
	Барање до советот на Општина Велес за донесување одлука за зголемување на подготвеноста на сили за заштита и спасување во Општина Велес	-градоначалник -совет на Општина Велес	НДО
	Донесување на одлука за зголемување на подготвеноста на сили за заштита и спасување во Општина Велес	Совет на Општина Велес	НДО
	Постапување според документот за зголемување на подготвеноста. Донесување на наредба за активирање-мобилизирање на ОШЗС и единиците на општината кои учествуваат во РХБ заштитата.	-градоначалник -службите на градоначалникот	-НДО-(ДЗС-ПОЗС, МЖСПП, МО, ДРС, РЦУК, УХМР, МТВ, МЛС
	Известување на правните субјекти во реонот на очекуваната несреќа за одлуката за зголемување на подготвеноста и за потребата да ја следат состојбата и да преземаат мерки во согласност со плановите за заштита и спасување, односно да постапуваат според упатствата што ќе им ги даде општинскиот штаб за заштита и спасување, во согласност со надлежните државни органи. Известувањето се врши телефонски и преку регионалниот центар за управување со кризи	-градоначалник -службите на градоначалникот -ОШЗС	-одговорните лица во ПС -РЦУК -локалните ТВ; -националните ТВ
	Известување на граѓаните-населението во реонот на очекуваната несреќа со опасни материи, за опасностите кои се очекуваат и укажување да ја следат состојбата и да преземаат мерки со кои ќе се намалат ефектите на очекуваната опасност, односно да постапуваат по упатствата кои ќе им ги даде општинскиот штаб за заштита и спасување. Известувањето ќе се врши преку претседателите на урбаните и месните заедници телефонски и преку регионалниот центар за управување со кризи. Во итни случаи ќе се користат и електронските медиуми (локалните и националните радио и телевизиски станици).	-градоначалник -службите на градоначалникот -ОШЗС	-Претседателите на УЗ и МЗ -РЦУК -локалните ТВ; -националните ТВ

	Проверка на оспособеноста на учесниците во РХБ заштитата, и тоа: -подготвеноста на екипите и единиците во општината, кои извршуваат активностите во РХБ заштитата, за извршување на утврдените-планираните задачи; -подготвеност на правните субјекти за извршување на договорените обврски, според склучените договори; -подготвеност на екипите и единиците на надлежните државни органи, за учество во РХБ заштитата, а првенствено во РХБ контролата; и -подготвеност на населението за учество во РХБ заштита.	-ОШЗС -служби на градоначалникот	-одговорните лица во ПС -ТД со кои се склучени договори -претседателите на УЗ и МЗ -НДО
	Проверка на оспособеноста на засолништата, за заштита во услови на РХБ контаминација.	-ОШЗС -СУСЕ	-ДЗС-ПОЗС
	По оценка на општинскиот штаб за заштита и спасување, се врши прераспределување на задачите на учесниците во РХБ заштитата	-градоначалник -ОШЗС	-одговорни лица во учесниците
	По оцена на општинскиот штаб за заштита и спасување, градоначалникот на општината бара ангажирање на екипи и единици од дирекцијата за заштита и спасување и другите надлежните државни органи.	-градоначалник -ОШЗС	-ДЗС-ПОЗС -одговорни лица во надлежните државни органи
	Информирање на населението и вработените за состојбите, текот на активностите и друго.	-Кабинет на градоначалникот -ОШЗС	-претседатели на УЗ и МЗ; -локалните ТВ; -националните ТВ; -ЦУК-РЦУК
	Раководење	ОШЗС	ПШЗС

<u>Објаснување на скратениците</u>

МЗС-Мерка за заштита и спасување

ОШЗС-Општински штаб за заштита и спасување

СУСЕ-Сектор за урбанизам, сообракај и екологија

СПР-Сектор за правни работи

СЗР-Сектор за заеднички работи

УЗ и МЗ-Урбани и месни заедници

ПОЗС-ДЗС-Подрачно одделение за заштита и спасување-дирекција за заштита и спасување

МВР-СВР Велес-Министерство за внатрешни работи-сектор за внатрешни работи Велес

МЖСПП-Министерство за животна средина и просторно планирање

МТВ-Министерство за транспорт и врски

ЦУК-РЦУК-Центар за управување со кризи-регионален центар за упрвување со кризи

МВР-СВР Велес-Министерство за внатрешни работи-сектор за внатрешни работи Велес

ПОЗС-ДЗС-Подрачно одделение за заштита и спасување-дирекција за заштита и спасување

ПС-Правни субјекти

НДО-Надлежни државни органи

П р е г л е д

на оперативните активности за РХБ заштита

МЗС	Вид на активност	Учесници	
		Внатрешни	Надворешни
	За време на несреќата (настанот)		
РХБ заштита	Се анализираат добиените информации, а по сопствена оценка дел од нив се проверуваат.	-Градоначалник -ОШЗС	-ДЗС-ПОЗС -ЦУК-РЦУК
	Се активираат-мобилизираат сите учесници во РХБ заштитата, доколку претходно не се мобилизирани На сите учесници им се наложува да почнат со спроведување на активностите за РХБ заштита. .	-Градоначалник -кабинет на градоначалникот -ОШЗС -СЗР	Одговорните лица кај сите учесници во РХБ заштитата
	Се известуваат граѓаните од загрозеното и контаминираното подрачје, заради спроведување на лична и колективна РХБ заштита. Известувањето ќе се врши преку претседателите на урбаните заедници и месните заедници и РЦУК, а во итни случаи и преку средствата за јавно информирање.	-ОШЗС -Одговорно лице во општината -претседатели на УЗ и МЗ	-ЦУК-РЦУК -електронски медиуми:ТВ Здравкин, канал 21 и локалните радиостаници -националните ТВ
	а-1) Следење на заканите и откривање на потенцијални РХБ опасности-од страна на задолжените субјекти (потенцијалните загадувачи и надлежните државни органи и установи). Следењето на заканите и откривањето на потенцијалните РХБ опасности за време траењето на несреќата со опасни материи, ќе биде зајакнато во однос на редовниот мониторинг. Извештаите од мониторингот, ќе се доставуваат на општинскиот штаб за заштита и спасување.	-ОШЗС -кабинет на градоначалникот -Одговорно лице во општината	-задолжени субјекти (потенцијални загадувачи и надлежни државни органи и установи)
	а-2) РХБ набљудување на загрозениот и контаминираниот простор, ќе вршат задолжените субјекти (потенцијалните загадувачи и надлежните државни органи и установи). Поставување-развивање на набљудувачки станици од страна на задолжените субјекти. Во РХБ набљудувањето ќе се вклучат и службите на градоначалникот, согласно своите персонални и материјални можности. Извештаите од РХБ набљудувањто, ќе се доставуваат директно и на општинскиот штаб за заштита и спасување.	-ОШЗС -СУСЕ	задолжени субјекти (потенцијални загадувачи и надлежни државни органи и установи)
	а-3) РХБ извидување-утврдување на присуството на РХБ контаминанти во воздухот, водата и почвата, ќе	-ОШЗС	-екипите и единиците на задолжени субјекти

	се врши според стандардните оперативни постки. Покрај утврдувањето на присуството на РХБ контаминанти (контаминираност на воздухот, водата и почвата) во просторот, со РХБ извидувањето ќе се врши и првична идентификација на РХБ контаминантите, во зависност од можностите на средствата за детекција со кои располагаат. Примероци од контаминираните воздух, вода и почва, ќе се испрќаат во лабораториите за РХБ анализи.	-ЕЗС на ОВ -служби на градоначалникот	(потенцијални загадувачи и надлежни државни органи и установи)
	а-4) Дозиметриска контрола на контаминираноста на луѓето, техничките средства и возилата, животните и растенијата, ќе се спроведува, според пропишаните стандардни оперативни постапки. Дозиметриската контрола на луѓето во радиолошки контаминирана средина, ќе се врши и со читање на личните и командните дозиметри. Евиденција од извршената дозиметриска контрола ќе се врши на пропишаните обрасци од директрот на дирекцијата за заштита и спасување, а ќе ја водат командирите на екипите и единиците.	-ОШЗС -ЕЗС на ОВ -служби на градоначалникот	-екипите и единиците на задолжени субјекти (потенцијални загадувачи и надлежни државни органи и установи)
	а-5) Лабораториски работи -земање и испраќање на примероци на контаминиран супстрат од воздух, вода и почва и други материјали, во РХБ лаборатории. -вршење на лабораторски РХБ анализи заради утврдување на видот и концентрацијата на опасната материја со која е контаминиран просторот. РХБ анализите ќе се вршат според пропишаните стандардни процедури. Извештаите од лаборатосиските анализи, ќе се доставуваат директно и на општинскиот штаб за заштита и спасување.	-ОШЗС -ЕЗС на ОВ -служби на градоначалникот	-екипите и единиците на задолжени субјекти (потенцијални загадувачи и надлежни државни органи и установи) -референтни лаборатории приложени во список
	а-6) Контролно заштитни активности-ќе се спроведуваат според пропишаните стандардни постапки и техничките средства со кои располагаат единиците за заштита и спасување.	-ОШЗС -ЕЗС на ОВ -служби на градоначалникот	-екипите и единиците на задолжени субјекти (ПЗ и НДО и У)
	б-1) Лична РХБ заштита-ќе се спроведува во домовите, на работните места и во надворешната средина, со употреба на лични заштитни средства. ОШЗС преку претседателите на урбаните и месните заедници и преку РЦУК и електронските медиуми, ќе ги упатува граѓаните какви заштитни средства да употребуваат и како да ги користат. Во отсуство на лични заштитни средства (личен комплет за заштита), според упатството на општинскиот штаб за заштита и спасување, ќе се користат прирачни заштитни средства.	-ОШЗС -вработените во општината	-граѓаните -претседатели на УЗ и МЗ -РЦУК -електронски медиуми:ТВ Здравкин, канал 21 и локалните радиостаници -националните ТВ
	б-2) Колективна РХБ заштита - ќе се спроведува во домовите, на работните места и во засолништата,	-ОШЗС -вработените во	граѓаните -претседатели на УЗ

	според упатства на ОШЗС. Просториите во кои ќе се спроведува колективната РХБ заштита, мора да се херметизирани. Во спротивно, тие ќе се херметизираат со поставување на прирачни средства. Колективната заштита на луѓето во засолништата ќе се спроведува според планот за засолнување. Личната и колективната заштита на животните, ќе се дпроведува во просториите во кои тие се чуваат, а ќе ја спроведуваат сопствениците на животните.	општината	и МЗ -РЦУК -електронски медиуми:ТВ Здравкин, канал 21 и локалните радиостаници -националните ТВ
	в) Извлекување-спасување на контаминираните (луѓе, материјалните добра, животни и растенија) од контаминираниот простор ќе се врши според пропишаните стандардни оперативни постапки. По извлекувањето од контаминираниот простор, на луѓето им се укажува прва медицинска помош, според планот за прва медицинска помош, а потоа се упатуваат-транспортираат во реоните за деконтаминација. Приоритет во извлекување од контаминираниот простор, имаат луѓето, па потоа животните и материјалните добра. По завршеното извлекување на контаминираните луѓе, се пристапува кон извлекување на животните и материјалните добра. На извлечените животни им се укажува ветеринарна помош, според планот за заштита на животни и производи од животинско потекло. Извлечените животни и материјални добра, се упатуваат во реоните за деконтаминација. Растенијата, плодовите од растенијата и растителните производи, доколку има потреба, ќе се извлекуваат од контаминираниот простор и со нив ќе се постапува според планот за заштита на растенијата и растителните производи,	-ОШЗС -ЕЗС на ОВ -служби на градоначалникот -вработените во општината	-екипи и единици за извидување и РХБ заштита на задолжените субјекти -екипи и единици за заштита и спасување на задолжените субјекти -единици на ДЗС
	г-1) РХБ деконтаминација на луѓето-ќе се спроведува во реоните за деконтаминација, во кои се поставуваат станици за деконтаминација. Реоните за деконтаминација се определуват-развиваат надвор од контаминираниот простор, во најблиската уредена или можна локација. За РХБ деконтаминација на луѓето ќе се користат и пералните за возила. РХБ деконтаминацијата ќе се спроведува според пропишаните стандардни постапки. Паралелно со извршување на РХБ деконтаминацијата, ќе се спроведваат активности за заштита и спасување на луѓето (а првенствено прва медицинска помош и згрижување) и тоа според соодветните планови.	-ОШЗС -ЕЗС на ОВ -служби на градоначалникот -вработените во општината	-екипи и единици за РХБ заштита на задолжените субјекти -единици на ДЗС -екипи и единици за заштита и спасување на задолжените субјекти -екипи и единици за прва медицинска помош
	г-2) РХБ деконтаминација на техничките средства и возилата, ќесе спроведува во реоните за деконтаминација, кои ќе се определуваат-развиваат надвор од	-ОШЗС	-екипи и единици за РХБ заштита на ЗС

	контаминираниот простор, во најблиската поволна локација. РХБ деконтаминацијата на техничките средства и возила, ќе се спроведува според пропишаните стандардни оперативнипостапки.	-ЕЗС на ОВ -служби на градоначалникот -вработените во општината	-единици на ДЗС -единици за заштита и спасување на ЗС -персоналот на пералните за возила
	г-3) РХБ деконтаминација на животните и продуктите од животинско потекло, ќе се спроведува во реоните за деконтаминација во непосредна близина на просториите во кои се чуваат и тоа вон контаминираниот простор. Станиците за деконтаминација ќе се поставуваат на најповолната локација во реонот за деконтаминација. При спроведување на РХБ деконтаминацијата на животните и продуктите од животинско потекло, ќе се постапува според пропишаните стандардни постапки за РХБ деконтаминација. Паралелно со извршување на РХБ деконтаминацијата, ќе се спроведваат активности за заштита и спасување на животните и продуктите од животинско потекло, според соодветниот план.	-ОШЗС -ЕЗС на ОВ	-екипи и единици за РХБ заштита и за заштита на животни на ЗС -единици на ДЗС -единици за заштита и спасување на ЗС -персоналот на сопствениците на животните
	г-4) РХБ деконтаминација на растенијата и продуктите од растително потекло, ќе се спроведува во реоните за деконтаминација во непосредна близина на просториите во кои се чуваат и тоа вон контаминираниот простор. Станиците за деконтаминација ќе се поставуваат на најповолната локација во реонот за деконтаминација. При спроведување на РХБ деконтаминацијата на на растенијата и продуктите од растително потекло, ќе се спроведува според пропишаните стандардни постапки за РХБ деконтаминација. Паралелно со извршување на РХБ деконтаминацијата, ќе се спроведваат активности за заштита и спасување на растенијата и растителните производи, според соодветниот план	-ОШЗС -ЕЗС на ОВ	-екипи и единици за РХБ заштита и за заштита на растенијата на ЗС -единици на ДЗС -единици за заштита и спасување на ЗС -персоналот на сопствениците на растенијата и растителните производи
	г-5) РХБ деконтаминација на останатите материјални добра(земјиштето, сообракајниците, водата и објектите за водоснабдување и останатите материјални добра), ќе се врши на крај и тоа според посебни програми за деконтаминација и примена на стандардните оперативни постапки.	-ОШЗС -СУСЕ	-референтни фирми според склучени договори -екипи и единици за РХБ заштита и за заштита на ЗС
	Б. 2. 3. Логистичка поддршка-ќе се обезбедува според планот за логистичка поддршка на учесниците, а првенствено за следните содржини : а) Средства за извршување на задачите на интервентните екипи-секој учесник за своите екипи. б) Исхрана и вода за пиење-секој учесник за своите екипи. Доколку објектите за водоснабдување и изворите за вода во контаминираните населби и населбите во близина на контаминираниот простор се контаминирани, снабдување на населението со вода за пиење ќе се врши со цистерни или со доставување на	-ОШЗС -СЗР -служби на грдоначалникот	-секој учесник за своите екипи -ЈКП Дервен -ТППЕ -единици на ДЗС и другите НДО -ООЦК Велес -Алфа Маркети, Жито Маркети, ТУШ

	паку-вана вода во шишиња. Ако условите дозволуваат, ќе се врши и пречистување на контаминираната вода, што зависи од видот на контаминирачката материја. Вода за одржување на лична хигиена ќе се доставува со цистерни. в) Здравствено обезбедување на учесниците ќе обезбедуваат здравствените установи од општината. в) Обезбедување на местата на интервенциите и транспортот ќе врши МВР-УВР Велес.		маркет, КАМ маркет -ЈЗУ здравен дом -ЈЗУ општа болница ПЗУ -МВР-СВР
	Б. 2. 4. Раководење Со активностите за РХБ заштита ќе раководи и координира општинскиот штаб за заштита и спасување. При ангажирањето на републичките сили за заштита и спасување, раководењето и координацијата ќе ги врши подрачниот штаб за заштита и спасување на дирекцијата за заштита и спасување. Во остварувањето на раководењето, штабовите ќе ги насочуваат и координираат активностите за самозаштита, РХБ контролата, РХБ заштитата и РХБ деконтаминацијата. Командирите на единиците и екипите ќе раководат-командуваат со активностите кои се извршуваат на местото на непогодата.	-ОШЗС -командирите на единиците	-Подрачен штаб за заштита и спасување -командирите на единиците на задолжените субјекти
	Известување на другите општини, за можностите за ширење на контаминацијаво во нивните територии и воспоставување на постојани врски заради координација на активностите.	-кабинет на градоначалникот -ОШЗС	-другите општини -МЛС -ДЗС-ПОЗС -ЦУК-РЦУК
	Барање за дополнителна помош, од дирекцијата за заштита и спасување и другите надлежни државни органи, како и меѓународна помош.	-градоначалник ОШЗС	-ДЗС -МНР -НДО
	Прифаќање и дистрибуција на добиената помош по населбите каде е сместено евакуираното население. Распределба на добиената помош на загрозеното и настраданото население.	-ОШЗС -кабинет на градоначалникот -СЗР	-Претседателите на УЗ и МЗ и членовите на советите -ДЗС-ПОЗС -ООЦК Велес
	Информирање за состојбите, текот на активностите и друго.	-Кабинет на градоначалникот -ОШЗС	-претседатели на УЗ и МЗ; -локалните ТВ; -националните ТВ; -ЦУК-РЦУК

Објаснување на скратениците

МЗС-Мерка за заштита и спасување

ОШЗС-Општински штаб за заштита и спасување

ЕЗС на ОВ -Единици за заштита и спасување на Општина Велес

СУСЕ-Сектор за урбанизам, сообраќај и екологија

СПР-Сектор за правни работи

СЗР-Сектор за заеднички работи

ЈКП-Јавно комунално претпријатие Дервен

ТППЕ-Територијална професионална противпожарна единица

УЗ и МЗ-Урбани заедници и месни заедници

ДЗС-ПОЗС- Дирекција за заштита и спасување-подрачно одделение за заштита и спасување

НДО-Надлежни државни органи

ПС-Правни субјекти

ООЦК-општинска организација на Црвениот Крст Велес

ЈЗУ-Јавна здрвствена установа

ПЗУ-Приватна здрвствена установа

ПЗ и НДО и У-Потенцијални загадувачи и надлежни државни органи и установи

МВР-СВР Велес-Министерство за внатрешни работи-Сектор за внатрешни работи Велес

ЦУК-РЦУК-Центар за управување со кризи-Регионален центар за упрвување со кризи

МВР-СВР Велес-Министерство за внатрешни работи-сектор за внатрешни работи Велес

МНР-Министерство за надворешни работи

П р е г л е д

на оперативните активности за РХБ заштита

МЗС	Вид на активност	Учесници	
		Внатрешни	Надворешни
	П о с л е н е с р е ќ а т а (н а с т а н о т)		
РХБ заштита	По престанување на потребата за РХБ заштита, силите за заштита и спасување и екипите и единиците на останатите учесници, се распуштаат, со што престанува нивната обврска од мобилизацијата и се враќаат во своите домиви и на своите работни места.	-ОШЗС -командирите на единиците -СЗР	-Командирите на единиците и екипите кои учествувале во РХБ заштитата -ДЗС-ПОЗС
	Регулирање на финансиските обврски за ангажирањето на учесниците во РХБ заштитата	-СЗР -СПР	-ДЗС-ПОЗС -надлежните државни органи
	Се врши проценка на штетите настанати од несреќата со опасни материи.	-СУСЕ -општинска комисија за процена на штети	-МТВ -државна комисија за процена на штети
	Санација на последиците и штетите кои се настанати од несрреќата со опасни материи, ќе се врши според посебни планови (проекти) за санација и тоа: -деконтаминација на земјиштето; -деконтаминација на објектите за водоснабдување; -уништување-складирање на опасниот отпад.	Служби на градоначалникот	Правни лица според склучени договори
	За реализација на санацијата општината ќе склучи договори со правните лица во постапка предвидена за врема на природни непогоди и други несреќи.	Служби на градоначалникот	Правни лица според склучени договори

<u>Објаснување на скратениците</u>

МЗС-Мерка за заштита и спасување

ОШЗС-Општински штаб за заштита и спасување

ДЗС-ПОЗС-Дирекција за заштита и спасување-Подрачно одделение за заштита и спасување Велес

СУСЕ-Сектор за урбанизам, сообраќај и екологија

СЗР-Сектор за заеднички работи

СПР-Сектор за правни работи

МТВ-Министерство за транспорт и врски

Преглед

на одговорните служби и лица

Дежурни служби			
орган	Број на телефон		
	повикувачки	фиксен	мобилен
РЦУК	195		
МВР	192		
ТППЕ Велес	193		
Брза помош	194		

Одговорни лица во			
функција	Име и презиме	Број на телефон	
		Фиксен	мобилен
Општина Велес			
Градоначалник	Славчо Чадиев		
Преседател на советот			
Одговорно лице			
Министерство за внатрешни работи-сектор за внатрешни работи Велес			
Началник			
Заменик			
Одговорно лице			
Дирекција за заштита и спасување-ПОЗС			
Раководител	Билјана Симова	043-232-818	075-457-529
заменик	Тимчо Атанасов		
ЈЗУ Здравен Дом Велес			
Директор			
Началник на брза помош			
ЈЗУ Општа болница			
Директор			

Заменик			
Одговорно лице			
Дирекција за радијациона сигурност			
Одговорно лице			
Заменик			
Управа за хидрометероолошки работи			
Раководител			
Одговорно лице			
Други учесници			
Министерство за образование			
Министерство за здравство-санитарен инспекторат			
Министерство за одбрана-команда на гарнизон Велес			
Министерство за финансии-царинска управа-Велес			
Алфа Маркети			
Жито Маркети			
ТУШ маркет			
КАМ маркет			
АД Димко Митрев			
АД Благој Ѓорев			
ДПТУ Брако			
Склад Макпетрол			
Марија Трејд			
Општинска организаација на Црвениот Крст Велес			

Совет на Општина Велес

Прилози :

-Прилог-1Преглед на правните субјекти во ОВ кои складираат или користат опасни материи

-Прилог-2 Преглед на биохемиски лаборатории во ОВ

-Прилог-3 Преглед на републичката единица за извидување на ДЗС

-Прилог-4 Преглед на републичката единица за РХБ заштита на ДЗС

-Прилог-5 Преглед на тимот за брз одговор за хемиски несре

Прилог-1

П р е г л е д

на субјектите во Општина Велес кои користат и складираат опасни материи

Состојба, Мај 205 година

Реден број	Субјект	Адреса	Опасни материи		Вид на загадување	Лице за контакт		Забе-лешка
			вид	количина		Име и презиме	телефон	
1.	ДПТ „Димко Митрев“	Димко Најдов 94	Перхлоретилен Сулфурна киселина Мравја киселина Би-кл Би-полир	65 тона 7 тона 30 тона 20 тона 22 тона	отрови	Ордевски Петре	045-232-144	
2.	АД „Благој Ѓорев“	Алексо Демниевски 18	Н-хексан Фосфорна киселина Сулфурна киселина Нафта	60 тона 6 тона 2 тона 20 тона	отрови			
3.	ДПТУ „Брако“	Раштански пат бб	Течен цинк	70 тона		Менче	043-212-560	
4.	Склад „Макпетрол“	Населба Превалец	Нафта и нафтени деривати	40 тона	запалливи	Светлана Трајкова	043-232-307	
5.	„Марија Трејд“	Индустриск зона	Нафта и нафтени деривати		запалливи	Славче	043-233-604	

Ажурирал:_____

Прилог - 2

Преглед

на биохемиски лаборатории (за РХБ заштита) во амбуланти во Велес

состојба : мај 2015 година

Ред. бр.	Назив на субјектот со РХБ лабораторија	Вид на лабораторија	Кадровска пополнетост		Опрема	телефон	забелешка
1.	ЈЗО Болница	Биолошка	1 Др. по биохемија	2 сестри	Лична опрема за употреба со прибор и средства за работа	043/233322	
2.	ЈЗО Болница	Хемиска	1 Др. по биохемија	2 сестри		043/233322	
3.	ЈЗО Поликлиника Здравен дом	Био-хемиска	1 Др. по биохемија	2 сестри		043/231322	
4.	ЈЗО Здравен дом нова населба	Биохемиска	1 Др. по биохемија	2 сестри			
5.	ПЗО Виталино	Биохемиска	1 Др. по биохемија	1 сестра			
6.	ПЗУ Др. Панче Арсов	Биохемиска	1 Др. по биохемија	1 сестра		043/234235	
7.	ПЗУ Хипократ - МБ	Биохемиска	1 Др. по биохемија	1 сестра			
8.	ПЗУ Др. Милчо Трајков	Биохемиска	1 Др. по биохемија	1 сестра		043/ 230094 лок. 30	

Ажурирал : _____

Преглед 3

П Р Е Г Л Е Д

на републичката единица за извидување на терен

во ПОЗС Велес

Состојба:јуни 2015 година

Ред. број	ПОЗС	Вид на единицата	Број на припадници		Материјален состав	
			По формација	Пополнето	Опременост %	
					Лична опрема	МТС и опрема
1	Велес	вод	20	18	60% (задолжени со стара униформа)	60% (на дел од опремата - МТС им е изминат рокот на употреба)

Ажурирал:_____

Прилог-4

П Р Е Г Л Е Д

на републичката единица за РХБ деконтаминација

во ПОЗС Велес

Состојба:јуни 2015 година

Ред. број	ПОЗС	Вид на единицата	Број на припадници		Материјален состав	
					Опременост %	
			По формација	Пополнето	Лична опрема	МТС и опрема
1	Велес	вод	26	16	60% (задолжени со стара униформа)	60% (на дел од опремата - МТС им е изминат рокот на употреба)

Ажурирал:_____

Прилог-5

П Р Е Г Л Е Д

на тимот за брз одговор за хемиски несреќи

во ПОЗС Велес

Состојба:јуни 2015 година

Ред. број	ПОЗС	Вид на единицата	Број на припадници		Материјален состав	
					Опременост %	
			По формација	Пополнето	Лична опрема	МТС и опрема
1	Велес	Тим за брз одговор	8	8	60% (задолжени со стара униформа)	60% (на дел од опремата - МТС им е изминат рокот на употреба)

Ажурирал:_____

III. 5 П Л А Н

за заштита и спасување од урнатини во Општина Велес

Извод од процената :

Можностите за оштетување и уривање на објектите во општината се претежно од природни непогоди (земјотреси, свлечишта, одрони, поплави и др.) и други несреќи (пожари проследени со експлозии и други технолошки несреќи) и воени дејства.

Најголем број на оштетени и урнати објекти се очекува да има од земјотреси и воени дејства, додека од пожари проследени со експлозии и други технолошки несреќи и поплави оштетените и урнати објекти претежно се очекува да се јават како поединечни случаи или врзани во низа, во зависност од густината на изграденоста на реонот на настанување на урнатините.

а) Загрозеност од земјотреси

Територијата на Општина Велес се наоѓа во средниот дел на Република Македонија и во геолошки поглед припаѓа на Вардарската зона, која е приклештена меѓу Родопскиот масив на исток и Пелагонидите како продолжение на Динаридите на запад и се протега од Солунското поле, на југ до Република Србија на север. Вардарската зона е изградена од палеозојски и мезозојски карпи и еоценски, плиоценски и алувијални седименти.

Прилог-геолошки карта и инжињериско геолошка карта на општината

На територијата на Општина Велес се издвоени терени со неколку степени на сеизмичност и тоа почнувајки од (6°-8°) по Mercali-Cancani-Sieberg (MCS) скалата. Поголемиот дел од општината се наоѓа во зоната од 6°-7° по (MCS) скалата, вклучувајки го и градот, додека сосема мал дел се наоѓа во зоната од 8° (сверниот дел со селата Крушје и Џидимирци). Спрема податоците кои постојат најстабилни делови од територијата на општината Велес со максимален степен на сеизмичност од 6° по (MCS) скалата , се западниот и јужниот дел од општината (селата Кочилари, Згрополци и Куридере). Одејки на север и југоисток степенот на максималната сеизмичност се зголемува на 7° по (MCS) скалата.

Ако се погледне сеизмолошката карта на Македонија, може да се видат во целост простирањето на полињата со максимален степен на сеизмичност. Скоро во сите случаи највисокиот степен на сеизмичност е во котлините како што се Скопската, Кочанската, Делчевската, Тиквешкото поле, Полог, Охридската и Преспанската котлина со езерата. Сето ова наведува дека котлините се сеизмички нестабилни терени, што е поврзано со нивниот настанок.

Причина на една умерена стабилност на територијата на Општина Велес, е во тоа што таа е доволно оддалечена од трусните подрачја во Македонија, така што влијанието на јачината на трустовите е послаба.

Прилог:сеизмолошка карта на Македонија и на општината

На територијата на општината се застапени три типа на градби и тоа:

Тип А : Објекти од кршен камен од непечени тули и набиена земја со дрвена конструкција кои се застапени околу 19%

Тип Б : Згради изградени од блок цигла со бетонска конструкција кои се застапени околу. 15%

Тип В : Армирано бетонски градежни објекти и објекти со метална конструкција кои се застапени околу. 66%

Од вкупниот број на објекти во општината околу 60% се сеизмички градени.

При интензитет од 1°- 4° степени по (MCS) градбите ќе бидат без оштетување.

При интензитет на земјотрес од 11°-12° степени по (MCS), сите градби се очекува да се срушат.

Ефектите на земјотресот од различен интензитет врз луѓето, објектите и природата при различен степен на земјотрес е различен, а ќе ги прикажеме според степените по (MCS).

Степен (MCS)	Карактер на земјотресот	Опис на ефектите: а) врз луѓето б) на објектите в) на природата	
1°	незабележлив	а	Интензитетот на вибрациите е под границата на чувствителноста на луѓето. Вибрациите ги забележуваат само сеизмографите.
2°	многу слаб	а	Вибрациите ги чувствуваат само одделни кои мируваат во зградите, а особено на горните катови.
3°	слаб	а	Земјотресот го чувствува помал број на луѓе во зградите, а надвор само под поволни услови. Вибрациите се слични на оние од поминување на тежок камион. Внимателните луѓе забележуваат лесно нишање на висечки предмети, нешто посилно на повисоките катови.
4°	посилен	а	Земјотресот го чувствуват многу луѓе во зградите, а надвор помалку. Некаде луѓето се разбудуваат, но никој не е уплашен. Вибрациите се слични на оние од поминување на тежок камион. Прозорците и вратите тропаат, подовите и ѕидовите крцкаат. Се забележува тресење на покуќнината. висечките предмети малку се занишуваат. Во моторните возила кои не се движат потресот е забележлив.
5°	разбудувачки	а	Земјотресот го чувствуват сите луѓе во зградите и многумина надвор. Многу луѓе што спијат се разбудуваат. Мал број бегаат од куќите. Животните се вознемируваат. Зградите целосно затрепериваат. Некои часовници со нишало застануваат, а нестабилни предмети може да се поместат или преврат. Незатворените врати и прозори зе отвораат и затвораат. Од отворените садови полни со течности, малку плиснуваат. Вибрациите се слични на оние од паѓање на тешки предмети во зградата.
		б	Кај некои згради од типот А, можни се оштетувања од прв степен
		в	Понекогаш се менува издашноста на изворите.
6°	заплашувачки	а	Земјотресот го чувствуват сите луѓе во зградите и надвор. Многу луѓе што спијат се разбудуваат. Мал број бегаат од куќите. од зградите се исплашени и бегаат надвор. Домашните животни бегаат од шталите. Во многу случаи садовите или други стаклени предмети се кршат, книгите пагаат, нестабилните предмети се превртуваат. Можно е поместување на

			тежок мебел. Можно е ѕвонење на црквите ѕвона. Можни се повреди кај луѓето.
		б	На одделни згради од тиопот Б и на многу од типот А се јавуваат оштетувања од прв степен, а на некои од типот А о и од втор степен.
		в	На влажни почви во некои случаи можно е да се јават се пукнатини со ширина од 1 см, а во планините-брдата можни се одрони. Ретко се забележуваат промени во издашноста на изворите и на нивото на водата во бунарите.
7°	оштетувачки	а	Поголем број на луѓе се уплашени и бегаат надвор од зградите. Многумина со мака се задржуваат на нозе. Вибрациите се забележуваат и во автомобили кои се движат. Големите ѕвона ѕвонат. Можни се повреди од различен тип кај луѓето, па дури и усмртување.
		б	На многу објекти од типот В има оштетувања од прв степен, а на многу објектите од типот Б од втор степен и на многу објекти од типот А од трет степен, а на некои и од четврти степен. Во одделни случаи на стрмните терени се јавуваат одрони врз патиштата. Се јавуваат пукнатини на патиштата, оштетувања на споевите на цевководи, пукнатини во камени и ѕидови.
		в	На водените површини се јавуваат бранови и водата се заматува. Се менува нивото на водата во бунарите и издашноста на изворите. Во некои случаи се јавуваат нови или пресушуваат постојните извори. Во одделни случаи се јавуваат одрони на песковити или чакалести речни брегови.
8°	делумно разурнувачки	а	Страв и паника кај населението. Возачите се вознемирени. Понекаде се кршат гранки од дрвја. Тежок мебел се поместува и понекогаш се превртува. Дел од висечките светилки се оштетува. нИма повредени и загинати.
		б	На многу објекти од типот В има оштетувања од втор степен, а на одделни и од трет степен. На многу објектити од типот Б има оштетувања од трет степен, а на одделни и од четврти степен и на многу згради од типот А има оштетувања од четврти степен, а на некои и од петти степен. Во одделни случаи се јавуваат прекини на цевководите. Разни споменици и сттуи се поместуваат, а надгробните споменици се превртуваат. Камените огради се рушат.
		в	Мали лизгања на стрмни падини на увалите и насипите на патиштата. Пукнатитните во почвата достигнуваат до неколку сантиметри. Се јавуваат нови водоеми. Понекогаш пресушените извори проработуваат, а постојните пресушуваат. Во многу случаи се менува издашноста на изворите и нивото на водата во бунарите.
9°	разурнувачки	а	Општа паника. Поголеми оштетувања на мебелот. Животните се растрчани и викаат. Има значителен број на повредени и загинати.
		б	На многу објекти од типот В оштетувањата се од трети степен, а на некои од четврти степен. На многу објекти од типот Б оштетувањата се од четврти степен, а на некои од петти степен. На многу објекти од типот А оштетувањата се од петти степен. Споменици и столбови се превртуваат. Значителни оштетувања на вештачки водоеми. Прекини на делови од цевководите. Во одделни случаи се јавува кривење на железничките шини и оштетување на делови на патиштата.
		в	На водоплавни терени често сезабележуваат наноси од песок и кал. Пукнатините во почвата достигнуваат ширина до 10 см, на падините и речните брегови над 10 см, а покрај тоа се јавуваат многу тенки пукнатини во почвата. Уривање на карпи, свлечишта и одрони на почвата. На површината на водата се јавуваат поголеми бранови.
10°	уништувачки	б	На многу објекти од типот В оштетувањата се од четврти степен, а на некои од петти степен. На многу објекти од типот Б и на мнозинството од типот А оштетувањата се од петти степен. Се јавуваат опасни оштетувања на браните и насипите, како и сериозни оштетувања на мостовите и лесно кривење на железничките шини. Прекини и кинење на подземните цевководи. На коловозите се јавуваат окаменети бранови.
		в	Се јавуваат пукнатини на почвата широки неколку десетици сантиметри, а во некои случаи и до 1 метар. Паралелно со речните корита се јавуваат широки пукнатини. Има осипување на растрената земја низ стрмните

			падини. Можни се големи свлечишта на речните брегови. Во крајбрежните зони можни се поместувања на песокливите и глинестите маси. Плискање на вода од канали, езера и реки. Се создаваат нови езера.
11°	Опустувачки	б	Сериозни оштетувања дури и на добро градени згради, мостови, брани и железнички пруги. Автопатиштата стануваат неупотребливи. Уништување на подземни цевководи.
		в	Се јавуваат значителни деформации на тлото во вид на широки пукнатини, превртување и вертикално и хоризонтално поместување на почвата. Во планините има многубројни рушења на карпи,
12°	катастрофален	б	Практично силни оштетувања и рушења на сите надземни и подземни објекти.
		в	Значителни деформации на тлото во вид на широки пукнатини, превртување и вертикално и хоризонтално поместување на почвата.

Имајќи ги предвид геолошкиот состав на земјата и сеизмичката активност во анализираниот илјада (1000) годишен период наназад, на територијата на општината максимален очекуван потрес е од 8° по (MCS) скалата и тоа на сосема мал дел од општината.

Следствено на тоа на многу објекти од типот В се очекува да има оштетувања од прв степен. Голем број од објектите од типот Б од се очекува да имаат оштетувања од втор степен. Повеќето од објектите од типот А се очекува да имаат оштетувања од трет степен, а на некои и од четврти степен.

Можни се повреди од различен тип кај луѓето, па дури и усмртување (загинати).

Во стариот дел од градот и периферните делови на урбаните заедници 9-ти Ноември, Алексо Демниевски, Керамидна и Тунел, можно е создавање на тесни грла на сообракајниците и создавање на зона на тотални урнатини.

Доколку се случат сеизмички потреси од 8° по (MCS) скалата и поголеми (9°, 10°, 11° и 12°), општината нема да може сама да се справи со последиците и веднаш треба да се бара помош од дирекцијата за заштита и спасување и другите надлежни државни органи.

Оптимален степен на отпорност на објектите во општината од уривање предизвикано од сеизмички потреси е 9° по (MCS) скалата.

б) Загрозеност од свлечишта

Од свлечиште најзагрозена е урбаната заедница „Трајче Панов“ и тоа месноста „Рамина“, во која се загрозени десетина станбени објекти. Активнста на свлечиштето е предвидлива, па затоа можно е да се очекува оштетување и уривање на објектите, но не и значајни повреди кај луѓето и загинати лица.

в) Загрозеност поплави

Најзагрозени објекти (станбени и други згради) од поплави се во урбаните заедници „Трајко Капчев“, „Богдан Каракостев, „Димче Мирчев“ и „Превалец“, а незначителни во „Родна Ивева“, „Шорка“ и с.Кочилари.

г) Загрозеност од пожари пропратени со

експлозии и други технолошки несреќи

Катастрофални урбани пожари се можни во градот и тоа во стариот дел, во кој се претежно индивидуални станбени згради, слепени една до друга, а достапноста на противпожарни возила е невозможна. Овие пожари се можни и во колективни станбени згради.

Пожари проследени со експлозии се можни во повеќето индустриски објекти во општината и тоа претежно поединечни при што се очекува да има значителни оштетување, па дури и уривање на објекти и повредени и загинати лица.

д) Загрозеност од воени дејства

Заогрозеноста на објектите и луѓето од воените дејства, е обработена во процената за воените дејства на територијата на Република Македонија.

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО ОД УРНАТИНИ

Организацијата на заштитата и спасувањето од урнатини ги опфаќа следните мерки и активности:

- извидување на урнатината;
- пронаоѓање на затрупаните;
- осигурување на конструкцијата на оштетените и поместените делови на објектот, заради спречување на дополнително уривање;
- преземање на мерки од дополнителни опасности (поплави, пожари, контаминации и сл. ;
- извлекување на затрупаните (повредени и лешови);
- давање на прва медицинска помош;
- извлекување на метаријалните добра;
- расчистување на урнатините и друго.

Со организацијата на заштитата и спасувањето од урнатини, ќе се опфатат активностите и мерките од превентивен карактер (превентивно дејствување) и оперативен карактер (оперативно дејствување).

Заштитата и спасувањето од урнатини, ќе се спроведува според постојните законски прописи и овој план, а во него ке учествуваат службите на градоначалникот и просторните сили на општината, месните заедници, ЈКП „Дервен“, трговските друштва, здруженијата на граѓаните и надлежните државни органи и институции.

Надлежните државни органи : министерството за транспорт и врски, министерството за здравство-санитарен и здравствен инспекторат, ЈЗУ за Јавно

здравство, министерството за внатрешни работи-СВР Велес, министерството за труд и социјална политика, министерството за одбрана, дирекцијата за заштита и спасување, регионалниот центар за управување со кризи и други ќе се вклучат во спроведувањето на заштитата и спасувањето од урнатини според своите надлежности, планови и стандардни оперативни постапки, усогласени со активностите на општината.

А). <u>Превентивно дејствување</u>

Со цел да се создадат потребните услови за спроведување на заштитата и спасувањето од урнатини, Општина Велес ќе ги преземе и спроведува следните превентивни активности:

- Изработка на план за заштита и спасување (мерката заштита и спасување од урнатини) и редовно ажурирање на податоците во него;
- Изработка на елаборат за критична инфраструктура;
- Определување на степен на оптимална отпорност на објектите од уривање предизвикано од сеизмички потреси, според сеизмичките зони во општината и истите да ги внесе во просторниот и урбанистичките планови;
- При проектирањето и изградбата на објектите да се обезбеди примена на оптималната отпорност од уривање, со соодветен конструктивен систем и градење со соодветни градежни материјали, што ќе се обезбеди при издавање на одобрение за градба и надзорот во текот на градењето и при техничкиот прием;
- Да се определи претпоставениот степен на урнатини и нивниот однос према слободните површини. Тоа да се внесе во урбанистичките планови и да се води сметка при определување на катноста на објектите;
- Да се определи степенот на проодноста на сообракајниците и начинот на оневозможување на создавање на тесни грла на сообракајниците и создавање на зона на тотални урнатини. Објектите на просторот да се распоредуваат на соодветни растојанија, кои ќе овозможат брз пристап и непречена работа на силите за заштита и спасување. Сето тоа да се обезбеди со урабанистичките планови;
- Да се определат локации за депонии за складирање на градежен отпад и истите да се внесе во урбанистичките планови;
- Да се формира единица за спасување од урнатини и да се пополни со персонал и материјални ресурси, според личниот и материјалниот состав;
- Едуцирање (обучување) и оспособување на припадниците на единицата за спасување од урнатини и на членовите на екипите кои учествуваат во спасувањето од урнатини;
- Редовен тренинг, увежбување и потсетување на припадниците на единицата за спасување од урнатини и на членовите на екипите кои учествуваат во спасувањето од урнатини;
- Обезбедување на потребен минимум на персонални и материјални ресурси за функционирање на заштитата и спасувањето од урнатини;
- Запознавање-едуцирање на населението со обврските кои ги имаат во спасувањето од урнатини.

Б). <u>Оперативно дејствување</u>

Со оперативното дејствување, се опфатени активностите во спроведувањето на заштитата и спасувањето од урнатини и тоа: пред случување на непогодата (урнатините), за време на непогодата (урнатините) и по завршување на непогодата (урнатините).

Спасувањето на затрупаните-загрозените ќе се врши активно 24 часа, во првите три до пет дена.

Паралелно со спасувањето на затрупаните, во зависност од последиците ќе се спроведуваат и останатите мерки за заштита и спасување (прва медицинска помош, противпожарна заштита, РХБ заштита, згрижување, аснација, НУС и др.) според тие планови.

Б. 1. Активности пред случување на непогодата (урнатините)

Бидејќи земјотресите настануваат ненадејно и неочекувано, активностите од оваа фаза се спојуваат со активностите за време траењето на непогодата, односно се преминува на спроведување на заштитата и спасувањето од урнатини.

Во случај кога имало земјотрес со послаб интензитет и нема значајни оштетувања на објектите, а прогнозите на институтот за земјотресно инжињерство и сеизмологија (ИЗИС) упатуваат на можности за случување на нови и појаки потреси, ќе се спроведат следните активности:

- Размена на податоци за подготвеноста на државните органи кои учествуваат во заштитата и спасувањето од урнатитни и за активностите кои во моментот ги спроведуваат;
- Активирање, мобилизирање на општинскиот штаб за заштита и спасување;
- Активирање-мобилизирање на општинските единици за заштита и спасување и на останатите учесници во заштитата и спасувањето од урнатини;
- Проверка на депониите за градежен отпад, а доколку не се определени, веднаш да се определат;
- Спроведување на активностите кои се определени во другите планови, а посебно во прва медицинска помош, асанација, згрижување и други;
- Се врши проверка на пополнетоста на единицата за спасување од урнатини со припадници и материјални ресурси, според личниот и материјалниот состав;
- Се врши проверка на едуцираноста и оспособеноста на припадниците на единицата за спасување од урнатини;
- Се врши проверка на подготвеноста на останатите екипи кои учествуваат во спасувањето од урнатини (пополнетост, обученост, опременост и др.);
- Обезбедување на потребен минимум на персонални и материјални ресурси за функционирање на спасувањето од урнатини;

- По оценка на општинскиот штаб за заштита и спасување, се врши прераспределување на задачите на учесниците во спасувањето од урнатини.

Б. 2. Активности за времетраењето на непогодата (настанот)-

организација на спроведувањето на спасувањето од урнатини

Активностите за спроведување на спасувањео од урнатини за времетраењето на непогодата-опасноста, ќе се спроведува според следните последователни содржини:

- Подготовки за започнување на оперативните активности;
- Спроведување на заштитата и спасувањето.

Б. 2. 1. Подготовки за отпочнување на оперативните активности

а) Извидување на реоните-локациите во кои е настаната непогодата

Извидување на реоните за кои од претходните извидувачи има информации или сомневање дека има оштетени згради и урнатини, врши екипа составена од вработени од секторот за урбанизам и помошникот на началникот за спасување од урнатини, која ја проценува состојбата и предлага мерки за дејствување.

б) Активирање-мобилизација

На предлог на екипата за извидување, градоначалникот на Општина Велес, доколку претходно не се активирани, ги активира-мобилизира единиците за заштита и спасување на општината.

После сеопфатната процена, доколку состојбата налага, ќе побара да се активираат сите учесници во спасувањето од урнатини, предвидени во овој план и да се подготват за спроведување на спасувањето од урнатини.

в) Известување

Известувањето на населението, ќе се врши телефонски, преку претседателите на урбаните и месните заедници и регионалниот центар за управување со кризи, а во итни случаи и преку средствата за јавно информирање (ТВ канал 21, ТВ Здравкин, Радио 5 фм и интернет порталите).

Известување на субјектите кои учествуваат во спасувањето од урнатини предвидени со овој план ќе се врши телефонски.

По добиеното известување, учесниците започнуваат да ги спроведуваат планираните или наложените мерки и воспоставуваат постојана врска со општинскиот штаб за заштита и спасување, заради размена на податоци и координирање на активностите во спроведувањето на спасувањето од урнатини.

г) Планирање на активности за асанација на теренот

Планирањето, раководењето и координирањето на активностите за спасување од урнатини, ќе го врши командантот на општинскиот штаб за заштита и спасување, според следниот последователен ред :

г-1. Од учесниците или преку РЦУК, бара целосни или дополнителни податоци и информации за последиците настанати од земјотресот и за преземените мерки и ангажираните сили и средства и друго;

г-2. По потреба свикува состанок на штабот на кој ја проценува настанатата состојба на база на добиените информации од теренот и утврдува план за дејствување во кој покрај другото ги опфаќа следните елементи :

- определува раководител на терен кој ќе раководи со вкупните акции за спасување од урнатини, кој во принцип треба да е помошникот за оваа мерка ;

- ги определува учесниците, основните правци и реони на кои приоритетно ќе се ангажираат учесниците ;

- го определува местото од каде раководителот на терен ќе раководи со активностите и го утврдува начинот на одржување на врските ;

- го утврдува правецот на движење на учесниците со расположливите превозни средства и предвидените реони за нивно ангажирање;

- определува екипи за обезбедување на храна, вода и средства за работа на учесниците, екипи за здравствена заштита, екипи за деконтаминација и други екипи доколку за тоа има потреба;

- според укажаната потреба планира ангажирање на дополнителни сили на целиот простор или во одделни реони;

- го утврдува времето на доставување на извештаи и времето на повторна проценка на состојбата, кое вообичаено треба да е во вечрените часови;

- доколку ангажираните сили и средства останат да дејствуваат и преку ноќта, го определува местото за нивно сместување;

- го утвдува начинот на враќање на учесниците и прибирање на ангажираната опрема и техничките средства.

г-3 По утврдувањето на планот за дејствување на планираните учесници им се доставуваат изводи, односно се известуваат за обврските кои им се определени во спасувањето од урнатини.

д) Упатување на единиците и екипите во почетниот реон

По завршената мобилизација, општинските единици и екипите на останатите учесници се упатуваат во почетниот реон за дејствување.

Почетниот реон за дејствување го определува командантот на општинскиот штаб за заштита и спасување.

По оценка на штабот, градоначалникот на општината бара ангажирање и на републичките сили за заштита и спасување на Дирекцијата за заштита и спасување и на другите државни органи и институции.

Б. 2. 2. Спроведување на спасувањето од урнатини

Спроведувањето на спасувањето од урнатин ќе се врши од моментот кога ќе се добијат-потврдат информациите за оштетени и урнати објекти и издавањето наредба на командантот на ОШЗС, според следниот последователен ред на активности :

- извидување на урнатината;
- пронаоѓање на затрупаните;
- осигурување на конструкцијата на оштетените и поместените делови на објектот заради спречување на дополнително уривање;
- преземање на мерки од дополнителни опасности и последици (поплави, пожари, експлозии, контаминации и сл.);
- извлекување на затрупаните (повредени и лешови);
- давање на прва медицинска помош;
- извлекување на материјалните добра; и
- расчистување на урнатините и друго.

Спасувањето на населението од урнатините, ќе се врши паралелно со расчистување на урнатините заради подобар пристап до затрупаните и брзо и ефикасно извлекување и давање на прва медицинска помош.

Ако урнатините се последица од воени дејства или експлозии во пребарувањето ќе се вклучат и пиротехничари.

Спасувањето на затрупаните-загрозените лица ќе се врши од :

-оштетени и урнати простории во објектите во кои во моментот на уривањето се затекнале луѓето (станбени и стопански), а при извидувањето е воспоставен контакт или се откриени на друг начин. Посебно ќе се внимава на повеќе спратните објекти, на кои дошло до оштетување или уривање на скалите или оштетување и затрупување на влезовите;

-заслони, подруми и други погодни простории кои се нашле испод урнатината, а за кои се знае или е воспоставен контакт;

-засолништа затрупани од урнатината на објектот кој е над нив, а за кои се знае или е воспоставен контакт;

-оштетени засолништа или делумно разурнати.

Затекнатото население ќе се вклучи во спасувањето од урнатините и тоа на полесни-понесложени задачи и во расчистувањето на урнатините заради полесно доаѓање до затрупаните.

а) Извидување на урнатината

Веднаш по запирање на процесот на уривање (првично консолидирање на урнатината), извидувачите од единиците за заштита и спасување од урнатини, визуелно од надворешната страна ги утврдуваат елементите на урнатината (вид на урнатината, проодноста до неа, можен број на лица кои се останати во урнатината и сл.), приоритетите и опасните места, местата со затрупани луѓе и ги проценува-предвидува можностите за настанување на дополниелни последици и опасности, доколку тие веќе не се настанати, а кои го попречуваат или отежнуваат спасувањето. При извидувањето на урнатината се обраќа посебно внимание на:

- густина на прашината;

- видот на пожарот-доколку е настанат, можностите за дополнително палење и експлозија, можности за гасење и слично; и

- плавење на урнатината со вода и можностите за санација.

На основа на извршеното извидување и прибраните податоци, командантот на ОШЗС го утврдува натамошниот тек на спасувањето од урнатините, при што посебно ќе се внимава на утврдувањето на приоритетни објекти.

Основен елемент при утврдување на приоритет, е бројот на затрупаните или загрозените лица во објектот (за кој се знае или се претпоставува) и количината на урнатината која треба да се отстрани за да се дојде полесно до затрупаните луѓе.

б) Пронаоѓање на затрупаните

По извршеното извидување, командантот на општинскиот штаб за заштита и спасување ги упатува единиците на општината и екипите на другите учесници во почетниот реон за дејствување. Веднаш по доаѓањето до урнатиот објект тие започнуваат да вршат пребарување.

Најпрво ќе се врши пребарување на местата во урнатината за кои се претпоставува дека има затрупани. Пребарувањето на урнатината ќе се врши со:

- детално извидување на урнатината - ќе го вршат сите спасители;

- ослушнување и повикување по затрупаните (чукање по водоводни

инсталации, гребење, удирање и др.) - ќе го вршат сите спасители;

- пребарување со инструменти :

- сензори (геофони и акцелерометри) - ќе вршат специјализираните екипи на дирекцијата за заштита и спасување и други државни органи и здруженија на граѓаните;
- ендоскопи-за гледање внатре во урнатината - ќе вршат специјализирани екипи на државните органи и здруженијата на граѓани;
- термални камери - ќе вршат специјализирани екипи на државните органи и здруженијата на граѓани.

-пребарување со дресирани кучиња – ќе вршат специјализирани екипи на дирекцијата за заштита и спасување, на министерството за внатрешни работи и на здруженија на граѓани.

Во зависност од состојбата на објектите и урнатините, а заради по брзо и поефикасно откривање на затрупаните, пребарувањето ќе се изведува во пет фази:

б. 1 Пребарување на посигурните објекти.

б. 2 Пребарување на полесно оштетени објекти.

б. 3 Пребарување на урнатини со најголеми можности за преживеани.

б. 4 Пребарување на урнатини со мала веројатност за преживеани.

б. 5 Пребарување на урнатини со најмала веројатност за преживеани.

Во првите две фази пребарувањето ќе се врши со ослушнување, а во следните три со користење на инструменти и дресирани кучиња.

Пребарувањето ќе се врши непрекинато 24 часа, при што преку денот ќе се користи опрема која не бара максимална тишина (ендоскопи, термални камери и сл.), а преку ноќта опрема која бара максимална тишина (геофони и други прислушни инструменти).

Урнатините ќе се пребаруваат внимателно, слој по слој.

в) Осигурување на конструкцијата на оштетените и поместените делови на

објектот заради спречување на дополнително уривање

Доколку постои опасност за дополнително уривање на оштетените и поместени делови на објектот, конструкцијата на објектот ќе се осигура со одредени градежни зафати според проценетите потреби. Осигурувањето на објектот ќе го извршат екипи на градежни фирми по склучен договор, единиците за заштита и спасување на општината и специјализираните единици на диракцијата за заштита и спасување .

г) Преземање на мерки од дополнителни опасности и последици

(поплави, пожари, експлозии, контаминации и сл.)

Во текот на спасувањето доколку се настанати или се очекува да настанат дополнителни опасности ќе се постапува според видот и обемот на опасностите и тоа:

-ако има густа прашина, ќе се врши внимателно полевање со водена магла, а ако тоа не е можно спасителите мора да носат респиратори за прашина и дим. Оваа активност ќе ја извршуваат сите спасители, а полевањето со водена магла територијалната противпожарна единца и ЈКП „Дервен“;

-доколку има пожар се пристапува кон гасење на пожарот, а потоа се врши спасување на затрупаните. Спасителите да внимаваат на високата температура, чадот и недостатокот на кислород - мора да носат заштитни средства. Во овој случај интервенциите во гасењето се насочуваат и кон отстранувањето на опасностите кои ги загрозуваат животот на затрупаните (високата температура, чадот, недостаток на кислород и сл.). Оваа активност ќе се извршува според планот за противпожарна заштита;

-ако се претпоставува дека има неексплодирани убојни средства, ќе се ангажираат пиротехничари, според планот за заштита од неексплодирани убојни средства;

-ако има индикации за РХБ контаминација ќе се постапува според планот за радиолошка, хемиска и биолошка заштита;

-ако урнатината во која се очекува да има затрупани се полни со вода, се пронаогаат местата од каде истекува водата и тие итно се затвараат и се пристапува кон црпење на водата. Оваа активност ќе се извршува според планот за заштита од поплави.

д) Извлекување на затрупаните (повредени и лешови)

Извлекувањето на затрупаните се врши веднаш по нивното пронаоѓање, при што им се дава потребната медицинска помош, а потоа во зависност од нивната состојба (видот на повредите) се носат или се упатуваат сами во собирните места за повредени. Оваа активност ќе ја извршуваат сите спасители.

Најпрво се извлекуваат плитко и видливо затрупаните, а потоа средно и длабоко затрупаните.

За извлекувањето на длабоко затрупаните и зтарупаните во тешко пристапни делови, ќе се ангажираат специјализирани единици на општината и на дирекцијата за заштита и спасување.

ѓ) Давање на прва медицинска помош

Прва медицинска помош на повредените лица (затрупани и останати во објектот, со скршеници, опекотини или загушување и сл.), ќе им се укажува според планот за прва медицинска помош.

е) Извлекување на лешовите

Извлекувањето на лешовите ќе се врши парлелно со извлекувањето на повредените. Во оваа активност ќе учествуваат сите учесници и затекнатото население.

Со извлечените лешови ќе се постпува според планот за асанација на теренот.

ж) Извлекување на материјалните добра

Извлекувањето на материјалните добра ќе се врши по завршеното спасување на затрупаните луѓе.

Доколку состојбата овозможува, паралено со извлекувањето на затрупаните луѓе, ќе се врши и извлекување на материјалните добра кои се неопходи за животот на луѓето, односно за работниот процес.

Извлечените материјални добра се складираат во неурнати делови-простории во објектот или во посебни складишта од неоштетени објекти. Складираните материјални добра се евидентираат и соодветно обезбедуваат.

Во оваа активност ќе учествуваат сите учесници.

з) Расчистување на урнатините и друго

Паралено со спасувањето ќе се врши и отстранување на пребараните пластови рачно или со дигалки и градежна механизација. Отстранувањето на паднатите елементи ќе се врши со рамномерно вертикално дигање, никако со хоризонтално извлекување.

По отстранувањето на градежниот отпад, се повторуваат постапките на спасување на затрупаните сè додека не се пребараат сите урнатини по хоризонтала и вертикала.

Целосно расчистување на урнатините ќе се врши по завршеното спасување на затрупаните и материјалните добра, односно кога ќе се процени дека во урнатините нема затрупани луѓе.

Приоритет во расчистувањето на сообракајниците од урнатините, ќе бидат затрупаните улици-тесни грла со цел да им се овозможи побрз пристап на спасителите, механизацијата и возилата.

Градежниот отпад ќе се носи во градежните депонии.

Во оваа активност ќе учествуваат единиците за спасување на општината и дирекцијата за заштита и спасување, градежна механизација и транспортни средства на населението и трговските друштва и градежни фирми, според потпишани договор.

s) Згрижување на настраданите лица

Згрижувањето на настраданото население, ќе се врши според планот за згрижување на настраданото и загрозено население.

и) Обележување на урнатините

Обележувањето на урнатините се врши според воспоставените стандарди и нормативи, а ќе го вршат спасителите од единиците и екипите за спасување од урнатини.

ј) Барање и упатување на пристигнатите дополнителни сили

Според процена на општинскиот штаб за заштита и спасување, градоначалникот на општината ќе побара ангажирање на дополнителни сили од дирекцијата за заштита и спасување и другите надлежни државни органи, институции и установи.

По пристигнување на дополнителните сили во општината, општинскиот штаб за заштита и спасување ќе ги упати во загрозеното подрачје и тоа во реонот каде ќе дејствуваат.

к) Обезбедување на храна, лекови, вода и средства за хигиена

Се врши дотоур на вода, храна, лекови и средства за хигиена, за загрозенонастраданото населението. Во оваа активност ќе учествуваат ОШЗС и општинските единици, ЈКП „Дервен“, територијалната професионална противпожарна единица, општинската организација на црвениот крст, екипи од министерството за труд и социјална политика, екипи на дирекцијата за заштита и спасување, екипи на здруженијата на граѓаните и екипи на трговските друштва според склучен договор.

л) Поправка на оштетената инфраструктура

Се интервенира-поправа оштетената инфраструктура со цел да се обезбеди нужно снабдување на загрозеното-поплавеното подрачје со вода, електрична енергија и друго. Во оваа активност ќе учествуваат ОШЗС и општинските единици, ЈКП

„Дервен“, екипи на ЕВН, екипи на дирекцијата за заштита и спасување и екипи на трговски друштва според склучен договор.

љ) Следење на хигиено епидемиолошката состојба

Се следи хигиеноепидемиолошката состојба во настраданото подрачје и се применуваат потребните хигиеноепидемиолошки мерки и тоа посебно на објектите за водоснабдување и објектите за производство и преработка на храна. Во оваа активност ќе учествуваат ОШЗС и општинските единици, ЈКП „Дервен“, екипи на ЈЗУ за Јавно здравство, екипипи на ветеринарната станица, санитарниот и здравствен инспекторат, ветеринарниот инспектор, екипи на Црвен Крст, екипи на дирекцијата за заштита и спасување.

Б. 2. 3. Логистичка поддршка

Логистичката поддршка ќе се обезбедува според планот за логистичка поддршка на учесниците, а првенствено за следните содржини:

а) Средства за извршување на задачите на интервентните екипи-секој учесник за своите екипи.

б) Исхрана и вода за пиење-секој учесник за своите екипи.

в) Здравствено обезбедување на учесниците ЈЗУ Здравен дом Велес.

г) Обезбедување на местата на интервенциите и транспортот ќе врши МВР-секторот за внатрешни работи од Велес.

Б. 2. 4. Р а к о в о д е њ е

Со активностите за спасување од урнатини ќе раководи и координира општинскиот штаб за заштита и спасување.

При ангажирањето на републичките сили за заштита и спасување, раководењето и координацијата ќе ги врши подрачниот штаб за заштита и спасување на дирекцијата за заштита и спасување.

Командирите на единиците и екипите ќе раководат-командуваат со активностите кои се извршуваат на местото на непогодата.

Б. 2. 5. У ч е с н и ц и

Во спасувањето од урнатини ќе учествуваат :

- Градоначалникот на Општина Велес и неговите служби;
- Просторните сили за заштита и спасување на Општина Велес-единицата за асанација на теренот во ЈКП „Дервен“;
- ЈКП „Дервен“;
- Претседателот и советот на урбаните и месните заедници во загрозените подрачја;
- Министерството за здравство-санитарен и здравствен инспекторат;
- ЈЗУ за Јавно здравство;
- ЈЗУ Здравен дом;
- ЈЗУ Општа болница;
- МВР-УВР-Велес;
- Министерството за животна средина и просторно планирање;
- Министерството за транспорт и врски,
- Дирекција за заштита и спасување-подрачно одделение за заштита и спасување-Велес, со републичките сили за заштита и спасување;
- Центарот за управување со кризи-регионален центар за управување со кризи - Велес;
- Трговски друштва според склучен договор;
- Здруженија на граѓаните.

Учесниците меѓусебно ќе ги усогласат активностите во своите планови.

Б. 3. Активности по завршувањето на настанот

По завршувањето на спасувањето од урнатините, ангажираните интервентни единици и екипи, се распуштаат-се враќаат во својата база.

Процена на настанатите штети од непогодата ќе врши општинската комисија за процена на штети од природни непогоди и други несреќи и државната комисија за процена на штети од природни непогоди и други несреќи.

Последиците и штетите кои се настанати од природната непогода или друга несреќа ќе се санираат според посебни планови за санација.

За реализација на санацијата на настраданото подрачје (посебно санација на објектите за водоснабдување) општината ќе склучи договори со правните лица во постапка предвидена за време на природни непогоди и други несреќи.

П р е г л е д

на превентивните активности во спроведувањето на заштитата

и спасувањето од урнатиниво Општина Велес

МЗС	Вид на активности	извршители		рок
		Внатрешни	надворешни	
Заштита и спасување од урнатини	Изработка на план за заштита и спасување од урнатини-составен дел на ПЗСПНДН и редовно ажурирање на податоците во него	-одговорно лице -ОШЗС	-ДЗС-ПОЗС	31. 10. 2015
	Изработка на елаборат за критична инфраструктура.	-СУСЕ -одговорно лице -ОШЗС	-МТВ -ДЗС-ПОЗС	30. 11. 2016
	Определување на степен на оптимална отпор-ност на објектите од уривање предизвикано од сеизмички потреси, според сеизмичките зони во општината и истите да ги внесе во просторниотиурбанистичките планови.	-СУСЕ -одговорно лице -ОШЗС	-МТВ -ДЗС-ПОЗС	30. 11. 2016
	При проектирањето и изградбата на објектите да се обезбеди примена на оптималната отпорност од уривање, со соодветен конструктивен систем и градење со соодветни градежни материјали, што ќе се обезбеди при издавање на одобрение за градба и надзорот во текот на градењето и при техничкиот прием.	-СУСЕ -одговорно лице -ОШЗС	-МТВ -ДЗС-ПОЗС	30. 11. 2016
	Да се определи претпоставениот степен на урнатини и нивниот однос према слободните површини. Тоа да се внесе во урбанистичките планови и да се води сметка при определување на катноста на објектите.	-СУСЕ -одговорно лице -ОШЗС	-МТВ -ДЗС-ПОЗС	30. 11. 2016
	Да се определи степенот на проодноста на сообракајниците и начинот на оневозможување на создавање на тесни грла на сообракајниците и создавање на зона на тотални урнатини. Објектите на просторот да се распоредуваат на соодветни растојанија, кои ќе овозможат брз пристап и непречена работа на силите за заштита и спасување. Сето тоа да се обезбеди со урабанистичките планови	-СУСЕ -одговорно лице -ОШЗС	-МТВ -ДЗС-ПОЗС	31. 12. 2016
	Да се определат локации за депонии за складирање на градежен отпад и истите да се внесе во урбанистичките планови	-СУСЕ -одговорно лице -ОШЗС	-МЖСПП -МТВ -ДЗС-ПОЗС	31. 12. 2015
	Да се формира единица за спасување од урнатини и да се пополни со персонал и материјални ресурси, според личниот и материјалниот состав.	-Кабинет на градоначалникот -одговорно лице -сектор за финансии	-ДЗС-ПОЗС -МО-ПОО	31. 12. 2016
	Едуцирање (обучување) и оспособување на припадниците на единицата за спасување од	-одговорно лице	-ДСЗ-ПОЗС-центар за	31. 12.

	урнатини и на членовите на екипите кои учествуваат во спасувањето од урнатини	-ОШЗС	обука	2016
	Редовен тренинг, увежбување и потсетување, на припадниците на единицата за заштитата и спасувањето од урнатини и на членовите на екипите кои учествуваат во заштитата и спасувањето од урнатини.	-одговорно лице -ОШЗС	-ДСЗ-ПОЗС-центар за обука -останати учесници	постојано
	Обезбедување на потребен минимум на персонални и материјални ресурси за функционирање на заштитата и спасувањето од урнатини.	-сектор за финансии	-ДЗС-ПОЗС -Трговски друштва	31. 12. 2016
	Запознавање-едуцирање на настраданото и загрозеното население за обврските кои ги имаат во заштитатаод поплави.	-ОШЗС -кабинет на градоначалникот	-ДЗС-ПОЗС -електронски медиуми	постојано

<u>Објаснување на скратениците</u>

МЗС-Мерка за заштита и спасување

ПОЗС-ДЗС-Подрачно одделение за заштита и спасување-дирекција за заштита и спасување

ОШЗС-Општински штаб за заштита и спасување

СУСЕ-Сектор за урбанизам, сообракај и екологија

МЖСПП-Министерство за животна средина и просторно планирање

МО-ПОО-Министерство за одбрана-подрачна организациона единица Велес

МТВ-Министерство за транспорт и врски

ПЗСПНДН-План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи

П р е г л е д

на оперативните активности за заштита и спасување

од урнатиниво Општина Велес

МЗС	Вид на активност	Учесници	
		Внатрешни	Надворешни
Заштита и спасување од урнатини	**П р е д н е п о г о д а т а (н а с т а н о т)**		
	Размена на податоци за подготвеноста на државните органи кои учествуваат во заштитата и спасувањето од урнатитни и за активностите кои во мементот ги спроведуваат.	-градоначалник -одговорно лице	-РЦУК -ДЗС-ПОЗС -Одговорните во сите учесници
	Активирање, мобилизирање на општинскиот штаб за заштита и спасување	-градоначалник -одговорно лице	Членовите на ОШЗС
	Активирање-мобилизирање на општинските единици за заштита и спасување и на останатите учесници во заштитата и спасување од поплави	-Командант на ОШЗС -одговорно лице	-куририте -припадниците на ОЕЗС
	Проверка на депониите за градежен отпад-(дали се слободни просторот и пристапни патишта и др.). Доколку не се определени да се определени, веднаш да се определат	-ОШЗС -служби на градоначалникот -СУСЕ	
	Спроведување на активностите кои се определени во другите планови, а посебно во прва медицинска помош, асанација, згрижување и други	Сите учесници	Сите учесници
	Се врши проверка на пополнетоста на единицата за спасување од урнатини и на останатите општински единици, со припадници и материјални ресурси, според личниот и материјалниот состав.	-ОШЗС	Командири на единиците
	Се врши проверка на едуцираноста и оспособеноста на припадниците на единицата за спасување од ур-натини урнатини и на останатите општински единици.	-ОШЗС	Командири на единиците
	Се врши проверка на подготвеноста на останатите екипи кои учествуваат во спасувањето од урнатини (пополнетост, обученост, опременост и др.	ОШЗС	-одговорните лица -командирите на екипите
	Обезбедување на потребен минимум на персонални и материјални ресурси за функционирање на спасувањето од урнатини.	-ОШЗС -служби на градоначалникот	-ДЗС-ПОЗС -МО-ПОО
	По оценка на општинскиот штаб за заштита и спасување, се врши прераспределување на задачите на учесниците во спасувањето од урнатините.	ОШЗС	Одговорните лица
	-Известувањето на населението во загрозеното подрачје, ќе се врши преку претседателите на УЗ и МЗ, кои информациите од ОШЗС ги добиваат теле-	-ОШЗС -служби на	-претседатели на УЗ и МЗ

	фонски и преку РЦУК (телефонски и радиоврски), а во итни случаи и преку средствата за јавно информирање. -Известување на трговските друштва во загрозеното подрачје и субјектите кои учествуваат во заштитата и спасувањето од урнатини предвидени со овој план, ќе се врши телефонски. -По добиеното известување, учесниците отпочнуваат да ги спроведуваат планираните или наложените мерки и воспоставуваат постојана врска со ОШЗС, заради размена на податоци и координирање на активностите.	градоначалникот	-одговорни лица кај учесниците -ТВ канал 21 -ТВ Здравкин -радио 5 фм -интернет портали

<u>Објаснување на скратениците</u>

МЗС-Мерка за заштита и спасување

ОШЗС-Општински штаб за заштита и спасување

ОЕЗС-Општински единици за заштита и спасување

СУСЕ-Сектор за урбанизам, сообраќај и екологија

ДЗС-ПОЗС-Дирекција за заштита и спасување-подрачно одделение за заштита и спасување

МТВ-Министерство за транспорт и врски

ЦУК-РЦУК-Центар за управување со кризи-регионален центар за управување со кризи

УЗ-МЗ-Урбани заедници-Месни заедници

П р е г л е д

на оперативните активности за заштита и спасување

од урнатиниво Општина Велес

МЗС	Вид на активност	Учесници	
		Внатрешни	Надворешни
Заштита и спасување од урнатини	**З а в р е м е н а непогодата (н а с т а н о т)**		
	Сите учесници предвидени со овој план (надлежните државни органи, трговските друштва според склучен договор, здруженија на граѓаните, нселението во УЗ и МЗ), започнуваат со извршување на активностите за заштита и спасување од урнатини.	-службите на градоначалникот; -ОШЗС; -ОЕЗС .	-сите учесници; -претседатели на УЗ и МЗ; -ТД според склучен договор.
	Општинскиот штаб за заштита и спасување, ја следи состојбата, раководи и ги координира активностите на учесниците, преку издавање на наредби, насоки и препораки. Наложените мерки треба да бидат	ОШЗС	Сите учесници

	ефикасни и оправдани.		
	а) <u>Извидување на урнатината</u> Веднаш по запирање на процесот на уривање (првично консолидирање на урнатината), извидувачите од единиците за заштита и спасување од урнатини, визуелно од надворешната страна ги утврдува елементите на урнатината (вид на урнатината, проодноста до неа, можен број на лица кои се останати во урнатината и сл.), приоритетите и опасните места, местата со затрупани луѓе и ги проценува-предвидува можностите за настанување на дополниелни последици и опасности, доколку тие веќе не се настанати, а кои го попречуваат или отежнуваат спасувањето. При извидувањето на урнатината се обрнува посебно внимание на: - густина на прашината; - видот на пожарот-доколку е настанат, можностите за дополнително палење и експлозија, можности за гасење и слично; и - плавење на урнатината со вода и можностите за санација. На основа на извршеното извидување и прибраните податоци, командантот на ОШЗС го утврдува натамошниот тек на спасувањето од урнатините, при што посебно ќе се вимава на утврдување на приоритетни објекти. Основен елемент при утврдување на приоритет е бројот на затрупаните или загрозените лица во објектот (за кој се знае или се претпоставува) и количината на урнтината која треба да се отстрани за да се дојде полесно до затрупаните луѓе.	-екипа од единицата за спасување од урнатини	-екипи на ДЗС-ПОЗС; -екипи на здруженија на граѓаните.
	б) <u>Пронаоѓање на затрупаните</u> По извршеното извидување командантот на општинскиот штаб за заштита и спасување ги упатува единиците на општината и екипите на другите учесници на почетниот реон за дејствување. Веднаш по доаѓањето до урнатиот објект, започнуваат да вршат пребарување. Најпрво ќе се врши пребарување на местата во урнатината, на кои се претпроставува дека има затрупани. Пребарувањето на урнатината ќе се врши со: - детално извидување на урнатината - ќе го вршат сите спасители; - ослушнување и повикување по затрупаните (чукање по водоводни инсталации, гребење, удирање и др.) - ќе го вршат сите спасители; - пребарување со инструменти : • сензори (геофони и акцелерометри) - ќе вршат специјализира-ните екипи на дирекцијата за заштита и спасување и други држа-вни органи и здруженија на граѓаните;	-ОЕЗС	-единиците на ДЗС-ПОЗС; -МВР-СВР; -екипи од државните органи; -екипи на здруженија на граѓаните; -населението од УЗ и МЗ; -вработени.

	• ендоскопи-за гледање внатре во урнатината - ќе вршат специја-лизирани екипи на државните органи и здруженијата на граѓани; • термални камери - ќе вршат специјализирани екипи на држав-ните органи и здруженијата на граѓани. -пребарување со дресирани кучиња – ќе вршат специјализирани екипи на дирекцијата за заштита и спасување, на министерството за внатрешни работи и на здруженија на граѓани. Во зависност од состојбата на објектите и урнатините, а заради по брзо и поефикасно откривање на затрупаните, пребарувањето ќе се изведува во пет фази: б. 1 Пребарување посигурните објекти. б. 2 Пребарување на полесно оштетени објекти. б. 3 Пребарување на урнатини со најголеми можности за преживеани. б. 4 Пребарување на урнатини со мала вероватност за преживеани. б. 5 Пребарување на урнатини со најмала вероватност за преживеани. Во првите две фази пребарувањето ќе се врши со ослушнување, а во следните три со користење на инструменти и дресирани кучиња. Пребарувањето ќе се врши непрекинато 24 часа, при што преку денот ќе се користи опрема која не бара максимална тишина (ендоскопи, термални камери и сл.), а преку ноќта опрема која бара максимална тишина (геофони и други прислушни инструменти). Урнатините ќе се пребаруваат внимателно, слој по слој.		
	в) <u>Осигурување на конструкцијата на оштетените и поместените делови на објектот заради спречување на дополнително уривање</u> Доколку постои опасност за дополнително уривање на оштетените и поместени делови на објектот, конструкцијата на објектот ќе се осигура со одредени градежни зафати, според проценетите потреби. Осигурувањето на објектот ќе го извршат екипи на градежни фирми по склучен договор, единиците за заштита и спасување на општината и специјализираните единици на диракцијата за заштита и спасување .	-ОЕЗС -ЈКП „Дервен“	-единиците на ДЗС-ПОЗС; -градежни фирми според склучен договор;
	г) <u>Преземање на мерки од дополнителни опас-ности и последици (поплави, пожари, експлозии, контаминации и сл.)</u>	-ОЕЗС; -ТППЕ; -ЈКП „Дервен“	-единиците на ДЗС-ПОЗС; -екипи од државните органи;

	Во текот на спасувањето доколку се настанати или се очекува да настанат дополнителни опасности, ќе се постапува според видот и обемот на опасностите и тоа: -ако има густа прашина, ќе се врши внимателно поливање со водена магла, а ако тоа не е можно спасителите мора да носат респиратори за прашина и дим. Оваа активност ќе ја извршуваат сите спасители, а поливањето со водена магла територијалната противпожарна единца и ЈКП „Дервен“; -доколку има пожар се пристапува кон гасење на пожарот, а потоа се врши спасување на затрупаните. Спасителите да внимаваат на високата температура, чадот и недостатокот на кислород-значи мора да носат заштитни средства. Во овој случај интервенциите во гасењето се насочуваат и кон отстранувањето на опасностите кои ги загрозуваат животот на затрупаните (високата температура, чадот, недостаток на кислород и сл.). Оваа активност ќе се извршува според планот за противпожарна заштита; -ако се претпоставува дека има неексплодирани убојни средства, ќе се ангажираат пиротехничари, според планот за заштита од неексплодирани убојни средства; -ако има индикации за РХБ контаминација, ќе се постапува според планот за радиолошка, хемиска и биолошка заштита; -ако урнатината во која се очекува да има затрупани се полни со вода, се пронаогаат местата од каде истекува водата и тие итно се затвараат и се пристапува кон црпење на водата. Оваа активност ќе се извршува според планот за заштита од поплави.		-екипи на здруженија на граѓаните; -населението од УЗ и МЗ; -вработени.
	д) <u>Извлекување на затрупаните (повредени и лешови)</u> Извлекувањето на затрупаните се врши веднаш по нивното пронаогање при што им се дава потребната медицинска помош, а потоа во зависност од нивната состојба (видот на повредите) се носат или се упатуваат сами во собирните места за повредени. Оваа активност ќе ја извршуваат сите спасители. Најпрво се извлекуваат плитко и видливо затрупаните, а потоа средно и длабоко затрупаните. За извлекување на длабоко затрупаните и зарупани во тешко пристапни делови ќе се ангажираат специјализирани единици на општината и на дирекцијата за заштита и спасување.	-ОЕЗС; -ЈКП „Дервен“	-единиците на ДЗС-ПОЗС; -екипи од државните органи; -екипи на здруженија на граѓаните; -населението од УЗ и МЗ; -вработени.
	ѓ) <u>Давање на прва медицинска помош</u> Прва медицинска помош на повредените лица (затрупани и останати во објектот, со скршеници, опекотини или загушени и сл.), ќе им се укажува според планот за прва медицинска помош.	-единицата за прва медицинска помош	-единиците за ПМП на ДЗС-ПОЗС; -ЈЗУ-Здравен дом; -ЈЗУ Општа болница;

			-екипа на Црвен Крст; -екипи од ПЗУ.
	е) <u>Извлекување на лешовите</u> Извлекувањето на лешовите ќе се врши парлелно со извлекувањето на повредените. Во оваа активност ќе учествуваат сите учесници и затекнатото население. Со извлечените лешови ќе се постпува според планот за асанација на теренот.	-ОЕЗС; -ЈКП "Дервен"	-екипите и единиците на сите учесници.
	ж) <u>Извлекување на метаријалните добра</u> Извлекувањето на материјалните добра ќе се врши, по завршеното спасување на затрупаните луѓе. Доколку состојбаа овозможува, паралено со извлекувањето на затрупаните луѓе ќе се врши и зивлекување на материјалните добра кои се неопходи за живото на луѓето, односно за работниот процес. Извлечените материјални добра се складираат во неурнати делови-простории во објектот или во посебни складишта од од неоштетени објекти. Складираните материјални добра се евидентираат и соодветно обезбедуваат. Во оваа активност ќе учествуваат сите учесници.	-ОЕЗС; -ЈКП "Дервен"	-екипите и единиците на сите учесници.
	з) <u>Расчистување на урнатините и друго.</u> Паралено со спасувањето ќе се врши и отстранување на пребараните пластови рачно или со дигалки и градежна механизација. Отстранувањето на паднатите елементи ќе се врши со рамномерно вертикално дигање, никако со хоризонтално извлекување. По отстранувањето на градежниот отпад , се повторуваат постапките на спасување на затрупаните се додека не се пребараат сите урнатини по хоризонтала и вертикала. Целосно расчистување на урнатините ќе се врши, по завршеното спасување на затрупаните и материјалните добра, односно кога ќе се процени дека во урнатините нема затрупани луѓе. Приоритет во расчистувањето на сообракајниците од урнатините, ќе бидат затрупаните улици-тесни грла, со цел даим се овозможи побрз пристап на спасителите, механизацијата и возилата. Градежниот отпад ќе се носи во грсдежните депонии. Во оваа активност ќе учествуваат единиците за спасување на општината и дирекцијата за заштита и спасување, градежна механизација и транспортни средства на населението и трговските друштва и градежни фирми, според потпишани договор.	-СУСЕ; -ОЕЗС;	-единиците на ДЗС; -градежни фирми според склучен договор; -механизација и транспортни средства на населението
	s) <u>Згрижување на настраданите лица</u>	-сите планирани	-сите планирани

	Згрижување на настраданто население, ќе се врши според планот за згрижување на настраданото и загрозено население.	учесници	учесници
	и) Обележување на урнатините Обележувањето на урнатините, ќе се врши според воспоставените стандарди и нормативи, а ќе го вршат спасителите од единиците и екипите за спасување од урнатини.	-спасителите од ОЕЗС	-сите спасители
	ј) Барање и упатување на пристигнатите дополнителни сили Според процена на општинскиот штаб за заштита и спасување, градоначалникот на општината ќе побара ангажирање на дополнителни сили од дирекцијата за заштита и спасување и другите надлежни државни органи, институции и установи. По пристигнување на дополнителните сили во општината, општинскиот штаб за заштита и спасување ќе ги упати во загрозеното подрачје и тоа во реонот каде ќе дејствуваат.	-градоначалник -ОШЗС	-командирите (одговорните) на дополнителните сили
	к) Обезбедување на храна, лекови, вода и средства за хигиена Се врши дотоур на вода, храна, лекови и средства за хигиена, за загрозеното-настраданото населението.	-ОШЗС -ОЕЗС	-Црвен Крст -ДЗС-ПОЗС -МТСП -ТД според склучен договор
	л) Поправка на оштетената инфра структура Се интервенира-поправа оштетената инфраструк-тура, со цел да се обезбеди нужно снабдување со вода и електрична енергија и друго.	-ОШЗС -ОЕЗС	-екипи на ЕВН -ЈКП „Дервен“ -ДЗС-ПОЗС
	љ) Следење на хигиено епидемиолошката состојба Се следи хигиеноепидемиолошката состојба во настраданото подрачје и се применуваат потребните хигиеноепидемиолошки мерки и тоа посебно на објектите за водоснабдување и објектите за производство и преработка на храна.	-ОШЗС -ОЕЗС	-МЗ-СЗИ -ЈЗУ за јавно здравство -црен крст -ЈКП “Дервен“ -ДЗС-ПОЗС -ветеринарен инспектор
	Б. 2. 3. Логистичка поддршка Логистичката поддршка ќе се обезбедува според планот за логистичка поддршка на учесниците, а првенствено за следните содржини: а) Средства за извршување на задачите на интервентните екипи-секој учесник за своите екипи. б) Исхрана и вода за пиење-секој учесник за своите екипи. в) Здравствено обезбедување на учесниците ЈЗУ	-службите на градоначалникот (СЗР) -ОШЗС	-одговорните лица во учесниците (задолжени правни сибјекти, надлежни државни органи и невладини организации)

	Здравен дом Велес. г) Обезбедување на местата на интервенциите и транспортот ќе врши МВР-секторот за внатрешни работи од Велес.		
	Б. 2. 4. Р а к о в о д е њ е Со активностите за спасување од урнатини, ќе раководи и координира општинскиот штаб за заштита и спасување. При ангажирањето на републичките сили за заштита и спасување, раководењето и координацијата ќе ги врши подрачниот штаб за заштита и спасување на дирекцијата за заштита и спасување. Командирите на единиците и екипите, ќе раководат-командуваат со активностите кои се извршуваат на местото на непогодата.	ОШЗС	-ПШЗС -командирите на екипите и единиците

<u>Објаснување на скратениците</u>

МЗС-Мерка за заштита и спасување

ОШЗС-Општински штаб за заштита и спасување

ОЕЗС-Општински единици за заштита и спасување

СУСЕ-Сектор за урбанизам, сообркај и екологија

СЗР-Сектор за заеднички работи

УЗ-МЗ-Урбани заедници-Месни заедници

ТД-Трговски друштва

ДЗС-ПОЗС-Дирекција за заштита и спасување-подрачно одделение за заштита и спасување

ПШЗС-Подрачен штаб за заштита и спасување

МВР-СВР-Министерство за внатреши работи-сектор за внатрешни работи

РЦУК-Регионален центар за управување со кризи

ТППЕ-Територијална професионална противпожарна единица

МЗ-СЗИ-Министерство за здравство-санитарен и здравствен инспекторат

МТСП-Министерство за труд и социјална политика

ЈЗУ-Јавна здравствена установа

ПЗУ-Приватна здравствеа установа

ПМП-Прва медицинска помош

ЈКП-Јавно комунално претпријатие

П р е г л е д

на оперативните активности за заштита и спасување

од урнатиниво Општина Велес

МЗС	Вид на активност	Учесници	
		Внатрешни	Надворешни
Заштита и спасување од урнатини	**П о с л е н е п о г о д а т а (н а с т а н о т)**		
	Следење на хигиеноепидемиолошката состојба во поплавеното подрачје и применување на потребните хигиеноепидемиолошки мерки (дезинфекција, деизинсекција и дератизација и други) и тоа посебно на објектите за водоснабдување и објектите за производство и преработка на храна.	Службите на градоначалникот	-МЗ-санитарен и здравствен инспекторат -ЈЗУ за Јавно здравство -ветеринарен инспектор
	Во населбите кадешто нема да постојат можности за снабдување на здрава вода за пиење и напојување од сопствените извори, ќе се врши дотур на вода од незагрозените подрачја со цистерни и други садови за вода. Дотурот на вода за пиење ќе го вршат ЈКП "Дервен", ТППЕ, Црвениот Крст и републичките сили за заштита и спасување.	-ТППЕ -ЈКП „Дервен"	-екипи на Црвен Крст од Велес -екипи на ДЗС-ПОЗС
	По завршување на заштитата и спасувањето од поплави, ангажираните интервентни единици и екипи, се распуштаат-се враќаат во својата база.	градоначалник	Одговорните лица во учесниците
	Процена на настанатите штети од непогодата ќе врши општинската комисија за процена на штети од природни непогоди и други несреќи и државната комисија за процена на штети од природни непогоди и други несреќи.	Општинска комисија за процена на штети	Државна комисија за процена на штети
	Санирање на последиците и штетите кои се настанати од природната непогода или друга несреќа, ќе се врши според посебни планови за санација.	-Служби на градоначалникот -СУСЕ	-ТД според склучен договор
	За реализација на санацијата на настраданото подрачје (посебно санација на објектите за водоснабдување), општината ќе склучи договори со правните лица во постапка предвидена за време на природни непогоди и други несреќи	-сектор за правни работи	-избрани ТД

<u>Објаснување на скратениците</u>

МЗС-Мерка за заштита и спасување

ОШЗС-Општински штаб за заштита и спасување

СУСЕ-Сектор за урбанизам, сообркај и екологија

ТППЕ-Територијална професионална противпожарна единица

ЈКП-Јавно комунално претпријатие

ТД-Трговски друштва

ДЗС-ПОЗС-Дирекција за заштита и спасување-подрачно одделение за заштита и спасување

ЈЗУ-Јавна здравствена установа

МЗ-Министерство за здравство

Преглед

на одговорните служби и лица

Дежурни служби			
орган	Број на телефон		
	повикувачки	фиксен	мобилен
РЦУК	195		
МВР	192		
ТППЕ Велес	193		
ЈЗУ здравен дом-брза помош	194		

Одговорни лица во			
функција	Име и презиме	Број на телефон	
		Фиксен	мобилен
Општина Велес			
Градоначалник	Славчо Чадиев		071/237-538
Раководителна одделен.	Зоран Мецанов	043-32-406	
Одговорно лице	Слободан Николовски		075/368-418
Општински штаб за заштита и спасување			
Командант			
Началник			
ЈКП “Дервен“			
директор			
заменик			
Одговорно лице			
Дирекција за заштита и спасување-ПОЗС			
Раководител	Билјана Симова	043-232-818	075-457-529

заменик	Тимчо Атанасов		
Управа за хидрометеоролошки работи			
Одговорно лице			
заменик			
ЈЗУ за јавно здравство Велес (хигиенски завод)			
Директор	д-р Флорентина Шурбеска	043-233-202	
Заменик			
Одговорно лице			
ЈЗУ здравен дом			
Директор	д-рТатјана Самаракова	043-233-322	
Заменик			
Одговорно лице			
ЈЗУ општа болница			
Директор	д-р Атанас Василев	043-231-322	
Заменик			
Одговорно лице			
МВР-СВР ВЕЛЕС			
Началник	Петре Игнов	043/217-203	070/276-372
Заменик	Димче Маневски	043/217-519	070/383-157
Министерство за здравство-санитарен и здравствен инспекторат			
Раководител			
Санитарен инспектор			
Ветеринарен иснпекторат			
Раководител			
Ветеринарен инспектор			
Ветеринарна станица Велес			
Директор	Диме Димитиевски	043-232-090	
Заменк на директор			
Одговорно лице			
Други учесници			

Министерство за транспорти врски			
Институт за судска медицина			
Министерство за ЖСПП			
Министерство за одбрана	Митко Михалчев		
Црвен Крст	Миле Маџаров	043-231-537	

Совет на Општина Велес

Прилози :

-прилог-1 геолошка карта на РМ;

-прилог-2 сеизмолошки карти на РМ;

-прилог-2а сеизмичка карта на РМ;

-прилог-3 тектонско зонирање;

-прилог-4 преглед на механизација;

-прилог-5 топографска карта на ОВ;

-прилог-6 преглед на РЕ за спасување од урнатини на ПОЗС Велес;

-прилог-7 преглед на РЕ за спасување расчистување на урнатини на ПОЗС Велес;

-прилог-8 преглед на тимот за брз одговор за спасување од урнатини на ПОЗС Велес;

-прилог-9 преглед на тимот за брз одговор за спасување од високи објекти на ПОЗС Велес.


Magnitude
4.0 - 4.5
4.6 - 5.0
5.1 - 5.5
5.6 - 6.0
6.1 - 6.5
6.6 - 7.0
7.1 - 7.5
7.6 - 8.0
21.0°
21.5°
22.5°
23.0°
41.5°
41.0°
KUMANOVO
K. PALANKA
KRATOVO
PROBISTIP
TETOVO
SKOPJE
KOCANI
DELCEVO
VINICA
SV. NIKOLE
T. VELES
GOSTIVAR
STIP
BEROVO
RADOVIS
DEBAR
KICEVO
NEGOTINO
BROD
KAVADARCI
STRUMICA
KRUSEVO
PRILEP
VALANDOVO
STRUGA
D. HISAR
GEVGELIJA
OHRID
RESEN
BITOLA
0
25
50 km

ТЕКТОНСКО ЗОНИРАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



I Вардарска зона

II Пелагонски хорст антиклинориум

III Западно Македонска зона

IV Цукали Зона

V Србско – Македонски Масив

VI Кристалеста Зона

1 Неотектонска Депресија

2 Неогенско-Квартарна Вулканска Зона

П Р Е Г Л Е Д

На градежна механизација и теренски возила кои се вклучуваат во заштитата и спасувањето за расчистување на теренот од урнатини на подрчјето на организационата единица за заштита и спасување

Состојба од _____ година

Ажурирал _____

BROJ NA PUNKTOT	*VID I BROJ NA MEHANIZACIJA I TERENSKI VOZILA*									
	BULDO@ER		UTOVARUVA^		BAGER		KAMION DO 20toni		TERENSKO VOZILO	
	BROJ	OBEZBEDUVA PRETPRIJATIE	*BROJ*	OBEZBEDUVA PRETPRIJATIE	*BROJ*	OBEZBEDUVA PRETPRIJATIE	*BROJ*	OBEZBEDUVA PRETPRIJATIE	BROJ	OBEZBEDUVA PRETPRIJATIE
1.										
2.										
3.										
4.										
5.										
6.										
7.										
8.										
9.										

П Р Е Г Л Е Д

на републичката единица за спасување од урнатини

во ПОЗС Велес

Состојба:јуни 2015 година

Ред. број	ПОЗС	Вид на единицата	Број на припадници		Материјален состав	
					Опременост %	
			По формација	Пополнето	Лична опрема	МТС и опрема
1	Велес	вод	27	24	60% (задолжени со стара униформа)	60% (на дел од опремата - МТС им е изминат рокот на употреба)

Ажурирал:_____

Прилог-7

П Р Е Г Л Е Д

на единицата за расчистување на урнатини

во ПОЗС Велес

Состојба:јуни 2015 година

Ред. број	ПОЗС	Вид на единицата	Број на припадници		Материјален состав	
					Опременост %	
			По формација	Пополнето	Лична опрема	МТС и опрема
1	Велес	вод	23	16	70% (задолжени со стара униформа)	60% (на дел од опремата - МТС им е изминат рокот на употреба)

Ажурирал:_____

Прилог-8

П Р Е Г Л Е Д

на тимот за брз одговор за заштита и спасување од урнатини

во ПОЗС Велес

Состојба:јуни 2015 година

Ред. број	ПОЗС	Вид на единицата	Број на припадници		Материјален состав	
					Опременост %	
			По формација	Пополнето	Лична опрема	МТС и опрема
1	Велес	Тим за брз одговор	7	5		

Ажурирал:_____

Прилог-9

П Р Е Г Л Е Д

на тимот за брз одговор за заштита и спасување од високи објекти

во ПОЗС Велес

Состојба:јуни 2015 година

Ред. број	ПОЗС	Вид на единицата	Број на припадници		Материјален состав	
					Опременост %	
			По формација	Пополнето	Лична опрема	МТС и опрема
1	Велес	Тим за брз одговор	10			

Ажурирал:_____

Л Е Г Е Н Д А

I КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ТЕРЕНОТ ПО СТАБИЛНОСТА

	ПРЕТЕЖНО СТАБИЛНИ ТЕРЕНИ: изградени се од карпи со постојано физичко-механичкисвојства, кои во споредба со векот на објектот не подлежат на битни промени под влијание на надворешните фактори ниту при делувањето на човекот
	ПРЕТЕТЕЖНО ЛАБИЛНИ ТЕРЕНИ: изградени се од карпи чии параметри на физичко-механички својства често се со релативно ниски вредности. Претежно се стабилни во природни услови а може да станат претежно нестабилни при делување на човекот и промена на условите.
	ПРЕТЕЖНО НЕСТАБИЛНИ ТЕРЕНИ: изградени се од карпи воглавно со ниски вредности на физичко-механички својства. Изразито се развиени сите процеси на ерозија и на други деформации на теренот во природни услови и при делувањето на човекот.

II ОЗНАКИ ЗА ИНЖЕНЕРСКОГЕОЛОШКИОТ СОСТАВ

al	**Комплекс на алувијални (речни) седименти**
pr	**Комплекс на пролувијални (поројни) седименти**
del	**Делувијални и елувијално-делувијално седименти**
Pg	**Езерски песокливо-глиновити седименти**
F	**Флишолики седименти**
Fl	**Комплекс на флишолики седименти**
PKg	**Песочници и конгломерати**
V	**Варовници и мермерисани варовници**
MD	**Мермери и доломити**
ŠK	**Шкрилесто-карбонатен комплекс**
Š	**Кристалести шкрилци со низок кристалинитет**
qu	**кварцити**
ZŠ	**Зелени шкрилци**
KŠ	**Кристалести шкрилци со висок кристалинитет**
Se	**Серпентинити**

III ОЗНАКИ ЗА СТРУКТУРНИТЕ И ТЕКТОНСКИТЕ ЕЛЕМЕНТИ

	Инженерско-геолошки граници а) утврдена б) предпоставена
	Елементи на залегање а) стратификација (слоевитост) б) фолијација
	Елементи на нагибот на пукнатините
	Раседи и разломи а) утврдени б) предпоставени
	Чело на лушпа (лушпесто навлекување)
	Дијапирски контакт

IV ОЗНАКИ ЗА ТВОРБИ НА ГЕОЛОШКИ ПРОЦЕСИ

	Свлечиште
	Лабилна падина
	Сипар
	Јаруга
	Површина со интензивно испирање
	Плавински конус а) активен поој б) смирен поој

Л Е Г Е Н Д А

aP	Алувиум
dpr	Делувиум-пролувиум

Pl	
K_2^3	
K_2^1	
T_2^2	
T_1	
M	**Мермери**
Smb	**Микашисти**
G	**Порфиропластични гнајсеви**
Gb	**Биотитски гнајсеви**
Gm	**Мусковитски гнајсеви**
Se	**Серпентинити**
SCmO	**Метапесочници, кварцити и кварцносерицитски шкрилци**
ScoCmO	**Хлоритски и хлоритско-кварцни шкрилци**
FCmO	**Филитични шкрилци**

ГЕОЛОШКА КАРТА

на Општина Велес



ИНЖЕНЕРСКОГЕОЛОШКА КАРТА

на Општина Велес



PKg
Горобинци
1963
СВ. НИКОЛЕ
Иванковци
Ирн Врв
758
F
1962
Se
Вардар
V
Ветерско
1963
Pg
452
Милино
Црнилиц
1921
Отовичко Езеро
1963
Слп
F
Отовица
Дорфулија
Каратманово
675
Se
MD
ТИТОВ ВЕЛЕС
1963
564
Горно Оризари
1931
ŠK
Бабуна
Кочилари
Чашка
Витанци
Убого
1920
Крвеник
856
Грнчиште
Војница
Ст. Град


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СЕИЗМОЛОШКА КАРТА
Повратен период: 50 години
8°
7°
6°
8°
7°
8°
7°
7°
6°
5° 6° 7° 8° 9° 10°
SKOPJE
TETOVO
GOSTIVAR
KUMANOVO
PRILEP
BITOLJ
OHRID
STRUMICA
KAVADARCI
NEGOTINO
ŠTIP
KOČANI
VRANJE
BLAGOEVGRAD
PRIZREN
PEĆ
DEBAR
KIČEVO
STRUGA
Sandanski
Petrič
Siderokastron
Gumenica
Kilkis
Sv. Nikole


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СЕИЗМОЛОШКА КАРТА
Повратен период: 100 години
5°
6°
7°
8°
9°
10°


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СЕИЗМОЛОШКА КАРТА
Повратен период: 200 години
5°
6°
7°
8°
9°
10°
9°
9°
9°
7°
8°
8°
6°
8°
7°
6°
8°
8°
SKOPLJE
TETOVO
GOSTIVAR
KUMANOVO
TITOV VELES
ŠTIP
KAVADARCI
PRILEP
OHRID
STRUMICA
PRIZREN
GNJILANE
VRANJE
BLAGOEVGRAD
Sandanski
Petrič
Kilkis
Kičevo
Struga
Kočani
Kriva Palanka
Negotino
Sv. Nikole
Radomir
Razlog
Bansko
Kukeš
ELBASAN
42°
41°


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СЕИЗМОЛОШКА КАРТА
Повратен период: 500 години
8°
9°
6°
7°
5°
10°
SKOPJE
TETOVO
GOSTIVAR
KUMANOVO
TITOV VELES
ŠTIP
KIČEVO
PRILEP
OHRID
BITOLJ
STRUMICA
KAVADARCI
Negotino
Gevgelija
Kočani
Radoviš
Sv. Nikole
BLAGOEVGRAD
Sandanski
Petrič
Siderokastron
Kilkis
Gumenica
Langadas
Razlog
Bansko
Peškopi
Struga
Gostivar
Tetovo
Kumanovo
Štip
Strumica
Bitolj
Ohrid


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СЕИЗМОЛОШКА КАРТА
Повратен период: 1,000 години
5°
6°
7°
8°
9°
10°


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СЕИЗМОЛОШКА КАРТА
Повратен период: 10,000 години
9°
8°
9°
8°
7°
8°
10°
9°
8°
9°
10°
8°
9°
8°
9°
10°
7°
8°
10°
5° 6° 7° 8° 9° 10°
ОСНОВНА КАРТА НА МАКСИМАЛНИ ОЧЕКУВАНИ ИНТЕНЗИТЕТИ
SKOPLJE
TETOVO
GOSTIVAR
KUMANOVO
VELES
PRILEP
BITOLJ
KRIVA PALANKA
KOČANI
STIP
STRUMICA
BLAGOEVGRAD
SANDANSKI
PETRIČ
SIDEROKASTRON
KILKIS
RAZLOG
BANSKO
DEBAR
KIČEVO
OHRID
PEŠKOPI
KUKEŠ
PODGRADEC
STARUJA
BASAN
ŠKUMBA
DEVOLI
GRAMŠI
LIBRAŽD
ČUČAI
LINI
ZERČAN
KLOSI
TRABOJ
ARASI
DEJA
MAJA KREŠTES
MAJA E RUDES
MAJA E ALBES
BICAJ
BALIČOR
KRUMA
DUKADINI
VRANJE
GNJILANE
UROŠEVAC
SKOPJE
ČUSTENDIL
STANKE DIMITROV
BEVDELIJA
NEGORI
GEVGELIJA
VARDARSKI
DRIM
BELI DRIM
MOKRA
ERMENIKA
SEREŠKO
STRUMICA
STRUMA
MESTA
VARDAR
BREGALNICA
KRIVA
PALAMA
ŠAR PLANINA
MAKEDONSKA
KOŠARA
PIRIN
RILA
42°
41°
22
23

III.6 П Л А Н

за заштита и спасување од поплави во Општина Велес

Извод од процената

На територијата на Општина Велес се можни и очекувани поплави од реките Вардар,Тополка и Бабуна, а постои можност од поплави при рушење на браните на езерото „Младост“ и хидроакумулацијата „Лисиче“. Плавните подрачја од наведените поплави, обработени се во процената на загрозеност на подрачјето на Општина Велес од природни непогоди и други несреќи и во елаборати-проекти за заштита од поплави на Општина Велес (книга 1,2 и 3) и посебните проекти за браните на езерото „Младост“ и хидроакумулацијата „Лисиче“.

Според расположивите податоци, евидентирани-очекувани количини на вода при поплави во Општина Велес се:

Река Вардар, водомерна станица Велес:

- 1000 годишна вода .....Q=2650 м³/секунда
- 100 годишна вода ….....Q=1650 м³/секунда
- 25-30 годишна вода.....Q=1200 м³/секунда
- на секоја втора година.....Q= 460 м³/секунда

Река Тополка, водомерна станица Велес:

- 1000 годишна вода .....Q=222 м³/секунда
- 100 годишна вода ….....Q=136 м³/секунда
- 25-30 годишна вода.....Q=101 м³/секунда
- на секоја втора година.....Q= 60 м³/секунда

Река Бабуна, водомерна станица Бабина Стопа Велес:

- 1000 годишна вода .....Q=345 м³/секунда
- 100 годишна вода ….....Q=210 м³/секунда
- 25-30 годишна вода.....Q=159 м³/секунда
- на секоја втора година.....Q= 95 м³/секунда

Наведените податоци, ќе се користат како параметри при прогласувањето на степените на загрозеност.

Коритото на реката Вардар на делот од излезот од клисурата до железниот мост, без да се излее пропушта од 200 - 300 м³/секунда, а низводно до вливот на реката Тополка од 300 - 400 м³/секунда. Средниот проток на вода што ќе го пропушти коритото на овој потег изнесува 250 – 350 м³/секунда.

Заради поволната конфикурација и кратката должина на реката Вардар и вливните реки од сливното подрачје и за создавање на потребни услови за заштита на материјалните добра од поплави во критичните места, одбранбените линии вдолж водотеците во општината преставуваат една делница, која е поделена на 3 сектори и 3 потсектори и тоа:

-Сектор 0 - река Вардар,од вливот на реката Пчиња до излезот од клисурата кај с.Башино Село;

-Сектор 1 - река Вардар од с.Башино Село до вливот на реката Тополка;

-Сектор 2 - река Вардар од Вливот на река Тополка до с.Кочилари;

-Потсектор 1 - река Пчиња до вливот во река Вардар-Велешка територија;

-Потсектор 2 - река Тополка на Велешка територија;

-Потсектор 3 - река Бабуна на Велешка територија.

Во секторот 1 по десната страна на реката Вардар загрозени се пумпена станица за вода, бавчи и мостот кај с.Башино Село, бавчи, складишта и рени бунари сè до Бентот, кај ЈКП Дервен Градскиот парк и од Железен Мост до Мало Мовче игралиштето и десеттина куќи. По левата страна на реката Вардар загрозени се бавчи и куќи во атарот на с.Башино Село и населбата Речани, бавчи и куќи од потегот спроти Градскиот парк до Железен Мост и од хотелот Вила Зора до Стар Мост, загрозени се инфраструктурни објекти, индивидуални и колективни станбени згради, автобуска станица, училиштата „Јордан Хаџи Константинов Џинот“, „Благој Кирков“, Работнички универзитет, паркиралиштата, Градскиот пазар и трговските објекти во овој потег.

Во секторот 2 по десната страна на реката Вардар загрозени се куќи, црква, објектите на КИ „Димко Митрев“ и бавчи, а од левата страна бавчи во атарот на с.Долно Караслари и с.Кочилари, како и куќи кои се во тие бавчи.

Во потсекторот 2 по течението на река Тополка, загрозени се бавчи, објекти на поранешна Порцеланка, Макпетрол, објекти на поранешна Нокатекс и станбени објекти на населба Превалец, а пред вливот во река Вардар мостови на регионалниот пат и железничката пруга.

Во потсекторот 3 по течението на река Бабуна, во горниот дел од с.Витанци до влезот во кањонот загрозени се куќи, мостови, дел од патот, бавчи, овоштарници и пасишта, а во долниот дел од излезот од кањот до вливот во р.Вардар загрозени се куќи, бавчи и дел од патот.

Најголеми зафатени подрачја (најобемни последици) од поплави во секторот 1 и 2, се очекува да има во услови на постигнати максимални протоци на вода на реката Вардар, со дополнително зголемување на количеството на вода од рушење на браната на езерото „Младост“. За секторот 2 и потсекторот 2, најголеми излевања се очекува во услови на постигнати максимални протоци на вода на реката Вардар и реката Тополка со дополнително зголемување на количеството на вода од рушење на браната на хидроакумулацијата „Лисиче“.

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ

Со организацијата на заштитата и спасувањето од поплави ќе се опфатат активностите и мерките од превентивен карактер (превентивно дејствување) и оперативен карактер (оперативно дејствување).

Заштитата и спасувањето од поплави ќе се спроведува според постојните законски прописи и овој план, а во него ќе учествуваат службите на градоначалникот и просторните сили на општината, урбаните и месните заедници, ЈКП Дервен, трговски друштва, здруженија на граѓани и надлежните државни органи и институции.

Надлежните државни органи: Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделие и шумарство (подрачно одделение за земјоделие и шумарство Велес), Управата за хидрометеоролошки работи, Министерството за здравство-санитарен и здравствен инспекторат, ЈЗУ за Јавно здравство, Министерството за внатрешни работи-СВР Велес, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и други ќе се вклучат во спроведувањето на заштитата и спасувањето од поплави според своите надлежности, планови и стандардни оперативни постапки, усогласени со активностите на општината.

А).<u>Превентивно дејствување</u>

Со цел да се создадат потребни (оптимални) услови за спроведување на заштитата и спасувањето од поплави, Општина Велес ќе ги преземе и спроведува следните превентивни активности:

- Определување на места и брегови на водотеците (реките Вардар, Тополка и Бабуна), каде најчесто се јавуваат излевања на водата и предвидување на најпотребни хидротехнички и други заштитни работи и мерки за брзо спречување на излевањето и нивно внесување во урбанистичките планови. Местата и бреговите на водотеците се утврдени во процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи и во книга 1, 2 и 3 од планот за заштита од поплави и тие се внесени на карта. Хидротехничките и други заштитни мерки за брзо спречување на излевањето, се утврдени во прегледот на пунктовите за заштита (одбрана) од полави;
- Преиспитување на определените одбранбени линии (делници и сектори) за заштита од поплави вдолж водотеците во општината.
- Определување на места по должината на секторите каде ќе се депонира потребниот заштитен материјал, вдолж водотеците во општината, потребен за изведба на заштитни насипи кои ќе го попречуваат брзото излевање на водите од коритото на водотеците. Според потребата за изведба на заштитни насипи во општината се определени 5 места (пункотиви) кои се прикажани во прегледот од овој план;
- Определување-утврдување на хидротехнички и други заштитни мерки за објектие во и покрај коритата и бреговите на водотеците (мостови, наноси од земја, дрва и друг материјал и други) кои го попречуваат течењето на големите води;

- Обележување (поставување на белеги) на плавните места од големите води, особено во урбаните делови на општината;
- Изработка и реализација на годишна акциона програма за чистење на коритатата на водотеците заради овозможување на брз проток на големите води во коритатата на водотеците;
- Поставување на сензори за следење на стабилноста на телото на браните (езеро „Младост“ и хидроакумулацијата „Лисиче“);
- Воспоставување на систем за алармирање во случај на рушење на браните (езеро „Младост“ и хидроакумулација “Лисиче“);
- Поставување и одржување на водомерни места на реките Вардар, Тополка и Бабуна и на дождомерни места на територијата на општината;
- Пополнување на единицата за заштитата и спасување од поплави со персонал и материјални ресурси, според личниот и материјалниот состав;
- Пополнување на пунктовите за заштита (одбрана) од поплави со луѓе и материјални средства;
- Едуцирање (обучување) и оспособување на припадниците на единицата за заштитата и спасувањето од поплави, на членовите на пукнтовите за заштита од поплави и на членовите на екипите кои учествуваат во заштитата и спасувањето од поплави;
- Редовен тренинг, увежбување и потсетување, на припадниците на единицата за заштитата и спасувањето од поплави, на членовите на пукнтовите за заштита од поплави и на членовите на екипите кои учествуваат во заштитата и спасувањето од поплави;
- Обезбедување потребен минимум на персонални и материјални ресурси за функционирање на заштитата и спасувањето од поплави ;
- Воспоставување на радио и телефонски врски со дежурните служби на браните и водомерните и дождомерните места;
- Ажурирање на планот за заштита и спасување-делот заштита и спасување од поплави, особено на податоците од променлив карактер;
- Запознавање-едуцирање на настраданото и загрозеното население за обврските кои ги имаат во извршувањето на заштитата и спасувањето од поплави.

Б). <u>Оперативно дејствување</u>

Со оперативното дејствување се опфатени активностите во спроведувањето на заштитата и спасувањето од поплави пред случување на поплавата (подготвителни активности), за време на поплавата (активна заштита од поплавата) и по завршување на поплавата (санација на подрачјето зафатено од поплавата). Оперативните активности ќе се спроведуваат според степените на загрозеност и тоа:

-Прв степен на загрозеност (<u>пред да настане поплавата</u>)-кога водостоите во водотеците и хидроакумулациите, односно количествата на протечните води се во границите на нормална состојба и нема излевањена вода надвор од коритата, а хидрометеоролошките прогнози не навестуваат надоаѓање на поголеми води;

-Втор степен на загрозеност (<u>за време на непосредна опасност од поплави</u>)-кога водостоите на водотеците и акумулациите го достигнале критичното ниво на определени места, а хидролошките прогнози навестуваат надоаѓање на поголеми води;

-Трет степен на загрозеност (за време на поплавата)-кога водостојот на водотеците и акумулациите го надминале критичното ниво на едно или повеќе места и започнало излевање на водата надвор од нивните корита или кога се појавуваат знаци за уривање на насипи и на други заштитни објекти заради што може да се излеат значителни количини на вода во загрозеното подрачје, а хидролошките прогнози навестуваат надоаѓање на големи води;

-Четврт степен на загрозеност (кога е прогласена непосредна опасност од уривање на брана или се урнала брана) заради што се очекува надоаѓање или надоаѓаат големи води во загрозените подрачја.

Б.1.Активности пред случување на поплавата (подготвителни активности)-прв и втор степен на загрозеност

Во рамките на подготвителните активности,а според прогласените степени на загрозеност од поплави, општината ќе ги извршува и спроведува следните задачи и активности:

Б.1.1.Прв степен на загрозеност од поплави

- Градоначалникот и одговорното лице ги анализираат податоците за количеството на водата во водотеците во општината и по сопствена проценка донесува одлука за прогласување на прв степен на загрозеност од поплави;
- Го активира-мобилизира општинскиот штаб за заштита и спасување и воспоставува-воведува дежурство;
- Воспоставување на постојан контакт (радио и телефонски врски) со одговорните и дежурните лица на водомерните и дождомерните места и браните на езерото “Младост“ и хидроакумулацијата “Лисиче“ и следење на врнежите и протокот на вода во водотеците;
- Размонување на податоци за подготвеноста на државните органи кои учествуваат во заштитата и спасувањето од поплави, и тоа:
  -Министерството за животна средина и просторно планирање;

  -Министерството за транспорт и врски;

  -Министерството за земјоделие и шумарство (подрачно одделение за земјоделие и шумарство Велес);

  -Управата за хидрометеоролошки работи-УХМР;

  -Министерството за здравство-санитарен и здравствен инспекторат;

  -ЈЗУ за Јавно здравство;

  -Министерството за внатрешни работи-СВР Велес;

  -Дирекцијата за заштита и спасување-подрачно одделение Велес;

  -Регионален центар за управување со кризи и други.

Б.1.2.Втор степен на загрозеност од поплави (непосредна опасност од поплави)

- Врз основа на добиените информации за количините на врнежите и на водите во водотеците во општината и прогнозата за очекуваниот пораст, општинскиот штаб за заштита и спасување прогласува втор степен на загрозеност од поплави и донесува одлуки и наредби за натамошното ангажирање на учесниците во заштитата од поплави;
- Командантот на ОШЗС бара да се зајакне дежурството во УХМР (дождомерни и водомерни станици) за Велешкото сливно подрачје и редовно да се доставуваат информации за количеството на водите во водотеците (јавувачки и почетни станици),за количеството на врнежите за следните 12, 24 и 48 часа. Информациите ќе се доставуваат во пократки интервали (на два до четири часа) и тоа директно во ОШЗС или преку РЦУК;
- Упатување на екипи за следење на водостојот на критичните места за излевање во секторите во кои се очекува излевање и за контрола на насипите кои се изведени вдолж критичните места. Екипите доставуваат редовно информации до општинскиот штаб за заштита и спасување;
- Предупредување на одговорните (дежурните) лица во браната на хидроакумулациониот систем „Лисиче“ и браната на езерото „Младост“за можностите за зголемување на водостојот и препорачување и наложување на мерките кои треба да ги преземат;
- Во зависност од водостоите и протокот на водите во водотеците и водостојот во хидроакумулациите езеро „Младост“ и „Лисиче“, се воспоставува режим на нивно празнење или сопирање на испуштањето на водата;
- Предупредување на одговорните лица во учесниците за заштита од поплави, за следење на состојбата и препорачување-наложување на мерки кои треба да ги преземат;
- Проверка на обезбедноста на местата за депонирање на заштитен материјал (пунктовите за заштита и спасување од поплави) со луѓе и предвидените материјали,опрема,алати и технички средства;
- Проверка на состојбите во складовите од кои се зима материјал за поставување на насипи (песок,чакал,камења и др.) и вршење на подготовки за нивно користење и транспорт;
- Подготвување на транспортните средства, механизацијата, алатот, материјалите и луѓето, кои се вклучени во правењето на насипи и другите активности за заштита и спасување од поплави;
- Активирање на пунктовите за заштита (одбрана) од поплави и започнување со изведба на заштитни насипи;
- Се отстрануваат предмети и објекти кои го попречуваат течењето на надојдените води;
- Активирање-мобилизирање на општинските единици за заштита и спасување и на останатите учесници во заштитата и спасување од поплави;
- Проверка на поставените белеги-знаци за дофатот на плавниот бран,а доколку не се поставени,се поставуваат нови или на друг начин се ознаучува плавниот простор;
- Проверка на пополнетоста на единицата за заштитата и спасувањето од поплави со припадници и материјални ресурси според личниот и материјалниот состав;

- Проверка на едуцираноста и оспособеноста на припадниците на единицата за заштитата и спасувањето од поплави;
- Проверка на подготвеноста на останатите екипи кои учествуваат во заштитата и спасувањето од поплави (пополнетост, обученост, опременост и др.);
- Проверка на усогласеноста на плановите за заштита од поплави на останатите учесници и во зависност од условите и временските можности ќе се врши целосно или редуцирано усогласување на планираните активности;
- Обезбедување на потребен минимум на персонални и материјални ресурси за функционирање на заштитата и спасувањето од поплави;
- Проверка на капацитетите за сместување на загрозеното население,во случај на евакуација;
- Проверка на системот за врски (радио и телефонски) меѓу учесниците во заштитата од поплави;
- Запознавање на населението со активностите кои треба да ги спроведуваат-извршуваат;
- Општинскиот штаб за заштита и спасување води евиденција за сите доспеани информации во книгата за настани.
- По оценка на општинскиот штаб за заштита и спасување, се врши прераспределување на задачите на учесниците во заштитата и спасувањето од поплави.

Б.1.3.Прогласување на степени на загрозеност од поплави

Прогласувањето на степените на загрозеност од поплави, ќе се врши според состојбата во речните корита, информацијата за прогнозата на очекувани големи води добиена од страна на управата за хидрометеоролошки работи,протокот на вода во јавувачките станици и опасноста што претстои, сосотојбата на браните и количеството на вода во езерото „Младост“ и во хидроакумулацијата „Лисиче“, а во консултација со надлежните државни органи.Степените на загрозеност се прогласуваат редоследно од првиот кон четвртиот, а во случај на настанување на брзи промени може да се прогласи директно повисокиот степен на загрозеност при што активностите од предходните степени се извршуваат одеднаш.

Првиот степен на загрозеност од поплави - го прогласува градоначалникот.

Вториот, третиот и четвртиот степен на загрозеност од поплави - ги прогласува општинскиот штаб за заштита и спасување, по претходна консултација со дирекцијата за заштита и спасување и управата за хидрометеоролошки работи.

Показател за прогласување на степените на загрозеност од поплави е протокот на водата во јавувачките и почетните станици и тоа:

За реката Вардар :

-водомерна станица Скопје - јавувачка станица за Велешкото сливно подрачје;

-водомерна станица Зелениково - почетна станица за Велешкото сливно подрачје;и

-водомерна станица Велес - јавувачка за сливните подрачја низводно од Велес.

За реката Пчиња :

-водомерна станица Катлановска бања - почетна за Велешкото сливно подрачје

За реката Тополка :

-водомерна станица Голозинци - јавувачка и почетна станица за Велешкото сливно подрачје;и

-водомерна станица Велес – јавувачка и почетна за сливното подрачје низводно од градот Велес.

За реката Бабуна :

-водомерна станица Стари Град - јавувачка станица за Велешкото сливно Подрачје;и

-водомерна станица т.е. стопанство - почетна станица за Велешкото сливно подрачје.

а. Прогласувањето на степените на загрозеност од поплави за **секторите 0,1 и 2 (река Вардар)**, а првенствено за градот Велес, ќе се врши кога протокот на вода во јавувачките станици изнесува:

Прв степен на загрозеност - протокот на вода кај јавувачката станица Скопје и Зелениково изнесува Q=300-399 м³/секунда.

Втор степен на загрозеност - протокот на вода кај јавувачката станица Скопје и Зелениково изнесува Q=400-799 м³/секунда и се очекува зголемување.

Трет степен на загрозеност - протокот на вода кај јавувачката станица Скопје и Зелениково изнесува Q>800 м³/секунда.

Четврти степен на загрозеност - протокот на вода кај јавувачката станица Скопје и Зелениково изнесува Q>300 м³/секунда и постои можност за уривање или е урната браната на езерото “Младост“.

Потребно време за пристигнување на почетниот бран на наведените количини на вода во секторот 1 (с.Башино Село) е **т- 11-12 часа,** по јавувањето на водомерната станица Скопје,а при уривање на браната на езерото “Младост“ е **т-5-10 минути.**

Потребното време за пристигнување на почетниот бран од сливот р.Пчиња до вливот во р.Вардар е **т-8 часа,**а од вливот во р.Вардар до с.Башино Село е **т-3-4 часа.**

б. Прогласувањето на степените на загрозеност од поплави за **секторот 2 (река Вардар)**, ќе се врши кога протокот на вода во јавувачката станица Велес изнесува:

Прв степен на загрозеност - Q=200-399 м³/секунда.

Втор степен на загрозеност - Q=400-799 м³/секунда.

Трет степен на загрозеност - Q>800 м³/секунда .

Четврти степен на загрозеност - кога Q>300 м³/секунда и постои можност за уривање или е урната браната на езерото "Младост" или браната на хидроакумулацијата "Лисиче" или за двете заедно.

Потребно време за пристигнување на почетниот бран на наведените количини на вода во секторот 2 (с.Башино Село) е **т- 30-40 минути,** по пристигнувањето на челниот бран во с.Башино Село,а при уривање на браната на езерото "Младост" е **т- 10-30 минути.**

в. Прогласувањето на степените на загрозеност од поплави за потсекторот 2 (река Тополка), а првенствено за населба Превалец,ќе се врши кога протокот на вода во јавувачката станица Голозинци изнесува:

Прв степен на загрозеност - Q=45-49 м³/секунда.

Втор степен на загрозеност - Q=50-69 м³/секунда.

Трет степен на загрозеност - Q>70 м³/секунда.

Четврти степен на загрозеност - кога Q>50 м³/секунда и постои можност за уривање или е урната браната на хидроакумулацијата "Лисиче".

Потребно време за пристигнување на почетниот бран на наведените количини на вода во потсекторот 2 (железничка станица Тополка) е **т- 2-4 часа,** по јавувањето на водомерната станица Голозинци,а при уривање на браната на хидроакумулацијата „Лисиче" **т- 2-3 часа.**

г. Прогласувањето на степените на загрозеност од поплави за потсекторот 3 (река Бабуна), на делот од с.Витанци до влезот во Клисурата и низводно од излезот на клисурата до вливот во реката Вардар, а првенствено во атарот на с.Војница иатарот на с.Црквино, ќе се врши кога протокот на вода во јавувачката станица Стари Град изнесува:

Прв степен на загрозеност - Q=70-79 м³/секунда.

Втор степен на загрозеност - Q=80-89 м³/секунда.

Трет степен на загрозеност - Q>90 м³/секунда.

Потребно време за пристигнување на почетниот бран на наведените количини на вода во потсекторот 3 (с.Војница) е **т- 3-4 часа,** по јавувањето на водомерната станица Стари Град.

Б.1.4.И з в е с т у в а њ е

Известувањето на населението во загрозеното подрачје, ќе се врши преку претседателите на урбаните и месните заедници,кои информациите од општинскиот штаб за заштита и спасување ги добиваат телефонски и преку регионалниот центар за управување со кризи (телефонски и радиоврски), а во итни случаи и преку средствата за јавно информирање (ТВ канал 21,ТВ Здравкин,радио 5 фм и интернет порталите).

Известување на трговските друштва во загрозеното подрачје и субјектите кои учествуваат во заштитата (одбраната) и спасувањето од поплави предвидени со овој план, ќе се врши телефонски.

Известувањето треба да ги содржи следните податоци :

- количина и интензитет на врнежите-податоци од дождомерните станици;
- количина на протокот на вода и висина на водостојот на реките во водомерните станици и во хидроакумулациите и прогноза за очекуваното зголемување на водостојот;
- очекувани (критични) места на излевање,потесна микро локација и најблиски приодни патишта;и
- препорака за нивната постапка и ангажирање.

По добиеното известување, учесниците започнуваат да ги спроведуваат планираните или наложените мерки за заштита (одбрана) и спасување од поплави и воспоставуваат постојана врска со општинскиот штаб за заштита и спасување, заради размена на податоци и координирање на активностите.

Б.2.Активности за времетраењето на поплавата-организација на спроведувањето на заштитата и спасувањето од поплави

Активностите за заштитата и спасувањето од поплави за време траењето на опасноста-поплавата (активна заштита и спасување), ќе се спроведува според прогласените степени на загрозеност од поплави.

Б.2.1. Трет степен за загрозеност (за време на поплавата)

Во овој степен на загрозеност се спроведуваат следните активности :

-општинскиот штаб за заштита и спасување, ја следи состојбата,раководи и ги координира активностите на учесниците, преку издавање на наредби, насоки и препораки. Наложените мерки треба да бидат ефикасни и оправдани;

-сите учесници во заштитата и спасувањето од поплави, започнуваат со извршување на активностите за заштита и спасување од поплави на критичните места каде се очекува излевање на водите од водотеците или веќе постои излевање. Наложените мерки треба да бидат ефикасни и оправдани;

-и понатаму се спроведуваат неизвршените активности од вториот степен на загрозеност;

- се дава аларм (тревожење) за опасност на целото загрозено и зафатено подрачје;

-се евакуира населението од загрозеното-поплавеното подрачје-според планот за евакуација;

-пунктовите за заштита (одбрана) од поплави во загрозените реони, ги извршуваат планираните или дополнително наложените задачи;

-се врши затварање на местата каде е можно излевање на водите од коритата на водотеците, со вреќи со песок или камења и чакал;

-се прават насипи со механизација на критичните места,заради спречување на излевањето на водата од коритата на водотеците;

-се отстрануваат дрвја и друг материјал од раклите (столбовите) на мостовите;

-во поплавените подрачја, се обезбедува премин и превоз преку вода, се спасуваат-извлекуваат загрозените луѓе во вода и под вода;

-се дава прва медицинска помош на настраданите-според планот за прва медицинска помош;

-се црпи вода од поплавени простории во објекти, доколку за тоа постојат оправдани можности и се извлекуваат удавените;

-се спасуваат-извлекуваат животни од поплавени подрачја;

-се евакуираат материјални добра, производи од животинско и растително потекло;

-се врши празнење или сопирање на испуштањето на вода од хидроакумулациите езеро „Младост“ и „Лисиче“;

-се прават алтернативни нужни премини преку коритата на водотеците,доколку мостовите се ризични или се оштетени;

-се прават одводи од созадени акумулации од поплавата;

-се прават алтернативни нужни поврзувања на однесени делови од патишта или железничка пруга;

-се врши дотур на вода,храна, лекови и средства за хигиена за населението во загрозеното-поплавеното подрачје;

-се интервенира-поправа оштетената инфра структура, со цел да се обезбеди нужно снабдување на загрозеното-поплавеното подрачје со вода и електрична енергија;

-се следи хигиеноепидемиолошката состојба во загрозеното-поплавеното подрачје и се применуваат потребните хигиеноепидемиолошки мерки (дезинфекција, дезинсекција и дератизација на простори и објекти како и други хигиено-епидемиолошки мерки) и тоа посебно на објектите за водоснабдување и објектите за производство и преработка на храна;

-се запознава населението во загрозеното подрачје за активностите кои се спроведуваат за заштита и спасување од поплави и со мерките на заштита кои треба секој да ги спроведува, начинот на нивното однесување и учеството заштитата и спасувањето од поплавите;и

-по оценка на штабот, градоначалникот на општината бара ангажирање и на републичките сили за заштита и спасување на Дирекцијата за заштита и спасување или на други државни органи и институции.

Б.2.2. Четврти степен за загрозеност (постои опасност за уривање на брана или веќе е урната)

Во овој степен на загрозеност се спроведуваат следните активности :

-и понатаму се спроведуваат активностите од третиот степен на загрозеност;

-за време на опасност од уривање на брана,се врши навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје и се спроведува евакуација на населението и материјалните добра;

-по уривање на брана,навремено се известува и тревожи населението,заради брзо напуштање на објектите (домовите и работните простории) во загорзеното-поплавеното подрачје;

-се евакуира населението од загрозеното-поплавеното подрачје-според планот за евакуација;

Б.2.3. Пунктови за заштита (одбрана) од поплави

За организирана и брза интервенција при надоаѓање на големите води на подрачјето на општината Велес по течението на реката Вардар и двете притоки рекатаТополка и реката Бабуна, ќе се организираат 5 заштитни (одбранбени) пунктови (места за складирање на заштитен материјал) и тоа :

- Пункт 1 - Град Велес

- Пункт 2 - Башино Село

- Пункт 3 - Долно Караслари

- Пункт 4 - железничка Станица Тополка

- Пункт 5 - с.Ораовец

Потребните заштитни средства (песок, чакал, камења и др.), алат, возила, механизација, работна рака, видот на интервенциите и местата каде ќе интервенираат се прикажани во прегледот на пунктовитеза заштита (одбрана) од поплави во Општина Велес, кој е составен дел на овој план.

Б.2.4. Логистичка поддршка

Логистичката поддршка ќе се обезбедува според планот за логистичка поддршка на учесниците, а првенствено за следните содржини:

а) Средства за извршување на задачите на интервентните екипи-секој учесник за своите екипи.

б) Исхрана и вода за пиење-секој учесник за своите екипи.

в) Здравствено обезбедување на учесниците ЈЗУ Здравен дом Велес.

г) Обезбедување на местата на интервенциите и транспортот ќе врши МВР-УВР Велес.

Б.2.5. Р а к о в о д е њ е

Со активностите за заштита и спасување од поплави ќе раководи и координира општинскиот штаб за заштита и спасување.

При ангажирањето на републичките сили за заштита и спасување, раководењето и координацијата, ќе ги врши подрачниот штаб за заштита и спасување на дирекцијата за заштита и спасување.

Командирите на единиците и екипите ќе раководат-командуваат со активностите кои се извршуваат на местото на непогодата.

В.2.6.Активности по завршувањето на поплавата (настанот)

Механизација и екипите на трговските друштва (според склучен договор) и екипи на дирекцијата за заштита и спасување, ќе прават одводи од созадени акумулации од поплавата, заради истекување на акумулираната вода.

Територијалната противпожарна единица и екипи од општинските единици за заштита и спасување и екипи на дирекцијата за заштита и спасување, ќе ја црпат водата од поплавените простории во објектите.

Ќе се врши прочистување на водата за пиење во населби во кои се загадени изворите на вода, со екипи на Црвениот Крст-Велес

Во населбите кадешто не постојат можности за снабдување на здрава вода за пиење и напојување од сопствените извори, ќе се врши дотур на вода од незагрозените подрачја со цистерни и други садови за вода.Дотурот на вода за пиењеќе го вршат ЈКП Дервен, ТППЕ, Црвениот Крст и републичките сили за заштита и спасување.

По завршување на заштитата и спасувањето од поплави, ангажираните интервентни единици и екипи, се распуштаат-се враќаат во својата база.

Процена на настанатите штети од непогодата ќе врши општинската комисија за процена на штети од природни непогоди и други несреќи и државната комисија за процена на штети од природни непогоди и други несреќи.

Санирање на последиците и штетите кои се настанати од природната непогода или друга несреќа, ќе се врши според посебни планови за санација.

За реализација на санацијата на настраданото подрачје (посебно санација на објектите за водоснабдување), општината ќе склучи договори со правните лица во постапка предвидена за време на природни непогоди и други несреќи.

Б.2.7. У ч е с н и ц и

Во заштитата и спсувањето од поплави ќе учествуваат :

- Градоначалникот на Општина Велес и неговите служби;
- ОШЗС-просторни сили за заштита и спасување на Општина Велес;
- ЈКП Дервен;
- ТППЕ-територијална професионална противпожарна единица;
- Претседателот и советот на урбаните и месните заедници во загрозените подрачја;
- Дирекција за заштита и спасување-подрачно одделение за заштита и спасување-Велес,со републичките сили за заштита и спасување;
- Министерството за здравство-санитарен и здравствен инспекторат;
- ЈЗУ за јавно здравство;
- ЈЗУ здравен дом;
- УХМР-управа за хидрометеоролошки работи;
- Ветеринарна станица во Велес;
- Ветеринарен инспектор;
- МВР-УВР-Велес;
- Министерството за земјоделие и шумарство (подрачно одделение за земјоделие и шумарство Велес);
- Министерсвото за животна средина и просторно планирање;
- Министерството за транспорт и врски;
- Министерството за одбрана-подрачно одделение Велес;
- Општинската организација на Црвениот Крст;
- Трговски друштва според склучен договор;и
- ЦУК-РЦУК Велес;и други.

Учесниците меѓусебно ќе ги усогласат активностите во своите планови.

П р е г л е д

на превентивни активности во спроведувањето на заштитата

и спасувањето од поплави во Општина Велес

МЗС	Вид на активности	извршители		рок
		Внатрешни	надворешни	
Заштита и спасување од поплави	Изработка на план за заштита и спасување од поплави-составен дел на ПЗСПНДН и редовно ажурирање на податоците во него	-одговорно лице -ОШЗС	-ДЗС-ПОЗС	31.10. 2015
	Определување на места и брегови на водотеците (реките Вардар, Тополка и Бабуна), каде најчесто се јавуваат излевања на водата и предвидување на најпотребни хидротехнички и други заштитни работи и мерки за брзо спречување на излевањето и нивно внесување во урбанистичките планови.	-Сектор за урба-низам,сообраќај и екологија -одговорно лице -ОШЗС	-МЖСПП -МТВ -ДЗС-ПОЗС	30.11. 2016
	Преиспитување на утврдените одбранбени линии (делници и сектори) за заштита од поплави вдолж водотеците во општината. Заради поволната конфикурација и кратката должина на реката Вардар и вливните реки од сливното подрачје, а за заштита на материјалните добра од поплави во критичните места, одбранбените линии вдолж водтеците во општината, преставуваат една делница,која е поделена на 3 сектори и 3 потсектори.	-Сектор за урба-низам,сообраќај и екологија -одговорно лице -ОШЗС	-МЖСПП -МТВ -ДЗС-ПОЗС	30.11. 2016
	Определување на места (пунктови) по должината на секторите,каде ќе се депонира потребниот заштитен материјал вдолж водотеците во општината, потребен за изведба на заштитни насипи,кои ќе го попречуваат брзото излевање на водите од коритото на водотеците.	-Сектор за урба-низам,сообраќај и екологија -одговорно лице -ОШЗС	-МЖСПП -МТВ -ДЗС-ПОЗС	30.11. 2016
	Определување-утврдување на хидротехнички и други заштитни мерки, за објектие во и покрај коритата и бреговите на водотеците (мостови, наноси од земја, дрва и друг материјал и други),кои го попречуваат течењето на големите води.	-Сектор за урба-низам,сообраќај и екологија -одговорно лице -ОШЗС	-МЖСПП -МТВ -ДЗС-ПОЗС	30.11. 2016
	Обележување (поставување на белеги) на плавните места од големите води,особено во урбаните делови на општината.	-СУСЕ -одговорно лице -ОШЗС	-МЖСПП -МТВ -ДЗС-ПОЗС	31.12. 2016
	Изработка и реализација на годишни акциони програми за чистење на коритатата на водотеците,заради овозможување на брз проток на големите води во коритатата на водотеците.	-СУСЕ -одговорно лице -ОШЗС	-МЖСПП -МТВ -ДЗС-ПОЗС	31.12. 2015
	Поставување на сензори за пратење на стабилноста на телото на браните (езеро “Младост“ и хидроакумулацијата “Лисиче“).	СУСЕ	Сопствениците на браните	31.12.

				2016
	Воспоставување на систем за алармирање во случај на рушење на браните (езеро “Младост“ и хидроакумулацијата “Лисиче“).	СУСЕ	Сопствениците на браните	31.12. 2016
	Поставување и одржување на водомерни места на реките Вардар, Тополка и Бабуна и на дождомерни места на територијата на општината.	СУСЕ	УХМР	31.12. 2015
	Пополнување на единицата за заштитата и спасувањето од поплави со персонал и материјални ресурси, според личниот и материјалниот состав.	-одговорно лице -сектор за финансии	-ДЗС-ПОЗС -МО-ПОО	31.12. 2015
	Пополнување на пунктовите за заштита (одбрана) од поплави со луѓе и материјални средства.	-одговорно лице -СУСЕ	-ЈКП Дервен -фирми според склучен договор	31.12. 2015
	Едуцирање (обучување) и оспособување на припадниците на единицата за заштитата и спасувањето од поплави, на членовите на пукнтовите за заштита од поплави и на членовите на екипите кои учествуваат во заштитата и спасувањето од поплави.	-одговорно лице -ОШЗС	-ДСЗ-ПОЗС-центар за обука	31.12. 2016
	Редовен тренинг, увежбување и потсетување, на припадниците на единицата за заштитата и спасувањето од поплави, на членовите на пукнтовите за заштита од поплави и на членовите на екипите кои учествуваат во заштитата и спасувањето од поплави.	-одговорно лице -ОШЗС	-ДСЗ-ПОЗС-центар за обука -останати учесници	постојано
	Обезбедување потребен минимум на персонални и материјални ресурси за функционирање на заштитата и спасувањето од поплави	-сектор за финансии	-ДЗС-ПОЗС -Трговски друштва	31.12. 2016
	Воспоставување на радио и телефонски врски со дежурните служби на браните и водомерните и дождомерните места			
	Запознавање-едуцирање на настраданото и загрозеното население за обврските кои ги имаат во заштитатаод поплави.	-ОШЗС -кабинет на градоначалникот	-ДЗС-ПОЗС -електронски медиуми	постојано

<u>Објаснување на скратениците</u>

МЗС-мерка за заштита и спасување

ПОЗС-ДЗС-Подрачно одделение за заштита и спасување-дирекција за заштита и спасување

ОШЗС-Општински штаб за заштита и спасување

СУСЕ-Сектор за урбанизам,сообракај и екологија

МЖСПП-Министерство за животна средина и просторно планирање

МО-ПОО-Министерство за одбрана-подрачна организациона единица Велес

УХМР-Управа за хидрометеоролошки работи

МТВ-Министерство за транспорт и врски

ПЗСПНДН-План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.

П р е г л е д

на оперативни активности за заштита и спасување

од поплави во Општина Велес

МЗС	Вид на активност	Учесници	
		Внатрешни	Надворешни
Заштита и спасување од поплави	**П р е д п о п л а в а т а (н а с т а н о т)**		
	Прв степен на загрозеност од поплави		
	Градоначалникот и одговорното лице ги анализаираат податоците за количеството на вода во водотеците во општината и по соствена проценка донесува одлука за прогласување на прв степен на загрозеност од поплави.	-градоначалник -одговорно лице	-УХМР -РЦУК -ДЗС-ПОЗС
	Го активира-мобилизирана општинскиот штаб за заштита и спасување и воспоставува-воведува дежурство.	-градоначалник -одговорно лице	Членовите на ОШЗС
	Воспоставување на постојан контакт (радио и телефонски врски) со одговорните и дежурните лица на водомерните и дождомерните места и браните на езерото „Младост“ и хидроакумулацијата „Лисиче“ и пратење на врнежите и протокот на вода во водотеците.	-ОШЗС -Одговорно лице	-УХМР-дежурни во водомерни и дождо-мерни станици -дежурни служби во брана езеро “Младост“ и хидроакумулација “Лисиче“
	Размена на податоци за подготвеноста на државните органи кои учествуваат во заштитата и спасувањето од поплави, и тоа : -министерството за животна средина и просторно планирање; -министерството за транспорт и врски; -министерството за земјоделие и шумарство (ПО); -управата за хидрометеоролошки работи-УХМР; -министерството за здравство-санитарен и здравствен инспекторат; -ЈЗУ за јавно здравство; -министерството за внатрешни работи-СВР Велес; -дирекцијата за заштита и спасување-ПОЗС Велес; -регионален центар за управување со кризи и други.	-Градоначалник -одговорно лице	-МЖСПП -МТВ -МЗШ-ПЕ Велес -УХМР -МЗ -СЗИ -ЈЗУ за јавно здравство Велес -МЖСПП -МВР -РЦУК-ЦУК -ДЗС-ПОЗС
	Втор степен на загрозеност од поплави (непосредна опасност од поплави)		
	На основа на добиените информации за количините на врнежите и на водите во водотеците во општината и прогнозата за очекуваниот пораст, општинскиот штаб за заштита и спасување,прогласува втор степен	градоначалникот	-УХМР -РЦУК

	на загрозеност од поплави и донесува одлуки и наредби за натамошното ангажирање на учесниците во заштитата од поплави.		
	Командантот на ОШЗС бара да се зајакне на дежурството во УХМР (дождомерни и водомерни станици) за Велешкото сливно подрачје и редовно да се доставуваат информации за количеството на водите во водотеците (јавувачки и почетни станици), за количеството на врнежите за наредните 12, 24и 48 часа.Информациите ќе се доставуваат во пократки интервали (на два до четири часа) и тоа директно во ОШЗС или преку РЦУК.	Командантот на ОШЗС	УХМР-дождомерни и водомерни станици
	Упатување на екипи за следење на водостојот на критичните места за излевање во секторите во кои се очекува излевање и за контрола на насипите кои се изведени вдолж критичните места.Екипите доставуваат редовно информации до општинскиот штаб за заштита и спасување.	-Командантот на ОШЗС -служби на градоначалникот -СУСЕ	-надлежни државни органи
	Предупредување на одговорните (дежурните) лица во браната на хидроакумулациониот систем “Лисиче“ и браната на езерото “Младост“,за можностите за зголемување на водостојот и препорачување и наложување на мерките кои треба да ги преземат	ОШЗС	дежурни служби во брана езеро “Младост“ и брана хидроакумулација “Лисиче“
	Во зависност од водостоите и протокот на водите во во водотеците и водостојот во хидроакумулациите езеро „Младост“ и „Лисиче“,се воспоставува режим на нивно празнење или сопирање на испуштањето на водата.	ОШЗС	Одговорните-дежурните лица
	Предупредување на одговорните лица во учесниците за заштита од поплави, за следење на состојбата и препорачување-наложување на мерки кои треба да ги преземат.	ОШЗС	Одговорните лица кај сите учесници
	Проверка на обезбедноста на местата за депонирање на заштитен материјал (пунктовите за заштита и спасување од поплави) со луѓе и предвидените материјали,опрема,алати и технички средства.	-ОШЗС -служби на градоначалникот -СУСЕ	Одговорните лица во пунктовите
	Проверка на состојбите во складовите од кои се зима материјал за поставување на насипи (песок,чакал, камења и др.)и вршење на подготовки за нивно користење и транспорт.	-ОШЗС -служби на градоначалникот -СУСЕ	Одговорните лица во складовите
	Подготвување на транспортните средства, механизацијата,алатот, материјалите и луѓето, кои се вклучени во правењето на насипи и другите активности за заштита и спасување од поплави.	СУСЕ	Одговорните лица во субјектите според склучен договор
	Активирање на пунктовите за заштита (одбрана) од поплави и започнување со изведба на заштитни насипи	-ОШЗС	Одговорнит елица во пунктовите
	Се отстрануваат предмети и објекти кои го попречуваат течењето на надојдените води	-ОШЗС -СУСЕ	-Персонал од пунктовите -ТД според склучен

			договор
Во процесот на математичката симулација на пропагацијата на поплавниот бран настанат при евентуалното рушење на браната „ЛИСИЧЕ" направена е геометриска дискретизација на речната долина со попречни профили на карта со размер 1.25 000. Изборот на профилите е извршен така да со нив се опишуваат топографските и морфолошките карактеристики на пошироката речна долина. Тоа се вкупно 66 профили на меѓусебно растојание од 100-500 метри, од кои 6 на делот од акумулацијата и 60 низводно од неа. Од овие профили за кои се одредени хидрауличките последици најзначајни се профилите км 21+000, км 26+000 (Н.Превалец) и км 31+000 (влив на р.Тополка во р.Вардар). Кај сите избрани профили речното корито на Тополка е засечено во дното на падините, јасно е оформено и често меандрира. Вкупната надморска висина што ја совладува р.Тополка од профилот на браната „ЛИСИЧЕ" до вливот во р.Вардар изнесува околу 220 метри што создава услови за релативно брзо истекување со изразити и неповолни хидраулички параметри. Меѓутоа, мора да се истакне фактот дека процесот на истекувањето се забавува заради влијанието на неколкуте стеснувања – клисури – кои предизвикуваат заезерување, односно задржување на волуменот на поплавниот бран во возводните равничарски делови, што пак се манифестира со зголемување на висината на поплавниот бран и намалување на времето и брзината на истекување.

Табела 1 Карактеристични профили

РОФИЛ	ОПИС/КАРАКТЕРИСТИКИ
м 21+000	Кај овој профил речната долина на р.Тополка на кратка должина нагло се стеснува (Пашин Мост). Тука се вкрстуваат клучните сообраќајни комуникации (патот и пругата) за Велес и Прилеп. Непосредно низводно од ова стеснување долината се проширува. На левата страна од ова проширување се лоцирани значајни стопански објекти (поранешните фабрики за свила и порцелан), а на десната страна се училишната зграда од с. Горно Оризари и локалниот затвор. На крајот од ова проширување на двата брега на р.Тополка расположена е насебата Превалец. Непосредно после неа р.Тополка со остра кривина влегува во клисурест дел, сé до вливот во р.Вардар. должината на оваа клисура е околу 5 км.
м 26+000	На левиот и десниот брег на р.Тополка е лоцирана населбата Превалец. На левата страна се железничката пруга и регионалниот пат Велес-Прилеп. Непосредно низводно од овој профил се наоѓа каменолом. На ова место р.Топлка влегува во големата клисура формирана од речиси вертикални падини на планината Бабуна и Камено Брдо.
м 31+000	Овој профил е на вливот на р.Тополка во р.Вардар и се наоѓа непосредно низводно оод Велес. Реката Вардар по излезот од Велес влегува во долг клисурест дел сé до вливот на река Бабуна. На десната стран од речната долина на р.Вардар е лоцирана железничката пруга и автопатот Скопје-Велес-Гевгелија.

Зони на плавење

Хидрауличните последици од евентуално рушење на браната „ЛИСИЧЕ” се определени со компјутерската програма COLLAPS (Поповска, 1981). Со овој математички модел се пресметуваат хидрауличките параметри на пропагацијата на поплавниот бран и тоа висина/длабочина, брзина и протоци кои можат да се јават во случај на ненадејно, моментно и целосно рушење на браната „ЛИСИЧЕ”.

Пресметаните максимални висини на поплавниот бран се основа за определување на зоните на плавење. На прегледната карта 1:25 000, претставена е долината на р. Тополка возводно и низводно од браната „ЛИСИЧЕ” и на неа се исцртани линиите на допирање на екстремниот поплавен бран за Варијанта 1, односно прикажани се максималните висини на бранот кои се пресметани во случај ако на рушењето на браната му предходи максимална кота на нивото во акумулацијата.

Хидрауличните последици од евентуално рушење на браната „ЛИСИЧЕ” се определени за почетните услови како во Табела 2.

Табела 2 Варијанти на испитувањата

ВАРИЈАНТА 1	● Кота на максимално ниво во акумулацијата ● Проток на река Тополка	425,12 m нв 380,00 m^3/сек
ВАРИЈАНТА 2	● Кота на нормално ниво во акумулацијата ● Суво корито на река Тополка	423,00 m нв 0 m^3/сек
ВАРИЈАНТА 3	● Кота на минимално ниво во акумулацијата ● Суво корито на река Тополка	381,00 m нв 0 m^3/сек

Резултатите од пресметувањата добиени за почетните услови во Варијантата 1 се со поголеми хидраулички последици од оние определени за Варијанта 2 и за Варијанта 3. Овие екстремни последици се искажани со поголеми висини на поплавниот бран, со покусо време на појавата на челото и максималните висини на браната и со поголема површина на плавење во долината низводно од браната. Заради ова, резултатите од пресметувањето за Варијантата 1 се меродавни за поставување на сигнализациона мрежа за заштита на населението.

<u>Анализа на зоните на плавење од аспект на можните последици</u>

Со анализа на резултатите од пресметувањата на хидрауличните последици од поплавниот бран настанат со евентуално ненадејно и целосно уривање на браната „ЛИСИЧЕ” може да се заклучи следното:

- Низводно од браната „ЛИСИЧЕ“ во долината на р.Тополка на подрачјето на Општина Велес директно на удар на поплавниот бран е изложена населбата Превалец, земјоделски површини под разни земјоделски култури, значајни стопански објекти (Порцеланка, Свилара), Основното училиште и локалниот затвор, регионалниот пат Велес-Прилеп, мрежата на локалните патишта потоа железничката пруга Велес-Прилеп во должина од околу 5 км.

- Низ клисурата која почнува на Населбата Превалец и се протега сé до вливот на р. Тополка во р. Вардар, нема населени места, сообраќајници, стопански објекти или земјоделски површини.

Во овој дел од речното корито на р.Тополка последиците се исклучиво хидраулички и обележување на линиите на допирање на екстремниот поплавен бран не е потребно. Процесот на истекување е забавен со што се создаваат поволни услови за евакуација на на населението низводно до вливот во р. Вардар.

● Вливот на р.Тополка во р.Вардар е изложен на поплавување со сите објекти што се лоцирани непосредно на брегот, како што се манастирот Св. Димитрија, железничката пруга и регионалниот пат Велес-Гевгелија, ф-ката „Димко Митрев“ и објекти и населението воблизината на вливот. Заради ова потребно е обележување на линиите на допирање на екстремниот поплавен бран долж реката Вардар возводно и низводно од вливот на р.Тополка.

Празнење на акумулацијата

Во случај на опасност по стабилноста на браната, опасност од рушење во воени услови или пак во услови на долготрајни врнежи и појава на катастрофални големи води со ретка повторливост за која акумулацијата и евакуационите органи на браната не се димензионирани, потребно е да се обезбедат **услови за празнење** на акумулацијата со точно пропишан режим на манипулација со затворачите на евакуационите органи, со цел да се намалат последиците од поплавниот бран во долината низводно.

Во случај кога на некоја од наведените опасности и предходи кота во акумулацијата пониска од нормалната кота 423,00 m нв, односно кота која е пониска од котата на преливниот раб, тогаш празнењето на акумулацијата е можно само преку темелниот испуст, односно низ експлоатационите цевководи чиј влез е сместен во тунелот на водозафатната кула. Со експлоатационите цевководи е можно празнење до котата 381,00 m нв, а празнењето под оваа кота до котата на прагот на влезната градба на темелниот испуст 375,00 m нв е можно само преку отворите на темелниот испуст.

Времето на празнење на акумулацијата низ темелниот испуст кој од водозафатната кула продолжува во експлоатационите цевководи Ц$_1$=914 mm и Ц$_2$=1120 mm, за среден повеќегодишен доток на р. Тополка од Q_{sr}= 1,38 m^3/s, изнесува 18,66 дена, за доток 2Q_{sr} времето на празнење се зголемува на 23,66 дена, а за доток од 3Q_{sr} празнењето се извршува за 23,17 дена.

Оперативен план за известување и тревожење

Автоматското известување и тревожење на населението е основа за спроведување на оперативниот план за известување и тревожење на населението со диригирана команда. Во оперативниот план се предвидува состојба **ГОТОВНОСТ** и состојба **ОПШТА ТРЕВОГА.**

Состојба на **ГОТОВНОСТ** се организира во следните случаеви:

- Кога нивото на водата во акумулацијата ја постигне котата 423,00 m нв (максимална кота 425,12m нв) со тенденција за понатамошно покачување.

- Кога со мерење се констатира дека порастот на деформациите од вертикалното слегнување и хоризонталното поместување не престанува да се намалува во текот на времето. Во ваков случај се формира комисија која ќе ги испита причините за ваквата состојба.

- Кога ќе се регистрира земјотрес од овластени институции за следење на сеизмичките состојби.

- Кога при прегледот од предходната состојба се констатираат одредени промени. Во ваков случај се свикува стручна комисија која по сопствена проценка ќе прогласи состојјба на **ГОТОВНОСТ**.

Службата за набљудување на браната може и сама да прогласи состојба на **ГОТОВНОСТ,** доколку забележи поместување на браната.

- Кога ќе се забележи константно зголемување на филтрацијата на водата низ браната, под браната или филтрираната вода добие карактеристична боја.

- Други непредвидени појави кога корисникот на објектот и службата за набљудување констатира дека е загрозена стабилноста на браната.

Состојбата на **ОПШТА ТРЕВОГА** за подрачјето низводно од браната се прогласува во следните случаи:

- Кога оперативната служба на објектот ќе утврди дека не може да се задржи нивото во акумулацијата на максимално дозволеното ниво од 425, 12 м нв затоа што дотокот во акумулацијата е поголем од ретензионата способност на акумулацијата и од капацитетот на евакуационите преливни органи.

- Комисијата што ги испитува последиците од земјотресот ќе инсистира да се прогласи **ОПШТА ТРЕВОГА.**

- Кога комисијата што ги испитува причините за манифестираните хоризонтални и вертикални по- местувања на браната ќе констатира дека треба да се прогласи **ОПШТА ТРЕВОГА.**

- Кога видливо ќе се зголеми филтрацијата на водата на браната и нејзиното оштетување од оваа појава.

- Во сите други случаи, воени, природни катастрофи и слично, кога ќе се оцени дека постои непосредна опасност од рушење на браната.

- Општата тревога ја огласува задолжено лице од местото на браната.

Во услови на опасност од војна, надлежен државен орган донесува одлука за прогласување на **ОПШТА ТРЕВОГА** и за спуштање на нивото во акумулацијата. На знакот **ОПШТА ТРЕВОГА** населе- нието од загрозеното подрачје се евакуира во зоните над обележаната линија на допирање на екстремниот поплавен бран, односно над котата на бетонските белеги и таму останува сé додека трае опасноста.

<u>Висина на поплавниот бран</u>

За почетните услови во акумулацијата „ЛИСИЧЕ" и речното корито на р. Тополка низводно од браната пресметани се висините на поплавниот бран и се претставени во Табела 5.

Табела 5

рофил	дно	**Максимална висина и длабочина на поплавниот бран**					
		ВАРИЈАНТА 1		ВАРИЈАНТА 2		ВАРИЈАНТА 3	
km)	m нв)	m нв)	m)	m нв)	m)	m нв)	m)
1+000	12	23,67	1,67	22,40	0,40	15,71	,71
6+000	90	02,93	3,76	01,51	1,51	93,15	,15
1+000	55	61,87	,87	60,65	,65	57,33	,33

<u>Време на појавување на челото и максималните висини на бранот</u>

Во случај на рушење на браната „ЛИСИЧЕ" директно на удар на поплавниот бран се сите населени места, стопански објекти, железничката и патната инфраструктура и обработливата земјоделска површина. Пресметаните резултати за челото на бранот прикажани се во Табела 6 го покажуваат најкусото време време на појавување на челото на бранот во условите на Варијанта 1.

Табела 6

Профил	Време на појавување на челото на бранот					
	ВАРИЈАНТА 1		ВАРИЈАНТА 2		ВАРИЈАНТА 3	
	ЧЕЛО	ЧЕЛО	t ЧЕЛО	ЧЕЛО	t ЧЕЛО	t ЧЕЛО
(km)	s)	min)	(s)	min)	(s)	(min)
21+000	620	7,00	1730	8,83	2570	42,83
26+000	440	0,66	2860	,66	4230	70,50
31+000	510	5,16	4900	1,66	6500	108,33

Табела 7

Профил	Време на појавување на максимална висина на бранот					
	ВАРИЈАНТА 1		ВАРИЈАНТА 2		ВАРИЈАНТА 3	
	MAX	t_{MAX}	t_{MAX}	t_{MAX}	t_{MAX}	t_{MAX}
(km)	s)	(min)	(s)	(min)	(s)	(min)
21+000	740	29,00	2100	35,00	200	63,33
26+000	050	50,83	3680	61,33	050	88,33
31+000	800	96,66	6400	106,66	10550	175,00

<u>Брзина на пропагација на челото на браната</u>

Брзината на пропагација на челото на бранот се определува со времето на појавување на челото на бранот и за профилите е прикажан во Табела 8.

рофил	Растојание од браната	Брзина на пропагација на челото на бранот					
		ВАРИЈАНТА 1		ВАРИЈАНТА 2		ВАРИЈАНТА 3	
		ЧЕЛО	ЧЕЛО	ЧЕЛО	ЧЕЛО	ЧЕЛО	ЧЕЛО
km)	(m)	m/s)	km/h)	m/s)	km/h)	m/s)	km/h)
1+000	19350	1,94	3,00	1,18	0,26	,53	7,10
6+000	24350	,97	5,92	,51	0,65	,75	0,72
1+000	29350	,50	3,40	,99	1,56	,51	6,25

Заклучоци

Со анализата на резултатите од пресметувањата на хидрауличките последици од ненадејно рушење на браната „ЛИСИЧЕ” моше да се заклучи следното:

1. Ако рушењето на браната е ненадејно, моментално и целосно и ако на тоа му предходат условите во акумулацијата и речното корито низводно од Варијантата 1, односно ако на рушењето му претходи максимална кота на нивото во акумулацијата 425,12 m нв и максимален проток од преливните води 380 m^3/s во речното корито низводно, тогаш последиците по населението и материјалните добра во долината низводно се најтешки, а зоната на плавење е најголема.

2. Поплавниот бран настанат со ненадејно и целосно рушење на браната има голема хидродинамичка сила и се пропагира како бран со изразито стрмно чело/фронт кој има големо разурнувачко дејство.

3. Ако нивото во акумулацијата „ЛИСИЧЕ” е на нормална кота 423,00 m нв, висините на поплавниот бран, проточните количини и брзината на пропагација незначително се намалуваат, а последиците по населението и материјалните добра сè уште се катастрофални.

4. Хидрауличките последици се најмали ако пред рушењето котата на нивото на акумулацијатта е спуштена на минималната работна кота 381,00 m нв. Во овој случај висините на поплавниот бран, проточните количини и брзината на пропагацијата се многу помали, а со тоа и последиците кои се манифестираат и со најмала зона на плавење.

5. Последиците заради поплавувањето се тешки и заради фактот што двете клисури низ кои минува речното корито на р.Тополка, малата низводно од Н.Чашка и големата низводно од Н.Превалец, значително го забавуваат процесот на истекување ии го продолжуваат времето на појавување и траење на максималните висини на поплавниот бран. Ова условува заезерување на ослободениот волумен на водата од резервоарот на браната во рамничарските делови возводно од стеснувањата (клисурите) со што стеснувањата функционираат како контролни профили низ кои речиси стационарно се празнат заезерените рамничарски делови. Имајќи во предвид дека целиот терен низводно од браната и рамничарскиот и планинскиот се обработливи површини и основна стопанска дејност на населението, следува заклучокот дека последиците ќе бидат по населението и по стопанскиот развој на регионот.

6. За населението на сите населени места, како и за објектите и сообраќајниците непосредно на бреговите на р.Тополка, последиците ќе бидат катастрофални доколку тревогата се објави после рушењето на браната. Имајќи го во предвид времето на појавувањето на челото на бранот и неговата максимална висина, можно е преземање на потребни мерки за заштита на населението само ако во случај тревогата се објави пред рушењето на браната. Ова може да се обезбеди само доколку состојбата на браната и теренот на делот од акумулацијата

непрекинато се набљудува. За заштита на материјалните добра и објектите не е можно да се преземат речиси никакви мерки на заштита.

7. Ако се има предвид висината на браната „ЛИСИЧЕ” (78 м) и волуменот на водата што се задржува во акумулацијата (24,8 милиони м^3), како и природните карактеристики на речното корито и пошироката долина на р. Тополка со притоките може да се констатира дека долината низводно од браната е изложено на голема опасност од поплавување, разурнување и еродирање на плодното обработлииво земјиште. Рамничарскиот дел од долината е изложен на поплавување и при појава на катастрофални природни протоци, како и во услови на работа на преливниот орган со максимален капацитет, односно во услови на евакуација на водата од акумулацијата.

8. Пресметаните хидраулички последици во долинната низводно од браната „ЛИСИЧЕ” по населението, објектите и земјоделските површини се најнеповолни и екстремни. Меѓутоа, ако се има предвид дека браната е насипна, нејзиното ненадејно, моментално и целосно рушење е речиси невозможно. Ослободувањето на профилот на браната во случај на рушење сигурно ќе биде деллумно и парцијално, па така пресметаните хидраулички последици по однос на висината на поплавниот бран, максималните проточни количини, максималните брзини на течење, како и брзината на пропагацијата и времето на појавувањето на челото на бранот во долината низводно од браната, сигурно е дека ќе бидат помали.

БРАНА ЛИСИЧЕ
населба ЧАШКА
с.ГОЛОЗИНЦИ

ПРЕГЛЕДНА КАРТА

НА АКУМУЛАЦИЈАТА И ПОДРАЧЈЕТО НИЗВОДНО ОД БРАНАТА

Акциски план за чистење и уредување на речните корита во Македонија во 2015 година

Ред бр	Општина	Потег; Стационажа	Вкупно побарана количина	Вкупна количина	Одобрено во литри
1	**Општина Кичево**				
	Река Темница-Зајашка L=4500m	с.Црвивци возводно по р.Темница и р.Зајашка до градска депонија- Кичево	8800л еуро дизел +180 л бензин	**13.200 литри**	**12.000**
2	**Општина Зрновци**				
	Река Видовишка L=2000m	м.в ,,Под селото,, кон влив во река Брегалница	2440л еуро дизел + 100 л бензин	**35.330 литри**	**12.000**
3	**Општина Радовиш**				
	Ступница река L=1500m		2320 еуродизел + 5 бензин	**67.890 литри**	**16.000**
4	**ВС Струмичко Поле**				
	Река Водочница L=12000m	Струмица км 0+000,00 - км 12+000,00	80 000 еуро дизел	**768.380 литри**	**30.000**
5	**Општина Лозово**				
	Река Азмак L=4000m	од с. Коселари до влив во Светиниколска река	8500 еуро дизел + 40 бензин	**8.540 литри**	**4.000**
6	**Општина Боговиње**				
	Река во н.м. Долно Палчиште, L=7000m	низводно од Регионалниот пат Тетово - Пирок - Гостивар	16100 еуро дизел + 40 бензин	**63.220 литри**	**20.000**
7	**Општина Кривогаштани**				
	Крушевска река L=2500m	км 0+000,00 - км 2+500,00 од мост во с. Врбоец-низводно	6300 еуро дизел + 50 бензин	**8.540 литри**	**8.000**
8	**Општина Неготино**				

	Војшанска река L=1000m	во опфат на населено место	6100 еуро дизел	**16.695 литри**	**12.000**
9	**Општина Ѓорче Петров**				
	Река Лепенец L=6000m	км 0+000 до км 6+000, место викано Орман-Волково-Ново Село	88000 еуро дизел + 400 бензин	**108.700 литри**	**8.000**
10	**Општина Теарце**				
	Река Одранска L=3000 m	с. Одри	5500 еуро дизел + 50 бензин		
	Река Слатинска L=3000 m	с. Слатина	5500 еуро дизел + 50 бензин		
	Река Габровница L=4000m	с. Одри	7150 еуро дизел + 60 бензин		
	Река Бистрица L=5000m	с. Теарце и с. Пршовце	8100 еуро дизел + 65 бензин		
	Река Непроштенска L=3000m	с. Непроштено	5500 еуро дизел + 50 бензин		
	Река Поника L=2000m	с. Доброште	5500 еуро дизел + 50 бензин	**37.575 литри**	**8.000**
11	**Општина Брвеница**				
	Река Боговинска L=3000m	од Радиовце до слив во река Вардар	6920 еуро дизел + 240 бензин	**20.520 литри**	**12.000**
12	**Општина Чешиново Облешево**				
	Бугарски канал и Канали во Теранци, Облешево, Чифлик и Кучичино			**179.271 литри**	**24.000**
13	**Општина Крива Паланка**				
	Крива река L=13000m		12420 еуро дизел + 200 бензин	**24.320 литри**	**12.000**
14	**ВС Берово - Берово**				

	Порој Скендерски Андак L=1000m	од црквата св.Илија до уливот во река Брегалница	2800 еуро дизел	**210.580 литри**	**20.000**
15	**ЈПВ Лисиче -Велес**				
	Река Тополка L=700m	до 10+870 ; 12+000 до 12+350; 12+450 до 12+500; 12+600 до 12+750; 12+900 до	3833 еуро дизел + 80 литри бензин	**3.913 литри**	**4.000**
16	**Општина Ранковце**				
	Река Блидешка L=200m	кај АБЦ Пропусти-возводно и низводно 200 м.	2000 еуро дизел	**14.500 литри**	**12.000**
17	**Општина Босилово**				
	Река Водочница L=7183m	км 0+744 - км 7+927			**24.000**
18	**Општина Демир Капија**				
	Река Бошавица L=2700m	км 0+000 - км 2+700	32190 еуро дизел +50 бензин	**47.545 литри**	**12.000**
19	**Општина Чашка**				
	Река Бањичка			**32.163 литри**	**8.000**
20	**Општина Богданци**				
	Река Луда Мара L=2100m	од км 0+870 до км 2+951	12930 еуро дизел +100 бензин	**13.030 литри**	**4.000**
21	**Општина Зелениково**				
	Зелениковски дол L=400m	од с. Зелениково до влив во река Вардар	250 еуро дизел + 15 бензин	**9.885 литри**	**4.000**
22	**Општина Кратово**				
	Река Дрзава	маала Тотевци до влив во Крива река	13200 еуро дизел + 100 бензин	**64.920 литри**	**20.000**
23	**ВС Битолско поле**				
	Река Шемница L= 6000m	од км. 6+000 до км.12+200	16500 еуро дизел +180 бензин	**266.680 литри**	**60.000**
24	**Општина Ресен**				
	Дел од водотекна Лева Река L=2800m	од над с. Лева река до влив во Голема река	176 еуро дизел +72 бензин	**37.273 литри**	**20.000**
25	**Општина Јегуновце**				

	Река Вардар L=7000m	делници 1-5	13620 еуро дизел	**16.020 литри**	**16.000**
26	**Општина Карбинци**				
	Река Козјачка L=2500m	над село Карбинци до вливот во река Брегалница	13300 еуро дизел	**73.690 литри**	**20.000**
27	**Општина Виница**				
	Виничка река L=1500m	км 0+000 - 1+500	2850 еуро дизел	**49.795 литри**	**12.000**
28	**ВС Јужен Вардар-Гевгелија**				
	Петрушка река L=2600m	Општина Гевгелија км 0+000 - 2+600	17875 еуро дизел + 660 бензин	**126.370 литри**	**20.000**
29	**Општина Желино**				
	Река Поројска L=2600m	од с.Требош, Палатица до с.Озурмиште	9750 еуро дизел + 180 бензин	**9.930 литри**	**8.000**
30	**Општина Врапчиште**				
	Топличка река	3 км приоритет за чистење с. Топлице и с. Добридол			**8.000**
31	**ВС Скопско Поле**				
	Река Лепенец L=500m	км.3+600 до км.4+100 с. Орман	12000 еуро дизел + 85 бензин	**94.225 литри**	**20.000**
32	**ЈП СТРЕЖЕВО Битола**				
	Лажечки ливади L=2800m			/	**4.000**
33	**ВС Брегалница Кочани**				
	Река Брегалница L=4200m	од Модар мост до гумена преграда кај с. Карбинци	54000 еуро дизел + 1200 бензин	/	**24.000**
34	**Општина Струга**				
	Река Сатеска L=6050m	А-Б - 250 метри, Б-В-1500 метри, В-Г-2000 метри , Г-Д - 2300 метри	47800 еуро дизел	**83.960 литри**	**12.000**
35	**Општина Долнени**				
	Канал Рибник L=1000m		нејасно наведено	**7.730 литри**	**4.000**
36	**Општина Велес**				
	Река Вардар L=304m	м.в.под мостот кај Башино село на овој потег издадена дозвола за песок и чакал	6000 еуро дизел + 1000 бензин	**17.500 литри**	**8.000**

37	**Општина Петровец**				
	Река Пчиња L=100m	од мост во Бадар по течение на река	1300 еуро дизел +20 бензин	**13.000 литри**	**12.000**
38	**Општина Охрид**				
	Река Грашница L=500m		700 еуро дизел +220 бензин	**8.000 литри**	**8.000**
39	**Општина Могила**				
	Река Шемница L=9000m	од влив во река Црна - возводно	17460 еуро дизел	**76.810 литри**	**24.000**
40	**ВС Радовишко Поле**				
	Стара река L=300m		4550 еуро дизел +30 бензин	**39.960 литри**	**8.000**
41	**Општина Пробиштип**				
	Киселичка река L=1650m	локација с.Пробиштип , пред Стермош , пред Петршино	2000 еуро дизел	**11.000 литри**	**8.000**
42	**Општина Штип**				
	Река Судичка L=500m	км 0+0000 - км 0+0500м	400 еуро дизел	**80.000 литри**	**24.000**
43	**Општина Липково**				
	Матејачка река L=1400m	средина на с.Матејче	3675 еуро дизел +40 бензин	**21.000 литри**	**12.000**
44	**Општина Чучер Сандево**				
	Река Побушка		350 еуро дизел	**4.150 литри**	**4.000**
45	**ВС Кумановско Липковско Поле**				
	Река Отљанка L=1000m	Општина Липково - с.Отља	2700 еуро дизел +100 бензин	**68.380 литри**	**20.000**
46	**ВС Тиквеш Кавадарци**				
	Дол Изворите L=1815 m	Општина Кавадарци - дол Изворите L=1815 m	1018,5 еуро дизел	**24.000 литри**	**20.000**
47	**Општина Прилеп**				
	делница на река Дабничка L=1500m	горен ток низводно L=1500m	5300 еуро дизел +40 бензин	**21.000 литри**	**16.000**
48	**Општина Тетово**				
	Река во с.Порој L=1100 m		7562 еуро дизел	**37.500 литри**	**20.000**

49	**Општина Гевгелија**				
	река Мрзенска L=3500m	км 2+500 до км 6+000	15075 еуро дизел +450 бензин	**40.000 литри**	**20.000**
50	**Општина Росоман**				
	Река Стара чешма L=500m		520 еуро дизел +10 бензин	**2.100 литри**	**4.000**
51	**Општина Бутел**				
	Река Радишанска L=4000m		5500 еуро дизел +50 бензин	**5.550 литри**	**4.000**
52	**Општина Струмица**				
	Речен поој Крушевска Република L=3000m	од каскада до река Тркања	33200 еуро дизел	**200.000 литри**	**32.000**
53	**Општина Македонска Брод**				
	Река Сланштица L=800 m	делница1 -од влезот на механичарката болница на ЈП Македонски шуми до влив во реката Треска	200 еуро дизел	**2.200 литри**	**4.000**
54	**Општина Крушево**				
	Река Црна L= 3000m	стационажа с.Бучин	13000 еуро дизел +100 бензин	**13.100 литри**	**8.000**
55	**Општина Карпош**	информираат дека чистењето на речните корита се во надлежност на град Скопје			
56	**Општина Вевчани**				
	Вевчанска Река L=1460 m		70 еуро дизел + 42 бензин	**150 литри**	
57	**Општина Дојран**				
	Црни поток L=600M		4700 еуро дизел +140 бензин	**18.000 литри**	**4.000**
58	**Општина Кавадарци**				
	Река Овчка L=1100m		2200 еуро дизел +90 бензин	**11.000 литри**	**8.000**
59	**Општина Центар Жупа**				
	Река Бајрамовска L=900m		3700 еуро дизел + 50 бензин	**17.000 литри**	**8.000**
60	**Општина Новаци**				

	Црна река L=2000m		20000 еуро дизел	20.000 литри	20.000
61	**Општина Пласница**				
	Река Стрмошница L= 2000 m		400 еуро дизел	49.885 литри	20.000
62	**Општина Сарај**				
	Арнакијска река			5.800 литри	4.000
63	**Општина Гази Баба**				
	Река Црешевска L=4850m		4450 еуро дизел + 96 бензин	4.500 литри	4.000
64	**ВС Прилепско Поле**				
	Строшка река L=2600m	Општина Долнени стационажа км 0+000,00 до км 2+600,00	12350 еуродизел +480 бензин	83.460 литри	24.000
65	**Општина Кочани**				
	Одводен канал с.Прибачево и с.Оризари L=5000m		8200 еуро дизел	40.000 литри	20.000
66	**Општина Демир Хисар**				
	Река Канал L=2200 m	кај село Жван	3000 еурое дизел + 20 бензин	42.600 литри	20.000
67	**Општина Македонска Каменица**				
	Гумен дол и Грчки дол L=800m	стационажа 0+500 и 0+300 од вливот возводно	1300 еуро дизел	7.500 литри	4.000
68	**Општина Битола**				
	Река Раштанска L=3400m		4682 еуро дизел +140 бензин	24.243 литри	8.000
69	**Општина Ново Село**				
	Порој Колешино с.Колешино L=500m		1650 еуро дизел +50 бензин	24.000 литри	12.000
70	**Општина Илинден**				
	Сува река L=4000m	с. Миладиновци км 0+000 - км 4+000	5760 еуро дизел + 125 бензин	12.840 литри	8.000
71	**Општина Берово**				
	Река Ратевска L=800m	м.в.Кацарица	1560 еуро дизел +130 бензин	6.000 литри	4.000
72	**Општина Старо Нагоричане**				

	Река Петрошница L=1000m	од мост на пат М-2 Стрезовце до влив во река	1047 еуро дизел +12 бензин	**1.100 литри**	**8.000**
73	**Општина Валандово**				
	Анска река L=6590 m	4+900-11+490	16500 еуро диз+500 бензин	**72.500 литри**	**20.000**
74	**Општина Делчево**				
	река Балабанска L=1500m	Балабанска маало до пропуст на локален пат	1000 еуро дизел	**24.000 литри**	**12.000**
75	**Општина Куманово**				
	Липковска река L=1000m	градски стадион до автопат	9800 еуро дизел +200 бензин	**23.500 литри**	**12.000**
76	**Општина Дебарца**				
	Врбјанска река L=3000m	с.Врбјани до влив на река Сатеска	3000 еуро дизел +200 бензин	**34.500 литри**	**12.000**
77	**Општина Сопиште**				
	Река Брзовец L=1000m		800 еуро дизел +30 бензин	**3.300 литри**	**4.000**
78	**Општина Кисела Вода**				
	Црн канал L=3200m		490 049 денари		
	Река Мала Рада и Усјански канал		3208882 денари	/	**4.000**
79	**Општина Конче**				
	Конечка река L=500m	м.в Дединска река	2500 еуро дизел +50 бензин	**2.500 литри**	**4.000**
80	**ВС Полог Гостивар**				
	Река Вардар L=500m	Општина Јегуновце, селата Раотинце , Копанце и Туденце	380 980 денари		
	Река Маздрача L=500m	Општина Врапчиште,	358 650 денари	/	
81	**Општина Василево**				
	Река Турија L=1500m	од мост во Доброшинци низводно кон село Пиперево		**30.500 литри**	**16.000**
82	**Општина Студеничани**				
	Маркова река L=2500m		4850 еуро дизел + 100 бензин	**29.175 литри**	**8.000**
	Армија на Република Македонија				**18.000**
				Вкупно =	**1.056.000**

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Наш број 13-7241/2

ДО: Министерство за животна средина
и просторно планирање
булевар "Гоце Делчев " бб

1000 Скопје

Велес,

01 Октомври 2014 год.

Предмет: **Акционен план за чистење на речните корита во 2015 година за Општина Велес**

Почитувани,

Врз основа на доставеното известување од Министерство за животна средина и просторно планирање со број 11-9639/1 од 18.09.2014 (наш број 14-7241/1 од 23.09.2014 година) Ви ги доставуваме предлог локациите за чистење на водотеци и заштита од поплави на територија на Општина Велес .

1.На потегот од спортскиот терен на Економското училиште до објектот на НВО на улица Трајко Панов должина од приближно 152м, широчина променлива од 0 до 20м и височина 1,7м за што е потребно 3.585 литри нафта.

2.На делот каде се влива потокот во реката Вардар во должина од приближно 69м, широчина 10м и височина 1м за што е потребно 2.151 литри нафта.

3.Возводно од мостот на Башино село должина од приближно 306м, широчина 10м и височина 1,5м за што е потребно 11.180 литри нафта

4.Низводно од мостот на Башино село приближно 304м, широчина 10м и височина 1,5м за што е потребно 11.180 литри нафта

5.Низводно од мостот на Башино село приближно 304м, широчина 10м и височина 1,5м за што е потребно 11.180 литри нафта

Прилог:Табеларен приказ за сите пет локации со ситуација

Со почит,

ОПШТИНА ВЕЛЕС
Сектор за урбанизам,заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај патишта, локален економски развој и информатичка технологија
Раководител на одделение за општи и правни работи и месна самоуправа
По овластување
Елизабета Јовчевска

изготвил:СД

одобрил:КН

Потег Островче Трајко Андреев
Табела
Река Вардар Должина 152м место викано потег под железен мост

Ред. број	Активност	Количина	Механизација	Извршители	Време (денови)	Еуродизел (литри)	Бензин (литри)	Денари	Забелешка
1	Сечење на вегетација со моторни пили и извлекување на истата на брегот од реката и подобрување на еколоошкиот амбиент	152 метри	1 моторна пила	1 сечач 1 извлекувач	5 дена		5 денах1 х50л/ден = 250 литри	За сечач 5х1500х1= 7.500ден За работник 5х800х1= 4.000ден Вкупно: 29 625	
2	Машински ископ на нанос, комунален и градежен отпад со проширување и продлабочување на речното корито	152 метри	1 багер сајлаш со стрела од 8 метри	1 машинист 1 помошник	5 денови	5 денах1 х100л/ден= 500литри		За багерист 5х1500х1= 7.500ден За работник 5х800х1= 4.000ден Вкупно 47 750	
3	Разастирање на материјалот формирање на насипите	152 метри	1 булдожер	1 машинист	5 денови	5 денах1 х100л/ден= 500литри		За багерист 5х1500х1= 7.500ден Вкупно: 43 750	

4	Транспорт на ископот со камиони на депонија до 15 км и исечени дрва до склад во ЈКП Дервен	50 тури	2 камиони	2 возачи 2општи работници	5 денови	5 денах2 x100л/ден= 1.000литри		За возач 5x1500x2= 15.000ден За работник 5x800x2= 8.000ден Вкупно: 95.500,00ден	
Вкупно					20 денови	2.000	250	216.625	

Потребни средства за мазива, масла, ситни поправки, сервиси и друго 20 % од вкупната цена односно 43 325 или вкупно 259 950 денари, односно 3.585 литри нафта.

Финансиски средства за надоместок на ангажирани лица

- Управувач на градежна машина-машинист ----------1.500,00 денари/ден;
- Помошник на управувач на градежна машина-помошник машинист ----------1.500,00 денари/ден;
- Возач на камион/трактор ----------1.500,00 денари/ден;
- ракувач со моторна пила-сечач ----------1.500,00 денари/ден;
- Управувач на влекач со платформа----------1.500,00 денари/ден;
- Управувач со цистерна за гориво ---------- 1.500,00 денари/ден;
- Чувар на механизација на објект/општ работник---------- 800,00 денари/ден


Data SIO, NOAA, U.S. Navy, NGA, GEBCO
© 2011 Google
© 2011 Europa Technologies

Потег влив на Потокот во Вардар
Табела
Река Вардар Должина 69м
место викано потег Потокот

Ред. број	Активност	Количина	Механизација	Извршители	Време (денови)	Еуродизел (литри)	Бензин (литри)	Денари	Забелешка
1	Сечење на вегетација со моторни пили и извлекување на истата на брегот од реката и подобрување на еколоошкиот амбиент	69 метри	1 моторна пила	1 сечач 1 извлекувач	3 дена		3 денах1 х50л/ден = 150 литри	За сечач 3х1500х1= 4.500ден За работник 3х800х1= 2.400ден Вкупно: 17.775	
2	Машински ископ на нанос, комунален и градежен отпад со проширување и продлабочување на речното корито	69 метри	1 багер сајлаш со стрела од 8 метри	1 машинист 1 помошник	3 денови	3 денах1 х100л/ден= 300литри		За багерист 3х1500х1= 4.500ден За работник 3х800х1= 2.400ден Вкупно: 28.650	
3	Разастирање на материјалот формирање на насипите	69 метри	1 булдожер	1 машинист	3 денови	3 денах1 х100л/ден= 300литри		За багерист 3х1500х1= 4.500ден Вкупно: 26.250	

4	Транспорт на ископот со камиони на депонија до 15 км и исечени дрва до склад во ЈКП Дервен	25 тури	2 камиони	2 возачи 2општи работници	3 денови	3 денах2 x100л/ден= 600литри		За возач 3x1500x2= 9.000ден За работник 3x800x2= 4.800ден Вкупно: 57.300,00ден	
Вкупно					12 денови	1.200	150	129.975	

Потребни средства за мазива, масла, ситни поправки, сервиси и друго 20 % од вкупната цена односно 25 995 или вкупно 155 970 денари, односно 2.151 литри нафта.

Финансиски средства за надоместок на ангажирани лица

- Управувач на градежна машина-машинист ----------1.500,00 денари/ден;
- Помошник на управувач на градежна машина-помошник машинист ----------1.500,00 денари;ден;
- Возач на камион/трактор ----------1.500,00 денари/ден;
- ракувач со моторна пила-сечач ----------1.500,00 денари/ден;
- Управувач на влекач со платформа----------1.500,00 денари/ден;
- Управувач со цистерна за гориво ---------- 1.500,00 денари/ден;
- Чувар на механизација на објект/општ работник---------- 800,00 денари/ден


Мариан Тито
Old Bridge
Data SIO, NOAA, U.S. Navy, NGA, GEBCO
© 2011 Google
© 2011 Europa Technologies
Streaming 100%
Орден Цинот
69 m
elev 159 m

Потег од мостот на Башино село нагоре –табела
Река Вардар Должина 306м
место викано потег Над мостот за Башино село

Ред. број	Активност	Количина	Механизација	Извршители	Време (денови)	Еуродизел (литри)	Бензин (литри)	Денари	Забелешка
1	Сечење на вегетација со моторни пили и извлекување на истата на брегот од реката и подобрување на еколоошкиот амбиент	306 метри	2 моторни пили	2 сечачи 2 извлекувачи	10 дена		10 дена x2 x50л/ден = 1.000 литри	За сечач 10x1500x2= 30.000ден За работник 10x800x2= 16.000ден Вкупно: 118 500	
2	Машински ископ на нанос, комунален и градежен отпад со проширување и продлабочување на речното корито	306 метри	2 багери сајлаш со стрела од 8 метри	2 машинисти 2 помошници	10 денови	10 денах2 x100л/ден= 2.000литри		За багерист 10x1500x2= 30.000ден За работник 10x800x2= 16.000ден Вкупно: 191 000	
3	Разастирање на материјалот формирање на насипите	306 метри	2 булдожери	2 машинисти	10 денови	10 денах2 x100л/ден= 2.000литри		За багерист 10x1500x2= 30.000ден Вкупно: 175.000	
4	Транспорт на ископот со камиони на депонија до 15 км и исечени дрва до склад во ЈКП Дервен	100 тури	2 камиони	2 возачи 2 општи работници	10 денови	10денах2 x100л/ден= 2.000литри		За багерист 10x1500x2= 30.000ден За работник 10x800x2= 16.000ден Вкупно: 191.000,00 ден	

Вкупно	40 денови	6.000	1.000	675.500	

Потребни средства за мазива, масла, ситни поправки, сервиси и друго 20 % од вкупната цена односно 135 100 или вкупно 810 600 денари, односно 11.180 литри нафта.

Финансиски средства за надоместок на ангажирани лица

- Управувач на градежна машина-машинист ----------1.500,00 денари/ден;
- Помошник на управувач на градежна машина-помошник машинист ----------1.500,00 денари;ден;
- Возач на камион/трактор ----------1.500,00 денари/ден;
- ракувач со моторна пила-сечач ----------1.500,00 денари/ден;
- Управувач на влекач со платформа----------1.500,00 денари/ден;
- Управувач со цистерна за гориво ---------- 1.500,00 денари/ден;
- Чувар на механизација на објект/општ работник---------- 800,00 денари/ден


Vardarska
Data SIO, NOAA, U.S. Navy, NGA, GEBCO
© 2011 Google
© 2011 Europa Technologies
306 m
1°44'29.57" N 21°45'36.43" E elev 163 m

Потег од мостот на Башино село надоле островце – табела
Река Вардар Должина 304м место викано потег под мостот на Башино село

Ред. број	Активност	Количина	Механизација	Извршители	Време (денови)	Еуродизел (литри)	Бензин (литри)	Денари	Забелешка
1	Сечење на вегетација со моторни пили и извлекување на истата на брегот од реката и подобрување на еколоошкиот амбиент	304 метри	2 моторни пили	2 сечачи 2 извлекувачи	10 дена		10 дена x2 x50л/ден = 1.000 литри	За сечач 10x1500x2= 30.000ден За работник 10x800x2= 16.000ден **Вкупно: 118 500**	
2	Машински ископ на нанос, комунален и градежен отпад со проширување и продлабочување на речното корито	304 метри	2 багери сајлаш со стрела од 8 метри	2 машинисти 2 помошници	10 денови	10 денах2 x100л/ден= 2.000литри		За багерист 10x1500x2= 30.000ден За работник 10x800x2= 16.000ден **Вкупно: 191 000**	
3	Разастирање на материјалот формирање на насипите	304 метри	2 булдожери	2 машинисти	10 денови	10 денах2 x100л/ден= 2.000литри		За багерист 10x1500x2= 30.000ден **Вкупно: 175.000**	
4	Транслорт на ископот со камиони на депонија до 15 км и исечени дрва до склад во ЈКП Дервен	100 тури	2 камиони	2 возачи 2 општи работници	10 денови	10денах2 x100л/ден= 2.000литри		За багерист 10x1500x2= 30.000ден За работник 10x800x2= 16.000ден Вкупно: **191.000,00**	

								ден	
Вкупно					40 денови	6.000	1.000	675.500	

Потребни средства за мазива, масла, ситни поправки, сервиси и друго 20 % од вкупната цена односно 135 100 или вкупно 810 600 денари, односно 11.180 литри нафта.

Финансиски средства за надоместок на ангажирани лица

- Управувач на градежна машина-машинист ----------1.500,00 денари/ден;
- Помошник на управувач на градежна машина-помошник машинист ----------1.500,00 денари;ден;
- Возач на камион/трактор ----------1.500,00 денари/ден;
- ракувач со моторна пила-сечач ----------1.500,00 денари/ден;
- Управувач на влекач со платформа----------1.500,00 денари/ден;
- Управувач со цистерна за гориво ---------- 1 500,00 денари/ден;
- Чувар на механизација на објект/општ работник---------- 800,00 денари/ден


Vardarska
Data SIO, NOAA, U.S. Navy, NGA, GEBCO
© 2011 Google
© 2011 Europa Technologies
Streaming 100%
304 m
21°45'34.75" E
elev 163 m

Потег од мостот на Башино село надоле островце – табела
Река Вардар Должина 304м место викано потег под Мостот на Башино село

Ред. број	Активност	Количина	Механизација	Извршители	Време (денови)	Еуродизел (литри)	Бензин (литри)	Денари	Забелешка
1	Сечење на вегетација со моторни пили и извлекување на истата на брегот од реката и подобрување на еколоошкиот амбиент	304 метри	2 моторни пили	2 сечачи 2 извлекувачи	10 дена		10 дена x2 x50л/ден = 1.000 литри	За сечач 10x1500x2= 30.000ден За работник 10x800x2= 16.000ден Вкупно: **118 500**	
2	Машински искол на нанос, комунален и градежен отпад со проширување и продлабочување на речното корито	304 метри	2 багери сајлаш со стрела од 8 метри	2 машинисти 2 помошници	10 денови	10 денах2 x100л/ден= 2.000литри		За багерист 10x1500x2= 30.000ден За работник 10x800x2= 16.000ден Вкупно: **191 000**	
3	Разастирање на материјалот формирање на насипите	304 метри	2 булдожери	2 машинисти	10 денови	10 денах2 x100л/ден= 2.000литри		За багерист 10x1500x2= 30.000ден Вкупно: **175.000**	
4	Транспорт на ископот со камиони на депонија до 15 км и исечени дрва до склад во ЈКП Дервен	100 тури	2 камиони	2 возачи 2 општи работници	10 денови	10денах2 x100л/ден= 2.000литри		За багерист 10x1500x2= 30.000ден За работник 10x800x2= 16.000ден Вкупно: 191.000,00	

								ден	
Вкупно					40 денови	6.000	1.000	675.500	

Потребни средства за мазива, масла, ситни поправки, сервиси и друго 20 % од вкупната цена односно 135 100 или вкупно 810 600 денари, односно 11.180 литри нафта.

Финансиски средства за надоместок на ангажирани лица

- Управувач на градежна машина-машинист ----------1.500,00 денари/ден;
- Помошник на управувач на градежна машина-помошник машинист ----------1.500,00 денари/ден;
- Возач на камион/трактор ----------1.500,00 денари/ден;
- ракувач со моторна пила-сечач ----------1.500,00 денари/ден;
- Управувач на влекач со платформа----------1.500,00 денари/ден;
- Управувач со цистерна за гориво ---------- 1.500,00 денари/ден;
- Чувар на механизација на објект/општ работник---------- 800,00 денари/ден


Data SIO, NOAA, U.S. Navy, NGA, GEBCO
© 2011 Google
© 2011 Europa Technologies
Streaming 100%
300 m

III.7 П Л А Н

за заштита и спасување од пожари во Општина Велес

Извод од процената:

Територијата на Општина Велес е евидентно пожарно оптоварена и подложна на пожари кои може брзо да се шират и тоа подеднакво во урбаните средини (станбени и индустриски објекти во градот и населените места) и на отворен простор (шумски предели, шикари и земјоделски површини).

Според пожарната оптовареност,урбаните карактеристики и можностите за противпожарни интервенции, градот може да се подели на два дела: стариот дел од левата и десната страна на реката Вардар и новиот дел од десната страна на реката Вардар.

Во стариот дел на градот кој се спушта амфитеатрално од брдата Свети Илија и Вршник кон реката Вардар, куќите се претежно стари, ниски, густо изградени и прилепени една до друга и во нив преовладува дрвната конструкција.Улиците се тесни, стрмни и непроодни за противпожарни возила.Во овој дел на градот лоцирани се четири основни училишта и три детски градинкиво кои загревањето е централно на нафта која се чува во подземни резервоари од 10-15 м³.Покрај нив, тука се лоцирани и поголеми деловни објекти во кои има централен систем на греење и тоа:„Стоковната куќа“ со подземен резервоар за нафта од 50 м³, хотел „Интернационал“ со подземен резервоар за нафта од 20 м³ и „Основниот суд“.Пристапноста за противпожарни возила до овие објекти е добра.

Густината на изграденоста во новиот дел на градот е поволна и овозможува добар пристап за противпожарни возила, со исклучок на брдскиот дел во којшто карактеристиките се слични на стариод дел од градот.Во новиот дел од градот има повеќе индустриски објектикои се групарани во четири групации (зони).

Во првата групација се:

-АД „Благој Ѓорев“ - во кој има пет надземни цистерни за сурово масло со капацитет 425 тони, две подземни цистерни за мазут со капацитет од 125 тони, две цистерни за екстакционен бензин со капацитет 62 тони и суровински материјал за масло сместен во силоси со капацитет 500 тонии;

-АД „Жито Вардар“ – во кој се складира жито во 12 чети на метални силоси со капацитет од 9.600 тони, 10 бетонски силоси со капацитет 2.500 тони и еден подземен резервоар за мазут со запремина од од 50 м³.Во оваа зона има и две бензиски пумпи во кои има нафта, бензин и плин.

Во непосредна близина на овие објекти е и зградата на Општина Велес, во која греењето е централно на дрва и ќумур.

Во втората групација се:

-„Југотутун“-во кои има резервоар за мазут со капацитет од 100 тони;

-ФК за шински возила-„Колска“-во која во процесот на работа користат поголеми количини на бои, лакови, разредувачи и дрвна граѓа.Имаат и ацетиленско-кислородна станица и подземен резервоар за нафта;

-складот за тутун „Цоцомак“.

Покрај нив во оваа групација има и помали индустриски објекти кои истотака се пожарно оптоварени.

Во третата групација се:

-индустриска зона УЗУС, лоцирани се повеќе помали индустриски објектикои се пожарно оптоварени.

Во четвртата групација се:

-„Брако“-која во технолошкиот процес користи бензин, боја, лакови, растворувачи, нафта, мазут, ацетилен и има сопствена бензинска пумпа;

-АД „Талкова“-која користи разновидни запалливи материјали;

-АД „Киро Ќучук“-во кој има надземен резервоар за мазут од 1.000 м³.

Во новиот дел на градот има две основни и три средни општински училишта и три детски градинки, во кои греењето е централно и имаат резервоари за нафта од 10-50м³.

Во овој дел се сместени и ЈЗУ Здравен дом во кој има резервоар за нафта од 15м³ и ЈЗУ Општа болница во која има два резервоари за мазут од по 100м³.

Во урбаниот дел на градот има има 8 бензински пумпи, од кои шест во новиот дел од градот и две на левата страна од стариот дел на градот.

Југозападно од градот лоцирана е индустриска зона Превалец, во која се сместени повевеќе индустриски објекти и складот за нафта и нафтени деривати на „Макпетрол“.

Во општина Велес има една територијална професионална противпожарна единица, која не е пополнета со пожарникари според законските критериуми.Податоци за бројот на професионалните противпожарни единици и пожарникари во трговските друштва.

Впечатливо е дека нема понови податоци за видот и количините на горливите материјали во трговските друштва, а и за изработката на планови за заштита и спасување (внатрешни и надворешни).Од тие причини не е познато (не е проценето) како евентуалните пожари ќе ја загрозуваат пошироката околина и на кој начин, трговските друштва ќе реагираат.

Шумите во Општина Велес претежно се лоцирани на периферниот дел од подрачјето на градот, со различен вид на шумска вегетација и обемна дрвна маса, а според пожарната оптовареност се групирани по следниве степени на загрозеност:

а.Втор степен на загрозеност:

- м.в.„Бајракот“, во атарот на с.Караслари.Месноста е вештачки пошумена со борови насади во висина од 4 до 5 метри и постојано е присутна висока трева. Во 2005година направени се пресеки околу насадите на боровата шума која го олеснува гасењето на пожарите, а исто така може да се гаси и со употреба на возила со вода,

употреба на хелихоптер на АРМ и авионите ер-трактори на Дирекцијата за заштита и спасување. Хелохоптерот може да се полни со вода во секое време од годината од езеро „Младост“ кај с.Отовица. Езерото располага со околу 8-9 милиони м3 вода.

- м.в.Свети Илија. Месноста е вештачки пошумена со борови насади, со различна висина и е присутна постојана висока трева. Во овој комплекс постојат куќи – викендички како и тампониран пат до самиот врв на Свети Илија и манастирот „Св.Илија“. Можноста за гасење на евентуален пожар е преку одорување со појаси, појаси од природни патеки и употреба на хелихоптер на АРМ и авионите ер-трактори на Дирекцијата за заштита и спасување.

- Околината на езерото „Младост“ доминира боров насад, а исто така и десно од автопатот Велес–Скопје меѓу селата Чалошево, Отовица, Башино Село и Новачани. Месноста е вештачки пошумена со боров насад, присутна е ниска шума од габер, чајлија и висока трева. Теренот е поврзан со патишта и можноста за гасење на пожар е преку пресеците и со употреба на хелихоптер на АРМ и авионите ер-трактори на Дирекцијата за заштита и спасување.

б. Трет степен на загрозеност:

- Месност„Цуцула“. Боровите насади се високи 4метри и е присутна висока трева. Може да се дојде преку патишта од макадам. Можности за гасење на пожар постојат со правење на просеки и појаси. За гасење на пожар може да се употребат хелихоптерот на АРМ и авионите ер-трактори на Дирекцијата за заштита и спасување, со можност хелихоптерот на АРМ да полни вода од вештачката акумулација кај с.Подлесако има доволно вода. Акумулацијата во полн водостој може да прими 350.000 м3 вода.

- „Бреза“, во атар на с.`Рлевци.Атарот на с.`Рлевци е пошумен со ниска и ретка дабова шума и комуникациски е добро поврзан со патишта кој ги има изработено ЈП „Македонски шуми”, ШС-Бабуна од Велес за експлоатација на шумскиот фонд. Добар дел од површините се стара сеча, доста густа и обрасната со трева и постои голем ризик од палење. Може да се гаси со правење на појаси и задржување на огнот на патиштата.

в.Четврти степен на загрозеност**:**

-„Црн врв“-Градиште-атар на с.Рудник.Месноста е пошумена со низок даб и наместа прнар и е присутна висока трева. Добро е поврзана со макадам и црни патишта. Огнот може да се гаси со правење на пресеци и појаси, а постои можност да се употребат ихелихоптерот на АРМ и авионите ер-трактори на Дирекцијата за заштита и спасување, каде што хелохоптерот може да се полни со вода од езерото „Младост“.

Земјоделските површини во Општина Велес, претежно се лоцирани во атарите на селата Иванковци, Сујаклари, Рудник, Лугунци, Ново Село и Раштани и претежно се засеани се житни култури, кои се изразено пожарно оптоварени во особено за време на созревањетои во текот на жетвата.

Поголеми засеани површини од 50 до 150 ха, има во атарите на с.Ново Село и с.Иванковци, а во останатите парцелите се на површини од 10 до 40 ха.

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО ОД ПОЖАРИ

Со организацијата на заштитата и спасувањето од пожари ќе се опфатат активностите и мерките од превентивен карактер (превентивно дејствување) и оперативен карактер (оперативно дејствување).

Имајќи ги предвид различните посебностите на пожарите во урбани средини и на отворен простор, како и пристапот и начинот на нивно гасење, со организацијата на заштитата и спасувањето од пожари посебно ќе се разработат гасењето на урбаните пожари и гасењето на пожарите на отворен простор.

Заштитата и спасувањето од пожариќе се спроведува според постојните законски прописи и овој план, а во него ќе учествуваат територијалната професионална противпожарна единица (ТППЕ), ЈКП „Дервен“, службите на градоначалникот и просторните сили на општината, месните заедници, трговските друштва, здруженијата на граѓаните и надлежните државни органи и институции.

Надлежните државни органи: министерство за земјоделие и шумарство, јавното претпријатие македонски шуми-подржница шумско стопанство Бабуна, дирекцијата за заштита и спасување, министерството за здравство-јавните здравствени установи, министерството за внатрешни работи-СВР Велес, министерството за животна средина и просторно планирање, министерството за одбрана, центарот за управување со кризи, управата за хидрометеоролошки работи и други, ќе се вклучат во спроведувањето на заштитата и спасувањето од пожари според своите надлежности, планови и стандардни оперативни постапки, усогласени со активностите на општината.

А).<u>Превентивно дејствување</u>

Со цел да се создадат потребните услови за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари, Општина Велес ќе ги преземе и спроведува следните превентивни активности:

- Изработка на план за заштита и спасување (мерката заштита и спасување од пожари) и редовно ажурирање на податоците во него;
- Ќе воспостави евиденција на видот и количините на запалливите и експлозивните материи во трговските друштва во кои се произведуваат, складираат и користат истите;
- Ќе воспостави евиденција за организацијата на заштитата од пожари во трговските друштва кои произведуваат, складираат и користат во технолошкиот процес или транспортиратзапалливи и експлозивни материи (изработен план-внатрешен и надворешен, обебедени персонални и материјални ресурси и друго);
- Ќе бара и настојува трговските друштва кои произведуваат, складираат и користат во технолошкиот процес или транспортират запалливи и експлозивни материи да ги применуваат сите пропишани безбедносни мерки за заштита од пожари и експлозии;
- Ќе бара и настојувајавното претпријатие Македонски шуми-подружница шумско стопанство „Бабуна“ и дирекцијата за заштита и спасувањеда ја утврдуваат дневната опасност од избивање на шумски пожар со

воведување на систем за предвидување на веројатноста за запалување на горливата материја и да ја доставуваат до ТППЕ;

- Ќе ги преиспита можностите (персоналните и материјалните капацитети) на трговските друштваза вклучување во гасењето на пожарите;
- На основа на новодобиените податоци од трговските друштваќе изврши ново проценување на опасностите од пожари и експлозии;
- Во согласност со заклучните согледување од новото проценувањеќе го преработи-ажурира планот за заштита од пожари;
- Ќе го усогласи планот за заштита од пожари со плановите на задолжените субјекти (трговските друштва и надлежните државни органи);
- Ќе ги усогласи активностите за спроведување на заштитата и спасување од пожари со соседните општини;
- При издавањето на одобрението за градба и издавањето на дозвола за употреба ќе обезбеди во проектите и при изградбата на објектите да се применуваат мерките за заштита од пожари во согласност со закон и прописите донесени врз основа на нив;
- Во просторниот и урбанистичките планови ќе обезбеди примена на пропишаните мерки за заштита од пожари, а првенствено за создавање на услови за интервенција на територијалната противпожарна единица;
- Ќе обезбеди потребен минимум на персонални и материјални ресурси за функционирање на воспоставената организација за заштитата и спасувањето од пожари во општината;
- Ќе врши редовна проверка, тековно одржување и сервисирање на обезбедените материјални ресурси наменети за заштита и спасување од пожари;
- Ќе се грижи и обезбеди противпожарните единици во општината (ТППЕ и просторната единица за заштита и спасување) да се пополнат со персонал и материјални ресурси во согласност со закон (односно според пропишаниот персонален и материјален состав);
- Ќе се грижи и обезбедисубјектите кои се сопственици на шумите или стопанисуваат со нив да ги применуваат пропишаните мерки за заштита од пожари (категоризација според степенот на загрозенот, уредување на парцели, пробивање на шумски патишта, воспоставување на набљудувачки места, обезбедување на персонални и материјални ресурси за заштита и спасување од пожари и друго);
- Ќе воспостави евиденција (преглед) на учесниците во спроведувањето на заштитата и спасувањето од пожари и редовно ќе ги ажурира податоците за нив. Препорачливо е еднаш годишно, а задолжително пред очекувано загрозување;
- Едуцирање (обучување) и оспособување на припадниците на единиците за заштита и спасување од пожари на општината и на членовите на останатите екипи кои учествуваат во гасењето на пожари;
- Ќе се грижи за спроведување на едукација, обука и вежби со персоналот на задолжените субјекти и силите за заштита и спасување;
- Ќе поттикнува и поддржува (вклучитено и финансиски) натпреварувачки и вежбовни активности за противпожарна заштита на останатите учесници (трговски друштва, здруженија на граѓани, државни органи и други;
- Редовен тренинг, увежбување и потсетување на припадниците на единицата за спасување од урнатини и на членовите на екипите кои учествуваат во спасувањето од урнатини;
- Запознавање-едуцирање на населението со обврските кои ги имаат во заштитата и спасувањето од пожари;

- Ќе организира заеднички вежбовни активности со единиците и екипите на задолжените субјекти;
- Ќе изготви годишна оперативна програма за заштита и спасување од пожари во согласност со закон и прописите донесени врз основа на него;
- Ќе склучи договори со референтни правни субјекти и здруженија на граѓаните за извршување на одредени задачи во заштитата и спасувањето од пожари;
- Редовно ќе ги ажурира податоците во планот за заштита и спасување од пожари.

Б). <u>Оперативно дејствување</u>

Со оперативното дејствување се опфатени активностите во спроведувањето на заштитата и спасувањето од пожари и тоа: пред случување на несреќата (пожарот), за време на несреќата (пожарот) и по завршување на несреќата (пожарот).

Во рамките на оперативното дејствување, посебно се разработени гасењето на пожарите во урбаните средини и гасењето на пожарите на отворен простор.

Б.1.Активности пред случување на несреќата (пожарот)

Во случај кога загрозувањето и потенцијалните опасности се од предвидлив карактер и временски очекувани (постојат индикации за настанување на пожар од поголеми размери)во временскиот интервал од дознавањето за можноста за случување на пожарот, па сè до случување на пожарот ќе се спроведат следните активности:

- По добиеното известување за настанат пожар, а за кој постојат можности да прерасене во пожар со големи димензии, градоначалникот и одговорното лице, разменуваат податоци за видот, обемот и очекуваното време за настанување-проширување на пожарот (пред сè на отворен простор), за подготвеноста на задолжените субјекти кои учествуваат во гасењето на пожарот и за текот на активностите во гасењето и тоа со:
  -правниот субјект во кој се проценило дека може да настане пожар (ЈП „Македонски шуми“-подружница шумско стопанство „Бабуна“);

  -територијалната професионална противпожарна единица;

  -подрачното одделение за заштита и спасување на дирекцијата за заштита и спасување во Велес;

  -регионалниот центар за управување со кризи во Велес;

  -управата за хидрометеоролошки работи.

- Размена на податоци за можностите со соседните општини доколку пожарот е во близина на границите со соседните општини и постои опасност да премине на нивна територија;
- По извршените дополнителни консултациидоколку има доволно време градоначалникот на општината ќепобара од Советот на општината да

донесе одлука за зголемување на подготвеноста на силите за заштита и спасување во Општина Велес;

- На основа на одлуката за зголемување на подготвеноста, донесена од советот на општината, градоначалникот постапува според документот за зголемување на подготвеноста првенствено донесува наредба за активирање-мобилизирање на општинскиот штаб за заштита и спасување и единицата за заштита и спасување од пожари;
- Се известуваат правните субјекти во реонот на очекуваниот пожар, за одлуката за зголемување на подготвеноста и за потребата да ја следат состојбата и да преземаат мерки во согласност со плановите за заштита и спасување, односно да постапуваат според упатствата што ќе им ги даде општинскиот штаб за заштита и спасување, во согласност со надлежните државни органи.Известувањето се врши телефонски и преку регионалниот центар за управување со кризи;
- Се известува граѓаните-населението во реонот на очекуваниот пожар, за опасностите кои се очекуваат и ќе им се укаже да ја следат состојбата и да преземаат мерки со кои ќе се намалат ефектите на очекуваната опасност, односно да постапуваат по упатствата кои ќе им ги даде општинскиот штаб за заштита и спасување.Известувањето ќе се врши преку претседателите на урбаните и месните заедници телефонски и преку регионалниот центар за управување со кризи.Во итни случаи ќе се користат и електронските медиуми (локалните и националните радио и телевизиски станици);
- Кога времето е ограничено, градоначалникот на општината донесува наредба за мобилизација на општинскиот штаб за заштита и спасување и единицата за заштита и спасување од пожари без одлука за зголемување на подготвеноста;
- Се врши проверка на оспособеноста на учесниците во гасењето на пожарот и тоа:

  -подготвеноста на единицата за заштита и спасување од пожари за извршување на утврдените-планираните задачи;

  -подготвеноста на доброволните противпожарни единици за учество во гасењето на пожарот;

  -подготвеност на правните субјекти за извршување на договорените обврскиспоред склучените договори;

  -подготвеност на екипите и единиците на надлежните државни органи, за учество во гасењето на пожарот;

  -подготвеност на населението за учество во гасењето на пожарот;

- По оценка на општинскиот штаб за заштита и спасување, се врши прераспределување на задачите на учесниците во гасењето на пожарот;
- По оцена на општинскиот штаб за заштита и спасување, градоначалникот на општината бара ангажирање на екипи и единици од надлежните државни органи;
- Информирање на населението и вработените за состојбите, текот на активностите и друго.

Б.2.Активности за времетраењето на несреќата (пожарот)-

организација на спроведувањето на гасењето на пожарот

Активностите за спроведување на заштитата и спасувањео од пожари за време траењето на несреќата-пожарот ќе се спроведува според следните последователни содржини:

- Подготовки за отпочнување на оперативните активности за гасење на пожарот;
- Спроведување на заштитата и спасувањето-гасење на пожарот.

Б.2.1. Подготовки за отпочнување на оперативните

активностиза гасење на пожарот

Подготовките за отпочнување на оперативните активности за гасење на пожаротќе се реализираат преку извидување на опожарениот реон, извршување на мобилизацијата, известување на субјектите-учесниците, планирање на активностите за гасење на пожарот и упатување на единиците и екипите во почетниот реон за гасење на пожарот.

а) Извидување на опожарениот реон

Заради реална проценка на опасностите и штетите кои се настанати или се очекува да настанат од пожарот и за соодветно планирање на активностите за гасење на пожарот, градоначаникот на општината ќе упати стручни лица (помошникот на началникот на ОШЗС за заштита и спасување од пожари, претставник од ТППЕ и од надлежните државни органи во реонот на пожарот, кои ќе ја проценат состојбата и ќе предложат мерки за гасење на пожарот.

б) Извршување на мобилизацијата

По добиеното информации и предлози од екипата која го извршила извидувањето на пожарот и процената за негово ширење, градоначалникот на општината ги активира-мобилизира силите за заштита и спасување во општината (доколку претходно не се активирани-мобилизирани).

Извршување на мобилизацијата се врши според планот за мобилизација на силите за заштита и спасување на Општина Велес.

Мобилизацијата на вработените во ТППЕ (територијалната професионална противпожарна единица) кои не се на работасе врши според планот на ТППЕ.

Според процена на градоначалникот доколку состојбата наложува, се бара да се активираат сите учесници во гасењето на пожарот и да почнат со спроведување на активностите за гасење на пожарот за кои се задолжени со овој и своите планови.

в) Известување

Се известуваат правните субјекти во опожарениот реон и реонот за кој се проценува дека може да биде опожарен, за видот и обемот на пожарот и за опасностите и последиците кои се настанати или се очекува да настанат, како и за потребата да ја следат состојбата да преземаат мерки во согласност со плановите за заштита и спасување, односно да постапуваат според упатствата што ќе им ги даде општинскиот штаб за заштита и спасување, во согласност со надлежните државни органи.Известувањето се врши телефонски и преку регионалниот центар за управување со кризи.

Се известуваат граѓаните-населението во опожарениот реон и реонот за кој се очекува-проценува дека може да биде опожарен, за видот и обемот на пожарот и за опасностите и последиците кои се настанати или се очекува да настанат и ќе им се укаже да ја следат состојбата и да преземаат мерки со кои ќе се намалат ефектите од пожарот и настанатите опасности и последици, односно да постапуваат по упатствата кои ќе им ги даде општинскиот штаб за заштита и спасување. Известувањето на населението ќе се врши преку претседателите на урбаните и месните заедници и регионалниот центар за управување со кризи, а во итни случаи и преку средствата за јавно информирање (ТВ Канал 21, ТВ Здравкин, Радио 5 фм и интернет порталите).

в-1 Постапка на правните субјекти

По добиеното известување отпочнуваат да ги спроведуваат планираните и препорачаните (наложените) мерки за гасење на пожарот и воспоставуваат контакт со општинскиот штаб за заштита и спасување заради усогласување и координација на активностите.

В-2 Постапка на граѓаните

Веднаш по добиеното известување, граѓаните започнуваат со извршувањето на обврските за гасење на пожарот кои им се препорачани од општинскиот штаб за заштита и спасување.

Претседателите и советите на урбаните и месните заедници ги координираат активностите на населението во гасењето на пожарот, а првенствено во спроведување на личната и колективна заштита.

г) Планирање на активности за заштита и спасување од пожари

Планирањето, раководењето и координирањето на активностите за заштита и спасување од пожари ќе го врши командантот на општинскиот штаб за заштита и спасување според следниот последователен ред:

г-1.По потреба од РЦУК Велес и другите задолжени субјекти (првенствено ТППЕ и јавното претпријатие „Македонски шуми“-шумско стопанство „Бабуна“ и надлежни државни органи) бара целосни или дополнителни податоци и информации за последиците, преземените мерки и ангажираните сили и средства.

г-2. Свикува состанок на штабот на кој ја проценува настанатата состојба на база претходните и новодобиените информации од теренот и утврдува план за дејствување во кој покрај другото ги опфаќа следните елементи:

- доколку пожарот е на поголема површина или се настанати повеќе пожари, определува реони и сектори на дејствување;

- го определува местото од каде општинскиот штаб за заштита и спасување ќе раководи со гасењето на пожарот;

- определува раководител на терен кој ќе раководи со вкупните акции за гасење на пожарот, кој во принцип треба да е помошникот за оваа мерка ;

- го определува местото од каде раководителот на терен ќе раководи со гасењето на пожарот и го утврдува начинот на одржување на врските;

- определува раководители на реоните и секторите за гасење на пожарот, кои ќе раководат со вкупните активностите за гасење на пожарот во реонот-секторот;

- ги определува учесниците, основните правци и реони на кои приоритетно ќе се ангажираат учесниците ;

- го утврдува правецот на движење на учесниците со расположивите превозни средства и реоните за нивно ангажирање;

- определува екипи за обезбедување на превоз на учесниците до почетниот реон за дејствување, екипи за обезбедување на храна, вода и средства за работа на учесниците, екипи за здравствена заштита, екипи за обезбедување и други екипи доколку има потреба;

- ги определува местата на кои ќе се постават логистичките бази, од кои учесниците дополнително ќе се снабдуваат со храна, вода и средства за работа;

- го утврдува местото на санитетско прифатилиште, односно на екипите за здравствена заштита;

- според укажаната потреба планира ангажирање на дополнителни сили на целиот простор или во одделни реони ;

- според процена на општинскиот штаб за заштита и спасувањепланира ангажирање на воздухоплови (авиони на дирекцијата за заштита и спасување и хелихоптери на министерството за одбрана) за што го известува градоначалникот заради упатување на барање до дирекцијата за заштита и спасување;

- го утврдува времето на доставување на извештаи и времето на повторна проценка на состојбата, кое вообичаено треба да е во вечерените часови;

- доколку во текот на денот пожарот не е изгаснат или локализиран, после повторното проценување, донесува одлука за ангажирање на учесниците во текот на ноќта и за следниот ден, односно утврдува нов план за дејствување со истите содржини;

- доколку ангажираните сили и средства останат да дејствуваат и преку ноќта, го определува местото за нивно сместување ;

- ако припадниците на екипите и единицитесе враќаат во своите домови, го утврдува начинот на нивно враќање и повторно носење на местото на пожарот, кој во принцип е ист како и при првото носење;

- ако пожарот е на територијата на повеќе општини или се очекува да премине на територијата на соседните општини го планира начинот на содејство и координација со учесниците од нив;

- определува екипи за дежурство и контрола на опожарената површина, особено по локализирање на пожарот, па сè до целосното гасење;

- го утвдува начинот на враќање на учесниците и прибирање на ангажираната опрема и техничките средства.

г-3. По утврдувањето на планот за дејствувањена планираните учесници им се доставуваат изводи, односно се известуваат за обврските кои им се определени во гасењето на пожарот.

д) Упатување на единиците и екипите во почетниот реон

По завршената мобилизација и утврдување на планот за дејствување, командантот на ОШЗС ги упатува општинските единици за заштита и спасување во почетниот реон за дејствување.

Паралелно со оваа активност, командантот на ОШЗС ги упатува и останатите екипи и единици на другите учесници во почетните реони за дејствување.

По оценка на штабот, градоначалникот на општината бара ангажирање на републичките сили за заштита и спасување на Дирекцијата за заштита и спасување и на екипи и единици од другите надлежни органи и установи.

Територијалната професионална противпожарна единица во реонот на пожарот ја упатува командирот на дежурното одделение, кој постапува во согласност со пропишаната стандардна оперативна постапка.

Б.2.2. Спроведување на заштитата и спасувањето од пожари

Во спроведувањето на заштитата и спасувањето од пожари (заради различните карактеристики и посебности), ќе се опфатат дејствувањата во гасењето на пожарот и тоа посебно за урбанитепожари и посебно за пожарите на отворен простор.

Оперативното дејствување ќе се спроведува од моментот на издавањето на наредбата од командантот на општинскиот штаб за заштита и спасување (ОШЗС).

Задолжените субјекти(правните субјекти-трговските друштва и надлежните државни органи) отпочнуваат со спроведување на оперативните активности веднаш по настанување на пожарот или по добиенто известување за можностите за настанување на пожар и тоа според своите планови (внатрешни и надворешни) и стандардните оперативни постапки.

Б.2.2.1 Гасење на урбани пожари

Бидејќи урбаните пожари ненадејно настануваат и брзо се шират и имаат свои посебности и карактеристики, гасењето на пожарот требе да биде со брза и ефикасна интервенција на опремени и обучени пожарникари и специјални противпожарни возила и друга противпожарна техника.

Според податоците кои ни беа на располагање таква опрема во Општина Велес поседува само територијалната професионална противпожарна единица (ТППЕ), поради што во гасењето на урбаните пожари ќе учествува првенствено таа (ТППЕ).

Веднаш по применото известување (дојава) и проверка на точноста, дежурното одделение во ТППЕ, во зависност од видот на пожаротсо соодветно возило се упатува на местото на пожарот.

а) Извидување-процена на пожарот (опожарениот објект)

По пристигнување на местото на пожарот командирот на одделението врши извидување и процена на пожарот и планира соодветна тактика на гасење во согласност со стандардните оперативни постапки на ТППЕ и востановената практика.

б) Известување на претпоставените

По извршеното извидување и процена на пожарот, командирот на одделението го известува командирот на ТППЕ, односно постапува во согласност со законот за пожарникарството, стандардните оперативни постапки на ТППЕ и востановената тактичка практика.

в) Барање на помош

Според сопствена процена, командирот на гасењето на пожарот бара помош од вработените во ТППЕ Велес и од соседните територијални противпожарни единици (противпожарната бригада на град Скопје, ТППЕ Свети Николе, ТППЕ Неготино).

Во барањето на помош, командирот на гасењето постапува во согласност со законот за пожарникарството, стандардните оперативни постапки и востановената практика.

г) Гасење на пожарот

Гасењето на пожарот се врши според планираната тактика на командирот на гасењето, односно во согласност со законот за пожарникарството, стандардните оперативни постапки и востановената тактичка практика.

Во гасењето на пожарот може да се ангажираат и присутните граѓани, на обврски соодветни на нивната опременост и обученост.

По пристигнување во реонот на пожарот, единиците од соседните ТППЕ веднаш се вклучуваат во гасењето на пожарот.

Интервенцијата трае се додека не се изгаси пожарот.

По изгаснувањето на пожарот, единиците се враќаат во својата база.

д) Спасување на луѓето и материјалните добра

Ако во опожарениот објект има загрозени луѓе, веднаш се пристапува кон нивно спасување-извлекување од објектот и доколку се повредени им се дава прва медицинска помош, од страна на екипа на ЈЗУ Здравен дом од Велес и екипи на општинската организација на Црвениот Крст од Велес.

ѓ) Евакуација и згрижување на загрозените луѓе

Во случај да постои опасност од ширење на пожарот во објектот или на соседни објекти, командирот на гасењето на пожарот ќе постапи во согласност со законот за пожарникарството, стандардните оперативни постапки и востановената тактичка практика, односно ќе нареди евакуација на загрозените луѓе.

Евакуацијата и згрижувањето на загрозените луѓеќе се врши според плано-вите за евакуација и згрижување.

е) Обезбедување на ред во реонот на пожарот

Обезбедување на ред во реонот на пожарот ќе врши секторот за внатрешни работи од Велес во согласност со стандардните оперативни постапки.

ж) Раководење со гасењето на пожарот

Раководењето со гасењето на пожарот, ќе се остварува во согласност со законот пожарникарството.

з)Анализирање и евидентирње, составување на извештај

и доставување до надлежните служби

Веднаш по гасењето на пожарот, командирот на гасењето заедно со другите учесници ја анализира успешноста и ефикасноста на гасењето на пожарот, составува извештај и го доставува до надлежните служби.

Податоците за пожарот и неговото гасење се внесуваат на пропишани обрасци.

Б.2.2.2 Гасење на пожари на отворен простор

Гасењето на пожарите на отворен простор (првенствено во шумите и житните посеви)ќе се одвива според следните последователни активности:

- набљудување на опожарените површини;
- извидување на опожарените површини од страна на извидувачи;
- превоз на учесниците од собирните места до почетниот реон за дејство;
- поставување на логистичка база;
- поставување на командното место;
- гасење на пожарот со екипи и единици на учесниците;
- вклучување на населението во гасење на пожарот;
- вклучување на републичките сили за заштита и спасување во гасењето на пожарот;
- гасењена пожарот со вклучување на воздухоплови;
- содејство и координација во гасењето на пожарот кога се вклучени и соседни општини;
- спасување на луѓето и материјалните добра;
- евакуација и згрижување на загрозено население;
- доставување на гориво, вода за гасење и пиење, храна и други средства и опрема за работа на гасачите;
- давање на прва медицинска помош;
- контрола на опожарениот реон после изгаснувањето на пожарот;
-анализирање и евидентирње, составување на извештај и доставување на извештајот до надлежните служби.

Во гасењето на пожарите првенствено учествуваат јавното претпријатие „Македонски шуми“ - подружница шумско стопанство „Бабуна“ од Велес и територијалната професионална противпожарна единицаспоред своите оперативни планови за заштита од пожари.

а)Набљудување на опожарените површини

Набљудувањето на опожарениот реонќе се врши од набљудувачките места на шумското стопанство Бабуна, со персонал предвиден за набљудување.

Во зависност од големината на опожарената површина и рзвојот на пожарот, раководителот на гасењето ќе определи нови набљудувачки места, од кои може да се гледа целата опожарена површина и ќе упати лица кои ќе го вршат набљудувањето.

При учество на просторните сили на општината, екипата за набљудување и набљудувачките места ќе ги определи командантот на општинскиот штаб за заштита и спасување.

Набљудувачите ќе бидат во постојана врска со раководителот на гасењето на пожарот и со општинскиот штаб за заштита и спасување и ќе даваат информации за пожарот (што гори, потесната микролокација и најблиските пристапни патишта, зафатената површина, обем и големина на пожарот, дали постои опасност по животот на луѓето, приближна јачина и правец на дување на ветерот, можностите за проширување на соседни површини и објекти и други информации кои од нив ќе ги побараат).

б)Извидување на опожарените површини од страна на извидувачи

Извидување на опожарените реони-површини, ќе вршат извидувачи од шумското стопанство Бабуна, кои добро го познаваат теренот во реонот на пожарот. Извидувачите ќе му даваат информации од теренот на раководителот на гасењето (за видот на горливата материја, обемот и големината на пожарот, можностите за проширување и загрозување на луѓе и објекти, најблиски пристапни патишта, извори на вода, успешноста во локализирањето и гасењето и друго), а кои ќе бидат потребни за правилно насочување на гасачите и за примена на ефикасна тактика во гасењето.

Кога во гасењето ќе бидат ангажирани просторните сили, командантот на општинскиот штаб за заштита и спасување може да определи и дополнителни лица кои ќе вршат извидување.

Заради брза и реална процена на пожарот и соодветно планирање на активностите, посебно во недостапни реони, командантот на ОШЗС по своја проценка ќе побара во извидувањето на пожарот да се ангажираат воздухоплови на дирекцијата за заштита и спасување или на министерството за внатрешни работи.Извидувачите ќе му даваат информации за пожарот од извидувањето од воздух на раководителот на гасењето.

в)Превоз на учесниците од собирните места

до почетниот реон за дејство

Превозот на екипите за гасење на пожарот на подружницата шумско стопанство „Бабуна“ до почетниот реон и местото на пожарот, ќе се врши со превозни средства на подружницата.

Професионалните пожарникари од ТППЕ до местото на пожарот, ќе се превозуваат со возила на единицата.

Просторните сили на општината, доброволните противпожарни единици и населението, од собирните места до почетниот реон и местото на пожарот, ќе се превозуваат со превозни средства на општината и трговските друштва „Данс Експрес“ и „Пан Промет“.

За пренесување на просторните сили на општината до местото на пожаротќе се користат и превозни средства од месните заедници (теренски возила, трактори и други), посебно во потешко пристапните реони.

г)Поставување на логистичка база

Логистичката база ќе се постави во најповолното место (најблиското и најприступачното место за сите учесници) во објект или на површина која ќе овозможи поставување на шатор или настрешница.Таа се поставуваа кога во гасењето на пожарот се вклучени просторните сили на општината.

Во логистичката база ќе се обезбедат вода за пиење и гасење, средства за работа на екипите и единиците, храна, дополнителна опрема за гасење, простор за одмор на изнемоштени гасачи и друго.

Наведените средства во логистичката база треба минимум да ги задоволуваат потребите за еден ден.

Во логистичката база ЈЗУ Здравен дом и општинската организација на Црвениот Крст, ќе постават санитетско прифатилиште, во кое ќе се прифаќаат повредените гасачи и ќе им се дава прва медицинска помош.

Логистичката база ќе ја постават и опслужуваатвработените од општината (СЗР), а ќе се вклучат и извидници од извидничкиот одред „Димитар Влахов“.

Во случај да има два или повеќе пожари во опожарениот реон, а кои не се многу оддалечени еден од друг и според планот за гасење се определени два или повеќе сектори, дотур на средства од логистичката база ќе се врши до почетен реон, кој ќе го определи раководителот на гасењето.

Ако пожарот трае повеќе денови во логистичката база ќе се врши дотур на вода, средства за работа, храна и друго, за секој следен ден.

Логистичката база во принцип треба да се постави во непосредна близина на командното место на ОШЗС.

Транспортот на опремата и средствата на логистичката базаќе се врши со возила на општината, ЈКП „Дервен“ и територијалната професионална противпожарна единица.

д)Поставување на командното место

Командното место на лицето кое раководи со гасењето ќе се постави во непосредна близина на пожарот на место од каде ќе може да го надгледува опожареното место и интервенциите на гасачите и да комуницира со нив.

Доколку пожарот зафаќа голема површинаи според планот за гасење се определени два или повеќе сектори за гасење, општинскиот штаб за заштита и спасување ќе раководи од командно место, кое ќе се постави на место од каде може најдобро да го надгледува пожарот и активностите на гасачите, односно да раководи со гасењето.

Непосредно до командното место, на пригодна локација (на отворен простор или во објект), ќе биде и место за прифаќање на дополнително ангажираните сили. Раководителот на гасењето на пожарот ќе определи лице кое ќе ги прифаќа дополнително пристигнатите гасачи.

ѓ)Гасење на пожарот со екипи и единици на учесниците

По пристигнувањето на почетниот реон за гасење, раководителот на гасењето ги распоредува екипите и единиците по правци на дејствување при што треба да води сметка гасачите да не ги доведе во опасност од опкужување со пожарот.

При распоредувањето ќе се води сметка екипите од просторните сили на општината, доброволните противпожарни друштва и населението да бидат покрај екипи на шумското стопанство „Бабуна“ или ТППЕ.

По добиените задачи, екипите се упатуваат во местото кое им е определено и почнуваат да го гасат пожарот.

Раководителот на гасењето на пожарот, при одредувањето на начинот на гасењето и во текот на гасењето, мора да се придржува на пропишаните стандардни постапки и востановената практика во тактичкото настапување.

Во текот на гасењето, раководителот на гасењето постојано комуницира со командирите на единиците и ги координира нивните активности.Паралелно со ова тој е во постојана врска со општинскиот штаб за заштита и спасување, доставува информации за текот на гасењето, бара помош од дополнителни сили (вклучително и воздухоплови) и бара инструкции за натамошните активности.

Доколку во текот на денот не се изгаси пожарот, препорачливо е да се престање со гасењето во кој случај се определуваат лица кои добро го познаваат

теренот, за следење на пожарот.Во овој случај, ако постојат услови за сместување на гасачите во непосредна близина, тие се сместуваат, а ако не се враќаат во своите домови, при што им се определува времето кога треба да се јават на собирното место.Постапката на превоз до местото на пожарот е иста.

Гасењето на пожарот во следниот ден мора да започне во раните утрински часови, односно со разденувањето.Постапката при гасењето на пожарот е иста како и во претходниот ден.

Ако гасењето на пожарот трае повеќе денови, заради ефикасно и успешно гасење ќе се обезбедува замена со нови гасачи.

По изгаснувањето на пожарот гасачите се враќаат на почетниот реон од каде се превезуваат до собирното место.

е)Вклучување на населението во гасење на пожарот

Заради брзо и ефикасно гасење на пожарот градоначалникот ќе упати апел до населението од населените места кои се во близина на пожарот да се вклучат во гасењето на пожарот.

На барање на ОШЗС градоначалникот по сопствена процена ќе нареди мобилизација на населението.

Во ренот на пожарот населението ќе го прифаќа раководителот на гасењето и ќе ги упатува на гасење, притоа водејќи сметка да ги распоредува зедно со екипите на шумското стопанство или ТППЕ.

На населението кое ќе се вклучи во гасењето им се обезбедуваат средства за гасење, како и останите логистички потреби.

ж)вклучување на републичките сили за заштита и спасување, во гасењето на пожарот

На барање на градоначалникот, во гасењето на пожарот ќе се вклучат тимови и единици за заштита и спасување на дирекцијата за заштита и спасување.

Непосредно пред ангажирањето на републичките сили за заштита и спасување, командантот на подрачниот штаб за заштита и спасување, преку ОШЗС и раководителот на гасењето ќе оствари целосен увид на состојбите со пожарот и текот на гасењето.

Учеството на републичките сили за заштита и спасување ќе биде според планот на дирекцијата за заштита и спасување и стандардните оперативни постапки.

Со вклучувањето на републичките сили во гасењето на пожарот ќе се постапува и по насоките на командантот на подрачниот штаб за заштита и спасување.

з)Гасењена пожарот со вклучување на воздухоплови

Заради брзо и ефикасно гасење на пожарот според проценка на ОШЗС, градоначалникот на општината ќе побара од директорот на дирекцијата за заштита и спасувањево гасењето на пожарот да се ангажираат воздухоплови на ДЗС и на министерството за одбрана (АРМ).

Гасењето на пожарот со авионите на ДЗС и хеликоптерот на АРМ ќе биде според нивните стандардни оперативни постапки.

Доколку за време на ангажирањето на воздухопловите не се вклучени републичките сили за заштита и спасување, раководителот на гасењето на пожарот, ќе воспостави постојана врска со координаторот на летањето, заради усогласување и насочување на исфрлањето на водата и активностите на гасачите.

s)Содејство и координација во гасењето на пожарот

кога се вклучени соседни општини

Ако пожарот е на границата со соседните општини или ја зафатила и територијата на соседните општини, градоначалникот и командантот на ОШЗС, ќе воспостават постојана врска со колегите од соседните општини, заради заедничко договарање на активностите за гасење на пожарот и нивна координација.

Информации за гасењето на пожарот, општините ќе разменуваат по секоја настаната промена (локализирање, гасење или проширување).

Во текот на денот постојано ќе ги усогласуваат активностите на гасачите.

Планот за заедничко дејствување во следниот ден ќе го донесат во вечерните часови, после извршеното усогласување.

Кога во гасењето на пожарот е вклучен подрачниот штаб за заштита и спасување на дирекцијата (ДЗС), планирањето и усогласувањето на заедничките активности на општините и нивната координација ќе ги врши командантот на штабот.

и)Спасување на луѓето и материјалните добра

Кога во опожарената површина има загрозени луѓе ќе се пристапи кон нивно спасување, односно извлекување од местото на пожарот.

Извлекувањето на загрозените и настраданите луѓе во пожарот ќе го вршат пожарникари (професионални и доброволни), кои се оспособени и опремени за такви интервенции.

При спасувањето на луѓето ќе се постапува во согласност со стандардните оперативни постапки и востановената практика.

По извлекувањето, тие се упатуваат во санитетското прифатилиште, каде ќе им се даде прва медицинска помош.

Извлекувањето на материјлните добраќе се врши паралелно со гасењето на пожарот.Во извлекувањето на материјалните добраќе се вклучи населението.

ј)Евакуација и згрижување на загрозено население

Кога пожарот се шири кон населби и објекти во кои живеат и престојуваат луѓе, ќе се изврши евакуација и згрижување на загрозеното население.

Евакуација на загрозеното и настраданото население ќе се врши според планот за евакуација.

Згрижување на загрозеното и настраданото население ќе се врши според планот за згрижување.

к)Доставување на гориво, вода за гасење и пиење, храна и други

средства и опрема за работа на гасачите

За време на гасењето на пожарот, командирите на екипите и единиците ќе определат лица кои ќе ги подигаат: горивото, водата за гасење и пиење, храната и другите средства и опрема за работа на гасачите.

Тие ќе се подигаат од логистичката база.

Кога екипите и единициите се оддалечени од логистичката база, овие средства ќе се подигаат од места, кои ќе ги определи раководителот на гасњето.Нивното доставување од логистичката база до новоопределините места ќе го вршат лица од логистичката базакои ќе ги определи раководителот на гасењето.

л) Давање на прва медицинска помош

Прва медицинска помош на повредените во пожарот (со опекотини, загушување, каснување од инсекти, змии и други животни, како и други повреди)ќе се дава според планот за прва медицинска помош и тоа во санитетското прифатилиште.

Екипите кои даваат прва медицинска помош (ЈЗУ здравен дом и Црвен Крст), треба задолжително да обезбедат средства за прва помош против овие повреди.

љ) Обезбедување на ред

Обезбедување на ред во реонот на пожарот ќе врши секторот за внатрешни работи од Велес, во согласност со стандардните оперативни постапки.

м)Контрола на опожарениот реон после изгаснувањето на пожарот

По гасењето на пожарот, раководителот на гасењето ќе определи лица (доколку претходно не се определени) кои ќе останат во опожарениот реон заради контрола и навремено спазување на повторно настанат пожар и негово гасење.

Лицата кои се оставени за контрола, треба добро да го познаваат теренот и да се опремени за самостојно дејствување.

Контролата на опожарениот просторќе се врши според пропишаните стандардни оперетивни постапки.

Времето на вршењето на контрола ќе го определи раководителот на гасењето на пожарот, а не смее да биде помалку од 12 часа.

н) Анализирање и евидентирње, составување на извештај и доставување на извештајот до надлежните служби

Веднаш по гасењето на пожарот, командирот на гасењето заедно со командирите на другите учесници ја анализира успешноста и ефикасноста на гасењето на пожарот, составува извештај и го доставува до надлежните служби.

Податоците за пожарот и неговото гасење, се внесуваат на пропишани обрасци.

Б.2.3. Логистичка поддршка

Логистичката поддршка ќе се обезбедува во согласност со законот за заштита и спасување и законот за пожарникарството и според планот за логистичка поддршка на учесниците, а првенствено за следните содржини:

а) Средства за извршување на задачите на интервентните екипи-секој учесник за своите екипи.

Обезбедување на дополнителни средства потребни за гасењето на пожаротќе обезбеди општината и ќе ги достави во логистичката база.

б) Исхрана и вода за пиење и други пијалоци при ангажирање подолго од 4 часа ќе обезбеди:

- за екипите на шумското стопанство „Бабуна“-шумското стопанство „Бабуна“;
- за припадниците на просторните сили на општината, доброволните пожарникари и населението - општината.За ова ќе се ангажираат маркетите: „Жито“, „Алфа“,„ТУШ“ и „Кам“ кои ќе вршат достава во логистичката база и со кои ќе се склучи договор;
- за припадниците на републичките сили - според планот за логистичко обезбедување на дирекцијата за заштита и спасување.

в) Здравствена заштита за сите учесници ќе обезбеди ЈЗУ Здравен дом Велес.

г) Обезбедување на местата на интервенциите и транспортот ќе врши МВР-секторот за внатрешни работи од Велес.

Б.2.4. Р а к о в о д е њ е

Раководењето со гасењето на пожарот ќе се остварува во согласност со законот за заштита и спасување и законот за пожарникарството, како и прописите донесени врз основа на нив.

Во раководењето со гасењето на пожарот ќе се применуваат пропишаните стандарди и нормативи.

Кога ќе бидат вклучени силите за заштита и спасување на општината, со гасењето на пожарот ќе раководи општинскиот штаб за заштита и спасување.

При ангажирањето на републичките сили за заштита и спасување, раководењето и координацијата ќе ги врши подрачниот штаб за заштита и спасување на дирекцијата за заштита и спасување.

Командирите на единиците и екипите ќе раководат-командуваат со активностите кои се извршуваат на местото на непогодата.

Б.2.5. У ч е с н и ц и

Во гасењето на пожарите ќе учествуваат:

- Градоначалникот на Општина Велес и неговите служби;
- ЈП „Македонски шуми“-подружница шумско стопанство „Бабуна“;
- Просторните сили за заштита и спасување на Општина Велес;
- Територијалната противпожарна единица;
- Единицата за гасење на пожари во ЈКП „Дервен“;
- ЈКП „Дервен“;
- Просторните сили за заштита и спасување на Општина Велес;
- Доброволни противпожарни друштва;

- Претседателот и советот на урбаните и месните заедници во загрозените подрачја;
- Дирекција за заштита и спасување-подрачно одделение за заштита и спасување-Велес, со републичките сили за заштита и спасување;
- МВР-Сектор за внатрешни работи Велес;
- Министерство за одбрана-генералштаб на АРМ;
- Министерство за земјоделие и шумарство;
- Министерство за животна средина и просторно планирање;
- Центарот за управување со кризи-регионален центар за управување со кризи - Велес;
- ЈЗУ Здравен дом од Велес;
- ЈЗУ Општа болница;
- Управа за хидрометеоролошки работи;
- Трговски друштва според склучен договор:„Алфа“ Маркети, „Жито“ Маркети, „ТУШ Маркет“, „КАМ Маркет“ и други;
- Општинската организација на Црвениот Крст;
- Електронски медиуми-ТВ Здравкин, ТВ Канл 25, Радио 5фм, националните ТВ и други;
- Здруженија на граѓаните.

Учесниците во гасењето на пожарот, меѓусебно ќе ги усогласат активностите во своите планови.

Б.3.Активности по завршувањето на несреќата (гаснењето на пожарот)

По изгаснување на пожарот и престанување на потребата од натамошно ангажирање на интервентните единици и екипи истите се враќаат на собирното место и постапуваат според планот за моилизација.

По престанување на обврските од мобилизацијата (враќање на опремата, доставување на извештај, регулирање на надоместоците и друго), припадниците се враќаат во своите домови.

Ако домовите на евакуираното и згриженото население не се оштетени од пожарот се постапува според плановите за згрижување и евакуација, односно населението се враќа во своите домови.

Процена на настанатите штети од несреќата (пожарот) ќе врши општинската комисија за процена на штети од природни непогоди и други несреќи и државната комисија за процена на штети од природни непогоди и други несреќи.

Последиците и штетите кои се настанати од несреќата (пожарот) ќе се санираат според посебни планови за санација.

За реализација на санацијата на опожареното подрачје општината ќе склучи договори со правните лица во постапка предвидена за време на природни непогоди и други несреќи.

П р е г л е д

на превентивните активности во спроведувањето на заштитата

и спасувањето од пожариво Општина Велес

МЗС	Вид на активности	извршители		рок
		Внатрешни	надворешни	
Заштита и спасување од пожари	Изработка на план за заштита и спасување (мерката заштита и спасување од пожари) и редовно ажурирање на податоците во него.	-одговорно лице -ОШЗС	-ДЗС-ПОЗС	31.10. 2015
	Воспоставување на евиденција за видот и количините на запалливите и експлозивните материи во трговските друштва, во кои се произведуваат, складираат и користат истите.	-СУСЕ -одговорно лице -ОШЗС -ТППЕ	-МЖСПП -ДЗС-ПОЗС -ТД	30.11. 2016
	Воспоставување на евиденција за организацијата на заштитата од пожари во ТД кои произведуваат, складираат и користат во технолошкиот процес или транспортират запалливи и експлозивни материи (изработен план-внатрешен и надворешен, обебедени персонални и материјални ресурси и друго).	-СУСЕ -одговорно лице -ОШЗС	-МЖСПП -ДЗС-ПОЗС -ТД	30.11. 2016
	Доставување на барање и укажување до ТД кои произведуваат, складираат и користат во технолошкиот процес или транспортират запалливи и експлозивни материи, да ги применуваат сите пропишани безбедносни мерки за заштита од пожари и експлозии.	-СУСЕ -СПР -одговорно лице -ОШЗС	-одговорните лица во ТД -ДЗС-ПОЗС	30.11. 2016
	Ќе ги преиспита можностите (персоналните и материјалните капацитети) на ТД, за вклучување во гасењето на пожарите	-СУСЕ -одговорно лице -ОШЗС	-одговорните лица во ТД -ДЗС-ПОЗС	30.11. 2016
	На основа на новодобиените податоци од ТДќе изврши ново проценување на опасностите од пожари и експлозии.	-одговорното лице -ОШЗС	-НДО -ДЗС-ПОЗС	31.08. 2016
	Во согласност со заклучните согледување од новото проценувањеќе го прерабоди-ажурира планот за заштита од пожари.	-одговорното лице -ОШЗС	-НДО -ДЗС-ПОЗС	31.08. 2016
	Усогласување на планот за заштита од пожари, со плановите на задолжените субјекти (трговските друштва и надлежните државни органи).	-одговорното лице -ОШЗС	-НДО -ДЗС-ПОЗС -ПС -ТД	31.08. 2016
	Ќе ги усогласи активностите за спроведување на заштитата и спасување од пожари со соседните општини.	-одговорното лице -кабинет на градоначалникот	-одговорните лица во соседните општини	31.12. 2015

	При издавањето на одобрението за градба и издавањето на дозвола за употреба ќе обезбеди во проектите и при изградбата на објектите да се применуваат мерките за заштита од пожари во согласност со закон и прописите донесени по нив.	-СУСЕ -служби на градоначалникот	-правни и физички лица кои градат објекти	31.12. 2015
	Во просторниот и урбанистичките планови ќе обезбеди примена на пропишаните мерки за заштита од пожари, а првенствено за создавање на услови за интервенција на територијалната противпожарна единица.	-СУСЕ -служби на градоначалникот	-МЖСПП -МТВ -ДЗС	31.08. 2016
	Обезбедување на потребен минимум на персонални и материјални ресурси за функционирање на воспоставената организација за заштитата и спасувањето од пожари во општината	-сектор за финансии	-ДЗС-ПОЗС -Трговски друштва	31.12. 2016
	Вршење на редовна проверка, тековно одржување и сервисирање на обезбедените материјални ресурси наменети за заштита и спасување од пожари	-СЗР -одговорното лице -ОШЗС -ТППЕ	-ТД со кои е склучен договор	Секоја година
	Ќе се грижи и обезбеди противпожарните единици во општината (ТППЕ и просторната единица за заштита и спасување) да се попол-нат со персонал и материјални ресурси во согласност со закон (односно според пропиша-ниот персонален и материјален состав).	-СПР -СЗР -одговорното лице -ОШЗС	-влада на РМ -ДЗС-ПОЗС	Секоја година
	Ќе се грижи и обезбеди, субјектите кои се сопственици на шумите или стопанисуваат со нив да ги применуваат пропишаните мерки за заштита од пожари (категоризација според степенот на загрозенот, уредување на парцели, пробивање на шумски патишта, воспоставување на набљудувачки места, обезбедување на персонални и материјални ресурси за заштита и спасување од пожари и друго).	-службите на градоначалникот -СПР ОШЗС	-сопствениците и корисниците на шумите -МЗШ ДЗС-ПОЗС	Секоја година
	Воспоставување на евиденција (преглед) на учесниците во спроведувањето на заштитата и спасувањето од пожари и редовно ќе ги ажурира податоците за нив. Препорачливо е еднаш годишно, а обавезно пред очекувано загрозување.	-одговорното лице -ОШЗС -СУСЕ -СПР	Одговорните лица во правните субјекти	31.05. 2016
	Едуцирање (обучување) и оспособување на припадниците на единиците за заштита и спасување од пожари на општината и на членовите на останатите екипи кои учествуваат во гасењето на пожари.	-одговорно лице -ОШЗС	-ДСЗ-ПОЗС-центар за обука	31.12. 2016
	Ќе се грижи за спроведување на едукација, обука и вежби со персоналот на задолжените субјекти и силите за заштита и спасување.	-одговорно лице -служби на	-ПС-ТД -ДЗС-ПОЗС	Секоја година

		градоначалникот -ОШЗС		
	Ќе поттикнува и поддржува (вклучитено и финансиски) натпреварувачки и вежбовни активности за противпожарна заштита на останатите учесници (трговски друштва, невладини организации, државни органи и други.	-кабинет на градоначалникот -СПР -СФ	-ПС-ТД -здруженија на граѓаните -ДЗС-ПОЗС	Секоја година
	Редовен тренинг, увежбување и потсетување, на припадниците на единицата за спасување од урнатини и на членовите на екипите кои учествуваат во спасувањето од урнатини	-одговорно лице -ОШЗС	-ДСЗ-ПОЗС-центар за обука -останати учесници	постојано
	Запознавање-едуцирање на населението, за обврските кои ги имаат во заштитата и спасувањето од пожари	-кабинет на градоначалникот -одговорното лице -ОШЗС	-ДЗС-ПОЗС -одговорните лица во ПС	Еднаш годишно
	Организирање на заеднички вежбовни активности со единиците и екипите на задолжените субјекти.	-кабинет на градоначалникот -одговорното лице -ОШЗС	-ДЗС-ПОЗС -одговорните лица во ПС	Еднаш годишно
	Изготвување на годишна оперативна програма за заштита и спасување од пожари во согласност со закон и прописите донесени по него.	-СУСЕ -СПР -ТППЕ	-ДЗС-ПОЗС -ЈПМШ-ШС Бабуна Велес	Секоја година
	Склучување на договори со референтни правни субјекти и здруженија на граѓаните за извршу-вање на одредени задачи во заштитата и спасувањето од пожари	-градоначалник -кабинет на градоначалникот -СПР	-правни субјекти	Еднаш годишно
	Редовно ќе ги ажурира податоците во планот за заштита и спасување од пожари	-одговорното лице -службите на градоначалникот -ОШЗС	-Одговорните лица во ПС и -НДО	Еднаш годишно

Објаснување на скратениците

МЗС-Мерка за заштита и спасување

ОШЗС-Општински штаб за заштита и спасување

СУСЕ-Сектор за урбанизам, сообраќај и екологија

СПР-Сектор за правни работи

СЗР-Сектор за заеднички работи

ТППЕ-Територијална професионална противпожарна единица

НДО-Надлежни државни органи

ПОЗС-ДЗС-Подрачно одделение за заштита и спасување-дирекција за заштита и спасување

МЖСПП-Министерство за животна средина и просторно планирање

МЗШ-Министерство за земјоделие и шумарство-подрачна организациона единица Велес

ЈПМШ-ШС-Јавно претпријатие македонски шуми-шумско стопанство

МТВ-Министерство за транспорт и врски

ПЗСПНДН-План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи

ПС-ТД-Правен субјект-трговско друштво

ТД-Трговско друштво

П р е г л е д

на оперативните активности за заштита и

спасување од пожариво Општина Велес

МЗС	Вид на активност	Учесници	
		Внатрешни	Надворешни
Заштита и спасување од пожари	**П р е д н е с р е ќ а т а (пожарот)**		
	Размена на податоци за подготвеноста на државните органи кои учествуваат во заштитата и спасување оод пожари за видот, обемот и очекуваното време за настанување-проширување на пожарот. (пред се на отворен простор) и за текот на активностите во гасењето на пожарот.	-градоначалник -одговорно лице	-РЦУК -ЈПМШ-ШС Бабуна; -ДЗС-ПОЗС -УХМР -други ПС-ТД
	Барање до советот на општината Велес за донесување одлука за зголемување на подготвеноста на сили за заштита и спасување во Општина Велес	-градоначалник -совет на Општина Велес	НДО
	Донесување на одлука за зголемување на подготвеноста на сили за заштита и спасување во Општина Велес	Совет на Општина Велес	НДО
	Постапување според документот за зголемување на подготвеноста. Донесување на наредба за активирање-мобилизирање на ОШЗС и на единицата за заштита и спасување од пожари на општината.	-градоначалник -службите на градоначалникот	-НДО-(ДЗС-ПОЗС, МЗШ, ЈПМШ-ШС Бабуна, РЦУК,)
	Активирање-мобилизирање на ОШЗС и за заштита и спасување од пожари на општината.	-градоначалник -службите на градоначалникот	-ОШЗС -ОЕЗС
	Кога времето е ограничено, градоначалникот на општината донесува наредба за мобилизација општинскиот штаб за заштита и спасување и единицата за заштита и спасување од пожари, без одлука за зголемување на подготвеноста	-градоначалник -службите на градоначалникот	ДЗС-ПОЗС
	Размена на податоци за можностите со соседните општини, доколку пожарот е во близина на границите со соседните општини и постои опасност да премине на нивна територија	-градоначалник -служби на градоначалникот	-градоначалниците во другите општини
	Известување на правните субјекти во реонот на очекуваниот пожар за одлуката за зголемување на подготвеноста и за потребата да ја следат состојбата и да преземаат мерки во согласност со плановите за заштита и спасување, односно да постапуваат според упатствата што ќе им ги даде општинскиот штаб за заштита и спасување, во согласност со надлежните државни органи.Известувањето се врши телефонски и преку регионалниот центар за управување со кризи.	-градоначалник -службите на градоначалникот -ОШЗС	-одговорните лица во ПС -РЦУК -локалните ТВ; -националните ТВ

	Известување на граѓаните-населението во реонот на очекуваниот пожар за опасностите кои се очекуваат и укажување да ја следат состојбата и да преземаат мерки со кои ќе се намалат ефектите на очекуваната опасност, односно да постапуваат по упатствата кои ќе им ги даде ОШЗС. Известувањето ќе се врши преку претседателите на урбаните и месните заедници телефонски и преку регионалниот центар за управу-вање со кризи.Во итни случаи ќе се користат и електронските медиуми (локалните и националните радио и телевизиски станици).	-градоначалник -службите на градоначалникот -ОШЗС	-Претседателите на УЗ и МЗ -РЦУК -локалните ТВ; -националните ТВ
	Проверка на оспособеноста на учесниците во гасењето на пожароти тоа: -подготвеноста на единицата за заштита и спасување од пожари, за извршување на утврдените-планираните задачи; -подготвеноста на доброволните противпожарни единици за учество во гасењето на пожарот; -подготвеност на правните субјекти за извршување на договорените обврски, според склучените договори; -подготвеност на екипите и единиците на надлежните државни организа учество во гасењето на пожарот; -подготвеност на населението за учество во гасењето на пожарот	-ОШЗС -служби на градоначалникот	-одговорните лица во ПС-ТД; -командирите на ДППЕ; -ТД со кои се склучени договори -претседателите на УЗ и МЗ; -НДО
	По оценка на ОШЗС, се врши прераспределување на задачите на учесниците во заштитата од пожари.	-градоначалник -ОШЗС	-одговорни лица во учесниците
	По оцена на ОШЗС, градоначалникот на општината бара ангажирање на екипи и единици од дирекцијата за заштита и спасување и другите надлежните државни органи.	-градоначалник -ОШЗС	-ДЗС-ПОЗС -одговорни лица во надлежните државни органи
	Информирање на населението и вработените за состојбите, текот на активностите и друго.	-Кабинет на градоначалникот -ОШЗС	-претседатели на УЗ и МЗ; -локалните ТВ; -националните ТВ; -ЦУК-РЦУК
	Раководење	ОШЗС	ПШЗС

Објаснување на скратениците

МЗС-Мерка за заштита и спасување

ОШЗС-Општински штаб за заштита и спасување

ОЕЗС-Општински единици за заштита и спасување

ЈПМШ-ШС „Бабуна“-Јавно претпријатие македонски шуми-шумско стопанство „Бабуна“- Велес

ДЗС-ПОЗС-Дирекција за заштита и спасување-подрачно одделение за заштита и спасување

ЦУК-РЦУК-Центар за управување со кризи-регионален центар за управување со кризи

УЗ-МЗ-Урбани заедници-Месни заедници

УХМР-Управа за хидрометеоролошки работи

НДО-Надлежни државни органи

ПС-ТД-Правни субјекти-Трговски друштва

П р е г л е д

на оперативните активности за заштита и спасување

од пожариво Општина Велес

МЗС	Вид на активност	Учесници	
		Внатрешни	Надворешни
Заштита и спасување од пожари	**З а в р е м е н а н е с р е ќ а т а (пожарот)**		
	Се анализираат добиените информации, а по сопствена оценка дел од нив се проверуваат.	-Градоначалник -ОШЗС	-ЈПМШ-ШС Бабуна -ЦУК-РЦУК
	Се мобилизираат сите учесници во гасењето на пожаротдоколку претходно не се мобилизирани. На сите учесници им се наложува да почнат со спроведување на активностите за гасење на пожарот.	-Градоначалник -кабинет на градоначалникот -ОШЗС -СЗР	Одговорните лица кај сите учесници во гасењето на пожарот
	Подготовки за започнување на оперативните активности		
	а) <u>Извидување на опожарениот реон</u> Упатување на екипа од стручни лица (помошникот на началникот на ОШЗС за пожари пожари, претставник од ТППЕ и од надлежните државни органи) во реонот на пожарот кои ќе ја проценат состојбата и ќе предложат мерки за гасење на пожарот.	-Градоначалникот -ОШЗС	-ТППЕ -ЈПМШ-ШС Бабуна -ДЗС-ПОЗС
	б) <u>Извршување на мобилизацијата</u> Мобилизацијата н асилите за заштита и спасување на општинатасе врши според планот за мобилизација. Мобилизацијата на вработените во ТППЕ кои не се на работасе врши според планот на ТППЕ. Мобилизацијата на екипите и единиците за гасење на пожари се врши според нивните планови.	-одговорното лице -СЗР -командирот на ТППЕ	-одговорните лица во правните субјекти учесници во гасењето
	в) <u>Известување</u> Се известуваат правние субјекти во опожарениот реон и реонот за кој се проценува дека може да биде опожарен, за видот и обемот на пожарот и за опасностите и последиците кои се настанати или се очекува да настанат, како и за потребата да ја следат состојбата и да преземаат мерки во согласност со плановите за заштита и спасување, односно да постапуваат според упатствата што ќе им ги даде општинскиот штаб за заштита и спасување, во согласност со надлежните државни органи.Известувањето се врши телефонски и преку регионалниот центар за управување со кризи. Се известуваат граѓаните-населението во опожарениот реон и реонот за кој се очекува-проценува дека може да биде опожарен, за видот и	-ОШЗС -Одговорно лице во општината -претседатели на УЗ и МЗ	-ЦУК-РЦУК -електронски медиуми:ТВ Здравкин, Канал 21 и локалните радиостаници -националните ТВ

	обемот на пожарот и за опасностите и последиците кои се настанати или се очекува да настанат и ќе им се укаже да ја следат состојбата и да преземаат мерки со кои ќе се намалат ефектите од настанатите опасности и последици, односно да постапуваат по упатствата кои ќе им ги даде општинскиот штаб за заштита и спасување. в-1 Постапка на правните субјекти По добиеното известување, отпочнуваат да ги спроведуваат планираните и препорачаните (наложените) мерки за гасење на пожарот и воспоставуваат контакт со општинскиот штаб за заштита и спасување, заради усогласување и координација на активностите. В-2 Постапка на граѓаните Веднаш по добиеното известувањеграѓанитеотпочнуваат со извршувањето на обврските за гасење на пожароткои им се препорачани од општинскиот штаб за заштита и спасување. Претседателите и советите на урбаните и месните заедници ги координираат активностите на населението во гасењето на пожарот, а првенствено во спроведување на личната и колективна заштита.		
	г) <u>Планирање на активности за заштита и спасување од пожари</u> Планирањето, раководењето и координирањето на активностите за заштита и спасување од пожари, ќе го врши командантот на ОШЗС, според следниот последователен ред: г-1. По потреба од РЦУК Велес и другите задолжени субјекти (првенствено ТППЕ и ЈПМШ-ШС „Бабуна“ и другите НДО) бара целосни или дополнителни пода-тоци и информации за последиците, превземените мерки и ангажираните сили и средства. г-2. Свикува состанок на штабот, на кој ја проценува настанатата состојба на база претходните и новодобиените информации од теренот и утврдува план за дејствување, во кој покрај другото ги опфаќа следните елементи: - доколку пожарот е на поголема површина или се настанати повеќе пожари определува реони и сектори на дејствување; - го определува местото од каде општинскиот штаб за заштита и спасување ќе раководи со гасењето на пожарот; - определува раководител на терен кој ќе раководи со вкупните акции за гасење на пожарот; - го определува местото од каде раководителот на терен ќе раководи со гасењето на пожарот и го утврдува начинот на одржување на врските; - определува раководители на реоните и секторите за	-градоначалникот -командантот на ОШЗС -командир на ТППЕ	Одговорните лица во учесниците (ЈПМШ-ШС, ЈЗУ здравен дом, МВР-СВР, ТД според склучен договор и др.)

	гасење на пожароткои ќе раководат со активностите за гасење на пожарот во реонот-секторот; - ги определува учесниците, основните правци и реони на кои приоритетно ќе се ангажираат; - го утврдува правецот на движење на учесниците со расположивите превозни средства и реоните за нивно ангажирање; - определува екипи за обезбедување на превоз на учесниците од собирното место до почетниот реон за дејствување, -определува екипа за логистичката база (обезбеду-вање на храна, вода и средства за работа на учесниците, екипи за здравствена заштита, екипи за обезбедување и други екипи доколку има потреба); - ги определува местата на кои ќе се постави логистичката база, од кои учесниците ќе се снабдуваат со храна, вода и средства за работа; - го утврдува местото на санитетско прифатилиште, односно на екипите за здравствена заштита; - ги оппределува местата до кои лицата од логистичката база ќе доставуваат храна, вода и средства за работа за дополнително снабдување на гасачите; - планира ангажирање на дополнителни сили на целиот простор или во одделни реони-сектори, за што го известува градоначалникот заради упатување на барање до дирекцијата за аштита и спасување; - планира ангажирање на воздухоплови (авиони на дирекцијата за заштита и спасување и хелихоптери на министерството за одбрана), за што го известува градоначалникот заради упатување на барање до дирекција за заштита и спасување; - го утврдува времето на доставување на извештаи и времето на повторна проценка на состојбата, кое вообичаено треба да е во вечрените часови; -доколку во текот на денот пожарот не е изгаснат или локализиран, после повторно проценување, донесува одлука за ангажирање на учесниците во текот на ноќта и за следниот ден, односно утврдува нов план за дејствување со истите содржини; - доколку ангажираните сили и средства останат да дејствуваат и преку ноќта, го определува местото за нивно сместување; -ако припадниците на екипите и единиците, се враќаат во своите домови, го утврдува начинот на нивно враќање и повторно носење на местото на пожарот, кој во принцип е ист како и при првото носење; - ако пожарот е на територијата на повеќе општини или се очекува да премине на територијата на соседните општини, го планира начинот на содејство		

	и координација со учесниците од нив; - определува екипи за дежурство и контрола на опожарената површина, особено по локализирање на пожарот, па сè до целосното гасење; - го утвдува начинот на враќање на учесниците и прибирање на ангажираната опрема и техничките средства. г-3. По утврдувањето на планот за дејствување, на планираните учесници им се доставуваат изводи, односно се известуваат за обврските кои им се определени во гасењето на пожарот.		
	д) <u>Упатување на единиците и екипите</u> <u>во почетниот реон</u> По завршената мобилизација и утврдување на планот за дејствување, командантот на ОШЗС ги упатува општинските единици за заштита и спасување во почетниот реон за дејствување. Паралелно со оваа активност, командантот на ОШЗС ги упатува и останатите екипи и единици на другите учесници во почетните реони за дејствување. По оценка на штабот, градоначалникот на општината бара ангажирање на републичките сили за заштита и спасување на Дирекцијата за заштита и спасување и на екипи и единици од другите надлежни органи и установи. Територијалната професионална противпожарна единица во реонот на пожарот ја упатува командирот на дежурното одделение кој постапува во согласност со пропишаната стандардна оперативна постапка.	-градоначалникот -командантот на ОШЗС -командирот на ТППЕ	-командирите на единиците на општината - Одговорните лица во учесниците (ЈПМШ-ШС, ЈЗУ здравен дом, СВР, ТД според склучен договор и др.)
	Спроведување на активностите		
	Гасењето на пожарот ќе почне да се спроведува од моментот на издавањето на наредбата од командантот на ОШЗС.	-командант на ОШЗС	Командирите на екипите и единиците на учесниците
	Задолжените субјекти(правните субјекти-трговските друштва и надлежните државни органи) отпочнуваат со спроведување на оперативните активности веднаш по настанување на пожарот или по добиенто известување за можностите за настанување на пожар и тоа според своите планови (внатрешни и надворешни) и стандардните оперативни постапки.	-силите за заштита и спасување на општината -службите на градоначалникот	Командирите на екипите и единиците на учесниците
	Гасење на урбаните пожари		
	а) <u>Извидување-процена на пожарот</u> <u>(опожарениот објект)</u> По пристигнување на местото на пожарот командирот на одделението врши извидување и процена на пожарот и планира соодветна тактика на гасење, во согласност со стандардните оперативни постапки на ТППЕ и востановената практика.	-командир на одделението во ТППЕ	-одговорното лице во ПС-ТД

	б) Известување на претпоставените По извршеното извидување и процена на пожарот, командирот на одделението го известува командирот на ТППЕ, односно постапува во согласност со законот за пожарникарството, стандардните оперативни постапки на ТППЕ и востановената тактичка практика.	-Командир на одделението од ТППЕ	
	в) Барање на помош Според сопствена процена, командирот на гасењето на пожарот бара помош од вработените во ТППЕ Велес и од соседните територијални противпожарни единици (противпожарната бригада на град Скопје, ТППЕ Свети Николе, ТППЕ Неготино). Во барањето на помош, командирот на гасењето постапува во согласност со законот за пожарникарство-то, стандардните оперативни постапки и востановената практика.	-Командир на одделението од ТППЕ	Командири на ТППЕ од други општини
	г) Гасење на пожарот Гасењето на пожарот се врши според планираната тактика на командирот на гасењето, односно во согла-сност со законот за пожарникарството, стандардните оперативни постапки и востановената тактичка практика. Во гасењето на пожарот може да се ангажираат и присутните граѓани, на обврски соодветни на нивната опременост и обученост. По пристигнување во реонот на пожарот, единиците од соседните ТППЕ веднаш се вклучуваат во гасењето на пожарот. Интервенцијата трае се додека не се изгаси пожарот. По изгаснувањето на пожарот, единиците се враќаат во својата база.	-ТППЕ	-ТППЕ од други општини -граѓани
	д) Спасување на луѓето и материјалните добра Ако во опожарениот објект има загрозени луѓе, веднаш се пристапува кон нивно спасување-извлекување од објектот и доколку се повредени им се дава прва медицинска помош, од страна на екипа на ЈЗУ здравен дом од Велес и екипи на општинската организација на Црвениот Крст од Велес.	-ТППЕ	-ТППЕ од други општини -ЈЗУ здравен дом -Општинаска организација на Црвен Крст
	ѓ) Евакуација и згрижување на загрозените луѓе Во случај да постои опасност од ширење на пожарот во објектот или на соседни објекти, командирот на гасењето на пожарот ќе постапи во согласност со законот за пожарникарството, стандардните оперативни постапки и востановената тактичка практика, односно ќе нареди евакуација на загрозените луѓе. Евакуацијата и згрижувањето на загрозените луѓеќе се врши според планот за евакуација и згрижување.	-ТППЕ	-ТППЕ од други општини -МВР-СВР

	е) Обезбедување на ред во реонот на пожарот Обезбедување на ред во реонот на пожаротќе врши секторот за внатрешни работи од Велес, во согласност со стандардните оперативни постапки.	-ТППЕ	МВР-СВР
	ж) Раководење со гасењето на пожарот Раководењето со гасењето на пожаротќе се остварува во согласност со законот пожарникарството.	-командир на единицата која гаси	Командир на ТППЕ од други општини
	з) Анализирање и евидентирње, составување на извештај и доставување до надлежните служби Веднаш по гасењето на пожарот, командирот на гасењето заедно со другите учесници ја анализира успешноста и ефикасноста на гасењето на пожарот, составува извештај и го доставува до надлежните служби. Податоците за пожарот и неговото гасење се внесуваат на пропишани обрасци.	-командир на единицата која гаси	Командир на ТППЕ од други општини
	Гасење на пожарот на отворен простор		
	а)Набљудување на опожарените површини Набљудувањето на опожарениот реонќе се врши од набљудувачките места на шумското стопанство Бабуна, со персонал предвиден за набљудување. Во зависност од големината на опожарената површина и рзвојот на пожарот, раководителот на гасењето ќе определи нови набљудувачки места, од кои може да се гледа целата опожарена површина и ќе упати лица кои ќе го вршат набљудувањето. При учество на просторните сили на општината, екипата за набљудување и набљудувачките места ќе ги определи командантот на општинскиот штаб за заштита и спасување. Набљудувачите ќе бидат во постојана врска со раководителот на гасењето на пожарот и со ОШЗС и ќе даваат информации за пожарот (што гори, потесната микролокација и најблиските пристапни патишта, зафатената површина, обем и големина на пожарот, дали постои опасност по животот на луѓето, приближ-на јачина и правец на дување на ветерот, можностите за проширување на соседни површини и објекти и други информации кои од нив ќе ги побараат).	-раководител на гасењето -екипа за набљудување	-екипи за набљудување на ШС Бабуна
	б)Извидување на опожарените површини од страна на извидувачи Извидување на опожарените реони-површини, ќе вршат извидувачи од шумското стопанство Бабуна, кои добро го познаваат теренот во реонот на пожарот. Извидувачите ќе му даваат информации од теренот на раководителот на гасењето (за видот на горливата материја, обемот и големина на пожарот, можностите	-извидувачи од единиците на општината	-извидувачи од ШС Бабуна -авиони на ДЗС

	за проширување и загрозување на луѓе и објекти, најблиски пристапни патишта, извори на вода, успешноста во локализирањето и гасењето и друго), а кои ќе бидат потребни за правилно насочување на гаса-чите и за примена на ефикасна тактика во гасењето. Кога во гасењето ќе бидат ангажирани просторните сили, командантот на општинскиот штаб за заштита и спасување може да определи и дополнителни лица кои ќе вршат извидување. Заради брза и реална процена на пожарот и соодветно планирање на активностите, посебно во недостапни реони, командантот на ОШЗС по своја проценка ќе побара во извидувањето на пожарот да се ангажираат воздухоплови на дирекцијата за заштита и спасување или на министерството за внатрешни работи. Извидувачите ќе му даваат информации за пожарот од извидувањето од воздух на раководителот на гасењето.		
	в)<u>Превоз на учесниците од собирните места</u> <u>до почетниот реон за дејство</u> Превозот на екипите за гасење на пожарот на шумското стопанство „Бабуна“ до почетниот реон и местото на пожарот, ќе се врши со превозни средства на подружницата. Професионалните пожарникари од ТППЕ до местото на пожаротќе се превозуваат со возила на единицата. Просторните сили на општината, доброволните противпожарни единици и населението од собирните места до почетниот реон и местото на пожарот ќе се превозуваат со превозни средства на општината и трговските друштва „Данс Експрес“ и „Пан Промет“. За пренесување на просторните сили на општината до местото на пожаротќе се користат и превозни средства од месните заедници (теренски возила, трактори и други), посебно во потешко пристапните реони.	-возила на ТППЕ -возила на општината	-Данс Експрес -Пан Промет
	г)<u>Поставување на логистичка база</u> Логистичката база ќе се постави во најповолното место (најблиското и најприступачното за сите учес-ници), во објект или на површина која ќе овозможи поставување на шатор или настрешница. Таа се поствува кога во гасењето ќе бидат вклучени просторните сили на општината. Во логистичката база ќе се обезбедат вода за пиење и гасење, средства за работа на екипите и единиците, храна, дополнителна опрема за гасење, простор за одмор на изнемоштени гасачи и друго. Наведените средства во логистичката база треба минимум да ги задоволуваат потребите за еден ден. Во логистичката база ЈЗУ Здравен дом и општинската организација на Црвениот Крст ќе постават санитет-	-СЗР -ЈКП Дервен -ТППЕ	-извиднички одред Димитар Влахов -општинската организација на Црвен Крст -ЈЗУ здравен дом

	ско прифатилиштево кое ќе се прифаќаат повредените гасачи и ќе им се дава прва медицинска помош Логистичката база ќе ја постават и опслужуваат, вработените од општината (СЗР), а ќе се вклучат и извидници од извидничкиот одред „Димитар Влахов“. Во случај да има два или повеќе пожари во опожарениот реон, а кои не се многу оддалечени еден од друг и според планот за гасење се определени два или повеќе сектори, дотур на средства од логистичката база ќе се врши до место, кое ќе го определи раководителот на гасењето. Ако пожарот трае повеќе денови, во логистичката база ќе се врши дотур на вода, средства за работа, храна и друго, за секој нареден ден. Логистичката база во принцип треба да се постави во непосредна близина на командното место на ОШЗС. Транспортот на опремата и средствата на логистичката базаќе се врши со возила на општината, ЈКП „Дервен“ и ТППЕ.		
	д)<u>Поставување на командното место</u> Командното место на лицето кое раководи со гасењетоќе се постави во непосредна близина на пожарот, на место од каде ќе може да го надгледува опожареното место и интервенциите на гасачите и да комуницира со нив. Доколку пожарот зафаќа голема површина и според планот за гасење се определени два или повеќе сектори за гасење, општинскиот штаб за заштита и спасување ќе раководи од командно место, кое ќе се постави на место од каде ќе може најдобро да го надгледува пожарот и активностите на гасачите, односно да раководи со гасењето. Непосредно до командното место, на пригодна локација (на отворен простор или во објект), ќе биде и место за прифаќање на дополнително ангажираните сили. Раководителот на гасењето на пожарот ќе определи лице кое ќе ги прифаќа дополнително пристигнатите гасачи.	-ОШЗС -СЗР	-раководителите на гасење од ШС „Бабуна“
	ѓ)<u>Гасење на пожарот со екипи и единици на учесниците</u> По пристигнувањето на почетниот реон за гасење, раководителот на гасењето ги распоредува екипите и единиците по правци на дејствување, при што треба да води сметка гасачите да не ги доведе во опасност од опкружување со пожарот. При распоредувањето ќе се води сметка екипите од просторните сили на општината, доброволните противпожарни друштва и населението, да бидат покрај екипи на шумското стопанство „Бабуна“ или ТППЕ. По добиените задачи, екипите се упатуваат во местото кое им е определено и почнуваат да го гасат	-ОШЗС -ТППЕ -ОЕЗС	Екипите и единиците за заштита и спасување на другите учесници

	пожарот. Раководителот на гасењето на пожарот, при одредувањето на начинот на гасењето и во текот на гасењето мора да се придржува на пропишаните стандардни постапки и востановената практика во тактичкото настапување. Во текот на гасењето, раководителот на гасењето постојано комуницира со командирите на единиците и ги координира нивните активности.Паралелно со ова, тој е во постојана врска со општинскиот штаб за заштита и спасување, доставува информации за текот на гасењето, бара помош од дополнителни сили (вклучително и воздухоплови) и бара инструкции за натамошните активности. Доколку во текот на денот не се изгаси пожарот, препорачливо е да се престане со гасењето во кој случај се определуваат лица кои добро го познаваат теренотза следење на пожарот.Во овој случај, ако постојат услови за сместување на гасачите во непосредна близинатие се сместуваат, а ако не се враќаат во своите домови, при што им се определува времето кога треба да се јават на собирното место. Постапката на превоз до местото на пожарот е иста. Гасењето на пожарот во следниот ден мора да започне во раните утрински часови, односно со разденувањето.Постапката при гасењето на пожарот е иста како и во претходниот ден. Ако гасењето на пожарот трае повеќе денови, заради ефикасно и успешно гасењеќе се обезбедува замена со нови гасачи. По изгаснувањето на пожарот, гасачите се враќаат на почетниот реон од каде се превезуваат до собирното место.		
	е)<u>Вклучување на населението во гасење на пожарот</u> Заради брзо и ефикасно гасење на пожарот, гадоначалникот ќе упати апел до населението од населените места кои се во близина на пожаротда се вклучат во гасењето на пожарот. На барање на ОШЗС, градоначалникот по сопствена процена ќе нареди мобилизација на населението. Во ренот на пожарот населението ќе го прифаќа раководителот на гасењето и ќе ги упатува на гасење, притоа водејќи сметка да ги распоредува зедно со екипите на шумското стопанство или ТППЕ. На населението кое ќе се вклучи во гасењето им се обезбедуваат средства за гасење, како и останите логистички потреби.	-градоначалник -ОШЗС	-раководител на гасење
	ж)<u>вклучување на републичките спасување сили за заштита и спасување во гасењето на пожарот</u> На барање на градоначалникот, во гасењето на пожарот ќе се вклучат тимови и единици за заштита и	-градоначалник -ОШЗС	-републичките единици за заштита и спасување на ДЗС-ПОЗС -екипи на НДО

	спасување на дирекцијата за заштита и спасување. Непосредно пред ангажирањето на републичките сили за заштита и спасување, командантот на подрачниот штаб за заштита и спасување преку ОШЗС и раководителот на гасењетоќе оствари целосен увид на состојбите со пожарот и текот на гасењето. Учеството на републичките сили за заштита и спасување ќе биде според планот на дирекцијата за заштита и спасување и стандардните оперативни постапки. Со вклучувањето на републичките сили, во гасењето на пожарот ќе се постапува и по насоките на командантот на подрачниот штаб за заштита и спасување.		
	з)<u>Гасењена пожарот со вклучување на воздухоплови</u> Заради брзо и ефикасно гасење на пожарот, според проценка на ОШЗС, градоначалникот на општината ќе побара од директорот на дирекцијата за заштита и спасување во гасењето на пожарот да се ангажираат воздухоплови на ДЗС и на министерството за одбрана (АРМ). Гасењето на пожарот со авионите на ДЗС и хеликоптерите на АРМ, ќе биде според нивните стандардни оперативни постапки. Доколку за време на ангажирањето на воздухопло-вите не се вклучени републичките сили за заштита и спасување, раководителот на гасењето на пожаротќе воспостави постојана врска со координаторот на летањето, заради усогласување и насочување на исфрлањето на водата и активностите на гасачите.	-градоначалник -ОШЗС	-авиони на ДЗС -хелихоптери на МО АРМ
	s)<u>Содејство и координација во гасењето на пожароткога се вклучени соседни општини</u> Ако пожарот е на границата со соседните општини или ја зафатила и територијата на соседните општини, градоначалникот и командантот на ОШЗС, ќе воспостават постојана врска со колегите од соседните општини, заради заедничко договарање на активностите за гасење на пожарот и нивна координација. Информации за гасењето на пожарот, општините ќе разменуваат по секоја настаната промена (локализирање, гасење или проширување).Во текот на денот постојано ќе ги усогласуваат активностите на гасачите. Планот за заедничко дејствување во следниот ден ќе го донесат во вечерните часови, после извршеното усогласување. Кога во гасењето на пожарот е вклучен подрачниот штаб за заштита и спасување на дирекцијата (ДЗС), планирањето и усогласувањето на заедничките активности на општините и нивната координација ќе	-градоначалник -ОШЗС	-градоначалник -ОШЗС

	ги врши командантот на штабот.		
	и)Спасување на луѓето и материјалните добра Кога во опожарената површина има загрозени луѓеќе се пристапи кон нивно спасување, односноизвлекување од местото на пожарот. Извлекувањето на загрозените и настраданите луѓе во пожарот, ќе го вршат пожарникари (професионални и доброволни), кои се оспособени и опремени за такви интервенции. При спасувањето на луѓето ќе се постапува во согласност со стандардните оперативни постапки и востановената практика. По извлекувањето, тие се упатуваат во санитетското прифатилиште, каде ќе им се даде прва медицинска помош.Извлекувањето на материјлните добраќе се врши паралелно со гасењето на пожарот.	-ТППЕ	-екипи на ЈПМШ ШС Бабуна -доброволни противпожарни единици -републички единици
	ј)Евакуација и згрижување на загрозено население Кога пожарот се шири кон населби и објекти во кои живеат и престојуваат луѓе ќе се изврши евакуација и згрижување на загрозеното население. Евакуација на загрозеното и настраданото население ќе се врши според планот за евакуација. Згрижување на загрозеното и настраданото население ќе се врши според планот за згрижување.	-ОШЗС -СЗР	-планираните учесници со планот за евакуација и планот за згрижување
	к)Доставување на гориво, вода за гасење и пиење, храна и други средства и опрема за работа на гасачите За време на гасењето на пожарот, командирите на екипите и единиците ќе определат лица кои ќе ги подигаат горивото, вода за гасење и пиење, храна и други средства и опрема за работа на гасачите.Тие ќе се подигаат од логистичката база. Кога екипите и единициите се оддалечени од логистичката база, овие средства ќе се подигаат од места кои ќе ги определи раководителот на гасењето.Нивното доставување од логистичката база до новоопределините места ќе го вршат лица од логистичката база, а кои ќе ги определи раководителот на гасењето.	-СЗР -екипата од логистичката база	-Определените лица за подигање на опремата
	л) Давање на прва медицинска помош Прва медицинска помош на повредените во пожарот (со опекотини, загушување, каснување од инсекти, змии и други животни, како и други повреди) ќе се дава според планот за прва медицинска помош и тоа во санитетското прифатилиште. Екипите кои даваат прва медицинска помош (ЈЗУ здравен дом и Црвен крст), треба обавезно да обезбедат средства за прва помош против овие повреди.	-членот на ОШЦЗ за прва медицинска помош	-ЈЗУ здравен дом -екипа на ОО на Црвениот Крст
	љ) Обезбедување на ред	-ОШЗС	-МВР-СВР Велес

	Обезбедување на ред во реонот на пожаротќе врши секторот за внатрешни работи од Велес, во согласност со стандардните оперативни постапки.		
	м)<u>Контрола на опожарениот реон послеизгаснувањето на пожарот</u> По гасењето на пожарот, раководителот на гасењето ќе определи лица(доколку претходно не се определени) кои ќе останат во опожарениот реон заради контрола и навремено спазување на повторно настанат пожар и негово гасење. Лицата кои се оставени за контрола треба добро да го познаваат теренот и да се опремени за самостојно дејствување. Контролата на опожарениот простор ќе се обавува според пропишаните стандардни оперетивни постапки. Времето на вршењето на контрола ќе го определи раководителот на гасењето на пожарот, а не смее да биде помалку од 12 часа.	-раководителот на гасењето	-челновите не екипата определени за контрола
	н) <u>Анализирање и евидентирње, составување наизвештај и доставување на извештајот до надлежните служби</u> Веднаш по гасењето на пожарот, командирот на гасењето заедно со другите учесници ја анализира успешноста и ефикасноста на гасењето на пожарот, составува извештај и го доставува до надлежните служби. Податоците за пожарот и неговото гасење се внесуваат на пропишани обрасци.	-ОШЗС -командирите на единиците и екипите -ТППЕ	Командирите на единиците и екипите кои учествувале во гасењето
	Б.2.3. <u>Логистичка поддршка</u> Логистичката поддршка ќе се обезбедува во согласност со законот за заштита и спасување и законот за пожарникарството и според планот за логистичка поддршка на учесниците, а првенствено за следните содржини: а) Средства за извршување на задачите на интервентните екипи-секој учесник за своите екипи. Обезбедување на дополнителни средства потребни за гасењето на пожаротќе обезбеди општината и ќе ги достави во логистичката база. б) Исхрана и вода за пиење и други пијалоци при ангажирање подолго од 4 часа ќе обезбеди: - за екипите на шумското стопанство „Бабуна“ - шумското стопанство „Бабуна“; - за припадниците на просторните сили на општината, доброволните, пожарникари и населението - општината. За ова ќе се ангажираат маркетите:„Жито“, „Алфа“, „ТУШ“ и „Кам“ кои ќе вршат достава во логистичката база, а со кои ќе се склучи договор;	-ОШЗС -СЗР -сектор за финансии -СПР -членовите на екипата на логистичката база	-ЈПМШ-ШС Бабуна; -ТД според склучен договор (Жито маркет, Алфа маркет, ТУШ маркет, КАМ маркет и др); -ЈЗУ Здравен дом; -ОО на Црвен крст; -ЈКП Дервен; -МВР-СВР Велес.

	- за припадниците на републичките сили - според планот за логистичко обезбедување на дирекцијата за заштита и спасување. в) Здравствена заштита за сите учесници ќе обезбеди ЈЗУ Здравен дом Велес. г) Обезбедување на местата на интервенциите и транспортот ќе врши МВР-секторот за внатрешни работи од Велес.		
	Б.2.4. Р а к о в о д е њ е Раководењето со гасењето на пожаротќе се остварува во согласност со законот за заштита и спасување и законот за пожарникарството, како и прописите донесени врз основа на нив. Во раководењето со гасењето на пожарот ќе се применуваат пропишаните стандарди и нормативи. Кога ќе бидат вклучени силите за заштита и спасување на општината, со гасењето на пожарот ќе раководи општинскиот штаб за заштита и спасување. При ангажирањето на републичките сили за заштита и спасување, раководењето и координацијата ќе ги врши подрачниот штаб за заштита и спасување на дирекцијата за заштита и спасување. Командирите на единиците и екипите ќе раководат-командуваат со активностите кои се извршуваат на местото на непогодата.	-командирот од ТППЕ; -раководдителот на гасењето; -командантот на ОШЗС.	-раководителот на гасење од ЈПМШ-ШС Бабуна; -командирите на единиците; -командантот на ПШЗС на ДЗС.

<u>Објаснување на скратениците</u>

МЗС-Мерка за заштита и спасување

ОШЗС-Општински штаб за заштита и спасување

ОЕЗС-Општински единици за заштита и спасување

ТППЕ-Територијална професионална противпожарна единица

СЗР-Сектор за заеднички работи

СПР-Сектор за правни работи

УЗ-МЗ-Урбани заедници-месни заедници

ЈПМШ-ШС-Јавно претпријатие Македонски шуми-шумско стопанство

ПС-ТД-Правни субјекти-трговски друштва

ТД-Трговски друштва

ДЗС-ПОЗС-Дирекција за заштита и спасување-подрачно одделение за заштита и спасување

ПШЦЗ-Подрачен штаб за заштита и спасување

НДО-Надлежни државни органи

МВР-СВР -Министерство за внатреши работи-сектор за внатрешни работи

МО-АРМ-Министерство за одбрана-армија на Република Македонија

ЈЗУ-Јавна здравствена установа

ЦУК-РЦУК-Центар за управување со кризи-регионален центар за управување со кризи

ОО-Општинска организација

МТСП-Министерство за труд и социјална политика

ЈЗУ-Јавна здравствена установа

ЈКП-Јавно комунално претпријатие

П р е г л е д

на оперативните активности за заштита и спасување

од пожариво Општина Велес

МЗС	Вид на активност	Учесници	
		Внатрешни	Надворешни
Заштита и спасување од пожари	**П о н е с р е ќ а т а (гаснењето на пожарот)**		
	По целосното гаснење на пожарот и престанување на потребата од натамошно ангажирање на интервен-тните единици и екипи, тие се враќаат на собирното место и постапуваат според планот за моилизација.	-ОШЗС -командирите на единиците	-припадниците на единиците и екипите
	Доставување на извештај и раздолжување на опремата.	-СЗР -СПР	-ДЗС-ПОЗС -надлежните државни органи
	Регулирање на финансиските обврски за ангажирањето на учесниците во гасењето на пожарот.	-СЗР -СПР	-ДЗС-ПОЗС -НДО -ПС-ТД
	Ако домовите на евакуираното и згриженото население не се оштетени од пожарот, се постапува според плановите за згрижување и евакуација, односно населението се враќа во своите домови.	Според плановите за евакуација и згрижување.	Според плановите за евакуација и згрижување.
	Процена на настанатите штети од несреќата (пожарот) ќе врши општинската комисија за процена на штети од природни непогоди и други несреќи и државната комисија за процена на штети од природни непогоди и други несреќи.	Општинска комисија за процена на штети	Државна комисија за процена на штети
	Санирање на последиците и штетите кои се настанати од несреќата (пожарот) ќе се врши според посебни планови за санација.	-Служби на градоначалникот -СУСЕ	-ТД според склучен договор
	За реализација на санацијата на опожареното подрачје, општината ќе склучи договори со правните лица во постапка предвидена, за време на природни непогоди и други несреќи	-сектор за правни работи	-избрани ТД

<u>Објаснување на скратениците</u>

МЗС-Мерка за заштита и спасување

ОШЗС-Општински штаб за заштита и спасување

СЗР-Сектор за заеднички работи

СПР-Сектор за правни работи

ДЗС-ПОЗС-Дирекција за заштита и спасување-Подрачно одделение за заштита и спасување Велес

НДО-Надлежни државни органи

ПС-ТД-Трговски друштва-правни субјекти-трговски друштва

ТД-Трговски друштва

Преглед

на одговорните служби и лица

Дежурни служби			
орган	Број на телефон		
	повикувачки	фиксен	мобилен
РЦУК	195		
МВР	192		
ТППЕ Велес	193		
Брза помош	194		

Одговорни лица во			
функција	Име и презиме	Број на телефон	
		Фиксен	мобилен
Општина Велес			
Градоначалник	Славчо Чадиев		
Преседател на Советот			
Одговорно лице			
Министерство за внатрешни работи-сектор за внатрешни работи Велес			
Началник			
Заменик			
Одговорно лице			
Дирекција за заштита и спасување-ПОЗС			
Раководител	Билјана Симова	043-232-818	075-457-529
заменик	Тимчо Атанасов		
ЈПМШ-подружница ШС Бабуна			
Директор			
Заменик			

Одговорно лице			
ЈКП Дервен			
Директор			
Заменик			
Одговорно лице			
Доброволни противпожарни единици			
ДПЕ на ПСОВ Велес			
ДПЕ Видра			
ЈЗУ Здравен Дом Велес			
Директор			
Началник на брза помош			
ЈЗУ Општа болница			
Директор			
Заменик			
Одговорно лице			
Управа за хидрометероолошки работи			
Раководител			
Одговорно лице			
Други учесници			
Претседатели на УЗ-МЗ според приложен список			
Министерство за одбрана-генералштаб на АРМ			
Министерство за земјоделие и шумарство			
Министерство за животна средина и просторно планиарање			
Алфа Маркети			
Жито Маркети			
ТУШ маркет			
КАМ маркет			
АД Димко Митрев			

Општинска организаација на Црвениот Крст Велес			
ТВ Здравкин			
ТВ Канал 21			
Радио 5 ФМ			
националните ТВ станици			
Здруженија на граѓани			

Совет на Општина Велес

Прилози:

-Прилог-1Преглед на тесни улици во градот, во кои нема можност за интервенции со противпожарни возила

-Прилог-2 Преглед на хидранти

-Прилог-3 Преглед на одделението за ППЗ на Општина Велес

-Прилог-4 Список на ДППЕ на ПСОВ

-Прилог-5 Список на ДППЕ Видра

-Прилог-6 Преглед на тимот за брз одговор заППЗ во ДЗС

-Прилог-7 Преглед на републичката единица за ППЗ во ДЗС

-Прилог-8 Годишна оперативна програма за заштита од пожари на Општина Велес

-Прилог-9 Годишен оперативен план за заштита на шумите од пожари на ШС Бабуна

-Прилог-10 Упатство за гасење на пожари

-Прилог-11 Карта на грдот и на општината

Прилог-1

П Р Е Г Л Е Д

на улици во град Велес во кои нема можност да

интревенира територијалната противпожарна

единица со протипожарни возила

Состојба, Април 2015 година

Реден број	Име на улицата	Реден број	Име на улицата	Реден број	Име на улицата
1	Козара	21	Рајко Жинзифов	41	Благој Јосмов
2	Крушевска	22	Стојан Бурчевски	42	Благој Кирков
3	Коле Дрнков	23	Славко Давчев	43	Благој Страчковски
4	Климент Охридски	24	Славјанска	44	Брака Кошулчеви
5	Крали Марко	25	Стојан Јанаќиевик	45	Александар Несторов
6	Мирче Ацев	26	Стеван Богоев	46	Глигор Прличев
7	Миле Милевски	27	Славе Ефтовски	47	Горна Џумаја
8	Михајло Апостолски	28	Скопска	48	Ѓорѓи Димитров
9	9 ти Ноеври	29	Трајко Митев	49	Ѓорче Петров
10	Никола Вапцаров	30	Тоше Саздов	50	Загребачка
11	Питу Гули	31	Тодор Ацев	51	Даме Груев
12	Петре Милевски	32	Бошко Златанов	52	Димче Мирчев
13	Пирин Планина	33	Гаврило Радомир	53	Димо Хаџидимов
14	Петар Михов	34	Петар Даљан	54	Димче Димов Кокошарчето
15	Пеце Карев	35	Браќа Попјорданови	55	Ѓоре Органџиев
16	Цветан Арсов	36	Боге Николов	56	Илија Климкаров
17	Цар Самуил	37	Богдан Прличков	57	Јане Сандански
18	Шефки Сали	38	Браќа Миладинови	58	Иво Лола Рибар
19	Ристо Најдов Шајка	39	Вељан Шојлев	59	Јовче Тикваровски
20	Родна Ивева	40	Борис Карпузов	60	Јордан Џурнов
61	Јован Алабаков	62	Јовче Ќучук		

Ажурирал:_____

НАПОМЕНА: На дел од наведените улици може да се дејствува од голема далечина, за што ке треба да се поставуваат поголема должина на црева од други поближни а проодни улици, при што се намалува брзината и ефикасноста во дејствувањето и губење на водата во цревата.

Прилог-2

П Р Е Г Л Е Д

на улични противпожарни хидранти во Велес

Проверено во Октомври-Ноември 2014 година

Реден број	**Местоположба** (Улица и број каде се наоѓа)	**Забелешка**	Клуч за отварање 4-ка	
			Голем	Мал
	Хидранти што се наоѓаат во **ниска зона** на водоснабдување			
1	ул.Вера Циривири бр. 165	Исправен	Да	-
2	ул.Вера Циривири бр. 147	Исправен	Да	-
3	ул.Коле Цветков бр. 8 (на ќошето)	Исправен(но нема вода)	Да	-
4	ул.П. Прличков (до потокот спрема бифе Пармак)	Исправен	Да	-
5	ул.Петре Прличков (до завод за вработување)	Исправен	Да	-
6	ул.Димитар Влахов бр. 66	Забетониран	Да	-
7	ул.Стојан Буридан бр.4	Исправен	Да	-
8	ул.Димитар Влахов бр. 70	Исправен		-
9	До галаријата кај СЕУ Ј. Тесличков	Исправен	Да	-
10	На раскрсница ул. Маршал Тито“ (Спроти Музејот)	Исправен	Да	-
11	ул.Маршал Тито (спремаосновен суд-пред интернационал)	Исправен	Да	-
12	ул.Маршал Тито бр. 62	Исправен	Да	-
13	ул.Маршал Тито (пред црвен крст)	Исправен	Да	-
14	ул.Маршал Тито (до стар мост-пред Мон Жан)	Исправен	Да	-
15	ул.Маршал Тито бр. 2	Исправен	Да	-
16	ул.Маршал Тито бр.1(спрема пошта)	Исправен	Да	-
17	ул.Благој Ѓорев (над пошта)	Исправен(но нема вода)	Да	-
18	ул.Алексо Демниев (до Ликовен Салон)	Исправен	Да	-
19	ул.Алексо Демниев (спрема пионерски дом)	Исправен	Да	-
20	ул.Вардарска бб(десно од влезот на ЈКП Дервен)	Исправен	Да	-
21	ул.Индустриска (спрема споменикот на Панко Брашнар во тревата, до дрвото)	Исправен-да се исчисти	Да	-
22	ул.Марксова бр. 23(до влезната врата десно)	Исправен	Да	-
23	ул.Ан. Шурков(пред влез на Димко Митрев десно)	Исправен	Да	-
24	ул.Моша Пијаде (пред горниот влез на АМСМ)	Исправен	Да	-
25	ул.Васа Кошулчева(на тротоарот десно спрема серв. За коли)	Исправен	Да	-
26	ул.Моша Пијаде (пред влез на Топилница десно)	Исправен(но нема вода)	Да	-
27	ул.Андон Шурков(пред поранешна пелагонија-лево на ќошот)	Исправен	Да	-
28	ул.Вера Циривири бр. 121	Исправен	Да	-
29	ул.Вера Циривири бр. 224	Исправен	Да	-
30	ул.Петре Прличков бр. 12	Исправен	Да	-
31	Раскрсница ул. Благој Ѓорев/ Ул. 8-ма Велешка бригада (пред железничката зграда десно).	Исправен	Да	-
32	ул.Благој Нечев бр. 12	Исправен	Да	
33	ул.Благој Нечев бр. 48	Го нема-Забетониран	-	-
34	ул.Благој Нечев бр. 80 (позади висококатница на ХИВ)	Исправен	Да	-
35	ул.8-ми Септември(пред стара аптека)	Исправен	Да	-
36	ул.Благој Нечев бр. 19	Исправен	Да	-
37	ул.Благој Нечев бр. 83(до бандерата)	Исправен	Да	-

38	ул.Родна Ивева (костурница под резервоарот)	Исправен	Да	-
39	ул.Ганчо Хаџи-Панзовбр.8	Исправен	Да	-
40	ул.Богдан Каракостев бр. 37	Исправен	Да	-
	Хидранти што се наоѓаат во **високата зона** на водоснабдување			

41	ул.Кузман Јосифовски бр. 47	Исправен	Да	-
42	ул.Лазо Трпков бр.1(спроти бр.1)	Запечен капакот не се отвара	-	-
43	ул.Тодор Јанев бр. 11	Исправен	-	Да
44	ул.Гемициска бр. 3	Исправен	-	да
45	ул.Белградска бр. 50	Исправен	Да	
46	ул.Белградска 105(спрема бр. 105)	Неисправен-скршен заб	-	Да
47	ул.Димитрие Чуповски бр. 3(лево на ќошето)	Исправен	-	Да
48	Плоштад Војник(лево доле на раскрсницата)	Запечен капакот не се отвара	Да	-
49	Спроти ул.Никола Вапцаров бр. 8	Неисправен-скршен заб	-	Да
50	ул.Никола Вапцаров бр. 7	Неисправен-скршен заб	-	Да
51	ул.Ангел Несторов бр. 9Б	Забетониран	-	-
52	ул.Алексо Демниев (кај амфитеатар, доле лево на ќошот)	Исправен	-	Да
53	ул.Љуен Весов(спој со ул.Кочо Рацин-на раскрсницата)	Запечен капакот-не се отвара	-	-
54	ул.Љубен Весов(спој со Мирче Ацев-десно)	Исправен	Да	-
55	ул.Невена Ѓеоргиева Дуња(помеѓу бр. 19 и 21 на раскрсница)	Исправен	Да	-
56	ул.Илинденска(пред кулата кај н.Мост)	Исправен	-	Да
57	ул.М. Тито бб (до јаворот пред трафика Фонтана)	Исправен	Да	-

Ажурирал:_____

Прилог-3

ПРЕГЛЕД

на припадниците на просторната единица за противпожарна заштита

во јачина на одделение во Општина Велес

Велес, мај 2015 година

Реден број	Должност	Вид на образование Вид на занимање	Презиме, татково име и име	Година на раѓање	Улица и број	Број на телефон	Лична опрема	Завршена обука		
								основна	дополнителна	Специјали-зирана
1.	**Командир**	Технолошки факултет	Киров Димитар Тони	1977	Благој Горев 104 А/3		-	-	-	-
2.	1 екипа водител пожарникар	УЗУС Електро	Анастасовски Б. Трајче	1979	Иво Лола Рибар 11		-	-	-	-
9	**Magacinerot**	Po planot	Organizira Izvr[uva	233-201	

3.4. PREGLED NA PODRU@NICI NA JP „MAKEDONSKI {UMI KOI SE VO REGIONOT

1. Gevgelija, Valandovo, Strumica, Radovi[;
2. Kumanovo, Sveti Nikole, Kratovo i Kriva Palanka ;
3. Berovo, Del~evo, Ko~ani, Vinica, {tip ;
4. Skopje, Tetovo ;
5. Ki~evo, Makedonski Brod, Gostivar ;
6. Ohrid, Resen, Struga, Debar ;
7. Bitola, Prilep, Kru[evo, Demir Hisar ;
8. Veles, Negotino, Demir Kapija, Kavadarci.

	Sodr`ina na merkata	*Koj e zadol`-en za nejzino izvr{uvawe*	*So kogo sorabotuva*	*Rok za Izvr[uvawe*	*Koj go kontrolira Izvr[uvawetо*	Vo koja feza na reali. predvid. merka
1	Utvrduvawe na dnevna opasnost od izbivawe na {umski po`ar so voveduvawe sistem za predviduva we na verojatnosta zapaluvawe na gorliviva materija	Sorabotnik od Direkcija za za[tita, spasuvawe i MZ{V	[ef po Za[tita i ekologija	postojano	-[um.inspektor -Po`.inspektor -Rakovoditel na P{S	
2	Postavuvawe na znaci za zabrana i predupreduvawe na opasnost od izbivawe na {umski po`ari	ref po iskoristuvawe	[ef na {SE	01.06	-[um.inspektor -Po`.inspektor	
3	Organizirawe nabluduva~ka i izvestitelna slu`ba	ref po iskoristuvawe	[ef na {SE	01.06 -01.10	Rakovoditel [um.inspektor Po`.inspektor	

4	de`urstvo na mobilna grupa za gasnewe na {umski po`ari organizirawe na postojano	ref po iskoristuvawe	[ef na {SE	postojano	Direktor [um.inspektor Po`.inspektor	
5	Vo uslovi na {umski po`ari vo pogolemi razmeri se anga`iraat site raspolo`ivi sili isredstva na praven subjekt koi vr[at stopanisuvawe so {umi	Rakovoditel - Direktor	direkcija za za[tita i spasuvaw OVR TPPE	Odma	- [um.inspektor - Po`.inspektor	
6	Obezbeduvaat minimalni tehn. Sredstva, alatki i druga oprema potrebna za gasnewe	ref po iskoristuvawe	Tehni~ki Direktor	postojano	Rakovocitel Direktor	datum
7	Naprirodni(postojani) vodotec kade ima mo`nost se pravat zafati za obezbeduvawe voda za gasnewe na {um. po`ari	pred pojava na {umski po`ar	Zamenik Direktor	Rakovoditel	Zamenik Direktor Rakovoditel	do 01.06
8	Sepostavuvaat nabquduva~ki otkrivawe na {umski po`ar	ref po iskoristuvawe	[ef na {SE	odma	Zamenik Direktor	5
9	Se pravat proseki vo {uma	[ef na {SE	Zamenik Direktor	tekovno	Rakovoditel Direktor	
10	Se pravat i odr`uvaat pojasi vo{umski kulturi niz koi minuvaat javni soobr. dalnov pokraj zemjodelski kompleksi	[ef na {SE	Zamenik Direktor	odma	Rakovoditel Direktor {um.inspektor	
11	Pri podignuvawe na novi kulturi od iglolisni vidovi na drvja se pravat pojasi od lisjarski vidovi	[ef na {SE	Zamenik Direktor	prolet esen	Rekovoditel Direktor [um. inspektor	

	Ime na podružnica	*Telefon*	*Ime i prezime*	*Telefon*	*Vkupen broj na*
1	JP „Makedonski {umi „VELES	233566	PANOVSKISTOLE	070-805 930	5
2	JP „Makedonski {umi KAVADARCI	412-140	Стојан Иванов	070-216856	
3	JP „Makedonski {umi DEMIRKAPIJA	366-236	Чапов Слободан	070-216856	

Adresa	*centrala*	*faks*	*Rakovoditel*	*Zamenik*	*Zamenik*	*Mobil*
pripadnici vo			*regionalnata*	*rabot*	*ed*	*za gasnewe po`a*

3.5. PREGLED NA MERKI ШТО SE PREVZEMAAT ZA ZAШTITA NA ШУМИТЕ ОД ПОЖАРИ

12	Se zalaknuva kontrolata na dvi`eweto na lu\e vo {umita vo periodot na zgolemena opasnost od pojava na {umski po`ari	ref na iskoristuvawe	[ef na {SE	spored potreba	Rakovoditel Direktor [um.inspektor	

12	Se zalaknuva kontrolata na dvi`eweto na lu\e vo {umita vo periodot na zgolemena opasnost od pojava na {umski po`ari	ref na iskoristuvawe	[ef na {SE	spored potreba	Rakovoditel Direktor [um.inspektor	

Прилог-10

У П А Т С Т В О

за гаснење на пожари

КЛАСА - А: Во оваа класа спаѓаат пожарите на тврди горива, кои горат со

пламен и жар (со исклучок на металите) како:дрво, текстил, јаглен, растителни материи, пластика, слама, хартија и слично.

<u>Најдобро се гасат со вода.</u>

Успешно се гасат со пена, а мали површински пожари можат да се гасат и со ЦО2 и прав, под услов по гасењето да се отстрани жарта

КЛАСА - Б: Во оваа класа спаѓаат пожари на запалливи течности како:

бензин, бензол, уље, масти, лекови, асфалт, смола, восок, етер,

алкохол и други.

<u>Најдобро се гасат со пена и прав.</u>

За помали пожари во затворени простории може успешно да се употреби и ЦО2.

Воата може да се употреби за ладење на садовите.

КЛАСА - Ц: Во оваа класа спаѓаат пожари на гасовити материи како:

метан бутан, пропан бутан, пропан метан, водород, ацетилен, гас за домакинството и други.

<u>Најдобро се гасат со прав.</u>

За помали пожари во затворени простории може успешно да се употреби и ЦО2.

Воата може да се употреби за ладење на садовите.

Не смее да се гаси со пена.

КЛАСА - Д: Во оваа класа спаѓаат пожари на лесни метали кои горат со

јак жар како: алуминиум, магнезиум и нивните легури, титан електрон, како и алкалните метали натриум и калиум.

Најдобро се гасат со специјален прав, сува земја и песок и камена сол.

Не смее да се гаси со други средства, посебно оние кои содржат вода.

КЛАСА - Е: Во оваа класа спаѓаат пожарите од сите други класи кога се

наоѓаат во близина на електрични инсталации, односно пожари на инсталаии (кабли, склопки, мотори, генератори, трансформатори и сл.).

Најдобро се гасат со ЦО2 и прав.

Не смее да се гаси со вода и пена.Опасно по живот.

ГАСНЕЊЕ НА СПЕИФИЧНИ ПОЖАРИ

1.ЈАГЛЕНОВА ПРАШИНА И ЧАД

Гасењето на овие пожари е доста тешко и опасно.

Начелно гасењето не смее да се врши со јак млаз на вода, ЦО2 или

прав, оти постои опасност од експлозија на прашината.

Водата или уште подобро „мокра“ (продорна) вода, мора да биде фино распрашена (водена магла) и тоа е најдобар начин за гасење.

2.БЕЛ ФОСФОР

Белиот фосфор се пали во допир со кислородот од воздухот, поради

што е многу тешко за гасење.Самиот пламен на фосфорот може да се елиминира совода или пена, амо штом средството за гасење се отстрани или испари, фосфорот повторно се пали.Бидејки фосфорот е отровен и

при допир со кожата ствара тешко излечиви рани, треба по гасењето веднаш да се отстрани.

<u>Најдобро се гаси со зтрупување со земја</u>

3.ГУМА

Гасење на гума може да се врши со голема количина на вода.

Успешно се гаси и кога со ладењето ќе се преќине растворувањето-

топењето на гумата.

Гасење на гумата може да се врши и со прав, ама ако топењето е

многу јако, гасењето требе да се повтори неколку пати.

Автомобилските гуми се гасат добро со „мокра“ вода.

4.ТЕКСТИЛ

Најдобро се гаси со вода и прав.

Ако текстилот е спакуван во бали и ако јадрото е извор на палење, во

длабочина на балата треба да се употребува „мокра“ вода.

Кај преработката, односно производството на текстилот (влечење,

предење, плетење и ткаење), не е препорачливо да се користи вода, бидејки ќе се оштетат машините.Во такви случаи, подоброе а се користи прав и ЦО2 кои не ги оштетуваат машините, а текстилот само се истресува (протресува), со што паѓа правот.

5.НАПАЛМ

Успешно се гаси со хемиска и воздушнапена., сува земја и песок.

6.ТЕРМИТИ

Мали бомби, најуспешно се гасат со земја.


К А Р Т А
на град В Е Л Е С собирни места на населението при нивната евакуација
Кон мотелот „МОНТЕНЕГРО”
Кон Н. Превалец
ЛЕГЕНДА
Правци на движење на населението кон собирните места
Собирно место



КАРТА

на дел од Општина Велес со

III.8 П Л А Н

за заштита од неексплодирани убојни средства

Извод од процената :

На терироријата на општина Велес реално се очекува да има присуство на неколку типа на неексплодирани убојни средства (НУС) и тоа:

- Со непозната конструкција;
- Со позната конструкција, а за која сигурно се знае дека запалката е со механизам со времено дејство;
- Познати експлозивни средства кај кои што затаила запалката.

Втората категорија ја среќаваме при услови на воени дејствија, додека првата и третата категорија преставуваат скриена опасност во секое време и се јавуваат како заостанати од воените дејствија. НУС не го губат дејството на експлозивност и после многу време поминато во земја или во некој објект, па затоа при нивно пронаоѓање мора да се пристапува доста претпазливо и да се преземат одредени мерки за безбедно деактивирање или уништување.

Од воените дејства од Балканските војни, првата и втората светска воја на територијата на општината Велес, сè уште се пронаоѓаат заостанати НУС и тоа првенствено на следните локации:

- Околината на железничка станица по цела должина и ширина од 100-200 метри лево и десно од неа. Досега пронајдените НУС на оваа локација се пред сè од авиобомбардирање, а не се исклучени и заостанати артилериски гранати;
- Непосредната околина на железничката пруга Велес-Битола,по должина од територијалната противпожарна единица од 150-200 метри и ширина 80-150 метри лево и десно и од преминот кај фабриката „Киро Ќучук“ до пред тунелот и во широчина од 10-30 метри. Досега пронајдените НУС на оваа локација се артилериски гранати, од превртени вагони;
- Непосредната околина на **ж**елезничката пруга Велес-Кочани по должина од 150-300 метри и ширина од 10-30 метри, во месноста Дурутовец од првртени вагони кои транспортирале експлозив со артилериски гранати и друга муниција и понатаму во околината на железничката станица Отовица по целата должина и појас широк од 30-50 метри со застапени артилериски гранати.

Со помала веројатност има присутни НУС и во страиот дел на градот, кои се пронаоѓаат при уривање на стари куќи и копање на темели врз истите, при заорување на ниви, во близина на магистрални и регионални патни и железнички правци и др. Овие НУС се претежно од Авиобомбардирање и се како изолирани поединечни случаи.

Останатите типови на НУС се како последица на диверзантско терористички дејства во последните децении, но на територијата на општината не се евидентирани во архивата на ДЗС. Сепак постои можност тие да се употребат во стратешките објекти во општината (зградата на општината, основниот суд, училиштата, болницата, пречистителната станица за вода, резервоарите за вода и др.).

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО ОД НУС

Со организацијата на заштитата и спасувањето од НУС ќе се опфатат мерките од превентивен карактер (превентивно дејствување) и оперативен карактер (оперативно дејствување).

А).<u>Превентивно дејствување</u>

Имајќи ја предвид големата убиствена моќ на неексплодираните убојни средства,а заради заштита на граѓаните, Општината Велес треба да ги преземе и спроведува следните превентивни активности:

- Означување-вградување на реоните во кои се евидентирани потенцијални НУС во генералниот и деталните урбанистички планови;
- При издавање на одобренијата за градба во означените реони да се обврзуваат инвеститорите, пред почетокот на градежните работи да ангажираат стручни екипи кои ќе извршат пребарување на локацијата на која ќе градат и отстранување на евентуално пронајдените НУС;
- Пребарување на градежнта парцела (локација) за присуство на НУС, пред почетокот на градежните работи;
- Да ја испита можноста за определување и уредување на место за уништување на НУС на поранешната локација во непосредна близина на с.Куридере;
- Внесување на местото(полигонот) за уништување на НУС во ГУП и ДУП;
- Уредување на местото (полигонот) за уништување на НУС;
- Да ги поедностават и утврдат постапките за меѓусебното информирање со надлежните државни органи (МВР, ЦУК и ДЗС) во случај на пронаоѓање на НУС, посебно надвор од работното време и да го договорат начинот на обезбедување на локацијата и пронајдените НУС, сè до доаѓањето на пиротехничарите од дирекцијата за заштита и спасување или тимовите за антитероризам на МВР;
- Заедно со дирекцијата за заштита и спасување да ја утврдат можноста и потребата за изградба на бункер за чување на пранајдените НУС сè до нивното уништување;
- Со ЈЗУ-Здравен дом Велес, да го утврди начинот на давање на медицинска заштита во случај на пронаоѓање на поголеми количини на НУС или на повредени лица;
- Преку соодветни предавања во општинските основни и средни училишта да се запознат учениците со опасностите од НУС и со постапките кои треба да се спроведуваат во случај на нивно пронаоѓање;
- Преку средствата за информирање, посебно електронските медиуми да се запознаат граѓаните за опасностите од НУС и за постапките кои треба да се спроведуваат во случај на нивно пронаоѓање;
- Повремено да поделуваат флаери (посебно на младата популација) со содржини за опасностите од НУС и постапките во случај на нивно пронаоѓање.

Б). <u>Оперативно дејствување</u>

Со опеаративното дејствување се опфатени постапките и обврските на сите учесници во заштитата и спасувањето од неексплодирани убојни средства (НУС).

1.Известување

Известување за пронајдени неексплодирани убојни средства до надлежните државни органи вршат граѓаните и правните лица кои ги пронашле.

1.а) Постапка на граѓаните

Во случај кога граѓаните ќе пронајдат НУС треба да ги превземат следниве мерки :

- Ја известуваат најблиската полициска станица на телефон 192 или дежурниот во ЦУК на телефон 195 - доколку не можат телефонски ги известуваат лично;
- Го обележуваат местото на пронајденото НУС, со посебно видливи знаци;
- По можност орзанизираат и поставуваат физичко обезбедување до доаѓање на полицијата или пиротехничарот .

1.б) Постапка на правните лица

Во случај кога правните лица на својот имот или на имотот на кој ја извршуваат дејноста пронајдат НУС треба да ги превземат следниве мерки :

- Ја известуваат најблиската полициска станица на телефон 192 или дежурниот во ЦУК на телефон 195 - доколку не можат телефонски ги известуваат лично;
- Го обележуваат местото на пронајденото НУС, со посебно видливи знаци;
- Орзанизираат и поставуваат физичко обезбедување сѐ до доаѓање на полицијата или пиротехничарот .

2.Организација на отстранувањето и уништување на НУС

Дезактивирањето, отстранувањето и уништувањето на НУС го вршат стручни лица-екипи на надлежните државни органи.

2.а) **Отстранување и уништување на НУС**

Отстранувањето,транспортот и уништувањето на НУС го вршат пиротехничари на дирекцијата за заштита и спасување според нивни стандардни оперативни постапки.

По сопствена проценка на пиротехничарот (основана на видот и бројот на НУС,опасноста од нивно брзо активирање и локацијата на која се пронајдени), како неизбежна и последна мерка, уништувањето на НУС може да се изврши на лице место.

Транспортот на неексплодираните убојни средства од местото на пронаоѓање (евидентираните потенцијални реони) до местото на складирање или уништување ќе се одвива по следните улици:

-реон железничка станица-улица Алексо Демниевски→улица Вардарска→ автопат Велес-Гевгелија;

-реон територијална противпожарна единица единица-отпад - улица АСНОМ→ улица Вардарска→автопат Велес-Гевгелија;

-реон Киро Ќучук - улица Луј Пастер→улица Индустриска→улица АСНОМ→улица Вардарска→автопат Велес-Гевгелија;

-реон Дурутовец-пат за с.Чолшево→пат А1102→Димитар Влахов→автопат Велес-Гевѓелија;и

-реон железничка станица Отовица – пат А1102→лево од улица Вардарска на автопат Велес Гевгелија.

Доколку се побара евакуација на граѓани кои се загрозени од НУС или од самото уништување, евакуацијата ќе се спроведе според планот за евакуација на општината или на правното лице.

Медицинското обезбедување во овој случај ќе го вршат екипи на итната медицинска помош-брза помош ЈЗУ Здравен дом Велес.

Противпожарно обезбедување ќе врши територијалната противпожарна единица на Општина Велес.

2.б) **Дезактивирање,отстранување и уништување на**

експлозивни средства за терористички цели

Дезактивирање, отстранување и уништување на експлозивни средства за терористички цели, ќе го вршат екипи од секторот за антитероризам на МВР според свои стандардни оперативни постапки.

3. **<u>Учесници</u>**

Во заштитата и спасувањето од НУС покрај одделението за заштита и спасување од НУС ќе учествуваат и :

- Граѓани и правни лица;
- Полициска станица Велес;
- Пиротехничари и други единици на дирекцијата за заштита и спасување;
- Екипи од секторот за антитероризам на МВР;
- Просторни сили за заштита и спасување на Општина Велес;
- Екипи за прва медицинска помош на ЈЗУ Здравен дом Велес;
- Регионалниот центар за управување со кризи;
- Територијалната професионална противпожарна единица.

Учесниците меѓусебно ќе ги усогласат активностите во своите планови.

Прилог на планот : на карта на општината и на карта на градот

-преглед на евидентираните реони на кои се застапени НУС

-патиштата на движење-транспорт на НУС

П р е г л е д

на превентивни активности за заштита и спасување од НУС

МЗС	Вид на активности	извршители		рок
		Внатрешни	надворешни	
Заштита и спасување од неексплодирани убојни средства (НУС)	Означување-вградување на реоните во кои се евидентирани потенцијални НУС во генералниот и деталните урбанистички планови.	Одделение за урбанизам		31.12. 2015
	При издавање на одобренијата за градба во означените реони, да се обврзуваат инвестито-рите, пред почетокот на градежните работи да ангажираат стручни екипи кои ќе извршат пребарување на локацијата на која ќе градат и да ги отстранат евентуално пронајдените НУС.	Одделение за урбанизам		Постојано
	Пребарување на градежнта парцела (локација) за присуство на НУС, пред почетокот на градежните работи.		-инвеститори; -пиротехничари ДЗС.	Посто-јано
	Да ја испитаат можноста за определување и уредување на место за уништување на НУС,на поранешната локација во непосредна близина на с.Куридере,во соработка со ПОЗС-ДЗС.	-Сектор за правни работи; -одделение за урбанизам.	ПОЗС-ДЗС	31.12. 2015
	Внесување на местото(полигонот) за уништување на НУС во ГУП и ДУП.	Одделение за урбанизам		31.01. 2016
	Уредување на местото (полигонот) за уништување на НУС.	Градоначалник	ДЗС	31.12. 2018
	Да ги поедностават и утврдат постапките за меѓу-себното информирање со надлежните државни органи (МВР,ЦУК и ДЗС) во случај на пронаоѓање на НУС,посебно вон работното време и да го договорат начинот на обезбедување на локацијата и пронајдените НУС,се до доаѓањето на пиротехничарите од дирекцијата за заштита и спасување или тимовите за антитероризам на МВР.	Сектор за правни работи	-МВР-СВР; -ДЗС-ПОЗС; -ЦУК-РЦУК.	31.12. 2015
	Заедно со дирекцијата за заштита и спасување да ја утврдат можноста и потребата за изградба на бункер за чување на пранајдените НУС се до нивното уништување.	Сектор за правни работи	ДЗС-ПОЗС	31.01. 2016
	Со ЈЗУ-здравен дом Велес,да го утврдат начинот на давање на медицинска заштита во случај на пронаоѓање на поголеми количини на НУС или на повредени лица.	Сектор за правни работи	ЈЗУ-Здравен дом Велес	31.12. 2015
	Преку пригодни предавања во општинските основни и средни училишта, да се запознат учениците со опасностите од НУС и со постапките кои треба да се спроведуваат во случај на нивно пронаоѓање.	Просфетен инспектор	Директори на општински училишта	Постојано

	Преку средствата за информирање,посебно електронските медиуми да се запознаат граѓаните за опасностите од НУС и за постапките кои треба да се спроведуваат во случај на нивно пронаоѓање.	Кабинет на градоначалник	ДЗС-ПОЗС	Посто-јано
	Повремено да поделуваат флаери (посебно на младата популација) со содржини за опасностите од НУС и постапките во случај на нивно пронаоѓање.	Кабинет на градоначалник	ДЗС-ПОЗС	Посто-јано

<u>Објаснување на скратениците</u>

МЗС-мерка за заштита и спасување

ПОЗС-ДЗС-Подрачно одделение за заштита и спасување-дирекција за заштита и спасување

МВР-СВР-Министерство за внатрешни работи-сектор за внатрешни работи

ЦУК-РЦУК-Регионален центар за управување со кризи

ГУП-Генерален урбанистички план

ДУП-Детален урбанистички план

П р е г л е д

на оперативни активности за заштита и спасување од НУС

МЗС	Вид на активност	Учесници	
		Внатрешни	Надворешни
	П р е д н а с т а н о т		
Заштита и спасување од неексплодирани Убојни средства (НУС)	Во оваа фаза не се предвидуваат активности за оваа мерка за заштита и спасување.		
	з а в р е м е н а н а с т а н о т		
	Известување за пронајдени НУС	Одговорното лице	Граѓани;и Правни лица
	Обезбедување на локацијата-пронајдените (НУС)	Вработените	Граѓаните; Правни лица;и Полицијата.
	Известување на надлежните служби и одговорни лица (во ДЗС или МВР)		Полиција;и РЦУК
	Повикување на пиротехничари или екипи на секторот за антитероризам на МВР		Раководител на ПОЗС Велес

	Идентификација на НУС		Пиротехничари
	Извлекување-откопување на НУС		Пиротехничари и помошници
	Транспорт на НУС		Пиротехничари
	Обезбедување на транспортот		Сообракајна полиција
	Уништување на НУС -медицинско обезбедување -Физичко обезбедување -противпожарно обезбедување (по потреба)		-Пиротехничари; -Екипа на ЈЗУ здравен дом Велес -Полицијата;и -ТППЕ Велес
	Ускладиштување		пиротехничари
	После настанот		
	Средување на местото каде се пронајдени НУС (доколку се вршело ископ и уништување на НУС на смото место	Вработени во ЈКП Дервен, ако е имот на општината	Сопственикот на местото објектот

<u>Објаснување на скратениците</u>

МЗС-мерка за заштита и спасување

ПОЗС-ДЗС=Подрачно одделение за заштита и спасување-дирекција за заштита и спасување

МВР-Министерство за внатрешни работи

РЦУК-Регионален центар за управување со кризи

ТППЕ-Територијално професионална противпожарна единица

Преглед

на одговорните служби и лица

Дежурни служби			
орган	Број на телефон		
	повикувачки	фиксен	мобилен
МВР	192		
РЦУК	195		
ТППЕ Велес	193		
Одговорни лица во			
функција	Име и презиме	Број на телефон	
		Фиксен	мобилен
Дирекција за заштита и спасување-подрачно одделение			
Раководител	Билјана Симова	043-232-818	075-457-529
Пиротехничари	Марјан Стефановски		075-457-547
МВР-СВР Велес			
Началник	Петре Игнов	043 217 203	070 276 372
Испектор по подготовки	Димче Маневски	043 217 519	070 383 157
општина			
Градоначалник	Славчо Чадиев		071 237 538
Председател на советот	Александар Колев		
Одговорно лице	Слободан Николовски		075 368 418

Совет на општина Велес

Прилози :

- прилог-1 на карта на градот-преглед на зони на НУС и правци на движење
- прилог-2 на карта на општината-преглед на зони на НУС и правци на движење
- прилог-3 преглед на РЕ за заштита и спасување од НУС

Преглед на зони со НУС и правци на транспорт во општина ВЕЛЕС



Прилог-3

П Р Е Г Л Е Д

на републичката единица за заштита и спасување од НУС

во ПОЗС Велес

Состојба:јуни 2015 година

Ред. број	ПОЗС	Јачина на единицата	По формација	Пополнето	Материјален состав	
					Опременост %	
					Лична опрема	МТС и опрема
1.	Велес	одделение	8	8	60% (задолжени со стара униформа)	55% (на дел од опремата - МТС им е изминат рокот на употреба)

Ажурирал:_____

III.9 П Л А Н

за прва медицинска помош на Општина Велес

Извод од процената :

Од процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи евидентно е дека подрачјето на Општина Велес е подложно на повеќе видови на елементарни непогоди и други несреќи од кои како последица се очекува да има повредени и загинати луѓе.

Поголем број на повредени се очекува да има од следниве природни непогоди и други несреќи:

- Земјотреси и уривање на објекти од други разурнувачки дејствија и сили првенствено во урбаниот дел во градот. Во зависност од степенот на оштетеност на станбените и други објекти се очекува да има повредени од 30 до 180 лица;
- Техничко-технолошки несреќи проследени со пожар, експлозија и контаминација, при што бројот на повредени се очекува да биде од 10 до 100 лица;
- Пожари во колективни станбени згради и индивидуални станбени згради првенствено во стариот дел на градот и некои селски населби. Бројот на повредни се очекува да биде од 10 до 50 лица;
- Поплава од рушење на браната на Езерото Младост, од која во зависност од времето на рушењето,бројот на повредени може да достигне до 50 лица;
- Големи несреќи во патниот и железничкиот сообраќај во кои во зависност од бројот на учесниците во сообракајќите, бројот на повредни би се движел од неколку до 20 па и повеќе лица;
- Други природни непогоди од кои бројот на повредени може да биде од незначителен до 50 па и повеќе повредени.

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРВАТА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

Со организацијата на првата медицинска помош на повредените од природни непогоди и други несреќи ќе се опфатат мерките од превентивен карактер (превентивно дејствување) и оперативен карактер (оперативно дејствување).

Првата медицинска помош на повредените од природни непогоди и други несреќи ќе се спроведува според постојните законски прописи и овој план, а во него ќе учествуваат локалната самоуправа, урбаните заедници, предвидените трговски друштва и хуманитарните организации.

Надлежните државни органи (дирекцијата за заштита и спасување, ЈЗУ медицински центар, МВР и други) ќе се вклучат во давање на прва медицинска помош на повредените според своите надлежности, планови и стандардни оперативни постапки, усогласени со активностите на општината.

А).<u>Превентивно дејствување</u>

Со цел навремено да им се даде прва медицинска помош на повредените и да се намалат можностите за настанување на дополнителни компликации од истите, Општина Велес ќе ги преземе и спроведува следните превентивни активности:

- Ќе ја оспособи специјализираната единица за прва медицинска помош за извршување на нејзините задачи во давањето на прва медицинска помош, а особено:
  -целосна пополнетост со луѓе според персоналниот состав;

  -целосна пополнетост со материјални средства, според материјалниот состав;

  -обучување на припадниците на единицата за извршување на нивните задачи во давање на прва медицинска помош на повредените од природни непогоди и други несреќи.

- Најмалку еднаш годишно ќе ги проверува и разменува податоците со останатите учесници и ќе координира заеднички активности;
- Ќе поттикнува и поддржува натпреварувачки и вежбовни активности за прва медицинска помош на останатите учесници (трговски друштва, невладини организации, државни органи и др.;)
- Редовно ќе ги ажурира податоците за капацитетите и можности на приватните и јавните здравствени установи;
- Ќе спроведува активности за едукација на населението за давање на самопомош преку разни предавања и обуки и преку тематски презентации и едукативни емисии во пишаните и електронските медиуми;
- Ќе поддржува (вклучително и финансиски) здруженија на граѓани чија дејност е давање на прва медицинска помош и имаат екипи за прва медицинска помош;
- Редовен тренинг и потсетување на членовите на единиците и екипите кои учествуваат во давањето на прва медицинска помош.

Б). <u>Оперативно дејствување</u>

Со оперативното дејствување се опфатени активностите во давањето на прва медицинска помош на повредените од природни непогоди и други несреќи и тоа пред случување на непогодата за време на непогодата и по завршување на непогодата.

Б.1. Активности пред случување на настанот

Во случај кога загрозувањето и потенцијалните опасности се од предвидлив карактер и временски очекувани (поплави, свлечиште, снежни намети, пожари на отворен простор и др.), во временскиот интервал од дознавањето за можноста за случување на непогодата па сè до случување на непогодата ќе се спроведат следните активности:

- Се активира-мобилизира општинскиот штаб за заштита и спасување;
- Веднаш по дознавањето за потенцијалната опасност која го загрозува населението во општината преку претседателите на урбаните заедници, медиумите или на друг начин ќе се известат сите граѓани во загрозените зони и ќе им се укаже да ја следат состојбата и да се подготвуваат за учество во заштитата и спасувањето;
- Се врши проверка на подготвеноста на специјализираната единица за прва медицинска помош на општината и по оценка на општинскиот штаб за заштита и спасување се врши нејзина мобилизација. По извршената мобилизација се врши подготовка на материјално-техничките средства и возилата со кои припадниците на единицата ќе даваат прва медицинска помош;
- Се врши проверка на оспособеноста на учесниците во давањето на прва медицинска помош на повредените и тоа:
  -подготвеноста не екипите за извршување на утврдените задачи;

  -подготвеност на персоналните и материјалните ресурси во приватните и јавните здравствени установи за извршување на планираните задачи;

  -подготвеност на субјектите кои обезбедуваат храна за настраданото и загрозеното население;

  -подготовка на материјално-техничките средства и возилата со кои

  екипите на учесниците ќе даваат прва медицинска помош;

- Се расчистуваат-уредуваат собирните места за повредените-заболените и местата каде ќе се врши елементарна тријажа;
- Се разменуваат податоци за подготвеноста на државните органи кои учествуваат во давањето на прва медицинска помош на повредените и тоа :
  -ЦУК-РЦУК - за следење на состојбите и подготвеноста на системот за алармирање;

  -ДЗС-ПОЗС - за подготвеноста на системот за заштита и спасување и републичките сили за заштита и спасување за учество во давањето на прва медицинска помош на повредените;

  -ЈЗУ-Здравен Дом Велес - за подготвеноста за учество во давањето на прва медицинска помош на повредените;

  -МВР-СВР - за подготвеноста за обезбедување на транспортот на обезбедување на собирните места на поврдените.

- По оценка на општинскиот штаб за заштита и спасување се врши прераспределување на задачите на учесниците во давањето на прва медицинска помош на повредените.

Б.2. Активности за времетраење на непогодата-организација на давањето на прва медицинска помош на повредените

Првата медицинска помош во Општина Велес ќе се спроведува преку службите на градоначалникот, општинскиот штаб за заштита и спасување и единицата за прва

медицинска помош заедно со другите субјекти (јавни претпријатија и правните лица според однапред планираните и договорените обврски и надлежните државни органи според своите надлежности и планирани активности, согласно своите стандардни оперативни постапки).

Активностите за давање на прва медицинска помош на повредените ќе се спроведуваат според следните последователни содржини:

- Пронаоѓање на повредените и заболените од урнатини или од други места;
- Давање на организирана и неодложна ПМП;
- Собирање на повредените и заболените на собирните места;
- Тријажа на повредените и заболените;
- Транспорт на повредените и заболените од собирните места до санитетско прифатните центри.

Б.2.1. Подготовки за старт на оперативните активности

а) Активирање-мобилизација

По добиеното известување за престојни опасности за загрозување од природна непогода или друга несреќа или за веќе настаната природна непогода и друга несреќа и размената на мислења со одговорните лица во надлежните државни органи, градоначалникот на Општина Велес го активира одговорното лице за заштита и спасување во општината и општинскиот штаб за заштита и спасување.

Се анализираат добиените информации, а по сопствена оценка дел од нив се проверуваат. После тоа, доколку состојбата побарува се активираат сите учесници во давањето на прва медицинска помош и им се наложува да почнат со спроведување на активностите кои им се определени со овој план.

б) И з в е с т у в а њ е

Известувањето на граѓаните (повредените) на кои треба да им се дава прва медицинска помош ќе се врши преку претседателите на урбаните заедници и регионалниот центар за управување со кризи, а во итни случаи и преку средствата за јавно информирање.

Со известувањето се потсетуваат и упатуваат граѓаните на локациите на собирните места за повредени и на пунктовите за тријажа, а доколку е можно и на постапките за давање на самопомош и взаемна помош до доаѓањето на интервентните екипи.

Известување на субјектите кои учествуваат во давањето на прва медицинска помош ќе се врши телефонски.

в) Постапка на граѓаните

По добиеното известување за потенцијалната опасност од природна непогода и друга несреќа, загрозените граѓани ја следат состојбата во својот дом и непосредната околина и се подготвуваат за самопомош и давање на взаемна помош (ги вадат на пристапно место средствата за прва медицинска помош со кои располагаат-завои, средства за имобилизација и други прирачни средства) и доколку добијат задача од претседателот на урбаната заедница се упатуваат на местото определено за извршување на задачата.

Доколку е непогодата настаната и во неговиот дом или во соседството има повредени си даваат самопомош или взаемна помош.

Ако има потешко повредени го известуваат претседателот на урбаната заедница или преку РЦУК (повикувачки број 195) го известуваат општинскиот штаб за заштита и спасување. Доколку е возможно ги носат повредените до собирното место за повредени, а ако не е можно се грижат за повредените сè до доаѓањето на интервентните екипи.

г) Постапка на правните лица

Правните лица кои со овој план се предвидени да учествуваат во давањето на првата медицинска помош, отпочнуваат со извршувањето на обврските кои им се дадени.

Останатите правни лица кои се во зоната на потенцијалната опасност или во кои е веќе настаната природна непогода и друга несреќа отпочнуваат со давање на прва медицинска помош на повредените во нивните објекти.

д) Планирање на активности за давање на прва медицинска помош

Планирањето, раководењето и координирањето на активностите за прва медицинска помош на повредените-заболените од настаната непогода ќе го врши командантот на општинскиот штаб за заштита и спасување според следниот последователен ред :

г-1. Преку РЦУК Велес бара целосни или дополнителни податоци и информации за последиците, преземените мерки и ангажираните сили и средства ;

г-2. По потреба свикува состанок на ОШЗС на кој ја проценува настанатата состојба на база на добиените информации од теренот и утврдува план за дејствување во кој покрај другото ги опфаќа следните елементи:

- определува раководител на терен кој ќе раководи со вкупните акции за прва медицинска помош на повредените-заболените,во принцип помошникот за оваа мерка;

- ги определува учесниците, основните правци и реони на кои приоритетно ќе се ангажираат учесниците;

- го определува местото од каде раководителот на терен ќе раководи со активностите и акциите и го утврдува начинот на одржување на врските;

- го утврдува правецот на движење на учесниците со расположливите превозни средства и ги упатува на предвидените реони;

- утврдува екипи за логистичко обезбедување;

- според укажаната потреба упатува дополнителни сили на целиот простор или по одделни реони ;

- го утврдува времето на доставување на извештаи и времето на повторна проценка на состојбата, кое вообичаено треба да е во вечерните часови;

- ако во текот на акциите се оцени дека е потребно ангажирање од дополнителни сили и средства или ангажирање на воздухоплови преку градоначалникот на општината бара од дирекцијата за заштита и спасување ангажирање на републичките сили за заштита и спасување;

- доколку ангажираните сили и средства останат да дејствуваат и преку ноќта, го определува местото за нивно сместување ;

- го утвдува начинот на враќање на учесниците и прибирање на ангажираната опрема и техничките средства .

г-3 По утврдувањето на планот за дејствување,на планираните учесници им се доставуваат изводи, односно се известуваат за обврските кои им се определени во давањето на прва медицинска помош.

ѓ) Упатување на единицата и екипите за давање на

прва медицинска помош во реонот на непогодата

По завршената мобилизација, специјализираната единица за прва медицинска помош се упатува во загрозениот-настраданиот реон и тоа во почетниот реон за дејствување.

На основа на првичните процени за настрадани-повредни лица, општинскиот штаб за заштита и спасување го определува почетниот реон за дејство на единицата и ги упатува и останатите екипи на учесниците (ЈЗУ Здравен Дом Велес, Црвениот Крст и приватни здравствени установи и др.) на почетните реони за дејство, кои ќе им ги определи.

По оценка на штабот, градоначалникот на општината бара ангажирање и на републичките сили за заштита и спасување и на Дирекцијата за заштита и спасување.

Во природни непогоди и други несреќи (сообракајни несреќи, пожари, техничко-технолошки несреќи и др.) со брзи ефектуирани последици и со мал број на повредени (не поголем од 15 до 20 лица), а карактерот на повредите бара брза интервенција се ангажираат екипи на ЈЗУ Здравен дом Велес, ЈЗУ Болница Велес и приватните здравствени установи.

Б.2.2. Пронаоѓање на повредените-заболените

Во зависност од видот на настаната непогодата или друга несреќа и видот и обемот на последиците во пронаоѓањето на повредените-заболените ќе учествуваат:

- Граѓаните во станбените објекти во настраданото подрачје и вработените во објектите во кои работат;
- Единицата за прва медицинска помош на општината и на дирекцијата за заштита и спасување;
- Единиците за извидување на терен, прва медицинска помош, спасување од урнатини и за РХБ заштита на дирекцијата за заштита и спасување;
- Екипи на Црвениот Крст.

Б.2.3. Давање на прва медицинска помош

Давањето на прва медицинска помош ќе се врши на местото на повредувањето, попатно до собирното место, во собирното и тријажното место и за време на транспортот до здравствените установи.

Во давањето на прва медицинска помош ќе учествуваат:

- На местото на повредувањето и попатно до местото на собирање:

  - населението во урбаните заедници во градот и месните заедници во општината. Оваа активност ќе се спроведува со средствата за прва медицинска помош со кои располагаат граѓаните (претежно прирачни);
  - вработените во објектите во кои работат;
  - екипата на Црвениот Крст;
  - единицата за прва медицинска помош на општината;
  - екипите на ЈЗУ Здравен дом;
  - екипи на приватните здравствени установи;
  - единиците за прва медицинска помош, спасување од урнатини и РХБ заштита на дирекцијата за заштита и спасување.

- Во собирното и тријажното место:

  - единицата за прва медицинска помош на општината;
  - екипата на Црвениот Крст;
  - екипите на ЈЗУ Здравен дом;
  - екипи на приватните здравсетвени установи;и
  - единицата за прва медицинска помош на дирекцијата за заштита и спасување.

- За време на транспортот до здравствените установи:

  - екипата на Црвен Крст;
  - екипите на ЈЗУ Здравен дом;
  - екипи на приватните здравсетвени установи;
  - единицата за прва медицинска помош на дирекцијата за заштита и спасување.

Б.2.4. Собирање на повредените и заболените на собирните места

Собирање на повредените и заболените на собирните и тријажните места ќе вршат:

- населението во урбаните заедници во градот и месните заедници во општината;
- вработените во објектите во кои работат;
- екипата на Црвениот Крст;
- единицата за прва медицинска помош на општината;
- единицата за прва медицинска помош на дирекцијата за заштита

а) Собирни места

Места каде ќе се собираат повредените во урбаните заедници во градот се на следните локации:

- за урбаната заедница „Трајко Капчев“– дворот на детска градинка клон бр. VI, дворот и паркингот на црквата Света Богородица и паркингот пред градскиот пазар ;
- за урбаната заедница „Богдан Каракостев“ –дворот на училиштето ЈХК Џинот - дисперзиран техничко-технолошки факултет Битола;
- за урбаната заедница „Родна Ивева“ – дворот на Монте Негро;
- за урбаната задница „Славе Петков“ - дворот на детската градинка клон бр. V и просторот на пресекот на улиците Љубен Весов и Кочо Рацин;
- за урбаната заедница „Трајче Панов“ – летна бавча на хотел Интернационал, плоштад Војник и дворот на ЈЗУ Здравен Дом (уред) ;
- за урбаната заедница „Димче Мирчев“ – ширината пред детска градинка клон бр. I, паркингот пред зградата на основниот суд и паркот пред ловното друштво Руен-Ликовен салон;
- за урбаната заедница „9-ти Ноември“ - дворот на детска градинка Тодор Јанев клон бр. III и паркингот пред хигиенски завод;
- за урбаната заедница „Васа Кошулчева“ – паркингот на улица Енгелсова и полигонот на здружението на возачите ;
- за урбаната зедница „Шорка“-маалското игралиште;
- за урбаната заедница „Алексо Демниевски“ – во паркот пред ООУ „Васил Главинов“ и паркингот спроти влезот на касарнта „Алексо Демниевски“;
- за урбаната заедница „Тунел“-маалското игралиште;
- за урбаната заедница „Керамидна“-маалското игралиште;и
- за урбаната заедница – населба Превалец – дворот на училиштето.

Доколку состојбата во настраданото подрачје оневозможува да се користат дел од овие собирни места за повредените, општинскиот штаб за заштита и спасување ќе определи други локации.

Б.2.5. Тријажа на повредените и заболените

Елементарна тријажа на повредените ќе се врши на собирните места за повредени, а ќе ја извршуваат:

- екипата на Црвениот Крст;
- екипите на ЈЗУ Здравен дом;
- екипите на приватните здравствени установи;
- единицата за прва медицинска помош на дирекцијата за заштита и спасување.

Б.2.6.Транспорт на повредените и заболените од собирните места до санитетско прифатните центри

Транспорт на повредените и заболените од собирното место до ЈЗУ Општа болница или други санитетско прифатни центри ќе се врши со возила на ЈЗУ Здравен Дом Велес.

Во зависност од видот и бројот на повредените во оваа активност ќе се вклучат и :

- екипата на Црвениот Крст;
- приспособени возила на општината;
- единицата за прва медицинска помош на дирекцијата за заштита и спасување.

а) Правци на движење

При транспортот на повредните ќе се користат најблиските пристапни патишта од собирните места (или местото на повредување) до ЈЗУ Општа болница Велес или други санитетски прифатни центри.

Б.2.7. Логистичка поддршка

Логистичката поддршка ќе се обезбедува според планот за логистичка поддршка на учесниците, а првенствено за следните содржини:

а) средства за извршување на задачите на интервентните екипи-секој учесник за своите екипи.

б) исхрана и вода за пиење-секој учесник за своите екипи.

в) обезбедување на местата на давање на прва медицинска помош и транспортот на повредените ќе врши МВР-УВР.

Б.2.8. Р а к о в о д е њ е

Со активностите во давањето на првата медицинска помош ќе раководи и координира општинскиот штаб за заштита и спасување.

При ангажирањето на републичките сили за заштита и спасување, раководењето и координацијата ќе ги врши подрачниот штаб за заштита и спасување на дирекцијата за заштита и спасување.

Командирите на единиците и екипите ќе раководат-командуваат со активностите кои се извршуваат на местото на непогодата.

Б.2.9. У ч е с н и ц и

Во давањето на прва медицинска помош на повредените-заболените ќе учествуваат :

- Градоначалникот на Општина Велес;
- Просторните сили за заштита и спасување на Општина Велес;
- Претседателот и советот на урбаната заедница и претседателот на советот на месната заедници;
- Трговски друштва во чии објекти се повредените;
- ЈЗУ Здравен Дом Велес;
- ЈЗУ Општа Болница Велес;
- Дирекцијата за заштита и спасување-подрачното одделение за заштита и спасување-Велес,со републичките сили за заштита и спасување;
- Црвен Крст Велес;
- Приватни здравствени установи;
- МВР-УВР-Велес;
- ЦУК-РЦУК Велес.

Учесниците мегусебно ќе ги усогласат активностите во своите планови.

Б.3.Активности по завршувањето на згрижувањето (настанот)

По престанување на потребата за давање на прва медицинска помош на повредените-заболените, учесниците во оваа активност се враќаат во своите објекти-средини.

Потрошените материјали и средства во интервенциите се заменуваат со нови според материјалниот состав.

<u>Прилози :</u>

-прилог-1 преглед на тимот за прва медицинска помош на ООЦК Велес;

-прилог-2 преглед на амбулантите од примарната здравствствена заштита во Општина Велес;

-прилог-3 преглед на биохемиските лаборатории во амбулантите во Велес;

-прилог-4 преглед на тимот за одговор при катастрофи на ООЦК Велес;

-прилог-5 преглед на одделението за ПМП на Општина Велес;

-прилог-6 на карта на градот, преглед на на собирните мест и правци на движење;

-прилог-7 преглед на републишката единица за ПМП на ПОЗС Велес

-прилог-8 преглед на тимот за ПМП на ПОЗС Велес

ПМП-прва медицинска помош

ОШЗС-Општински штаб за заштита и спасување

ПШЗ-подрачен штан за аштита и спасување Велес

ПОЗС-ДЗС-Подрачно одделение за заштита и спасување-дирекција за заштита и спасување

Единица за ПМ-единица за прва медицинска помош

МВР-СВР-министерство за внатрешни работи-сектор за внатрешни работи Велес

ЦУК-РЦУК-регионален центар за управување со кризи

ЈЗУ-Јавни здравствени установи

ПЗУ-приватни здравствени установи

П р е г л е д

на превентивните активности во давањето на прва медицинска помош на повредените-заболените во Општина Велес

МЗС	Вид на активности	извршители		рок
		Внатрешни	надворешни	
Прва медицинска помош	Оспособување на единица за прва медицинска помош за извршување на нејзините задачи во давањето на прва медицинска помош.	Одговорното лице	-ДЗС-ПОЗС; -Црвен Крст	31.10. 2015
	Пополна на единицата за прва медицинска помош со луѓе според персоналниот состав.	Одговорното лице	-ДЗС-ПОЗС	31.01. 2015
	Пополна на единицата за прва медицинска помош со материјални средства според материјалниот состав.	-Одговорното лице -секторот за финансии	Склучен договор по тендер	31.08. 2015
	Обучување на припадниците на единицата за ПМП за извршување на нивните задачи.	Одговорното лице	ДЗС-центар за обука	31.10. 2015
	Најмалку еднаш годишно ќе ги ажурира, проверува и разменува податоците со останатите учесници и ќе координира заеднички активности.	-одговорното лице -ОШЗС	Сите учесници	Во тек на годината
	Ќе ги поттикнува и поддржува натпреварувачките и вежбовните активнсти за прва медицинска помош на останатите учесници (трговски друштва, невладини организации, државни органи и др.).	-Одговорното лице -кабинет на градоначалникот -ОШЗС	Сите учесници	Во тек на годината
	Ажурирање на податоците за капацитетите и можности на приватните и јавните здравствени установи и на Црвениот Крст.	-одговорното лице	Наведените учесници	Во тек на годината
	Спроведување на активности за едукација на населението за давање на самопош, преку разни предавања и обуки и преку тематски презентации и едукативни емисии во пишаните и електронските медиуми	-одговорното лице -ОШЗС -кабинет на градоначалникот	-Црвен Крст -ДЗС-ПОЗС -локалните медиуми	Во тек на годината
	Ќе ги поттикнува и поддржува (вклучително и финансиски) здруженијата на граѓани чија дејност е давање на прва медицинска помош и имаат екипи за прва медицинска помош-распишување на оглас	-кабинет на градоначалникот	Пријавени учесници на огласот	31.01. Секоја година
	Редовен тренинг и потсетување, на членовите на единиците и екипите кои учествуваат во давањето на прва медицинска помош според посебен план.	-ОШЗС -кабинет на градоначалникот	-ДЗС-ПОЗС	Во тек на годината

Објаснување на скратениците

МЗС- мерка за заштита и спасување

ОШЗС- Општински штаб за заштита и спасување

ПОЗС-ДЗС- Подрачно одделение за заштита и спасување-дирекција за заштита и спасување

ЦУК-РЦУК- Регионален центар за управување со кризи

ПМП- Прва медицинска помош

П р е г л е д

на оперативните активности за давање на прва медицинска помош на повредените-заболените во Општина Велес

МЗС	Вид на активност	Учесници	
		Внатрешни	Надворешни
	П р е д н а с т а н о т		
Прва медицинска пмош	Се активира-мобилизира општинскиот штаб за заштита и спасување	градоначалник	Членовите на ОШЗС
	Веднаш по дознавањето за потенцијалната опасност која го загрозува населението во општината,преку претседателите на урбаните заедници, медиумите или на друг начин, ќе се известат сите граѓани во загрозените зони и ќе им се укаже да ја следат состојбата и да се подготвуваат за давање на самопомош и взаемна помош	-одговорното лице во општината -кабинет на градоначалникот	-претседатели на урбани заедници; -локалните ТВ; -националните ТВ; -ЦУК-РЦУК
	Се врши проверка на подготвеноста на специјализираната единица за прва медицинска помош на општината и по оценка на општинскиот штаб за заштита и спасување се врши нејзина мобилизација. По извршената мобилизација се врши подготовка на материјално техничките средства и возилата,со кои припадниците на единицата ќе даваат прва медицинска помош;	-одговорното лице -ОШЗС -командирот на единицата	-ДЗС-ПОЗС -Црвен Крст
	Се расчистуваат-уредуваат собирните места за повредените-заболените и местата каде ќе се врши елементарна тријажа.	Членовите на советите на урба-ните заедници	МВР-СВР
	Се врши проверка на оспособеноста на учесниците во давањето на прва медицинска помош на повредените и тоа: -подготвеноста не екипите за извршување на утврдените задачи; -подготвеност на персоналните и материјалните ресурси во приватните и јавните здравствени установи за извршување на планираните задачи; -подготвеност на субјектите кои обезбедуваат храна за настраданото и загрозеното население;	-одговорното лице -ОШЗС -кабинет на градоначалникот -автопарк на општината	Сите учесници

	-подготовка на материјално техничките средства и возилата,со кои екипите на учесниците ќе даваат прва медицинска помош.		
	Се разменуваат податоци за подготвеноста на државните органи кои учествуваат во давањето на прва медицинска помош на повредените и тоа : -ЦУК-РЦУК - за следење на состојбите и подготвеноста на системот за алармирање; -ДЗС-ПОЗС - за подготвеноста на системот за заштита и спасување и републичките сили за заштита и спасување, за учество во давањето на прва медицинска помош на повредените; -ЈЗУ-Здравен Дом Велес - за подготвеноста за учество во давањето на прва медицинска помош на повредените; -МВР-СВР – за подготвеноста за обезбедување на транспортот и за обезбедување на собирните места за поврдените.	-одговорно лице -кабинеат на градоначалникот -ОШЗС	-ДЗС-ПОЗС -ЦУК-РЦУК -МВР-СВР Велес -ЈЗУ Медицински Центар
	Се врши проверка на подготвеноста на просторните сили за заштита и спасување што ги формира општината,кои учествуваат во згрижувањето и тоа: -пополнетост со припадници и материјални ресурси,според личниот и материјален состав;и -обученост и оспособеност на персоналот и материјалните средства.	-одговорното лице -ОШЗС	-ДЗС-ПОЗС
	По оценка на општинскиот штаб за заштита и спасување,се врши прераспределување на задачите на учесниците во згрижувањето.	-градоначалник -ОШЗС	Сите учесници
	за време на настанот		
	Доколку претходно не се а активира-мобилизирани општинскиот штаб за заштита и спасување и единицата за прва помош се врши нивна мобилизација	-Градоначалник -Одговорното лице	Членовите на ОШЗС
	Се анализираат добиените информации, а по сопствена оценка дел од нив се проверуваат.	-Градоначалник -ОШЗС	-ДЗС-ПОЗС -ЦУК-РЦУК
	Известувањето на граѓаните кои треба да учествуваат во давањето на прва медицинска помош или на кои треба да им се дава ПМП, се врши преку претседателите на урбаните заедници и регионалниот центар за управување со кризи, а во итни случаи и преку средствата за јавно информирање. Известување на субјектите кои учествуваат во давање на ПМП ќе се врши телефонски.	ОШЗС -Одговорно лице во општината -претседатели на урбани заедници	-ЦУК-РЦУК -електронски медиуми:ТВ Здравкин иканал 21 и локалните радиостаници -националните ТВ
	Давање на самопомош и взаемна помош на повредените во настраданото подрачје	-граѓаните -вработените	-единиците и екипите
	Ако состојбата наложува, се активираат сите учесници во давањето на ПМП и им се наложува да почнат со	-Градоначалник	Сите учесници во

	спроведување на активностите за давање на ПМП на настраданото и загрозенотонаселение	-ОШЗС	згрижувањето
	По оценка на штабот, градоначалникот на општината бара ангажирање и на републичките сили за заштита и спасување на Дирекцијата за заштита и спасување и екипи на другите државни органи и установи.	Градоначалник	-ДЗС-ПОЗС -државни органи и установи
	Упатување на специјализираната единица за прва медицинска помош во загрозениот-настраданиот реон и тоа во почетниот реон за дејствување.	ОШЗС	Сите учесници
	Општинскиот штаб за заштита и спасување го определува почетниот реон за дејство на единицата,а ги упатува и останатите екипи на учесниците (ЈЗУ Здравен Дом Велес, Црвениот Крст и приватните здравствени установи и др.) на почетните реони за дејство кои ќе им ги определи.	ОШЗС	Сите учесници
	По пристигнувањто на почетниот реон учесниците отпочнуваат со извршувањето на обврските кои им се дадени.	Единицата за ПМП	Сите учесници
	Пронаоѓање на повредените и заболените во загрозеното-настраданото подрачје (од урнатини или од други места на природната непогода или друга несреќа).	-Граѓаните -вработените -единицата ПМП	-Единиците на ДЗС-ПОЗС -Екипи на Црвениот Крст
	Давање на организирана и неодложна прва медицинска помош на местото на повредувањето и попатно до местото на собирање.	-Граѓаните -вработените -единицата ПМП	-Единиците на ДЗС-ПОЗС -Екипи на Црвениот Крст
	Давање на организирана и неодложна прва медицинска помош во собирното и тријажното место.	единицата ПМП	-Единиците на ДЗС-ПОЗС -Екипи на Црвениот Крст -екипите на ЈЗУ здравен дом; -екипи на ПЗУ
	Давање на организирана и неодложна прва медицинска помош за време на транспортот до здравствените установи.		Учесниците во транспортот
	Расчистување-уредување на собирите-тријажните места	-Граѓаните -единицата ПМП	-МВР-СВР - Единиците на ДЗС-ПОЗС -Екипи на Црвениот Крст
	Собирање на повредените и заболените на собирните места.	-Населението -вработените -единицата ПМП	-екипи на црвениот крст -единици на ДЗС
	Тријажа на повредените и заболените.	единицата ПМП	екипи на Црвен Крст

			-единици на ДЗС -екипи на ПЗУ
	Транспорт на повредените и заболените од собирните места до санитетско прифатните центри-здравствените установи.	единицата ПМП	-ЈЗУ Здравен дом Велес -единици на ДЗС екипи на Црвен Крст
	Логистичката поддршка ќе се обезбедува според планот за логистичка поддршка на учесниците, а првенствено за следните содржини: а) средства за извршување на задачите на интервентните екипи-секој учесник за своите екипи. б) исхрана и вода за пиење-секој учесник за своите екипи.	Кабинет на градоначалникот	Сите учесници
	Обезбедување на местата на давање на прва медицинска помош и транспортот на повредените ќе врши МВР-УВР.	Екипи на урбаните заедници	МВР-СВР
	Здравствено-медицинско обезбедување на учесниците ќе вршат; ЈЗУ Здравствен дом,ЈЗУ Општа болнница и приватните здравстевени установи		-ЈЗУ Здравен дом; -ЈЗУ општа болница; -ПЗУ
	Раководење	-ОШЦЗ -командир на единицата ПМП	-ПШЗС-Велес -командири на единиците на ДЗС
	Информирање за состојбите,текот на активностите и и друго	-Кабинет на градоначалникот	-ЦУК-РЦУК -медиумите
	Анализа на извршените работи.	-ОШЗС; -единицата за ПМП	-сите учесници
	После настанот		
	По престанување на потребата за давање на прва медицинска помош, ангажираните интервентни екипи и единици се распуштаат - се враќаат во својата база.	-единица за ПМП на општинат -останати единици на општината	-единиците и екипите на сите учесници
	Се врши дополнување (обезедување) на потрошените средства за прва медицинска помош (завои и друг санитетски материјал).	Општина Велес	Правни лица според склучени договори

<u>Објаснување на скратениците</u>

МЗС-мерка за заштита и спасување

Преглед

на одговорните служби и лица

Дежурни служби			
орган	Број на телефон		
	повикувачки	фиксен	мобилен
РЦУК	195		
МВР	192		
ЈЗУ-брза помош	194		
Одговорни лица во			
функција	Име и презиме	Број на телефон	
		Фиксен	мобилен
Општина Велес			
Градоначалник	Славчо Чадиев		071 237 538
Преседател на советот	Александар Колев		
Одговорно лице	Слободан Николовски		075 368 418
ЈЗУ Здравен дом Велес			
Директор	Тања Самаракова	043 225 308	075 558 329
Лице за заштита и спасуав	Вергила Тодорова		076 436 828
Дирекција за заштита и спасување-ПОЗС			
Раководител	Билјана Симова	043-232-818	075-457-529
заменик	Тимчо Атанасов		
МВР-СВР Велес			
Началник	Петре Игнов	043 217 203	070 276 372
Испектор по подготовки	Димче Маневски	043 217 519	070 383 157
Црвен Крст Велес			
Претседател	Милчо Трајков		070-216-599
Секретар	Миле Маџаров	043 231-537	075-649-548
Други учесници			

Совет на општина Велес

Прилог-1

ПРЕГЛЕД

на тимот за прва медицинска помош на Црвен Крст

Велес,април 2015

Ред. број	Име и презиме	Должност во тимот	адреса		телефон
			дома	работа	
1.	Д-р Јадранка Мишкова	тим лидер			
2.	Тања Јаковлевска	член			
3.	Катеринчо Груев	член			
4.	Димче Нецинов	член			
5.	Ирина Стојковска	член			
6.					
7.					
8.					

Ажурирал:_____

Прилог - 2

П р е г л е д

на амбулантите од примарната здравствствена заштита во Општина Велес

(приватни и јавни здравствени установи)

Ред бр.	Амбуланти	Персонал	Возила	Телефон
ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ - ВЕЛЕС				
1.	Амбуланта Итна медицинска помош со домашно лекување	- 11 доктори - 18 мед. Сестри - 13 возачи	9 возила со 2 лежаја	043/233 - 322 лок.194,121 и 130
2.	Амбуланта училишна превентива	- 3 доктори - 8 мед. сестри		лок. 120
3.	Амбуланта рентген – забно	- 2 виш РТГ техничари		лок132
4.	Амбуланта детска превентива	- 3 доктори - 9 мед. сестри		лок109
5.	Патронажна служба	- 15 мед. сестри и акушерки		
6.	Депо за лекови и склад за лекови	- 1 дипл. фармацевт		лок129
7.	Лабораторија	- 8 лица(лаборанти)		лок126
8.	Медико педагошко советувалиште	- 4 лица		лок128
9.	Специјалистичка амбуланта по трудова медицина (амб. Ташевиќ)	- 2 др.спец. по трудова мед. - 4 мед. сестри		
10.	Амбуланта Панче Васков	- 1 лаб. техничар		лок.123

	(лабораторија)	- 1 мед. сестра		
11.	Амбуланта Детска превентива - стоматологија	- 2 др.стоматолози - 8 мед. сестри - 1 лаборант		лок.124
12.	Амбуланта со лабораторија и патронажна служба - Градско	- 1 лаб. техничар - 1 акушерка - 2 мед. сестри		Тел. 043/251 - 001
13.	Амбуланта со лабораторија – Чашка	- 1 лаб. техничар		

ТРАНСФУЗИОЛОГИЈА НА КРВ И КРВНА ПЛАЗМА				
	Амбуланти	Персонал	Дневни потреби	
1.	Амбуланта Велес	- 2 др. транфузиолози - 9 лаборанти	А + = 20 0 + = 20 Б + = 10 АБ + = 8	А - = 5 0 - = 6 Б - = 3 АБ - = 2

ПРИВАТНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ				
	Име и презиме	*Име на амбулантата*	*Улица и број*	*Телефон*
1.	Коцевска Билјана	ПЗУ Поликлиника Д-р Коцевска Биљана	Ул.Лазо Осмаков бб	
2.	Катранџиева Анита	ПЗУ Др Анита Катранџиева	Ул.Лазо Осмаков бб	
3.	Наумовска Галабинка	ПЗУ Фамилии	Ул. Шефки Сали 5	
4.	Мемедалиев Демир	ПЗУ Др. Демир	Ул. Шефки Сали 5	
5.	Најдовска Мирјана	ПЗУ Др.Мирјана Најдовска и Др.Марија Ѓошева	Ул. Димитар Влахов бб	
6.	Јанева Душанка	ПЗУ Панче Васков	Ул.Петре Прличко бб	
7.	Солева Елена	ПЗУ Панче Васков	Ул.Петре Прличко бб	
8.	Терзиев Звонко	ПЗУ Др. Терзиев	Богомила	
9.	Чаушевска Жанета	ПЗУ Др.Чаушевска – Др.Кичуков	Ул. 8-ми Ноември 1	
10.	Ѓошева Марија	ПЗУ Др.Мирјана Најдовска и Др.Марија Ѓошева	Ул. Димитар Влахов бб	
11.	Цинциева Мирјана	ПЗУ Вис Медика	Ул.Тодор Јанев 1	
12.	Медарова Паула	ПЗУ Др.Паула Медарова	Ул.Владимир Назор бб	
13.	Стојанова Нера	ПЗУ Нерамедика	с.Долно Оризари	
14.	Кичуков Тодор	ПЗУ Др.Чаушевска – Др. Кичуков	Ул. 8-ми Ноември 1	
15.	Лукаров Влатко	ПЗУ Веламедика	Ул.Крсте Мисирков 2	
16.	Катранџиев Горан	ПЗУ Др.Горан Катранџиев	Ул. Енгелсова 7	
17.	Чолакова-Дервишова Лилија	ПЗУ Саномак	Ул.Благој Ѓорев 159/2	
18.	Поповска Марија	ПЗО Здравје		
19.	Дервишов Ѓоре	ПЗО Пулс	Ул. Љубен Весов 7	
20.	Димитриева Татјана	ПЗУ Др.Татјана Димитриева	Ул. Крсте Мисирков 24	
21.	Гунов Дејан	ПЗУ Гуна Медика	Ул.Којник 17	
22.	Сараулева Диана	ПЗУ Др.Трајанка	Ул. Васил Ѓоргов 10	
23.	Гунова Весна	ПЗУ Др.Панче Васков	Ул.Титоградска бб	

24.	Ристовска Татјана	ПЗУ Трајкови	Ул. Лазо Осмаков 9	
25.	Димова-Ивановска Виолета	ПЗО Биомедикал	Ул. Благој Ѓорев 185	
26.	Ристеска-Нејашмиќ Валентина	ПЗО Виталино	Ул. Грозда Кочова 11	
27.	Јованова Даниела	ПЗУ Др.Панче Арсов	Ул. 11-ти Октомври 4	
28.	Тапчановска Дијана	ПЗУ Мартина Медикал	Ул. Петре Прличко бб	
29.	Велкова Павлина	ПЗУ Саномак	с.Башино Село	
30.	Ѓорѓиева Снежана	ПЗУ Поликлиника Д-р Коцевска Биљана	Ул. Благој Ѓорев 75/1-1	
31.	Николов Виолета	ПЗУ Др.Јелена Трајкова	Ул. ЈХК Џинот 81	
32.	Славкова Виолета	ПЗУ Центар за дијагностика и лекување	Ул. Марксова 14-1/1	
33.	Катранџиев Ристо	ПЗУ Примамед	Ул. Гоце Делчев бб	
34.	Босилкова Биљана	ПЗУ Прим. Др. Владо Хаџи Наумов	Ул. Димитар Влахов 23	
35.	Сарагинова Тања	ПЗО Виталино	Ул. Грозда Кочова 11	
36.	Цилакова Надица	ПЗУ Д-р Надица Цилакова	Ул. Страшо Пинџур 1/1	
37.	Жабева Даниела	ПЗУ Хипократ - МБ	Ул. Димитар Влахов 59	
38.	Арсов Цветко	ПЗУ Др.Панче Арсов	Ул. Титоградска бб	
39.	Јорданов Владо	ПЗУ Хипократ - МБ	Ул. Димитар Влахов 59	
40.	Шескокалова Гиовска Нада	ПЗУ Др.Ангелина и Др.Нада	Ул. Шефки Сали 5	
41.	Костовска-Јордановска Цвета	ПЗУ Прима медика	Ул. Лазо Осмаков бб	
42.	Чушкова Биљана	ПЗУ Сана Вита	Ул. Шефки Сали 5	
43.	Илиева Теова Снежана	ПЗУ Прима медика	с.Бузалково	
44.	Босилкова Розета	ПЗУ Сана Вита	Ул. Шефки Сали 5	
45.	Христова Лилјана	ПЗУ Д-р Лилјана Христова	Ул. Петре Прличко бб	
46.	Петрова Лилјана	ПЗУ Прима	Ул. Шефки Сали 5	
47.	Богданова Цилакова Марија	ПЗУ Прима	Ул. Шефки Сали 5	
48.	Версамис Ангелина	ПЗУ Др.Ангелина и Др.Нада	Ул. Шефки Сали 5	

Прилог - 3

Преглед

на биохемиски лаборатории (за РХБ заштита) во амбуланти во Велес

состојба : мај 2015 година

Ред. бр.	Назив на субјектот со РХБ лабораторија	Вид на лабораторија	Кадровска пополнетост		Опрема	
1.	ЈЗО Болница	Биолошка	1 Др. по биохемија	2 сестри	Лична опрема за употреба со прибор и средства за работа	0
2.	ЈЗО Болница	Хемиска	1 Др. по биохемија	2 сестри		0
3.	ЈЗО Поликлиника Здравен дом	Био-хемиска	1 Др. по биохемија	2 сестри		0
4.	ЈЗО Здравен дом нова населба	Биохемиска	1 Др. по биохемија	2 сестри		
5.	ПЗО Виталино	Биохемиска	1 Др. по биохемија	1 сестра		
6.	ПЗУ Др.Панче Арсов	Биохемиска	1 Др. по биохемија	1 сестра		0
7.	ПЗУ Хипократ - МБ	Биохемиска	1 Др. по биохемија	1 сестра		
8.	ПЗУ Др.Милчо Трајков	Биохемиска	1 Др. по биохемија	1 сестра		04

Ажурирал : _____

Прилог - 4

Преглед

на тимот за одговор при катастрофи со одделни специјалности на членовите

Тим за одговор при катастрофи	Брза процена на потребите на терен	Логистичка поддршка	Прва медицинска помош	Спасување на вода	Прочистување на вода
Петре Петрушевски	Петре Петрушевски	Димче Нецинов	Д-р Јадранка Мишкова	Димче Нецинов	Димче Нецинов
Љубе Попов	Љубе Попов	Крсто Анастасов	Тања Јаковлевска	Илија Попов	Ангел Јорданов
Катеринчо Груев	Илија Попов	Ѓорѓија Димовски	Катеринчо Груев	Марјан Петров	Илија Попов
Александар Стојковски	Ангел Јорданов	Александар Стојковски	Димче Нецинов	Орданче Јовановски	
Д-р Јадранка Мишкова			Ирина Стојковска	Мартин Лазаровски	

Ѓорѓија Димовски				Борче Мирчевски	
Илија Попов				Игор Бошковски	
Димче Нецинов				Марко Драскачов	
Тања Јаковлевска					
Ангел Јорданов					
Крсто Анастасов					
Ирина Стојковска					
Марјан Петров					
Игор Бошковски					
Борче Митревски					
Орданче Јовановски					
Марко Драскачов					

Велес, Април 2015

Црвен Крст на Република Македонија

Општинска Организација Велес

Прилог - 5

ПРЕГЛЕД

на припадниците на просторната единица за прва медицинска помош

во јачина на одделение во Општина Велес

Велес,мај 2015 година

Реден број	Должност	Вид на образование Вид на занимање	Презиме,татково име и име	Година на раѓање	Улица и број	Број на телефон
1.	командир	Мед.факулт.	Попикономов Борислав Владимир Трајковски Ацо Горан	1976 1976	Благој Нечев 52 Б Мицко Козар 12	
2.	1 екипа водител	Мед.тех.	Трендафилов Мише Горанче	1982	Никола Карев 1/10	
3.	Извршител	Мед.тех.	Јанев Драган Марјан	1978	Јовче Ќучук 22	
4.	Извршител	Мед.тех.	Груевски Драги Игор	1977	Славе Петков 1	
5.	2 екипа водител	Мед.тех.	Карагиров Мите Љубомир	1976	Мирка Гинева12	
6.	Извршител	Мед.тех.	Тодоров Димче Трајче	1982	Прохор Пчински 32	
7.	Извршител	Мед.тех.	Чучуковски Петре Јованче	1983	Киро Ќучук 2	
8.	3 екипа водител	Мед.тех.	Ѓорѓиев Бојчо Александар	1986	! Комуна 1-1/21	
9.	Извршител	Мед.тех.	Ќумбев Киро Душко	1985	Бра. Миладинови 11	
10.	Извршител	Мед.тех.	Мемедов Бејхан Зија	1986	11 Октомври 26	

Ажурирал:_____

К А Р Т А

на град ВЕЛЕС

- собирни места на повреденото население –

-



ЛЕГЕНДА	
□	Локација на собирните места
→	Правци до собирните места

Прилог-7

П Р Е Г Л Е Д

на републичката единица за прва медицинска помош

во ПОЗС Велес

Состојба:јуни 2015 година

Ред. број	ПОЗС	Вид на единицата	Број на припадници		Материјален состав	
					Опременост %	
			По формација	Пополнето	Лична опрема	МТС и опрема
1	Велес	вод	31	26	70% (задолжени со стара униформа)	60% (на дел од опремата - МТС им е изминат рокот на употреба)

Ажурирал:_____

Прилог-8

П Р Е Г Л Е Д

на тимот за брз одговор за прва медицинска помош

во ПОЗС Велес

Состојба:јуни 2015 година

Ред. број	ПОЗС	Вид на единицата	Број на припадници		Материјален состав	
					Опременост %	
			По формација	Пополнето	Лична опрема	МТС и опрема
1	Велес	Тим за брз одговор	5	5	100% (задолжени со стара униформа)	75% (на дел од опремата - МТС им е изминат рокот на употреба)

Ажурирал:_____

III.10 П Л А Н

за заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло

од природни непогоди и други несреќи во Општина Велес

Извод од процената :

Загрозувањето на животните и производите од животинско потекло во анализираните неколку децении наназад во Општина Велес претежно е од разни зоонози,паразитни заболувања и индиректно од други видови на природни непогоди и други несреќи (поплава,пожар и др.).

Почести заразни заболувања кај животните кои се евидентирани во општината се: антракс, шушкавец, беснило, туберкулоза, сакагија, чума кај свињите, краста кај овците,атипична чума кај живината, лигавка и шап, црвеницата кај свињите,бруцелоза кај овците, заразен пролив кај јагнињата, заразна кривотница кај овците, тифус кај живината и бел пролив кај пилињата, заразни болести кај пчелите, заразни болести кај рибите, заразно пресушување на вимето, гангреозно воспаление на вимето кај овците, лептоспироза, инфективен бронхит кај живината и инфективна анемија кај коњите.

Од паразитските болести кај животните поприсутни биле: белодробната стронгилоза, желудочно-цревната стронгилоза, ехинококоза, пиротплазма, паразитни болести кај пчелите, паразитни болести кај рибите,метилавост и јагарчивост.

Болести кај животните кои се очекува да се појават како епизоотии најчести се: чумата кај свињите, чумата кај живината, лигавка и шап, леукемија кај говедата, бруцелоза (метилококоза) кај овците,козите,свињите и говедата и беснилото.

Овие болести имаат експанзивен тек на ширење,се развиваат за кратко време во вид на епидемии, а некои од нив и во вид на пандемии.

Во последно време сè почесто се застапени бактериски инфицирани производи од животинско потекло кои имаат патогено дејство кај луѓето.

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО НА ЖИВОТНИТЕ И ПРОИЗВОДИТЕ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО

Организацијата на заштитата и спасувањето на животни и производи од животинско потекло опфаќа:

- Планирање на активности за спроведување на заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло;
- Подготвување на активности за спроведување на заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло;
- Спроведување на заштитата и спасувањето на животни и производи од животинско потекло.

Со организацијата на заштитата и спасувањето на животни и производи од животинско потекло ќе се опфатат активностите и мерките од превентивен карактер (превентивно дејствување) и оперативен карактер (оперативно дејствување).

Заштитата и спасувањето на животни и производи од животинско потекло ќе се спроведува според постојните законски прописи и овој план, а во него ќе учествуваат локалната самоуправа,месните заедници, сточарите, фармерите и други трговски друштва кои се занимаваат со чување и одгледување на животни и со производство и преработка на производи од животинско потекло,здруженија на граѓани и надлежните државни органи и институции.

Надлежните државни органи: министерството за земјоделие и шумарство (подрачно одделение за земјоделие и шумарство), институтот за ветеринарство, ветеринарниот инспектор, ветеринарната станица,дирекцијата за заштита и спасување, регионалниот центар за управување со кризи и други ќе се вклучат во заштитата и спасувањето на животните и производите од животинско потекло според своите надлежности, планови и стандардни оперативни постапки, усогласени со активностите на општината.

А).<u>Превентивно дејствување</u>

Заради намалување на ефектите на природните непогоди и други несреќи и создавање на оптимални услови за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло, Општината Велес ќе ги преземе и спроведува следните превентивни активности:

- Правилно сместување, исхрана и поење на животните со примена на потребни хигиено-епидемиолошки мерки за заштита од сите видови на причинители на болести;
- Обезбедување на доволни количини на храна и вода за животните и нивна заштита од сите видови на загадување;
- Редовна хигиено-епидемиолошка контрола на просториите и околниот простор каде се чуваат животните и производите од животинско потекло (складишта,магацини,ладилници и други објекти каде се чуваат и складираат производите од животинско потекло);
- Редовно вакцинирање од болести кои се чести во општината и пошироко,а посебно во време на потенцијална опасност од одреден вид на заболување;
- Редовна радиолошка,хемиска и биолошка контрола на животната средина,животните,сточната храна и производите од животинско потекло;
- Лабораториска контрола на крвта и други излачувања кај животните и на производите од животинско потекло;
- Утврдување на место за карантизација на заболените животни;
- Утврдување на место за уништување на заболени животни и контаминирани производи од животинско потекло кои не може да се преработуваат,а се опасни за здравјето на човекот;
- Редовно ажурирање на податоците во плановите за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло;
- Запознавање-едуцирање на сточарите,фармерите и другите правни лица кои чуваат животни и производи од животнско потекло или вршат

нивна преработка за потребите мерки за заштита и спасување кои треба да ги спроведуваат;

- Формирање на единица за заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло;
- Обезбедување на потребен минимум на персонални и материјални ресурси за функционирање на заштитата и спасувањето на животни и производи од животинско потекло;
- Едукација и редовен тренинг и потсетување на членовите на екипите кои учествуваат во заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло.

Б). <u>Оперативно дејствување</u>

Со оперативното дејствување се опфатени активностите во заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло и тоа: пред случување на непогодата (настанот),за време на непогодата (настанот) и по завршување на непогодата (настанот).

Б.1.Активности пред случување на непогодата (настанот)

Во случај кога загрозувањето и потенцијалните опасности по животните и производите од животинско потекло се зголемени во временскиот интервал од дознавањето за можноста за случување на настанот, па сè до случување на настанот ќе се спроведат следните активности:

- По добиеното известување за потенцијалните опасности кои може да ги загрозат животните и производите од животинско потекло, градоначалникот и одговорното лице разменуваат податоци за видот, обемот и очекуваното време за настанување на опасноста и за подготвеноста на државните органи кои учествуваат во заштитата и спасувањето на животни и производи од животинско потекло и тоа:
  -Министерството за земјоделие и шумарство (подрачната единица за земјоделие и шумарство);

  -Ветеринарниот инспектор;

  -Ветеринарната станица;

  -ЦУК-РЦУК - за следење на состојбите и подготвеноста на системот за алармирање;

  -ДЗС-ПОЗС - за подготвеноста на системот за заштита и спасување и републичките сили за заштита и спасување, за учество во заштитата и спасувањето на животните и производите од животинско потекло.

- По оценка на градоначалникот се активира-мобилизира општинскиот штаб за заштита и спасување;
- Веднаш по дознавањето за потенцијалната опасност која ги загрозува животните и производите од животинско потекло преку претседателите на месните заедници, медиумите или на друг начин ќе се известат сточарите, фармерите и правните лица од областа на сточарството,

фармерството и преработката на производи од животинско потекло за опасностите кои се очекуваат и ќе им се укаже да ја следат состојбата и да преземаат мерки со кои ќе се намалат ефектите на очекуваната опасност,односно да постапуваат по упатствата кои ќе им ги дадат стручните лица;

- Се врши проверка на оспособеноста на учесниците во заштитата и спасувањето на животните и производите од животинско потекло и тоа:
  -подготвеноста не екипите и единиците кои ги извршуваат активностите за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло за извршување на утврдените задачи;

  -подготвеност на субјектите во чии објекти се врши сместувањето на сточна храна,сурови производи од животни и производи од животинско потекло за примена на потребните и препорачаните мерки за заштита и спасување;

  -снабденоста на ветеринарните аптеки со препарати и други заштитни средства за заштита од очекуваната опасност;

- Во зависност од видот на очекуваната опасност (поплава,ниски температури, снежни врнежи,пожар и др.) ќе се постапува и според плановите кои ја уредуваат заштитата и спасувањето од тој вид на опасности,односно ќе се спроведуваат мерките кои се предвидени во нив;
- По оценка на општинскиот штаб за заштита и спасување се врши прераспределување на задачите на учесниците во заштитата и спасувањето на животни и производи од животинско потекло.

Б.2.Активности за времетраењето на непогодата (настанот)-

организација на спроведувањето на заштита на животните

и производите од животинско потекло

Заштитата и спасувањето на животните и производите од животинско потекло ќе ја спроведуваат првенствено сточарите,фармерите и трговските друштва кои одгледуваат животни или вршат складирање и преработка на сурово животинско месо и производи од животинско потекло,наведени во овој план,потоа општината преку службите на градоначалникот заедно со другите субјекти според однапред планираните и договорените обврски и надлежните државни органи според своите надлежности и планирани активности, согласно своите стандардни оперативни постапки.

Активностите за заштита на спасувањето на животните и производите од животинско потекло за времетраењето на непогодата-опасностаќе се спроведува според следните последователни содржини:

- Подготовки за старт на оперативните активноти;
- Спроведување на заштитата и спасувањето.

Б.2.1. Подготовки за старт (отпочнување) на оперативните активности

а) Извидување на реоните-локациите во кои е настаната непогодата

Заради реална проценка на опасностите и штетите кои се настанати од непогодата и соодветно планирање на активностите во заштитата и спасувањето на животните и производите од животинско потекло,градоначаникот на општината упатува стручни лица (во принцип помошникот на началникот на ОШЗС за оваа мерка) и вработени од министерството за земјоделие и шумарство и ветеринарнта станица, во реонот на непогодата заради проценување на состојбата и предлагање на мерки за заштита и спасување.

б) Активирање-мобилизација

По добиеното известување за престојни опасности за загрозување на животните и производите од животинско потекло од природни непогоди и други несреќи и размената на мислења со одговорните лица во надлежните државни органи, градоначалникот на општина Велес доколку претходно не се активирани ги активира одговорното лице за заштита и спасување во општината и општинскиот штаб за заштита и спасување.

Се анализираат добиените информации,а по сопствена оценка дел од нив се проверуваат.После тоа, доколку состојбата наложува се бара да се активираат сите учесници во заштитата и спасувањето на животните и производите од животинско потекло предвидени во овој план и им се наложува да почнат со спроведување на активностите за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло.

в) Известување

Известувањето на населението, сточарите,фармерите и трговските друштва кои одгледуваат животни или вршат складирање и преработка на сурово животинско месо и производи од животинско потекло ќе се врши преку претседателите на месните заедници и регионалниот центар за управување со кризи,а во итни случаи и преку средствата за јавно информирање.

Известување на субјектите кои учествуваат во заштитата и спасувањето на животните и производите од животинско потекло предвидени со овој план ќе се врши телефонски.

По добиеното известување учесниците отпочнуваат да ги спроведуваат планираните или препорачаните-наложените мерки за заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло и воспоставуваат постојана врска со општинскиот штаб за заштита и спасување заради размена на податоци и координирање на активностите за заштита и спасување од тој вид на непогода.

г) Планирање на активности за заштита и спасување на

животните и производите од животинско потекло

Планирањето, раководењето и координирањето на активностите за заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло од настаната непогода ќе го врши командантот на општинскиот штаб за заштита и спасување според следниот последователен ред :

г-1. Од учесниците или преку ЦУК бара целосни или дополнителни податоци и информации за опасностите, последиците, преземените мерки и ангажираните сили и средства;

г-2. По потреба свикува состанок на штабот на кој ја проценува настанатата состојба на база на добиените информации од теренот и утврдува план за дејствување во кој покрај другото ги опфаќа следните елементи :

- определува раководител на терен, кој ќе раководи со вкупните акции за заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло, кој во принцип треба да е помошникот за оваа мерка;

- ги определува учесниците, основните правци и реони на кои приоритетно ќе се ангажираат учесниците;

- го определува местото од каде раководителот на терен ќе раководи со активностите и акциите и го утврдува начинот на одржување на врските;

- го утврдува правецот на движење на учесниците со расположливите превозни средства и ги упатува на предвидените реони;

- определува екипи за обезбедување на храна, вода и средства за работа на учесниците, екипи за здравствена заштита, екипи за деконтаминација и други екипи доколку за тоа има потреба;

- според укажаната потреба планира ангажирање на дополнителни сили на целиот простор или на одделни реони;

- го утврдува времето на доставување на извештаи и времето на повторна проценка на состојбата, кое вообичаено треба да е во вечерните часови;

- доколку ангажираните сили и средства останат да дејствуваат и преку ноќта, го определува местото за нивно сместување;

- го утврдува начинот на враќање на учесниците и прибирање на ангажираната опрема и техничките средства.

г-3 По утврдувањето на планот за дејствување на планираните учесници им се доставуваат изводи,односно се известуваат за обврските кои им се определени во заштитата и спасувањето на животни и продукти од животинско потекло.

д) Упатување на единицата и екипите за заштита и спасување на

животни и производи од животинско потекло во реонот на непогодата

По завршената мобилизација,просторните единици за заштита и спасуваање се упатуваат во загрозениот-настраданиот реон и тоа во почетниот реон за дејствување.

Почетниот реон за дејствување го определува командантот на општинскиот штаб за заштита и спасување,а ги упатува и останатите екипи на учесниците во почетните реони за дејство кои ќе им ги определи.

По оценка на штабот,градоначалникот на општината бара ангажирање и на републичките сили за заштита и спасување на Дирекцијата за заштита и спасување.

Б.2.2. Спроведување на заштитата и спасувањето на

животните и производите од животинско потекло

Спроведувањето на заштитата и спасувањето на животните и производите од животинско потекло во општината ќе се врши различно во зависност од опасностите кои ги загрозуваат.

Оперативното дејствување ќе се организира и спроведува од моментот кога ќе настанат можности за загрозување на животни и производи од животинско потекло или веќе настанале последиците од нив и тоа преку:

-извидување и следење на резултатите од извидувањето;

-вршење на лабораториски анализи на примероците од животни и производите од животинско потекло во референтните лаборатории;

-утврдување на причинителите кои ја предизвикуваат промената и оштетувањата кај животните и производите од животинско потекло;

-утврдување на мерки за заштита и спасувањеза справување со детектираниот причинител;

-Препорачување - наложување на мерки за заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло на одгледувачите на животни и производи од животинско потекло и на останатите учесници;

-спроведување на изолација во реоните и местата во кои е појавена епидемија;

-изолација на заболените животни и спроведување на мерки за карантинско лечење;

-вакцинација на животните во загрозеното подрачје;

-целосна вакцинација на населението, доколку се работи за болести кои се пренесуваат на луѓето;

-ограничување-спречување на непотребно движење и собирање на животни;

-забрана за колење на животни во загрозените подрачја и редовна контрола на месото во кланиците;

-спроведување на мерки за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во објектите во кои се одгледуваат животните, во кои се складираат и преработуваат суровини од животни и производи од животинско потекло, објектите во кои се складира сточна храна, објектите за водоснабдување и поилата, а и домовите во загрозените населби;

-запознавање на населението во загрозеното подрачје со опасностите кои му се закануваат, карактеристиките и начинот на пренесување на заразните болести, превентивните и оперативните мерки на заштита кои треба секој да ги спроведува, како и начинот на однесување, мерките за безбедност и учеството во активностите за заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло, сточната храна, водата и друго;

-усмртување и закопување на заразени животни кои неможе да се употребуваат (преработуваат) во посебни јами со примена не мерки за дезинфекција;

-уништување на производи од животинско потекло кои се инфицирани и несмее да се употребуваат за исхрана во посебни јами или со други предвидени процедури;

-спроведување на мерки за радиолошка, хемиска и биолошка заштита;

-спроведување на мерки за противпожарна заштита;

-спроведување на мерки за заштита од поплави;

-барање и упатување на пристигнатите дополнителни сили за заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло во загрозеното подрачје.

а) Извидување и следење на резултатите од извидувањето

Извидувањето на заболените животни во загрозеното подрачје ќе го вршат екипи составени од стручни лица од ветеринарната станица,министерството за земјоделие и шумарство,ветеринарниот инспектор,општинскиот штаб за заштита и спасување и републичките сили за заштита и спасување на дирекцијата за заштита и спасување.

Резултатите од извидувањето ќе се следат и анализираат во општинскиот штаб за заштита и спасување.

б) Вршење на лабораториски анализи и утврдување на причинителите

Примероците од животните и производите од животинско потекло ќе ги земаат извидувачите и ќе ги доставуваат во референтните лаборатории каде ќе се вршат потребните анализи и ќе се утврдат причинителите на заболувањата, односно заразата.

в) Утврдување и препорачување - наложување на мерки

за заштита и спасување

По утврдувањето на причинителот на заболувањето-инфекцијата на животните и производите од животинско потекло, ќе се утврди начинот на спроведувањето на заштитата од него.Во принцип тоа се стандардни мерки во ветеринарната практика за спречување и справување со детектираниот причинител.

Утврдените-договорените мерки ќе се препорачаат-наложат на одгледувачите на животни и на преработувачите на сурови животни и производите од животинско потекло,а и на останатите учесници.

г) Спроведување на изолација во загрозените реони

Со цел да се спречи ширењето на заразата (епзоотијата) од загрозеното подрачје во незагрозените подрачја,објектите и местата каде се одгледуваат,чуваат, складираат и преработуваат месото и производите од животинско потекло ќе се изолираат.

Во изолианиот простор ќе се применуват посебни мерки за карантинско лечење и за влез и излез на луѓето и животните, односно производите од животинско потекло.

д) Вакцинација на животните во загрозеното подрачје

За да се спречи ширењето на инфекцијата на незаразените животни во загрозеното подрачје и пошироката околина ќе се врши вакцинација на животните против детектираниот причинител.

Вакцинацијата ќе ја вршат стручни екипи на ветеринарната станица.

ѓ) Целосна вакцинација на населението

Доколку се работи за болести кои се пренесуваат од заразените животни или инфицираните производи од животинско потекло на луѓето ќе се спроведе целосна вакцинација на луѓето во загрозеното подрачје и пошироката околина.

Вакцинацијата ќе ја вршат екипи на ЈЗУ Здравен дом Велес и ЈЗУ за Јавно здравство-Велес.

е) Ограничување-спречување на непотребно движење и собирање на животни

Во текот на оперативните активности на подрачјето на општината ќе биде наложен посебен режим за движење и собирање на животни, како и на производи од животинско потекло и на сточната храна.

ж) Забрана за колење на животни во загрозените подрачја

и редовна контрола на месото во кланиците

Со цел да се намалат можностите за ширење на заразата, особено кон луѓето, ќе се забрани колење на животни во загрозеното подрачје и тоа првенствено на одгледувачите на животни.

Истовремено, ветеринарниот инспектор ќе врши постојана контрола на квалитетот на месото во кланиците.

з) Спроведување на мерки за дезинфекција,дезинсекција и дератизација

За да се сузбие и спречи ширењето на заболувањето ќе се врши дезинфекција,дезинсекција и дератизација во загрозеното подрачје.

Оваа мерка ќе ја спроведуваат одгледувачите на животни, складиштата и преработувачите на сурово месо и производи од животинско потекло.

Во извршува-њето на оваа задача ќе учествуваат и силите за заштита и спасување, ветеринарната станица и ЈЗУ за Јавно здравство Велес.

s) Запознавање на населението

За време на траењето на болеста (епизоотијата) ќе се информира населението во загрозеното подрачје за опасностите кои му се закануваат, карактеристиките и начинот на пренесување на заразните болести, превентивните и оперативните мерки на заштита кои треба секој да ги спроведува, како и начинот на однесување, мерките за безбедност и нивно учество во активностите за заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло, на сточната храна, на водата и друго.

и) Спроведување на мерки за радиолошка,хемиска и биолошка заштита

Спроведувањето на оваа мерка ќе се врши според планот за радиолошка, хемиска и биолошка заштита, а ќе ги спроведуваат надлежните државни органи, институции и установи, како и специјализираните сили за РХБ заштита на дирекцијата за заштита и спасување според своите планови и стандардни оперативни постапки.

ј) Спроведување на мерки за противпожарна заштита

Мерките за противпожарна заштита ќе се спроведуваат според планот за противпожарна заштита доколку постојат опасности од пожари, а ќе ги спроведуваат територијалната противпожарна единица, просторните сили за заштита и спасување, републичките сили за заштита и спасување на дирекцијата за заштита и спасување и граѓаните.

к) Спроведување на мерки за заштита од поплави

Доколку има опасност од поплави, оваа мерка ќе се спроведува според планот за заштита од поплави, а ќе учествуваат службите на градоначалникот, граѓаните во загрозеното подрачје, сили за заштита и спасување и надлежните државни органи.

л) Барање и упатување на пристигнатите дополнителнисили

Според процена на општинскиот штаб за заштита и спасување, градоначалникот на општината ќе побара ангажирање на дополнителни сили од дирекцијата за заштита и спасување и другите надлежни државни органи,институции и установи.

По пристигнување на дополнителните сили во општината,општинскиот штаб за заштита и спасување ќе ги упати во загрозеното подрачје и тоа во реонот каде ќе дејствуваат.

Б.2.3. Усмртување и закопување на заразени животни во посебни јами

Заразените животни кои претставуваат опасност за зараза за здравите животни и за луѓето ќе се усмртуваат и закопуваат во јами на локации во загрозеното подрачје или во негова близина кои ќе ги определи општинскиот штаб за заштита и спасување во договор со надлежните државни органи.При закопот ќе се спроведуваат задолжителни мерки за дезинфекција.Иста постапка ќе се спроведува и со пронајдените мрши од животни.

Трговските друштва (одгледувачи на животни, складиштари и преработувачи на сурово месо и производи од животинско потекло) усмртените животни и мршите ќе ги закопуваат во јами во својот простор или во јамите кои ќе им ги определи општинскиот штаб за заштита и спасување во договор со ветеринарниот инспектор.

Собирањето и транспортот наусмртените животни и мршите ќе го вршат одгледувачите на животни,силите за заштита и спасување, ловциите и други притоа применувајќи задолжителни мерки за заштита од заразата.

Оваа мерка ќе ја спроведуваат и просторните и републичките сили за заштита и спасување,ветеринарната станица и ветеринарниот инспектор.

Б.2.4. Уништување на заразени производи од животинско потекло

Заразените производи од животинско потекло кои не може да се користат или преработуваат ќе се уништуваат според утврдени постапки за тој вид на причинител кои ќе ги наложи ветеринарниот инспектор.

Во извршувањето на оваа мерка ќе учествуваат одгледувачите на животни, складиштарите и преработувачите на сурово месо и производи од животинско потекло.

Б.2.5. Логистичка поддршка

Логистичката поддршка ќе се обезбедува според планот за логистичка поддршка на учесниците,а првенствено за следните содржини:

а) Средства за извршување на задачите на интервентните екипи-секој учесник за своите екипи.

б) Исхрана и вода за пиење-секој учесник за своите екипи.

в) Здравствено обезбедување на учесниците ЈЗУ Здравен дом Велес.

г) Обезбедување на местата на интервенциите и транспортот ќе врши МВР-СВР Велес.

Б.2.6. Р а к о в о д е њ е

Со активностите за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ќе раководи и координира општинскиот штаб за заштита и спасување.

При ангажирањето на републичките сили за заштита и спасување, раководењето и координацијата ќе ги врши подрачниот штаб за заштита и спасување на дирекцијата за заштита и спасување.

Командирите на единиците и екипите ќе раководат-командуваат со активностите кои се извршуваат на местото на непогодата.

Б.2.7. У ч е с н и ц и

Во заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ќе учествуваат :

- Градоначалникот на Општина Велес и неговите служби;
- Просторните сили за заштита и спасување на Општина Велес;
- Претседателот и советот на месните заедници;
- Одгледувачи на животни (физички и правни лица);
- Трговски друштва кои преработуват и складирааат сурови животни и производи од животинско потекло и тоа:
  -АД Жито Вардар груп;

  -Агрија - Груп;

  -Ладилник Фимото ДОО;

  -Ладилник Бибо Комерц;и др.

- Ветеринарна станица-Велес;
- Ветеринарен инспектор;
- Ветеринарни аптеки;
- ЈЗУ Здравен Дом Велес;
- ЈЗУ за Јавно здравство Велес;
- Дирекција за заштита и спасување-подрачно одделение за заштита и спасување-Велес,со републичките сили за заштита и спасување;
- Здруженија на ловциите;
- МВР-СВР-Велес;
- ЦУК-РЦУК Велес;и др.

Учесниците мегусебно ќе ги усогласат активностите во своите планови.

Б.3.Активности по завршувањето на на настанот

По престанување на потребата за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло, ангажираните интервентни екипи и единици се распуштаат-се враќаат во својата база.

Искористувањето и преработката на суровото месо и производите од животинско потекло ќе се врши договорно со сопствениците.

Последиците и штетите кои се настанати од природна непогода или друга несреќа ќе се врши според посебни планови за санација.

За реализација на санацијата општината и трговските друштва (одгледувачи,складиштари и преработувачи) ќе склучат договори со правните лица во постапка предвидена за време на природни непогоди и други несреќи.

П р е г л е д

на превентивните активности во спроведувањето на заштитата и спасувањето

на животните и производите од животинско потекло од непогоди и други несреќи во Општина Велес

МЗС	Вид на активности	извршители		рок
		Внатрешни	надворешни	
Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло	Правилно сместување, исхрана и поење на животните со примена на потребни хигиено-епидемиолошки мерки за заштита од сите видови на причинители на болести.		-одгледувачи -складиштари--преработувачи	постојано
	Обезбедување на доволни количини на храна и вода за животните и нивна заштита од сите видови на загадување.	ЈКП Дервен	-одгледувачи -складиштари--преработувачи	постојано
	Редовна хигиено-епидемиолошка контрола на просториите и околниот простор каде се чуваат животните и производите од животинско потекло (складишта, магацини, ладилници и други објекти каде се чуваат и складираат производите од животинско потекло.		-Ветеринарен инспектор -одгледувачи -складиштари--преработувачи	постојано
	Редовно вакцинирање од болести кои се чести во општината и пошироко, а посебно во време на потенцијална опасност од одреден вид на заболување.		-ветеринарна станица Велес	постојано
	Редовна радиолошка, хемиска и биолошка контрола на животната средина, животните, сточната храна и производите од животинско потекло.		-ветеринарна станица; -надлежни институти	постојано
	Лабораториска контрола на крвта и други излачувања кај животните и на производите од животинско потекло.		-ветеринарна станица	постојано
	Утврдување на место за карантизација на заболените животни.	Сектор за урбанизам	Ветеринарен инспектор	31.01. 2016
	Утврдување на место за уништување на заболени животни и контаминирани производи од животинско потекло кои не може да се преработуваат,а се опасни за човекот.	Сектор за урбанизам	Ветеринарен инспектор	31.01. 2016
	Редовно ажурирање на податоците во плановите за заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло.	-одговорното лице -ОШЗС	Сите учесници	постојано
	Запознавање-едуцирање на сточарите, фармерите и другите правни лица кои чуваат животни и производи од животнско потекло или вршат нивна преработка,со мерките за заштита и спасување.	-служби на градоначалникот	-ветеринарна станица; -ветеринарен инспектор	постојано
	Да се формира единица за заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло.	-сектор за правни работи	-ДЗС-ПОЗС	31.12. 2016
	Обезбедување на потребен минимум на персонални и материјални ресурси за функционирање на заштитата и спасувањето на животни и производи од животинско потекло.	-сектор за финансии	Останатите учесници	31.12. 2018
	Едукација и редовен тренинг и потсетување, на членовите на екипите кои учествуваат во заштитата и спасувањето на животните и производите од животинско потекло.	-одговорното лице -ОШЗС	-ДЗС-ПОЗС -останати учесници	постојано

Објаснување на скратениците

МЗС-мерка за заштита и спасување ПОЗС-ДЗС-Подрачно одделение за заштита и спасување-дирекција за заштита и спасување ОШЗС-општински штаб за заштита и спасување

П р е г л е дs

на оперативните активности за заштита и спасување на животните и производите

од животинско потекло од природни непогоди и други несреќи во Општина Велес

МЗС	Вид на активност	Учесници	
		Внатрешни	Надворешни
Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло	**П р е д н е п о г о д а т а (н а с т а н о т)**		
	По добиеното известување за потенцијалните опасности кои може да ги загрозат животните и производите од животинско потекло, градоначалникот и одговорното лице разменуваат податоци за видот, обемот и очекуваното време за настанување на опасноста и за подготвеноста на државните органи кои учествуваат во заштитата и спасувањето на растенијата и растителните производи.	-Градоначалник -одговорно лице	-МЗШ-ПЕ Велес -ветеринарен инспектор -ветеринарна станица -ЦУК-РЦУК -ДЗС-ПОЗС
	По оценка на градоначалникот се активира-мобилизира општинскиот штаб за заштита и спасување.	Одговорно лице	Членови на ОШЗС
	Веднаш по дознавањето за потенцијалната опасност која ги загрозува животните и производите од животинско потекло,преку претседателите на месните заедници, медиумите или на друг начин,ќе се известат сточарите,фармерите и трговските друштва кои складираат или преработуваат сурово месо и производи од животинско потекло за опасностите кои се очекуваат и ќе им се укаже да ја следат состојбата и да преземаат мерки со кои ќе се намалат ефектите на очекуваната опасност,односно да постапуваат по упатствата.	-одговорно лице -ОШЗС -Претседатели на МЗ	-одгледувачи на животни -ТД кои складираат или преработуваат сурово месо и производи од животинско потекло (список во прилог)
	Се врши проверка на оспособеноста на учесниците во заштитата и спасувањето на животните и производите од животинско потекло и тоа: -подготвеноста не екипите и единиците кои ги извршуваат активностите за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло за извршување на утврдените задачи; -подготвеност на субјектите во чии објекти се врши сметувањето на сточна храна,сурови производи од животни и производи од животинско потекло,за примена на потребните и препорачаните мерки за заштита и спасување; -снабденоста на ветеринарните аптеки со препарати и други заштитни средства за заштита од очекуваната опасност.	-ОШЗС	-одговорните лица во учесниците (список во прилог) -ветеринарен инспектор
	Во зависност од видот на очекуваната опасност (поплава,ниски температури,снежни врнежи,пожар и др.) ќе се постапува и според плановите кои ја уредуваат заштитата и спасувањето од тој вид на опасности,односно ќе се спроведуваат мерките кои се предвидени во нив.	-ОШЗС -предвидени лица во тие планови	-предвидени лица во тие планови
	По оценка на општинскиот штаб за заштита и спасување се врши прераспределување на задачите на учесниците во згрижувањето.	-ОШЗС	Одговорните лица во останатите учесници

П р е г л е д

на оперативните активности за заштита и спасување на животните и производите

од животинско потекло, од природни непогоди и други несреќи во Општина Велес

МЗС	Вид на активност		Учесници	
			Внатрешни	Надворешни
	За време на непогодата (настанот)			
Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло	Подготовки за старт на оперативните активности	а)Извидување на реоните-локациите во кои е настаната непогодата	-Градоначалник -ОШЗС-помошник на началникот	-МЗШ-вработени -ветеринарна станица -ветеринарен инспектор
		б) Активирање-мобилизација на: -одговорното лице и ОШЗС -останатите учесници Се анализираат добиените информации,а по сопствена оценка дел од нив се проверуваат.После тоа, доколку состојбата налага, се бара да се активираат сите учесници во заштитата и спасувањето на животните и производите од животинско потекло предвидени во овој план и им се наложува да почнат со спроведување на активностите за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло.	-Градоначалник -одговорното лице -ОШЗС	Одговорните лица во останатите учесници
		в) И з в е с т у в а њ е Известувањето на населението,сточарите,фармерите и трговските друштва кои одгледуваат животни или вршат складирање и преработка на сурово животинско месо и производи од животинско потекло,ќе се врши преку претседателите на месните заедници и регионалниот центар за управување со кризи,а во итни случаи и преку средствата за јавно информирање. Известување на субјектите кои учествуваат во заштитата и спасувањето на животните и производите од животинско потекло предвидени со овој план ќе се врши телефонски. По добиеното известување учесниците отпочнуваат да ги спроведуваат планираните или препорачаните-наложените мерки за заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло и воспоставуваат постојана врска со општинскиот штаб за заштита и спасување заради размена на податоци и координирање на активностите за заштита и спасување од тој вид на непогода.	-одговорното лице -ОШЦЗ -Претседателите на месните заедници	-РЦУК -електронски медиуми -одговорните лица во останатите учесници
		г) Планирање на активностите Планирањето,раководењето и координирање-то на активностите за заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло од настаната непогода ќе го врши командантот на општинскиот штаб за заштита и спасување според следниот последова-телен ред : 1.Од учесниците или преку ЦУК бара целосни или дополнителни податоци и информации за опасностите, последиците, превземените мерки и ангажираните сили и средства; 2 По потреба свикува состанок на штабот на кој ја проценува настанатата состојба на база	Командантот на ОШЗС	-одговорните лица на останатите учесници- -ветеринарен инспектор -ветеринарна станица -МЗШ-ПЕ -ДЗС-ПОЗС

		на добиените информации од теренот и утврдува план за дејствување, во кој покрај другото ги опфаќа следните елементи: - определува раководител на терен, кој ќе раководи со вкупните акции за заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло кој во принцип треба да е помошникот за оваа мерка; - ги определува учесниците, основните правци и реони на кои приоритетно ќе се ангажираат учесниците; -го определува местото од каде раководителот на терен ќе раководи со активностите и акциите и го утврдува начинот на одржување на врските: -го утврдува правецот на движење на учесниците со расположивите превозни средства и ги упатува на предвидените реони; -определува екипи за обезбедување на храна вода и средства за работа на учесниците, екипи за здравствена заштита, екипи за деконтаминација и други екипи, доколку за тоа има потреба; -според укажаната потреба планира ангажирање на дополнителни сили на целиот простор или на одделни реони; -го утврдува времето за доставување на извештаи и времето на повторна проценка на состојбата, кое вообичаено треба да е во вечрените часови; -доколку ангажираните сили и средства останат да дејствуваат и преку ноќта, го определува местото за нивно сместување; и -го утвдува начинот на враќање на учесниците и прибирање на ангажираната опрема и техничките средства . 3 По утврдувањето на планот за дејствување,на планираните учесници им се доставуваат изводи,односно се известуваат за обврските кои им се определени во давањето на прва медицинска помош.		
		д) <u>Упатување на единицата и екипите</u> за заштита и спасување наживотни и производи од животинско потекло во реонот на непогодата. По завршената мобилизација,просторните единици за заштита и спасуваање се упатуваат во загрозениот-настраданиот реон и тоа во почетниот реон за дејствување. Почетниот реон за дејствување го определува командантот на општинскиот штаб за заштита и спасување,а ги упатува и останатите екипи на учесниците во почетните реони за дејство кои ќе им ги определи. По оценка на штабот,градоначалникот на општината бара ангажирање и на републичките сили за заштита и спасување на Дирекцијата за заштита и спасување.	-ОШЗС; -коомандирите на единиците	Одговорните лица и командирите на екипите и единиците на останатите учесници
	Спроведување на заштитата и	а) <u>Извидување и следење</u> на резултатите од извидувањето Извидувањето на заболените животни во загрозеното подрачје ќе го вршат екипи составени од стручни лица од ветеринарната станица,министерството за земјоделие и шумарство,ветеринарниот инспектор,ОШЗС и републичките сили за заштита и спасување на дирекцијата за заштита и спасувње.	-ОШЗС -просторни сили	-ветеринарна станица -ветеринарен инспектор -одговорните лица во останатите учесници

		Резултатите од извидувањето ќе се следат и анализираат во ОШЗС		
		б)Вршење на лабораториски анализи и утврдување на причинителите Примероците од животните и производите од животинско потекло ќе ги зимаат извидувачите и ќе ги доставуваат во референтните лаборатории,каде ќе се вршат потребните анализи и ќе се утврдат причинителите на заболувањето,односно заразата.	-просторни сили	-ветеринарна станица -ветеринарен инспектор -одговорните лица во останатите учесници
		в)Утврдување и препорачување – наложување на мерки за заштита и спасување По утврдувањето на причинителот на заболувањето-иинфекцијата на животните и производите од животинско потекло, ќе се утврди начинот на спроведувањето на заштитата од него.Во принцип тоа се стандардни мерки во ветеринарната практика за сузбивање и справување со детектираниот причинител. Утврдените-договорените мерки,ќе се препорачаат-наложат на одгледувачите на животни и на преработувачите на сурови животни и производите од животинско потекло, а и на останатите учесници.	ОШЗС	-Ветеринрна станица -Ветеринарен инспектор
		г) Спроведување на изолација во загрозените реони Со цел да се спречи ширењето на заразата (епзоотијата) од загрозеното подрачје во незагрозените подрачја,објектите и местата каде се одгледуваат,чуваат, складираат и преработуваат месото и производите од животинско потекло, ќе се изолираат. Во изолираниот простор ќе се применуват посебни мерки за карантинско лечење и за влез и излез на луѓето и животните,односно производите од животинско потекло.	-ОШЗС	-ветеринарна станица -ветеринарен инспектори -одговорните лица во останатите учесници
		д) Вакцинација За да се спречи ширењето на на инфекцијата, на незаразените животни во загрозеното подрачје и пошироката околина, ќе се врши вакцинација на животните против детектираниот причинител. Вакцинацијата ќе ја вршат стручни екипи на ватеринарната станица.		-Ветеринарна станица -сили на ДЗС-ПОЗС
		ѓ) Целосна вакцинација на населението Доколку се работи за болести кои се пренесуваат од заразените животни или инфицираните производи од животинско потекло на луѓето,ќе се спроведе целосна вакцинација на лугето во загрозеното подрачје и пошироката околина. Вакцинацијата ќе ја вршат екипи на ЈЗУ Здравен дом Велес и ЈЗУ Јавно здравство Велес		-ЈЗУ јавно здравство -ЈЗУ здравен дом
		е)Ограничување-спречување на непотребно движење и собирање на животни Во текот на оперативните активности на подрачјето на општината ќе биде наложен посебен режим за движење и собирање на животни,како и на производи од животинско потекло и на сточната храна.		-ветеринарен инспектор -МВР-СВР Велес
		ж)Забрана за колење на животни во загрозените подрачја и редовна контрола на месото во кланиците Со цел да се намалат можностите за ширење на заразата,особено кон луѓето, ќе се забрани		-ветеринарен инспектор -ветеринарна станица

		колење на животни во загрозеното подрачјеи тоа првенствено на одгледувачите на животни. Истовремено ветеринарниот инспектор ќе врши постојана контрола на квалитетот на месото во кланиците.		
		З)<u>Спроведување на дезинфекција, дезинсекција и дератизација</u> Оваа мерка ќе ја спроведуваат одгледувачите на животни,складиштата и преработувачите на сурово месо и производи од животинско потекло. Во извршувањето на оваа задача ќе учествуваат и силите за заштита и спасување, ветеринарната станица и ЈЗУ за јавно здравство Велес.	-просторни сили за заштита и спасување	-одгледувачите, складиштарите и прерботуваќите; -ветеринарна станица -републички сили на ДЗС -ЈЗУ за јавно здравство
		s) <u>Запознавање на населението</u> За време на траењето на болеста (епизоотијата)ќе се информира населението во загрозеното подрачје за опасностите кои му се закануваат,карактеристиките и начинот на пренесување на заразните болести,превентивните и оперативните мерки на заштита кои треба секој да ги спроведува,како и начинот на однесување,мерките за безбедност и учеството во активностите за заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло, сточната храна,водата и друго.	-кабинет на градоначалникот -ОШЗС -претседатели на МЗ	-Ветеринарен инспектор -ветеринарна станица -ЦУК-РЦУК -електронски медиуми
		и)<u>Спроведување на мерки за радиолошка, хемиска и биолошка заштита</u> Спроведувањето на оваа мерка ќе се врши според планот за радиолошка,хемиска и биолошка заштита,а ќе ги спроведуваат надлежните државни органи, институции и установи,како и специјализираните сили за РХБ заштита на дирекцијата за заштита и спасување и спасување според своите планови и стандардни оперативни постапки.	-ОШЗС -просторни сили	-според планот за РХБ заштита (сите учесници)
		ј)<u>Спроведување на мерки за противпожарна заштита</u> Мерките за противпожарна заштита ќе се спроведуваат според планот за противпо-жарна заштита доколку постојат опасности од пожари,а ќе ги спроведуваат територијалната противпожарна единица,просторните сили за заштита и спасување, републичките сили за заштита и спасување на дирекцијата за заштита и спасување и граѓаните.	-ОШЗС -Територијална противпожарна единица	Сите учесници според планот за противпожарна заштита
		к) <u>Спроведување на мерки за заштита од поплави</u> Доколку има опасност од поплави,оваа мерка ќе се спроведува според планот за заштита од поплави,а ќе учествуваат службите на градоначалникот,граѓаните во загрозеното подрачје, сили за заштита и спасување и надлежните државни органи.	-ОШЗС -просторни сили	Сите учесници според планот за заштита од поплави
		л)<u>Барање и упатување на пристигнатите дополнителнисили</u> Според процена на општинскиот штаб за заштита и спасување, градоначалникот на општината ќе побара ангажирање на дополнителни сили од дирекцијата за заштита и спаување и другите надлежни државни органи,институции и установи.	-градоначалник -ОШЗС	-Дополнителни сили на ДЗС -дополнителни сили на надлежните државни органи, институции и установи

		По пристигнување на дополнителните сили во општината,општинскиот штаб за заштита и спасување ќе ги упати во загрозеното подрачје и тоа во реонот каде ќе дејствуваат.		
		Б.2.3. Усмртување и закопување на заразени животни во посебни јами Заразените животни кои преставуваат опасност за зараза за здравите животни и за луѓето ќе се усмртуваат и закопуваат во јами на локации во загрозеното подрачје или во негова близина кои ќе ги определи општинскиот штаб за заштита и спасување во договор со надлежните државни органи.При закопот ќе се спроведуваат задолжителни мерки за дезинфекција.Иста постапка ќе се спроведува и со пронајдените мрши од животни. -Трговските друштва (одгледувачи на животни,складиштари и преработувачи на сурово месо и производи од животинско потекло) усмртените животни и мршите ќе ги закопуваат во јами во својот простор или во јамите кои ќе им ги определи општинскиот штаб за заштита и спасување во договор со ветеринарниот инспектор. -Собирањето и транспортот наусмртените животни и мршите,ќе го вршат одгледувачите на животни,силите за заштита и спасување,ловџиите и други, притоа применувајки задолжителни мерки за заштита од заразата.	-ОШЗС -просторни сили	-Трговските друштва (одгледувачи на животни,складиштари и преработувачи на сурово месо и производи од животинско потекло) -ветеринарна станица -ловџии -сили за заштита и спасување ма ДЗС
		Б.2.4.Уништување на заразени производи од животинско потекло Заразените производи од животинско потекло кои не може да се користат или преработуваат ќе се уништуваат според утврдени постапки за тој вид на причинител кои ќе ги наложи ветеринарниот инспектор. Во извршувањето на оваа мерка ќе учествуваат одгледувачите на животни, складиштарите и преработувачите на сурово месо и производи од животинско потекло.		-одгледувачи, Складиштари и преработувачи
	Логистичка поддршка	а) Средства за извршување на задачите на интервентните екипи-секој учесник за своите екипи.	-сектор за финансии	Според плановите на учесниците
		б) Исхрана и вода за пиење-секој учесник за своите екипи.	-сектор за финансии	Според плановите на учесниците
		в) Здравствено обезбедување на учесниците	Единица за ПМП	-ЈЗУ Здравен дом -Црвен Крст
		г) Обезбедување на местата на интервенциите и транспортот ќе врши МВР-СВР Велес.		МВР-СВР Велес
	Б.2.6. Раководење Со активностите за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ќе раководи и координира општинскиот штаб за заштита и спасување. При ангажирањето на републичките сили за заштита и спасување, раководењето и координацијата ќе ги врши подрачниот штаб за заштита и спасување на дирекцијата за заштита и спасување. Командирите на единиците и екипите ќе раководат-командуваат со активностите кои се извршуваат на местото на непогодата.			ОШЗС	ПШЗС
	После непогодата (настанот)			
	По престанување на потребата за заштита и		-ОШЗС	Командирите на

	спасување на животните и производите од животинско потекло ангажираните интервентни екипи и единици се распуштаат-се враќаат во својата база.		екипите на останатите учесници
	Искористувањето и преработката на сурово месо и производи од животинско потекло ќе се врши договорно со сопствениците,а во склад со наложените мерки.		Земјоделците според склучени договори
	Последиците и штетите кои се настанати од природна непогода или друга несреќа, ќе се врши според посебни планови за санација. За реализација на санацијата општината ќе склучи договори со правните лица во постапка предвидена за време на природни непогоди и други несреќи.	Општина Велес	Правни лица според склучени договори

<u>Објаснување на скратениците</u>

МЗС-мерка за заштита и спасување

МЗШ-ПЕ-Министерство за земјоделие и шумарство-подрачна единица

ОШЗС-Општински штаб за заштита и спасување

ПОЗС-ДЗС-Подрачно одделение за заштита и спасување-дирекција за заштита и спасување

ПШЗС- Подрачен штаб за заштита и спасување Велес

МВР-СВР- Министерство за внатрешни работи-сектор за внатрешни работи Велес

РЦУК- Регионален центар за управување со кризи

ТППЕ- Територијална професионална противпожарна единица

ЈЗУ- Јавна Здравствена установа

ПМП-Прва медицинска помош

Преглед

на одговорните служби и лица

Дежурни служби			
орган	Број на телефон		
	повикувачки	фиксен	мобилен
РЦУК	195		
МВР	192		
ТППЕ Велес	193	043/232-267	075/312-170
ЈЗУ здравен дом-брза помош	194		
Одговорни лица во			
функција	Име и презиме	Број на телефон	
		Фиксен	мобилен
Општина Велес			
Градоначалник			
Председател на советот			
Одговорно лице			
Министерство за земјоделие и шумарство-подрачно одделение Велес			
Раководител на ПЕ			
Раководител на ПЕ			
Ветеринарна инспекција			
Ветеринарен инспектор			
Ветеринарна станица Велес			
Директор			
Заменк на директор			
Одговорно лице			
Дирекција за заштита и спасување-ПОЗС			
Раководител			
заменик			
ЈЗУ Здравен Дом Велес			
Директор			
Началник на брза помош			
ЈЗУ за јавно здравство Велес (хигиенски завод)			
Раководител			
Одговорно лице			
МВР-СВР ВЕЛЕС			
Началник			
Заменик			
Други учесници			

Совет на општина Велес

Прилози :

-прилог-1 преглед на домашни животни,живина и риби на територијата на Општина Велес;

-прилог-2 преглед на одгледувалишта на животни,живина и риби на територијата на Општина Велес;

-прилог-3 преглед на субјекти кои се занимаваат со заштита и спасување на животни и производи од жвотинско потекло на територијата на Општина Велес;

-прилог-4 преглед на функционални ладилници и складишта за производи од животинско потекло на територијата на Општина Велес;

-прилог-5 преглед на ветернарни станици и амбуланти на територијата на Општина Велес;

-прилог-6 преглед на градежна механизација и теренски возила;

-прилог-7 преглед на ветеринарни аптеки и веледрогерии на територијата на Општина Велес;

-прилог-8 преглед на републичките сили за заштита и спасување на предвидени да учествуваат во заштитата и спасувањето на животни и производи од животинско потекло;

-прилог-9 прегелед на локациите за јами за закоп на мрши и неупотребливи производи од животинско потекло;

-прилог-10 преглед на средства за дезинфекција,дезинсекција и дератизација;

-прилог-11 преглед на локации за одлагање и уништување на неупотребливи производи од животинско потекло.

Поим:

Животни се : копитари (коњи,мазги,мули и магарења);чапункар (говеда,биволи, овци,кози и свињи);перната живина (кокошки,мисирки,гуски,шатки и друга перната живина);украсни и егзотични птици и животни; кучиња, мачки,куникули, пчели, пијавици, свилени буби, риби,ракови, школки, ежови, желки, полжави,жаби,ловен дивеч,диви sверови,лабораториски животни и инсекти.

Производи од животинско потекло се:составни делови од животинското тело во сурова,полупреработена или преработена состојба (млеко,јајца,производи од месо,риби,икра,мед и други производи од ракови,школки,полжави и жаби) наменети за исхрана на луѓето.

Преглед 1

ПРЕГЛЕД

на домашни животни,живина и риби по категории и населено место

евидентирани на територијата на Општина Велес

Состојба:мај 2015 година

КАТЕГОРИИ	НАСЕЛЕНО МЕСТО	Вкупно	ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРЕТПРИЈАТИЈА/ ЗАДРУГИ	ИНДИВИДУАЛНИ ЗЕМЈ. СТОПАНСТВА	ЗАБЕЛЕШКА
ГОВЕДА					
Повеќе од 50 грла					
Помалку од 50 грла					
СВИЊИ					
Повеќе од 100					
Помалку од 100					
ОВЦИ					
Повеќе од 50 грла					
Помалку од 50 грла					
КОЗИ					
Повеќе од 50 грла					

Помалку од 50 грла					
ЖИВИНА					
Над 350					
Под 350					
ПЧЕЛНИ СЕМЕЈСТВА					
ОДГЛЕДУВАЛИШТА НА РИБИ					
Според вид : пастрмка					
Колкав капацитет на производство на риба на годишно ниво изразено во тони					

Ажурирал:_____

Преглед 2

П Р Е Г Л Е Д

на одгледувалишта за добиток,живина и риби

на територијата на Општина Велес

Состојба:мај 2015 година Велес

Име на одгледувалиштето	Адреса	телефон	Населено место	Карактеристики на објектот	Капацитет		Вк број на објекти од таков тип на таа локација	Забелешка
1	2	3	4	5	6		7	8
Агриа - свињарска фарма	С.Чичево Градско		Велес	свињарска фарма	Товеници - прасиња	30.000		
Новакови - Душица Новакова	Речани бб		Велес	жив. фарма	кокошки	4240		
Агро-евро – Раде Симонов	с.Чолошево		Велес	трло за овци	овци + овни	280 + 40		
					јагњиња, шилеже	50		
Марго – бран			Велес	фарма за свињи	прасиња од 2-6 м.	200		
					нерези	1		
					други свињи	54		
Славче Марк ДООЕЛ	ЈХК Џинот 9		Велес	фарма за свињи	прасиња од 2-6 м.	50		
					нерези	1		

					други свињи	8		
Агроком Ели	М.Тито 22		Велес	фарма за свињи	прасиња од 2-6 м.	22		
					други свињи	5		
Феко пром – Џемаил Лековиќ	с.Оризари		Велес	фарма за крави	Крави и јунци	30		
					Говеда над 1 год.	18		
					Други говеда	4		
Петре Здравевски	Велес			трло за овци	420			
Тони Драскачев	Велес			трло за овци	300			
Орце Давчевски	Велес			трло за овци	300			
Горан Нановски	Велес			трло за овци	280			
Орданче Ѓорѓиевски	Велес			трло за овци	370			
Миле Миленковиќ	Велес			трло за овци	180			
Златко Јовановски	Велес			трло за овци	210			
Мара Маневска	Велес			трло за овци	90			
Напомена: Според наши контакти со институциите се циркулира со бројка на одгледувалишта од околу **160** на подрачјето на општина Велес, но никој од субјектите кои ги исконтактиравме не ни даде подетална информација или податок за поединечна евиденција за одгледувалишта, оправдувајќи се дека истото не е во нивна надлежност.								

Ажурирал:_____

ПРЕГЛЕД

НА СУБЈЕКТИ КОИ СЕ ЗАНИМАВААТ СО ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИ И ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО

Состојба:мај 2015 година

ред. бр	име на субјектот	адреса	локација	раководител	тел /факс	Забелешка
1	2	3	4	5	6	7
1.	**АД „Жито Вардар” - груп**	Индустриска бб	Велес		043/231743	
2.	**„Агриа”**	П.ф. 160 Велес	Велес	Филип Митев Др. по ветеринарна медицина	043/254500	
3.	**Ветеринарна станица - Велес**	Раштански пат бб	Велес	Димитриевски Димче	075/375761	
4.	**Ветеринарен инспектор**	Раштански пат бб	Велес	Виктор Иван	070/ 409223 070/211457	

Ажурирал:_____

Преглед 4

П Р Е Г Л Е Д

НА ФУНКЦИОНАЛНИ ЛАДИЛНИЦИ И СКЛАДИШТА

ЗА ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ПО ВИД И КОЛИЧИНА

Состојба:мај 2015 година

Вид на објект	нас.место /општина	сопственик	ладилник		Адреса (локација)	Складиште		Адреса (локација)
			вк. Бр.	Кол во тони		вк.бр	Кол. Во тони	
1	2	3	4	5	6	7	8	9
Ладилник	Велес	Фимото ДОО	14	500 т. + 120т.	Скопски пат бб			
Разладување	-/-	Фимото ДОО		100т.	Скопски пат бб			
Ладилник	-/-	„Бибо – комерц” ДООЕЛ	6	400 т.	Скопски пат бб			
Ладилник	-/-	АД „Жито Вардар” – груп	3	120м2	Индустриска бб.			
Ладилник	-/-	„Агриа” груп		21 т.	М.в.Бабуна б.б.			
Разладување	-/-	„Агриа” груп		25 т.	М.в.Бабуна б.б.			

Ажурирал:_____

Преглед 5

П Р Е Г Л Е Д

НА ВЕТЕРИНАРНИ СТАНИЦИ –АМБУЛАНТИ И БОЛНИЦИ

Состојба:Мај 2015 година

Име		адреса	тел/ факс	нас.место/ општина	вработен персонал				вкупен капацитет на сместување	забелешка
станица/ амбуланта	болница				Вк. бр.	д-р	вет. тех	бол.		
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11
Вет.станица		Раштански пат бб	075/375761	Велес	7	3	3	1	10	043/232090

Ажурирал:_____

ПРЕГЛЕД

НА ГРАДЕЖНА МЕХАНИЗАЦИЈА И ТЕРЕНСКИ ВОЗИЛА

Состојба:мај 2015 година

Реден број	ПОЗС Велес	БРОЈ НА ПУНКТОВИ	ВИД И БРОЈ НА МЕХАНИЗАЦИЈА И ТЕРЕНСКИ ВОЗИЛА					ЗАБЕЛЕШКА
			БУЛДОЖЕР	УТОВАРУВАЧ	БАГЕР	КАМИОН ДО 20т.	ТЕРЕНСКО ВОЗИЛО	
1.	Изгрев							043/224707
2.	Делта пром							
3.	ДЗС ПО Велес							
4.								

Ажурирал:_____

ПРЕГЛЕД

НА ВЕТЕРИНАРНИ АПТЕКИ И ВЕЛЕДРОГЕРИИ

Состојба:мај 2015 година

Ред. Бр	Име	адреса	сопственик	тел/ факс	бр. На вработен персонал	забелешка
1.	2	3	4	5	6	7
1.	**Агропин ДООЕЛ**	Н.Бутникошарева 48	Ацкова Марија	043/234-118 070/594307	2	
2.	**Аграр ДООЕЛ**	П.Прличко бб	Димов Димче	076/441-666	2	
3.	**Вердихем**	Б.Ѓорев 98	Влаинова Сунчица	070/265194 043/232686	2	
4.	**Вердихем**	Н.Бутникошарева 1	--//--	--//--	2	
5.	**Балкан ДООЕЛ**	Браќа Капчеви 7	Ангелова Вилма	071/213061	2	
6.	**Сокол ДООЕЛсека е <u>АГРО ЈУНИКОМ</u>**	Н.Бутникошарева бб	Стојанова Светлана	070/276400 043/231686	2	
7.	**Сокол ДООЕЛ**	Б.Ѓорев 130	--//--	--//--	2	
8.	**Сокол ДООЕЛ**	с.Раштани	--//--	--//--	2	
9.	**Кактус ДООЕЛ**	П.Прличко бб	Дервишова Цвета	043/222653	2	
10	**Магро МБ Агрохемикал**	Н.Бутникошарева бб	Николов	075/354000	2	

			Никола			
11.	**Хемо Мак пестициди**	Б.Ѓорев 117	Јовановиќ Горан	043/212552 070/340892	2	
12.	**Хемо Мак пестициди**	с.Башино село	Јовановиќ Урош	043/212552	2	

Ажурирл:_____

Преглед 8

ПРЕГЛЕД

НА РЕПУБЛИЧКИ ЕДИНИЦИ ЗА ИЗВИДУВАЊЕ НА ТЕРЕН

Состојба : мај 2015 година

Ред. број	**ПОЗС**	**Јачина на единицата**	**По формација**	**Пополнето**	**Материјален состав**	
					Опременост во %	
1.	Велес	20	20	18	60% (задолжени со стара униформа)	60% (на дел од опремата - МТС им е изминат рокот на употреба)

Ажурирал : _____

Преглед 9

ПРЕГЛЕД

НА ЛОКАЦИИ ЗА ОДЛАГАЊЕ И УНИШТУВАЊЕ НА НЕУПОТРЕБЛИВИ ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО И ЛЕШЕВИ НА ЗАГИНАТИ ЖИВОТНИ

Состојба : мај 2015 година

Ред. бр.	**Локација за закоп на угинати животни**	**Име и површина на населено место**	**Реони од кои се собираат и транспортираат загинатите животни**	**Забелешка**
1.			„Агриа” свињарска фарма - с.Чичево, Кланица „Агриа”-Бабуна Велес и Кланица „Сирмес” - Велес	Сами вршат закоп на угинати животни во јами во нивна околина.
2.	Депонија Велес	Општина Велес		Општина Велес според ДУП нема предвидена локација за закоп на угинати животни.

Ажурирал : _____

Преглед 10**.**

ПРЕГЛЕД

НА СРЕДСТВА ЗА ДЕЗИНФЕКЦИЈА, ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА

Ветеринарна станица Велес со свои МТС

- **Дезинфекција :**
- **Дезинсекција :**
- **Дератизација :**

Преглед-11

Преглед

на локации за одлагање и уништување на неупотребливи

производи од животинско потекло и лешеви на угинати животни

состојба : август 2019 година



Map
©2007 Google - Imagery ©2007 DigitalGlobe, Map data ©2007 TeleAtlas - Terms o

Ред. бр.	Локација за закоп на неупотребливи производи од жив.потекло	Име на населено место	Реони од кои се собираат и транспортираат неупотребливите производи од жив.потекло	Забелешка
1.	Депонија Велес	Општина Велес	Кланица Агриа-Бабуна Велес и Кланица Сирмес – Велес	/
2.	м.н. Бунардере	Општина Велес	Општина Велес	.

Ажурирал : Зоран Јаневски

III.11 П Л А Н

за заштита и спасување на растенијата и растителните производи

од природни непогоди и други несреќи во Општина Велес

Извод од процената:

Во анализираниот период во Општина Велес последиците и штетите на растенијата и производите од растително потекло, предизвикани се од разни болести, хемиски препарати, суша, поплави и пожари.

а) Растителни болести

Најголеми штети на земјоделските и други растенија на територијата на Општина Велес предизвикале: пламеницата, пепелницата, црнилкатана тутунот, разни бактериски и вирусни заболувања, лисните вошки, скакулците, житната пијавица, полските глувци и други.

Кај шумските растенија штети предизвикувале: губерот, жолтомешката, боровата гасеница и други. Регистрирана е и појава на сушење на стеблата на одредени видови на растенија.

б) Последици од хемиски препарати

Евидентирани се и очекувани последици и штети кај растенијата и производите од растително потекло од примена (ненамерна или намерна) на разновидени неисправни и штетни хемиски препарати, кои што резултираат со делумно или целосно уништување на растенијата и производите од растително потекло.

Неисправните или штетни хемиски препарати, може да предизвикаат и последици кај луѓето и животните (труење и смртни случаи).

в) Последици од пожари

Во анализираниот период на територијата на Општина Велес се чести штетите од пожари, особено на шумите. Од пожарите се уништени повеќе стотици хектари на шуми и други растенија во околината на шумите.

г) Последици од поплави

Штетите на растенијата предизвикани од поплави се пред сè на земјоделските култури во непосредната околина на водотеците.

д) Последици од суша

Во последно време сè почести се последиците кај растенијата (сушење) од сушата во летниот и есенскиот период особено во североисточниот дел од територијата на општината. Овие последици се најизразени кај земјоделските и овошните култури (овоштарници, лозја и др.).

ѓ) Последици од град

И овој вид на непогода предизвикува значителни штети кај растенијата особено во летниот период. Најголеми штети се регистрирани кај земјоделските и овошните култури (овоштарници, лозја и др.).

е) Последици од ниски температури, слана и врнежи на снег

И од овој вид на опасности во анализираниот период во Општина Велес се евидентирани и очекувани штети кај растенијата и растителните производи, особено кај земјоделските и овошните култури, во фаза на цветењето или создавањето на плодовите.

ж) Последици од радиолошка контаминација

Можно е да се очекуваат и последици кај растенијата од радиолошката контаминација кои се сведуваат на уништување на летнината и залихите од храна, отежнато производство и снабдување и сл., а пред сè како резултат на ударното и топлотното дејство и радиоактивната контаминација на нуклеарните средства.

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО НА РАСТЕНИЈАТА И ПРОИЗВОДИТЕ ОД РАСТИТЕЛНО ПОТЕКЛО

Организацијата на заштитата и спасувањето на растенија и производите од растително потекло ќе се обезбедува првенствено преку :

- Заштита на растенијата на засеаните и други површини ;
- Заштита на складираните растителни производи ;
- Заштита на растенијата во тек на производство, преработка и дистрибуција ;
- Заштита на шумите.

Со организацијата на заштитата и спасувањето на растенијата и производите од растително потекло, ќе се опфатат активностите и мерките од превентивен карактер (превентивно дејствување) и оперативен карактер (оперативно дејствување).

Заштитата и спасувањето на растенијата и производите од растително потекло, ќе се спроведува според постојните законски прописи и овој план, а во него ќе учествуваат : локалната самоуправа, месните заедници, земјоделците, предвидените трговски друштва, здруженијата на граѓаните и надлежните државни органи.

Надлежните државни органи: министерството за земјоделие и шумарство (подрачно одделение за земјоделие и шумарство, подрачно одделение за унапредување на земјоделието и инспекторите за земјоделие и шумарство), управата за хидрометеоролошки работи, дирекцијата за заштита и спасување, регионалниот центар за управување со кризи и други), ќе се вклучат во заштитата и спасувањето на растенијата според своите надлежности, планови и стандардни оперативни постапки, усогласени со активностите на општината.

А).<u>Превентивно дејствување</u>

Заради намалување на ефектите на природните непогоди и други несреќи и создавање на оптимални услови за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло, општината Велес ќе ги преземе и спроведува следните превентивни активности:

- Во согласност со планот за заштита и спасување од поплави да се направат предвидените насипи и препреки со кои се намалуваат можностите за плавење на земјоделските култури;
- Во согласност со планот за заштита и спасување од пожари да се изврши парцелисување на шумите (правење на противпожарни препреки) со што ќе се намалат можностите за уништување на шумите од огнената стихија;
- Да се пробијат шумски патишта, преку кои ќе се обезбеди поблизок и побрз пристап да опожарените површини;
- Да се планира и реализира систем за новоднување на површините со земјоделски култури;
- Утврдување на место за уништување на контаминирани растенија, кои не може да се деконтаминираат или преработуваат;
- Редовна контрола на растенијата и производите од растително потекло од страна на земјоделците, инспекторите за земјоделие и шумарство од

министерството за земјоделство, шумарство (МЗШ) и подрачна единица за унапредување на земјоделието од МЗШ;

- Поставување на противградобијни рампи и обезбедување на дежурство во летниот период;
- Навремена реонизација и известување за настанатите последици од идентификувани или неидентификувани причинители;
- Редовно ажурирање на податоците во плановите за заштита и спасување на растенијата и растителните производи;
- Запознавање-едуцирање на земјоделците, земјоделските задруги и другите правни лица (земјоделски и растително преработувачки) за агротехничките и други заштитни мерки кои треба да се преземат заради заштита на растенијата;
- Да се формира единица за заштита и спасување на растенија;
- Едукација и редовен тренинг и потсетување, на членовите на екипите кои учествуваат во заштита и спасување на растенијата и растителните производи.

Б). <u>Оперативно дејствување</u>

Со оперативното дејствување, се опфатени активностите во заштита и спасување на растенијата и растителните производи и тоа: пред случување на непогодата (настанот), за време на непогодата (настанот) и по завршување на непогодата (настанот).

Б.1.Активности пред случување на непогодата (настанот)

Во случај кога загрозувањето и потенцијалните опасности се од предвидлив карактер и временски очекувани (растителни штетници, суша, поплави и др.), во временскиот интервал од дознавањето за можноста за случување на настанот па сè до случување на настанот, ќе се спроведат следните активности:

- По добиеното известување за потенцијалните опасности кои може да ги загрозат растенијата и растителните производи, градоначалникот и одговорното лице разменуваат податоци за видот, обемот и очекуваното време за настанување на опасноста и за подготвеноста на државните органи кои учествуваат во заштитата и спасувањето на растенијата и растителните производи и тоа со:
  -Министерството за земјоделие и шумарство (подрачните единици за земјоделие и шумарство и за унапредување на земјоделието и инспекторите за земјоделие и шумарство);

  -Јавно претпријатие Македонски шуми-подружница Бабуна Велес;

  -ЦУК-РЦУК - за следење на состојбите и подготвеноста на системот за алармирање;

  -ДЗС-ПОЗС - за подготвеноста на системот за заштита и спасување и републичките сили за заштита и спасување за учество во заштитата и спасувањето на растенијата и растителните производи.

- По оценка на градоначалникот се активира-мобилизира општинскиот штаб за заштита и спасување;
- Веднаш по дознавањето за потенцијалната опасност која ги загрозува растенијата и растителните производи, преку претседателите на месните заедници, медиумите или на друг начин, ќе се известат земјоделците, земјоделските задруги и правните лица од областа на земјоделието за опасностите кои се очекуваат и ќе им се укаже да ја следат состојбата и да преземаат мерки со кои ќе се намалат ефектите на очекуваната опасност, односно да постапуваат по упатствата кои ќе им ги дадат стручните лица од министерството за земјоделие и шумарство;
- Се врши проверка на оспособеноста на учесниците во заштитата и спасувањето на растенијата и растителните производи и тоа:
  -подготвеноста не екипите и единиците кои ги извршуваат активностите за заштита и спасување на растенијата и растителните производи за извршување на утврдените задачи;

  -подготвеност на субјектите во чии објекти се врши сместувањето на растителните производи, за примање на растителните прозиводи;

  -снабденост на земјоделските аптеки со препарати и други заштитни средства за заштита од очекуваната опасност;

  -подготвеност на субјектите кои може да се ангажираат за превоз на растителните производи до местото за складирање;

- Во зависност од видот на очекуваната опасност (поплава, ниски температури, снежни врнежи, слана, град, пожар и др.), ќе се постапува и според плановите кои ја уредуваат заштитата и спасувањето од тој вид на опасности, односно ќе се спроведуваат мерките кои се предвидени во нив;
- По оценка на општинскиот штаб за заштита и спасување, се врши прераспределување на задачите на учесниците во заштитата и спасувањето на растенијата и растителните производи.

Б.2.Активности за времетраење на непогодата (настанот)

организација на спроведувањето на заштита на растенијата

Заштитата и спасувањето на растенијата и растителните производи ќе ја спроведуваат првенствено земјоделците, земјоделските задруги и правните лица од областа на земјоделието, потоа општината преку службите на градоначалникот, заедно со другите субјекти, според однапред планираните и договорените обврски и надлежните државни органи според своите надлежности и планирани активности, согласно своите стандардни оперативни постапки.

Активностите за заштита на растенијата и растителните производи за време траењето на непогодата-опасноста ќе се спроведува според следните последователни содржини:

- Подготовки за старт (отпочнување) на оперативните активности;
- Спроведување на заштитата и спасувањето.

Б.2.1. Подготовки за старт (отпочнување) на оперативните активности

а) Извидување на реоните-локациите во кои е настаната непогодата

Заради реална проценка на опасностите и штетите кои се настанати од непогодата и соодветно планирање на активностите во заштитата и спасувањето на растенијата и растителните производи, градоначаникот на општината упатува стручни лица (во принцип помошникот на началникот на ОШЗС за заштита на растенијата и вработени од министерството за земјоделие и шумарство) во реонот на непогодата, кои ќе ја проценат состојбата и ќе предложат мерки за заштита и спасување.

б) Активирање-мобилизација

По добиеното известување за престојни опасности за загрозување на растенијата и растителните производи од природни непогоди и други несреќи и размената на мислења со одговорните лица во надлежните државни органи, градоначалникот на Општина Велес, доколку претходно не се активирани, ги активира одговорното лице за заштита и спасување во општината и општинскиот штаб за заштита и спасување.

Се анализираат добиените информации, а по сопствена оценка дел од нив се проверуваат. После тоа, доколку состојбата наложува се активираат сите учесници во заштитата и спасувањето на растенијата и растителни проиизводи им се наложува да почнат со спроведување на активностите за заштита и спасување на растенијата и растителните производи во согласност со овој план.

в) Известување

Известувањето на земјоделците, земјоделските задруги и правните лица од земјоделската дејност ќе се врши преку претседателите на месните заедници и регионалниот центар за управување со кризи, а во итни случаи и преку средствата за јавно информирање.

Известување на субјектите кои учествуваат во заштитата и спасувањето на растенијата и растителните производи ќе се врши телефонски.

в-1 Постапка на земјоделците

По добиеното известување, отпочнуваат да спроведуваат агротехнички и други заштитни мерки потребни и препорачани за тој вид на непогода.

в-2 Постапка на правните лица

Змјоделските задруги и другите субјекти учесници во заштитата и спасувањаето на растенијата и растителните производи отпочнуваат со извршувањето на обврските кои им се дадени.

г) Планирање на активности при заштита на растенијата

и производите од растително потекло

Планирањето, раководењето и координирањето на активностите за заштита и спасување на растенијата и растителните производи од настаната непогода ќе го врши командантот на општинскиот штаб за заштита и спасување според следниот последователен ред:

г-1. Преку РЦУК Велес бара целосни или дополнителни податоци и информации за последиците, преземените мерки и ангажираните сили и средства.

г-2. По потреба свикува состанок на ОШЗС на кој ја проценува настанатата состојба на база на добиените информации од теренот и утврдува план за дејствување во кој покрај другото ги опфаќа следните елементи:

- определува раководител на терен, кој ќе раководи со вкупните акции за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло, кој во принцип треба да е помошникот за оваа мерка ;

- ги определува учесниците, основните правци и реони на кои приоритетно ќе се ангажираат учесниците ;

- го определува местото од каде раководителот на терен ќе раководи со активностите и акциите и го утврдува начинот на одржување на врските ;

- го утврдува правецот на движење на учесниците со расположивите превозни средства и ги упатува на предвидените реони ;

- утврдува екипи за обезбедување на храна, вода и средства за работа на учесниците, екипи за здравствена заштита и екипи за заштита од пожари и деконтаминација ;

- според укажаната потреба упатува дополнителни сили на целиот простор или по одделни реони ;

- го утврдува времето за доставување на извештаи и времето за повторна проценка на состојбата кое вообичаено треба да е во вечерните часови;

- ако во текот на акциите се оцени дека е потребно ангажирање од дополнителни сили и средства или ангажирање на воздухоплови, преку градоначалникот на општината се бара од дирекцијата за заштита и спасување ангажирање на републичките сили за заштита и спасување;

- доколку ангажираните сили и средства останат да дејствуваат и преку ноќта, го определува местото за нивно сместување;

- го утвдува начинот на враќање на учесниците и прибирање на ангажираната опрема и техничките средства.

г-3 По утврдувањето на планот за дејствување, на планираните учесници им се доставуваат изводи, односно се известуваат за обврските кои им се определени во заштитата и спасувањето на растенијата и производите од растително потекло.

д) Упатување на единицата и екипите за заштита и спасување на растенија и растителни производи во реонот на непогодата

По завршената мобилизација, просторните единици за заштита и спасување се упатуваат во загрозениот-настраданиот реон и тоа во почетниот реон за дејствување.

Почетниот реон за дејствување го определува општинскиот штаб за заштита и спасување, а ги упатува и останатите екипи на учесниците на почетните реони за дејство кои ќе им ги определи.

По оценка на штабот, градоначалникот на општината бара ангажирање и на републичките сили за заштита и спасување на Дирекцијата за заштита и спасување.

Б.2.2. Спроведување на заштитата и спасувањето на растенијата и растителните роизводи

Спроведувањето на заштитата и спасувањето на растенијата и растителните производи во општината, ќе се врши различно во зависност од опасностите кои ги загрозуваат.

Оперативното дејствување ќе се организира и спроведува од моментот кога ќе настанат можностите за загрозување на растенијата и производите од растително потекло или веќе настанале последиците од нив и тоа преку:

- Благовремено забележување и јавување за промените кај растенијата и производите од растително потекло од страна на производителите и населението ;

- Упатување на екипата за контрола, земање на примероци за анализа и доставување до надлежните лаборатории;

- Наложување на соодветни мерки за заштита и спасување со запрашување, прскање, преработка, засолнување, чување и др.;

- Спроведување на мерките кои се наложени, при што како главни носители ќе бидат производителите и населението во загрозените реони;

- Поправка на квалитетот на растенијата и производите од растително потекло со физички и хемиски методи ;

- Механичко отстранување на заболените растенија во случај на недостаток на хемиски препарати за заштита;

- Упатување на дополнителни сили за заштита на растенијата и производите од растително потекло на надлежните субјекти и претпријатија кои се вклучуваат во заштитата и спасувањето на растенијата и производите од растително потекло.

Откривањето и идентификацијата на опасностите (болести, штетници и хемиски агенси) кои ги загрозуваат растенијата и производите од растително потекло, ќе го вршат стручни екипи и лаборатории на правните лица од областа на земјоделието и надлежните органи, служби и установи на државата.

а) Растителни болести

Ва заштитата и спасувањето на растенијата и растителните производи од растителни болести и штетници ќе учествуваат земјоделците, екипи-вработени во земјоделските задруги и правните лица од областа на земјоделското производство и преработувачка, просторните сили за заштита и спасување на општината и надлежните државни органи и институции.

а-1) Запрашување

Запрашувањето ќе се врши со соодветни препарати, а ќе го спроведуваат: земјоделците, екипи-вработени во земјоделските задруги и во правните лица од областа на земјоделското производство и преработувачка, просторните сили за заштита и спасување на општината и единицата за заштита и спасување на растенија и растителни производи на дирекцијата за заштита и спасување.

а-2) Прскање

Прскање ќе се врши со соодветни препарати, а ќе го спроведуваат: земјоделците, екипи-вработени во земјоделските задруги и во правни лица од областа на земјоделското производство и преработувачка, просторните сили за заштита и спасување на општината и единицата за заштита и спасување на растенија и растителни производи на дирекцијата за заштита и спасување.

а-3) Собирање и складирање на плодовите

Плодовите кои се во соодветна зрелост за употреба, ќе ги собираат земјоделците, екипи-вработени во земјоделските задруги и во правни лица од областа на земјоделското производство и преработувачка, просторните сили за заштита и спасување на општината и единицата за заштита и спасување на растенија и растителни производи на дирекцијата за заштита и спасување.

Штетници и мерки за нивно сузбивање

Ред. бр.	**Штетници кај земјоделските култури**	Заштитни мерки
1.	Пламеница	- примена на хемиски препарати - фунгициди и хербициди - примена на агротехнички мерки
2.	Пепелница	
3.	Црнилка на тутунот	
4.	Бактериски заболувања на градинарските култури	
5.	Вирусни заболувања кај растенијата	
6.	Лиснати вошки	
7.	Полски глувци	- примена на мамци и др.средства за уништување на овој вид на штетници

Ред. број	**Штетници кај шумскиот еко систем**	Заштитни мерки
1.	Губерот	- примена на биолошки средства за заштита
2.	Борова оса	
3.	Жолтомешката	
4.	Боров свиткувач	

б) Последици од хемиски препарати

Заштитата и спасувањето на растенијата и производите од растително потекло, ќе се врши со соодветни третирања за неутрлизација и деконтаминација, а ќе ја спроведуваат земјоделците, екипи-вработени во земјоделските задруги и во правни лица од областа на земјоделското производство и преработувачка, просторните сили за заштита и спасување на општината и единицата за заштита и спасување на растенија и растителни производи и единицата за РХБ деконтаминација на дирекцијата за заштита и спасување.

в) Последици од пожари

Заштитата и спасувањето на растенијата и производите од растително потекло ќе се врши соред планот за заштита од пожари, а ќе ја спроведуваат земјоделците, екипи-вработени во земјоделските задруги и во правни лица од областа на земјоделското производство и преработувачка, територијалната противпожарна единица, просторните сили за заштита и спасување на општината и единиците за заштита и спасување на растенија и растителни производи и за противпожарна заштита на дирекцијата за заштита и спасување.

г) Последици од поплави

Заштитата и спасувањето на растенијата и производите од растително потекло ќе се врши соред планот за заштита од поплави, а ќе ја спроведуваат земјоделците, екипи-вработени во земјоделските задруги и во правни лица од областа на земјоделското производство и преработувачка, територијалната противпожарна единица, просторните сили за заштита и спасување на општината и единиците за заштита и спасување на растенија и растителни производи и за противпожарна заштита на дирекцијата за заштита и спасување и надлежни органи на државната управа.

д) Последици од суша

Заштитата и спасувањето на растенијата и производите од растително потекло од суша ќе се врши со наводнување на земјоделските култури и собирање и складирање на плодовите, а ќе ја спроведуваат земјоделците, екипи-вработени во земјоделските задруги и во правните лица од областа на земјоделското производство.

ѓ) Последици од град

Заштитата од град ја врши управата за хидрометеоролошки работи со употреба на противградобијни ракети, а според свој план и стандардна оперативна постапка и земјоделците со примена на заштитни мрежи.

е) Последици од ниски температури, слана и врнежи на снег

Земјоделците ќе вршат заштита на растенијата и растителните производи од ниски температури, слана и врнежи од снег според добиените упатства со примена на соодветни агротехнички методи.

Б.2.3. Собирање и складирање на растенијата и растителните произвои

Заради заштита на растенијата и растителните производи од дополнително очекуваните последици од непогодата, ќе се врши собирање и складирање, особено на растителните плодови.

Собирањето ќе го вршат земјоделците, а ќе се складираат во сопствени простории или во објекти на правните лица.

Во собирањето и транспортот на растенијата и растителните производи ќе им помагаат: просторните сили за заштита и спасување на општината и републичките единици за заштита и спасување на дирекцијата за заштита и спасување.

Складирањаето на растенијата и растителите производи ќе се врши во реони и објекти наведени во прегледот.

Реони и објекти за складирање на растителните производи

Складирање на производите од растително потекло	
1 реон	ММ инвест (винарска визба и ладилници)
2 реон	Жито Вардар (силосите)
3 реон	Југотутун (магацини)
4 реон	Вардар Градско (магацини - силоси)

Б.2.4. Логистичка поддршка

Логистичката поддршка ќе се обезбедува според планот за логистичка поддршка на учесниците, а првенствено за следните содржини:

а) Средства за извршување на задачите на интервентните екипи-секој учесник за своите екипи.

б) Исхрана и вода за пиење-секој учесник за своите екипи.

в) Здравствено обезбедување на учесниците ЈЗУ Здравен дом Велес.

г) Обезбедување на местата на интервенциите и транспортот ќе врши МВР-СВР Велес.

Б.2.5. Р а к о в о д е њ е

Со активностите на заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ќе раководи и координира општинскиот штаб за заштита и спасување.

При ангажирањето на републичките сили за заштита и спасување, раководењето и координацијата ќе ги врши подрачниот штаб за заштита и спасување на дирекцијата за заштита и спасување. Командирите на единиците и екипите ќе раководат-командуваат со активностите кои се извршуваат на местото на непогодата.

Б.2.6. У ч е с н и ц и

Во заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ќе учествуваат :

- Градоначалникот на Општина Велес и неговите служби;
- Просторните сили за заштита и спасување на Општина Велес;
- Претседателот и советот на месните заедници;
- Земјоделски задруги и други трговски друштва од областа на земјоделието и шумарството;
- Трговски друштва во чии објекти ќе се складирааат растенијата и растителните производи (ММ Инвест-винарска визба и ладилници, Житовардар-силосите, Југотутун-магацин, АД Благој Горев-силосите и др.);
- Јавно претпријатие Македонски Шуми-подружница Бабуна-Велес;
- ЈЗУ Здравен Дом Велес;
- Дирекција за заштита и спасување-подрачно одделение за заштита и спасување-Велес,со републичките сили за заштита и спасување;
- Управа за хидрометеоролошки работи-рампи за противградобијни ракети;
- МВР-СВР-Велес;
- ЦУК-РЦУК Велес и други.

Учесниците меѓусебно ќе ги усогласат активностите во своите планови.

Б.3.Активности по завршувањето на згрижувањето (настанот)

По престанување на потребата за заштита и спасување на растенијата и растителните производи, ангажираните интервентни екипи и единици се распуштаат и се враќаат на своите работни места.

Искористувањето и преработката на складираните растенија и растителни производи ќе се врши договорно со сопствениците.

Санација на последиците и штетите кои се настанати од настанатата природна непогода или друга несреќа ќе се врши според посебни планови за санација.

За реализација на санацијата општината ќе склучи договори со правните лица во постапка предвидена за време на природни непогоди и други несреќи.

П р е г л е д

на превентивни активности во спроведувањето на заштитата и спасувањето

на растенијатаод природни непогоди и други несреќи во Општина Велес

МЗС	Вид на активности	извршители		рок
		Внатрешни	надворешни	
Заштита и спасување на растенијата и растителни производи	Во согласност со планот за заштита и спасување од поплави да се направат предвидените насипи и препреки со кои се намалуваат можностите за плавење на земјоделските култури.	Служби на градоначалникот	-МППЖС -МТВ -ДЗС	31.12. 2016
	Во согласност со планот за заштита и спасување од пожари да се изврши парцелисување на шумите (правење на противпожарни препреки) со што ќе се намалат можностите за уништување на шумите од огнената стихија.		ЈП Македонски шуми	постојано
	Да се пробијат шумски патишта,преку кои ќе се обезбеди поблизок и побрз пристап да опожарените површини.		ЈП Македонски шуми	постојано
	Да се планира и реализира систем за новоднување на површините со земјоделски култури.	Сектор за урбанизам	-МППЖС -МЗШ	31.12. 2018
	Утврдување на место за уништување на контаминирани растенија, кои не може да се деконтаминираат или преработуваат.	Сектор за урбанизам	-МППЖС -МЗШ	31.12. 2016
	Редовна контрола на растенијата и производите од растително потекло од страна на земјоделците, инспекторите за земјоделие и шумарство од Министерството за земјоделство (МЗШ), и вработени во МЗШ подрачна единица за земјоделие и шумарство и за унапредување на земјоделието.		-Инспектори за земјоделие и шумарство -земјоделците	Постојано, а при очекувана непогода вонредно
	Поставување на противградобијни рампи и обезбедувањае на дежурство во летниот период.		УХМР	постојано
	Навремена реонизација и известување за настанатите последици од идентификувани или неидентификувани причинители.		-МЗШ-ПЕ -РЦУК	пред и за време на непогода
	Редовно ажурирање на податоците во плановите за заштита и спасување на растенијата и растителните производи.	-Одговорно лице -ОШЗС	Сите учесници	постојано
	Запознавање-едуцирање на земјоделците, земјоделските задруги и другите правни лица (земјоделски и растително преработувачки) за агротехничките и други заштитни мерки кои треба да се преземат заради заштита на растенијата.	Кабинет на градоначалник	-МЗШ-ПЕ -ДЗС-ПОЗС	Постојано
	Да се формира единица за заштита и спасување на растенијата и производи од растително потекло.	Совет на општина	ДЗС-ПОЗС	31.12. 2016
	Едукација и редовен тренинг и потсетување на членовите на екипите кои учествуваат во заштита и спасување на растенијата и растителните производи.	-одговорно лице -ОШЗС	ДЗС-ПОЗС	постојано

Објаснување на скратениците

МЗС-мерка за заштита и спасување

ПОЗС-ДЗС-Подрачно одделение за заштита и спасување-дирекција за заштита и спасување

ЦУК-РЦУК-Регионален центар за управување со кризи

МЗШ-ПЕ-Министерство за земјоделие и шумарствоподрачна едица

УХМР-Управа за хидрометеоролошки работи

МППЖС-Министерство за просторно планирање и животна средина

МТВ-Министерство за транспорт и врски

П р е г л е д

на оперативни активности за заштита и спасување на растенијата од природни непогоди и други несреќи во Општина Велес

МЗС	Вид на активност	Учесници	
		Внатрешни	Надворешни
	П р е д н е п о г о д а т а (н а с т а н о т)		
Заштита и спасување на растенијата и растителни производи	По добиеното известување за потенцијалните опасности кои може да ги загрозат растенијата и растителните производи, градоначалникот и одговорното лице разменуваат податоци за видот, обемот и очекуваното време за настанување на опасноста и за подготвеноста на државните органи кои учествуваат во заштитата и спасувањето на растенијата и растителните производи, и тоа со: -Министерството за земјоделие и шумарство (подрачните единици за земјоделие и шумарство и за унапредување на земјоделието и инспекторите за земјоделие и шумарство); -Јавно претпријатие Македонски шуми-подружница Бабуна Велес; -ЦУК-РЦУК -за следење на состојбите и подготвеноста на системот за алармирање; -ДЗС-ПОЗС - за подготвеноста на системот за заштита и спасување и републичките сили за заштита и спасување за учество во заштитата и спасувањето на растенијата и производи од растително потекло.	-Градоначалник -одговорно лице	-Министерство за земјоделие и шумарство -ЈП Македонски шуми -ЦУК-РЦУК -ДЗС-ПОЗС
	По оценка на градоначалникот се активира-мобилизира општинскиот штаб за заштита и спасување.	Одговорно лице	Членови на ОШЗС
	Веднаш по дознавањето за потенцијалната опасност која ги загрозува растенијата и растителните производи,преку претседателите на месните заедници, медиумите или на друг начин ќе се известат земјоделците, земјоделските задруги и правните лица	-Одговорно лице -ОШЗС	-ЦУК-РЦУК -Електронски медиуми

	од областа на земјоделието, за опасностите кои се очекуваат и ќе им се укаже да ја следат состојбата и да преземаат мерки со кои ќе се намалат ефектите на очекуваната опасност,односно да постапуваат по упатствата кои ќе им ги дадат стручните лица од министерството за земјоделие и шумарство.	-Претседатели на месни заедници	
	Се врши проверка на оспособеноста на учесниците во заштитата и спасувањето на растенијата и растителните производи и тоа: -подготвеноста не екипите и единиците кои ги извршуваат активностите за заштита и спасување на растенијата и растителните производи за извршување на утврдените задачи; -подготвеност на субјектите во чии објекти се врши сметувањето на растителните производи за примање на растителните прозиводи; -снабденоста на земјоделските аптеки со препарати и други заштитни средства за заштита од очекуваната опасност; -подготвеност на субјектите кои може да се ангажираат за превоз на растителните производи до местото за складирање.	-одговорно лице -ОШЗС	Сите учесници
	Во зависност од видот на очекуваната опасност (поплава, ниски температури, снежни врнежи, слана, град, пожар и др.), ќе се постапува и според плановите кои ја уредуваат заштитата и спасувањето од тој вид на опасности, односно ќе се спроведуваат мерките кои се предвидени во нив.		Сите учесници
	По оценка на општинскиот штаб за заштита и спасување се врши прераспределување на задачите на учесниците во згрижувањето.	ОШЗС	Останати учесници
	За време на непогодата (настанот)		
Подготовки за старт на оперативните активности	а)<u>Извидување на реоните-локациите во кои е настаната непогодата</u>	-Градоначалник -ОШЗС-помошник на началникот	-МЗШ-вработени -инспектори по земјоделие и шумарство
	б) <u>Активирање-мобилизација на</u>: -одговорното лице и ОШЗС -останатите учесници	-Градоначалник -одговорното лице -ОШЗС	Останатите учесници
	в) <u>Известување</u> Известувањето на земјоделците и земјоделските задруги и правните лица од земјоделската дејност ќе се врши преку претседателите на месните заедници и регионалниот центар за управување со кризи, а во итни случаи и преку средствата за јавно информирање.	-одговорното лице -ОШЦЗ -Претседателите на месните заедници	-РЦУК -електронски медиуми

		Известување на субјектите кои учествуваат во згрижувањето ќе се врши телефонски. в-1 Постапка на земјоделците По добиеното известување отпочнуваат да спроведуваат агротехнички и други заштитни мерки потребни и препорачани за тој вид на непогода. в-2 Постапка на правните лица Змјоделските задруги и другите субјекти учесници во заштитата и спасувањаето на растенијата и растителните производи, отпочнуваат со извршувањето на обврските кои им се дадени.		
		г) Планирање на активности при заштита на растенијатаи производите од растително потекло Планирањето, раководењето и координирањето на активностите за заштита и спасување на растенијата и растителните производи од настаната непогода ќе го врши командантот на општинскиот штаб за заштита и спасување.	Командантот на ОШЗС	-МЗШ-ПЕ -ДЗС-ПОЗС
		д) Упатување на единицата и екипите за заштита и спасување на растенијатаи производите од растително потекло во реонот на непогодата-почетен реон за дејствување Почетниот реон за дејствување го определува општинскиот штаб за заштита и спасување, а ги упатува и останатите екипи на учесниците на почетните реони за дејство кои ќе им ги определи. По оценка на штабот,градоначалникот на општината бара ангажирање и на републичките сили за заштита и спасување на Дирекцијата за заштита и спасување.	-ОШЗС; -коомандирите на единиците	Командирите на екипите и единиците на останатите учесници

	Спроведување на заштитата и спасувањето на растенијата и растителните роизводи	а) <u>Растителни болести</u> а-1) <u>Запрашување</u> Запрашувањето ќе се врши со соодветни препарати, а ќе го спроведуваат: земјоделците, екипи-вработени во земјоделските задруги и во правни лица од областа на земјоделското производство и преработувачка, просторните сили за заштита и спасување на општината и единицата за заштита и спасување на растенија и растителни производи на дирекцијата за заштита и спасување. а-2) <u>Прскање</u> Прскање ќе се врши со соодветни препарати,а ќе го спроведуваат: земјоделците, екипи-вработени во земјоделските задруги и во правни лица од областа на земјоделското производство и преработувачка, просторните сили за заштита и спасување на општината и единицата за заштита и спасување на растенија и растителни производи на дирекцијата за заштита и спасување. а-3) <u>Собирање и складирање на плодовите</u> Плодовите кои се во соодветна зрелост за употреба,ќе ги собираат земјоделците, екипи-вработени во земјоделските задруги и во правните лица од областа на земјоделското производство и преработувачка,просторните сили за заштита и спасување на општината и единицата за заштита и спасување на растенија и растителни производи на дирекцијата за заштита и спасување.	-ОШЗС -просторни сили	-земјоделците -земјоделски задруги -единици на ДЗС-ПОЗС -екипи на МЗШ -ТД во кои се складира
		б) <u>Деконтаминација од хемиски препарати</u> Заштитата и спасувањето на растенијата и производите од растително потекло, ќе се врши со соодветни третирања за неутрлизација и деконтаминација.	-ОШЗС -просторни сили	-Земјоделците -Земјоделските задруги -ТД кои произведуваат, преработуваат и складираат -единиците на ДЗС
		в) <u>Заштита и спасување од пожари</u> Заштитата и спасувањето на растенијата и производите од растително потекло ќе се врши соред планот за заштита од пожари.	-ОШЗС -просторни сили	-Земјоделците иТД -единиците на ДЗС -екипи по планот за заштита од пожари
		г) <u>Заштита и спасување од поплави</u> Заштитата и спасувањето на растенијата и производите од растително потекло ќе се врши според планот за заштита од поплави.	-ОШЗС -просторни сили	-Земјоделците иТД -единиците на ДЗС -екипи по планот за заштита од поплави

	д) Заштита од последиците од суша Заштитата и спасувањето на растенијата и производите од растително потекло од суша ќе се врши со наводнување на посевите и собирање на растенијата и плодовите и нивно преработување и складирање.	-ОШЗС -просторни сили	-земјоделците -ТД-земјоделско производство -единици на ДЗС-ПОЗС -екипи на МЗШ -ТД во кои се складира
	ѓ) Заштита од град Заштитата од град ја врши управата за хидрометеоролошки работи со употреба на противградобијни ракети, а според свој план и стандардна оперативна постапка и земјоделците со примена на заштитни мрежи.		УХМР
	е) Заштита од ниски температури,слана и врнежи на снег Земјоделците ќе вршат заштита на растенијата и растителните производи од ниски температури, слана и врнежи од снег според добиените упатства со примена на соодветни агротехнички методи.		-земјоделците -ТД-земјоделско производство
Логистичка поддршка	а) Средства за извршување на задачите на интервентните екипи-секој учесник за своите екипи.	-сектор за финансии	Според плановите на учесниците
	б) Исхрана и вода за пиење-секој учесник за своите екипи.	-сектор за финансии	Според плановите на учесниците
	в) Здравствено обезбедување на учесниците, ќе врши ЈЗУ Здравен дом Велес.	Единица за ПМП	ЈЗУ Здравен дом Велес
	г) Обезбедување на местата на интервенциите и транспортот и ќе врши МВР-СВР.		МВР-СВР
	Раководење Со активностите во давањето на заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло, ќе раководи и координира општинскиот штаб за заштита и спасување. При ангажирањето на републичките сили за заштита и спасување, раководењето и координацијата ќе ги врши подрачниот штаб за заштита и спасување на дирекцијата за заштита и спасување. Командирите на единиците и екипите ќе раководат-командуваат со активностите кои се извршуваат на местото на непогодата.	ОШЗС	ПШЗС

	После непогодата (настанот)		
	По престанување на потребата за заштита и спасување на растенијата и растителните производи, ангажираните интервентни екипи и единици се распуштаат-се враќаат на своите работни места.	-ОШЗС	Командирите на екипите на останатите учесници
	Искористувањето и преработката на складираните растенија и растителни производи се врши договорно со сопствениците.		Земјоделците според склучени договори
	Санација на последиците и штетите кои се настанати од настанатата природна непогода или друга несреќа, ќе се врши според посебни планови за санација. За реализација на санацијата општината ќе склучи договори со правните лица во постапка предвидена за врема на природни непогоди и други несреќи.	Општина Велес	Правни лица според склучени договори

<u>Објаснување на скратениците</u>

МЗС-мерка за заштита и спасување

МЗШ-ПЕ-Министерство за земјоделие и шумарство-подрачна единица

ОШЗС-Општински штаб за заштита и спасување

ПОЗС-ДЗС-Подрачно одделение за заштита и спасување-дирекција за заштита и спасување

ПШЗС-Подрачен штаб за заштита и спасување Велес

МВР-Министерство за внатрешни работи

РЦУК-Регионален центар за управување со кризи

ТППЕ-Територијално професионална противпожарна единица

УХМР-Управа за хидро метероолошки работи

ЈЗУ-Јавна здравствена установа

ПМП-Прва медицинска помош

Преглед

на одговорните служби и лица

Дежурни служби			
орган	Број на телефон		
	повикувачки	фиксен	мобилен
РЦУК	195		
МВР	192		
ТППЕ Велес	193		

Одговорни лица во			
функција	Име и презиме	Број на телефон	
		Фиксен	мобилен
Општина Велес			
Градоначалник	Славчо Чадиев		
Преседател на советот			
Одговорно лице			
Министерство за земјоделие и шумарство-подрачно одделение Велес			
Раководител на ПЕ			
Раководител на ПЕ			
Земјоделски инспектор			
Шумарски инспектор			
Јавно претпријатие Македонски Шуми-подружница Бабуна-Велес			
Директор			
Заменк на директор			
Одговорно лице			
Дирекција за заштита и спасување-ПОЗС			
Раководител	Билјана Симова	043-232-818	075-457-529
заменик	Тимчо Атанасов		

ЈЗУ Здравен Дом Велес			
Директор			
Началник на брза помош			
Управа за хидрометероолошки работи			
Раководител			
Одговорно лице			
Други учесници			

Совет на Општина Велес

Прилози :

-прилог-1 прегелед на субјектите кои учествуваат за заштитата и спасувањето на растенијата и производите од растително потекло;

-прилог-2 преглед на институции кои се занимаваат со заштита и спасување на растенија и производи од растително потелко;

-прилог-3 преглед на средствата за заштита на растенија и производи од рстително потекло и начин на обезбедување;

-прилог-4 преглед на земјоделски аптеки во Општина Велес;

-прилог-5 преглед на единиците за заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло;

-прилог-6 преглед на силоси и складишта во Општина Велес;

-прилог-7 преглед на структурите на земјоделските површини;

-прилог-8 преглед на градежна механизација.

Прилог бр.1

ПРЕГЛЕД
На субјекти кои се занимаваат со заштита
на растенија и производи од растително потекло евидентирани
на територија што ја покрива ДЗС ПО Велес

Велес,април 2015 година

Ред . бр.	Име на субјектот	Адреса	Раководител	Телефон / моб/ факс	забелешка
1	2	3	4	5	6
1.	Жито Вардар груп	Моша Пијаде 2	Ташев Ристо	043/231-743	
2.	АД Сокотаб магацин Велес	Алексо Демниевски бб	Јован Ристов	043/234-533	
3.	ЈП Македонски шуми ШС Бабуна	Шефки Салибб	Сокаровски Боге	043/233-566	
4.	АД Благој Ѓорев	Алексо Демниевски 18	Лазов Горанчо		
5.	Вардар -Градско	Градско		043/251-007	
6.	АД Југотутун	Алексо Демниевски бб	Валентина Ј.		
7.	ММ Инвестмен - визба Велес	Скопски Пат бб	Злате Димовски	043/312-620	

Ажурирал : _____

Прилог:2

П р е г л е д

на институциите кои се занимаваат со заштита на растенијата

и производите од растително потекло

1. Републички завод за здравствена заштита Велес
2. Министерство за животна околина и просторно планирање инспекторат Велес
3. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – одделение Велес
4. Управа за хидрометеоролошки работи
5. Ветеринарен институт
6. Институт за земјоделство
7. Дирекција за радијациона заштита
8. Министерство за одбрана регионално Велес
9. Единицата на локалната самоуправа Велес
10. ТД, ЈП, установи и служби (ЈКП Дервен, ЈКП Тополка, АД Д.Митрев, АД Б.Ѓорев, АД Ж.Вардар, Југотутун)
11. РЦУК Велес
12. Дирекција за заштита и спасување ПО Велес

Прилог:3

Преглед

на средствата зазаштита на растенијата

и производите од растително потекло

и начин на нивно обезбедување

состојба : мај 2015 година

Ред. Број	**Фунгициди**	**Инсектициди**	**Хербициди**
1.	Антракол	Моспилан	Цидокор
2.	Ридомил	Рапид	Рандап
3.	Беномил	Конфидор	Моносан
4.	Рубиган	Ланата	
5.	Анкозеп	Актара	
6.	Цинеб	Абамактин	

Обезбедувањето на средствата за заштита на растенијата и производите од растително потекло ќе се одвива организирано од Штабот за заштита и спасување од Општина Велес од Земјоделските аптеки и дистрибутерите на средствата за заштита на растенијата.

Ажурирал : _____

Прилог 4

ПРЕГЛЕД НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ АПТЕКИ

Велес,април 2015 година

Ред. број	Име на аптеката	адреса	телефон	сопственик	Мобилен телефон	забелешка
1.	**Агропин Агро ДООЕЛ Велес**	Нада Бутникошарева 48	043/234-118	Марија Ацковска	070-594-307	
2.	**Аграр ДООЕЛ Велес**	Петре прличко бб	-	Димов Димче	076-441-666	
3.	**Агроведема ДООЕЛ Велес Градско**	Маршал Тито 74 Градско	043/251-250	Андреева Марика	071-879-069	
4.	**Агроведема ДООЕЛ Велес Градско**	Магацин Градско	043/251-017	Андреева Марика	071-879-069	
5.	**Ас Трејд ДООЕЛ Велес Градско**	Маршал Тито бб Градско	043/251-844	Атанас Самандов	070-707-492	
6.	**Вердихем Велес**	Благој Ѓорев 98 Белес	043/232-686	Влаинова Сунчица	070-265-194	
7.	**Вердихем Велес**	Нада Бутникушарева 1	043/232-686	Влаинова Сунчица	070-265-194	
8.	**Балкан ДООЕЛ Велес**	Браќа Капчеви бр 7		Ангелова Вилма	071-213-061	
9.	**Сокол ДООЕЛ Велес 1**	Нада Бутникошарева бб Велес	043/231-686	Стојанова Светлана	070-276-400	
10.	**Сокол ДООЕЛ Велес 2**	Благој Ѓорев 130 Велес		Стојанова Светлана	070-276-400	
12.	**Сокол ДООЕЛ Велес 3**	Село Раштани Велес		Стојанова Светлана	070-276-400	
13.	**Сокол ДООЕЛ Велес 4**	Село Чашка - Чашка		Стојанова Светлана	070-276-400	
14.	**Сокол ДООЕЛ Велес 5**	Село Лозово Лозово		Стојанова Светлана	070-276-400	
15.	**Кактус ДООЕЛ Велес**	Петре Прличко бб	043/222-653	Дервишова Цвета	-	
16.	**Магро МБ агрохемикал ДООЕЛ Скопје**	Нада Бутникошарева бб Велес	-	Никола Николов	075-354-000	
17.	**Зани комерц ДООЕЛ ВелесГрадско**	Маршал Тито ББ Градско	-	Илија Николов	-	
18.	**Хемо Мак пестицид**	Благој Ѓорев 117 Велес	043/212-552	Горан Јовановиќ		
19.	**Хемо Мак пестицид**	**Магацин** с. Башиносело	043/212-552	Урош Јовановиќ		

Ажурирал : _____

Прилог:5

П р е г л е д

на единиците зазаштита на растенијата и

производите од растително потекло

Состојба : мај 2015 година

Ред. број	**Субјекти за заштита на растенијата и производите од растително потекло**
1.	Просторни сили за заштита и спасување од Општина Велес
2.	Земјоделски здруженија и Здруженија на граѓани од Општина Велес
3.	Еколошки друштва (ЕД Вила Зора)
4.	Дирекција за заштита и спасување ПО Велес

Ажурирал : _____

Прилог бр.6

ПРЕГЛЕД НА ФУНКЦИОНАЛНИ СИЛОСИ И СКЛАДИШТА ЗА ПРОИЗВОДИ ОД РАСТИТЕЛНО ПОТЕКЛО ПО ВИД И КОЛИЧИНИ

Вид на објект	Населено место	Сопственик	Силоси (зрнеста стока)		Адреса – локација	Складиште Винарски визби (хл)		Адреса / локација
			Вк.бр	Кол.во тони		Вк.бр	Кол.во тони	
1	2	3	4	5	6	7	8	9
Се складира сончоглед, репица, соја, може и житни култури – исправни	Велес	А.Д. "БЛАГОЈ ЃОРЕВ" Велес	22	11000	Алексо Демниевски 18Велес			
			6	3900				
			14	9800				
Цистерни во кој се складира – чува вино, гроздов мед, вински дестилат, вињак и ракија	Велес	Винараска визба ММ Инвестмен ДОО Скопје Подружн. Винарска визба ЛОЗАР – В е л е с				88	360	Скопски пат бб Индустриска зона Велес
						18	1600	
						68	500	
						10	5000	
						108	230	
						39	280	
						54	460	
						21	100	
						1	210	
						6	3000	
						4	1500	
Силоси во кој сескладира пченица и брашно и истите се исправни за складирање	Велес	Гроуп Жито Вардар	12	9000	Моша Пијаде 2 В Е Л Е С			
			10	2500				
			20	3000				
			16	800				
Силоси за складирење, јачмен, пченка и пченица - исправни за складирање	Градско		1	5000	Градско			
			1	6000				
			1	8000				

Ажурирал : _____

Прилог бр.7

ПРЕГЛЕД

НА СТРУКТУРИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПОВРШИНИ
ЗА ПРОИЗВОДИ НА ПРОИЗВОДИ ОД РАСТИТЕЛНО ПОТЕКЛО

Состојба : мај 2015 година

Ред . бр.	Земјоделско земјиште	Општина Велес во хектари	Земјоделски претпријатија во хектари	Индивидуални земјоделци во хектари	Забелешка
1.	Ораници и бавчи	5658			
2.	Овошни градини	3			
3.	Лозја	105			
4.	Ливади	49			
1-4	Вкупно обработлива земјоделска површина	5815			
5.	Пасишта	43830			
6.	Шуми	59.672 ха			
7.	Неплодна површина				
1-7	Вкупна површина				

ажурирал : _____

Прилог бр.8

ПРЕГЛЕД

на градежна механизација и теренски возила кои се вклучуваат во заштитата и спасувањето за потребите на мерките за заштита и спасување на растенија и производи од растително потеклово Општина Велес

Состојба : мај 2015

Ред . бр.	Фирми вклучени во мерката ЗиС на растенија и производи од растително потекло во Општина Велес	Вид и број ма механизација и теренски возила					Забелешка
		Булдожер	Утоварач	Багер	Камион до 20 т	Теренско возило	
1	2	3	4	5	6	7	8
1.	Г.П.„Изгрев” Велес						
2.	Г.П. „Делта пром”Велес						
3.							
4.							
5.							
6.							
7.							
8.							

ажурирал : _____

III.12 П Л А Н

за асанција на теренот во Општина Велес

Извод од процената :

Од природните непогоди и други несреќи кои ја загрозуваат територијата на Општина Велес се очекуваат последици по луѓето, животните, растенијата и животната средина.

Загинати луѓе се очекува да има во поголем број при земјотреси, урбани пожари, техничко-технолошки несреќи, големи несреќи во патниот, железничкиот и авиосообраќајот и други.

При појава на зоонози, паразитни заболувања и индиректно од други природни непогоди и други несреќи (поплава, пожар и др.) се очекува да има поголем број на загинати животни и неупотребливи производи од животинско потекло.

ОРГАНИЗАЦИЈА НА АСАНЦИЈАТА НА ТЕРЕНОТ

Организацијата на асанацијата на теренот опфаќа :

- Планирње на активности за спроведување на асанацијата на теренот;
- Подготвување на активности за спроведување на асанација на теренот;
- Спроведување на асанација на теренот.

Со организацијата за асанацијата на теренот, ќе се опфатат активностите и мерките од превентивен карактер (превентивно дејствување) и оперативен карактер (оперативно дејствување).

Асанацијата на теренот ќе се спроведува според постојните законски прописи и овој план, а во него ќе учествуваат службите на градоначалникот и просторните сили на општината, месните заедници, ЈКП Дервен, трговските друштва, здруженијата на граѓани и надлежните државни органи и институции.

Надлежните државни органи: Министерството за здравство-санитарен и здравствен инспекторат, ЈЗУ за Јавно здравство, институтот за судска медицина, министерство за внатрешни работи-СВР Велес, министерството за земјоделие и шумарство (подрачно одделение за земјоделие и шумарство-Велес), министерство за животна средина и просторно планирање, министерство за транспорт и врски, дирекцијата за заштита и спасување, регионалниот центар за управување со кризи и други ќе се вклучат во спроведувањето на асанацијата според своите надлежности, планови и стандардни оперативни постапки, усогласени со активностите на општината.

А).<u>Превентивно дејствување</u>

Со цел да се создадат потребни (оптимални) услови за спроведување на асанацијата на теренот, Општина Велес ќе ги преземе и спроведува следните превентивни активности:

- Изработка на план за заштита и спасување (мерката асанација) и редовно ажурирање на податоците во него;
- Определување на места (заеднички гробници) за закоп на загинатите луѓе (лешовите) и истите ќе ги внесе во урбанистичките планови;
- Определување на места за закоп на загинатите животни (мршите) и истите ќе ги внесе во урбанистичките планови;
- Определување на локација за депонирање и уништување на сите видови на отпадоци и други опасни материи и нејзино внесување во урабанистичките планови;
- Пополнување на единицата за асанација со персонал и материјални ресурси според личниот и материјалниот состав;
- Изработка на проект за асанација на објекти за водоснабдување;
- Едуцирање (обучување) и оспособување на припадниците на единицата за асанација на теренот и на членовите на екипите кои учествуваат во асанацијата на теренот;
- Редовен тренинг, увежбување и потсетување на припадниците на единицата за асанација на теренот и на членовите на екипите кои учествуваат во асанацијата на теренот;
- Обезбедување на потребен минимум на персонални и материјални ресурси за функционирање на асанацијата на теренот;
- Запознавање-едуцирање на настраданото и загрозеното население за обврските кои ги имаат во извршувањето на асанацијата.

Б). <u>Оперативно дејствување</u>

Со оперативното дејствување се опфатени активностите во спроведувањето на асанацијата на теренот и тоа: пред случување на непогодата (настанот), за време на непогодата (настанот) и по завршување на непогодата (настанот).

.

Б.1.Активности пред случување на непогодата (настанот)

Активностите пред случување на непогодата (настанот) во асанацијата на теренот се последователен производ на активностите во останатите мерки за заштита и спасување. Како посебно издвоени активности за оваа мерка што ќе ги спроведува општината се следните активности:

- Размена на податоци за подготвеноста на државните органи кои учествуваат во асанација на теренот и тоа :

  -министерството за здравство-санитарен и здравствен инспекторат, ЈЗУ

  за јавно здравство, институтот за судска медицина;

-министерство за внатрешни работи-СВР Велес;

-министерството за земјоделие и шумарство (подрачно одделение за земјоделие и шумарство-Велес);

-министерсво за животна средина и просторно планирање;

-министерство за транспорт и врски;

-регионален центар за управување се кризи;

-дирекција за заштита и спасување-подрачно одделение за заштита и спасување.

- Проверка на местата (заеднички гробници) за закоп на загинатите луѓе (лешовите)-дали се слободни локациите и пристапот до нив;
- Проверка на местата за закоп на загинатите животни (мршите)-дали се слободни локациите и пристапот до нив;
- Проверка на локацијата за депонирање и уништување на сите видови на отпадоци и други опасни материи-дали е слободна и пристапна за механизација;
- Проверка на пополнетоста на единицата за асанација на теренот со припадници и материјални ресурси според личниот и материјалниот состав;
- Проверка на можностите за реализација на проектот за асанација на објекти за водоснабдување;
- Проверка на едуцираноста и оспособеноста на припадниците на единицата за асанација на теренот;
- Проверка на подготвеноста на останатите екипи кои учествуваат во асанацијата на теренот (пополнетост, обученост, опременост и др.);
- Обезбедување на потребен минимум на персонални и материјални ресурси за функционирање на асанацијата на теренот;
- По оценка на општинскиот штаб за заштита и спасување се врши прераспределување на задачите на учесниците во асанација на теренот.

Б.2.Активности за времетраењето на непогодата (настанот)- организација на спроведувањето на асанацијата на теренот

Активностите за асанација на теренот за време траењето на непогодата-опасноста, ќе се спроведува според следните последователни содржини:

- Подготовки за отпочнување на оперативните активности и
- Спроведување на заштитата и спасувањето.

Б.2.1. Подготовки за отпочнување на оперативните активности

а) Извидување на реоните-локациите во кои е настаната непогодата.

Извидување на реоните за кои од претходните извидувачи има информации или сомневање дека има лешови и мрши или други отпадни и опасни материи, врши екипа составена од помошникот на началникот за асанација во ОШЗС, инспекторот за животна средина, здравствениот и санитарен инспектор и ветеринарниот инспектор, кои ја проценуваат состојбата и предлагаат мерки за асанација на теренот.

б) Активирање-мобилизација

На предлог на екипата за извидување или на надлежните државни органи, градоначалникот на општина Велес, доколку претходно не се активирани, ги активира одговорното лице за заштита и спасување во општината и општинскиот штаб за заштита и спасување и единицата за асанација на теренот.

После сеопфатната процена, доколку состојбата наложува се бара да се активираат сите учесници во асанацијата на теренот предвидени во овој план и им се наложува да почнат со спроведување на асанацијата на теренот.

в) И з в е с т у в а њ е

Известувањето на населението ќе се врши преку претседателите на месните заедници и регионалниот центар за управување со кризи, а во итни случаи и преку средствата за јавно информирање (ТВ канал 21,ТВ Здравкин, Радио 5 фм и интернет порталите).

Известување на субјектите кои учествуваат во асанацијата на теренот предвидени со овој план ќе се врши телефонски.

По добиеното известување, учесниците отпочнуваат да ги спроведуваат планираните или наложените мерки за асанација на теренот и воспоставуваат постојана врска со општинскиот штаб за заштита и спасување заради размена на податоци и координирање на активностите за асанација на теренот.

г) Планирање на активности за асанација на теренот

Планирањето, раководењето и координирањето на активностите за асанација на теренот ќе го врши командантот на општинскиот штаб за заштита и спасување, според следниот последователен ред :

г-1. Од учесниците или преку РЦУК, бара целосни или дополнителни податоци и информации за последиците поради кои треба да се врши асанација на теренот (број на лешови или мрши, реони во кои се пронајдени, вид на отпадни и опасни материи, проценети количини, реоните во кои се пронајдени и друго), преземени мерки и ангажираните сили и средства и друго;

г-2. По потреба свикува состанок на штабот на кој ја проценува настанатата состојба на база на добиените информации од теренот и утврдува план за дејствување, во кој покрај другото ги опфаќа следните елементи :

- определува раководител на терен, кој ќе раководи со вкупните акции за асанација на теренот, кој во принцип треба да е помошникот за оваа мерка ;

- ги определува учесниците, основните правци и реони на кои приоритетно ќе се ангажираат учесниците ;

- го определува местото од каде раководителот на терен ќе раководи со активностите и акциите и го утврдува начинот на одржување на врските ;

- го утврдува правецот на движење на учесниците со расположливите превозни средства и ги упатува на предвидените реони;

- го утврдува правецот на движење на транспортните средства со лешови или мрши, отпадни и опасни материи до местото на закопот или уништувањето;

- определува екипи за обезбедување на храна, вода и средства за работа на учесниците, екипи за здравствена заштита, екипи за деконтаминација и други екипи доколку за тоа има потреба;

- според укажаната потреба планира ангажирање на дополнителни сили на целиот простор или во одделни реони ;

- го утврдува времето на доставување на извештаи и времето на повторна проценка на состојбата, кое вообичаено треба да е во вечерните часови;

- доколку ангажираните сили и средства останат да дејствуваат и преку ноќта, го определува местото за нивно сместување;

- го утвдува начинот на враќање на учесниците и прибирање на ангажираната опрема и техничките средства .

г-3 По утврдувањето на планот за дејствување на планираните учесници им се доставуваат изводи, односно се известуваат за обврските кои им се определени во асанацијата на теренот.

д) Упатување на единицата и екипите за асанација на теренот

По завршената мобилизација, единицата за асанација се упатува во почетниот реон за дејствување.

Почетниот реон за дејствување го определува командантот на општинскиот штаб за заштита и спасување, кој истовремено ги упатува и останатите екипи на учесниците во почетните реони за дејство кои ќе им ги определи.

По оценка на штабот, градоначалникот на општината бара ангажирање и на републичките сили за заштита и спасување на Дирекцијата за заштита и спасување или на други државни органи и институции.

Б.2.2. Спроведување на асанација на теренот

Спроведувањето на асанацијата на теренот ќе се врши различно во зависност од видот на последиците (лешови, мрши, отпадни и опасни материи) и нивната застапеност (поединечно само еден вид или комбинирано еден, два или повеќе вида).

Оперативното дејствување ќе се организира и спроведува од моментот кога ќе се добијат-потврдат информациите за настанатите последици според следниот последователен ред на активности:

-пронаоѓање, идентификација и евидентирање на загинати лица;

-собирање, транспорт и закоп на загинати лица (лешови);

-собирање, транспорт и закоп на загинати животни (мрши);

-прибирање и отстранување на штетни отпадоци и опасни материи;

-чистење на теренот од инсекти, штетници и глодари;

-дезинфекција, дезинсекција и дератизација на простори и објекти како и други хигиено-епидемиолошки мерки;

-запознавање на населението во загрозеното подрачје за активностите кои се спроведуваат за асанација на теренот, превентивните и оперативните мерки на заштита кои треба секој да ги спроведува, начинот на нивното однесување и учеството во асанацијата на теренот и друго.

а) Пронаоѓање, идентификација и евидентирање на загинати лица (лешови)

Пронаоѓањето на загинатите лица го вршат: населението, екипи на силите за заштита и спасување, министерството за внатрешни работи и другите учесници.

При пронаоѓањето особено се внимава утврдување на смртта на загинатите лица да ја вршат исклучително лекари. Ако причината за смртта е сомнителна и ако условите го дозволуваат тоа, загинатите лица (лешовите) се праќаат во судска медицина за да се утврди причината на смртта.

Идентификација на загинатите ќе се врши на лице место или на местото на собирање од страна на соседите, блиски роднини и пријатели, а доколку тоа не е можно идентификацијата ќе ја вршат единиците за асанација, МВР и институтот за судска медицина, на местата определени за идентификација.

Места за идентификација на загинати лица се: дворот на црквата Света Богородица, во амбуланта Ташевиќ, во амбулантата Панче Васков, во ЈЗУ Здравен Дом,ЈЗУ Општа Болница и во ЈЗУ за Јавно здравство Нова Населба. Екипите ќе вршат идентификација и на собирните места за загинати лица.

Неидентификуваните тела се прогласуваат за непознати.

Евиденција на загинатите лица води МВР на пропишани обрасци за таа намена.

Телата на загинатите се пакуваат во вреќи за починати и се попишуваат со број и се редат по редослед од местата каде се пронајдени.

б) Собирање, транспорт и закоп на загинати лица (лешови)

Пронајдените загинати лица ќе се собираат на собирни места и тоа : дворот на црквата Света Богородица, паркиралиштето спроти Агенција за вработување, дворот амбуланта Ташевиќ, паркиралиштето пред Основниот суд, плоштад Којник, ЈЗУ Здравен дом, Младински парк, паркот пред ООУ Васил Главинов, паркиралиштето спроти влезот на касарната и дворот на механичка работилница на ЈКП Дервен. Пренесувањето на загинатите од местото на пронаоѓањето до собирните места ќе го вршат: граѓаните од загрозеното подрачје, водот за асанација во ЈКП Дервен и дугите просторни сили. Загинатите лица во останатите населби-села ќе се собираат сред село или во дворот на црквите.

Транспортот на загинатите од собирните места до местата за идентификација и од нив до местото на закоп ќе го вршат: Водот за асанација во ЈКП Дервен, ЈЗУ Здравен дом, републичките сили на дирекцијата за заштита и спасување и други учесници.

Погребувањето на загинатите лица од градот и урбаните заедници се врши во посебна гробница за идентификуваните лешови, доколку за тоа бараат нивните семејства и во заедничка гробница во гробиштата во Раштани и гробиштата во црквата Свети Спас. За останатите населби-села, погребувањето ќе се врши во селските гробишта.

Неидентификуваните лешови се погребуваат во посебна гробница.

